УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" – БИТОЛА

ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ – СКОПЈЕ

м-р БИЛЈАНА БОГДАНОВА СМИЛЕВСКА

# ЕФИКАСНОСТА НА ОРГАНИТЕ НА КРИВИЧНИОТ ПРОГОН ВО СПРЕЧУВАЊЕ, ОТКРИВАЊЕ, РАЗЈАСНУВАЊЕ И ДОКАЖУВАЊЕ НА КРИВИЧНИТЕ ДЕЛА ПОВРЗАНИ СО ЗЛОУПОТРЕБА НА ДРОГА

***докторски труд***

**СКОПЈЕ, 2017**

*ментор:*

**проф. д-р Миодраг Лабовиќ**
редовен професор на
Факултет за безбедност – Скопје
Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола

*членови на комисијата:*

**проф. д-р Иванчо Стојанов**
редовен професор во пензија на
Факултет за безбедност – Скопје
Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола

**проф. д-р Злате Димовски**
редовен професор на
Факултет за безбедност – Скопје
Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола

**проф. д-р Искра Акимовска-Малетиќ**
вонреден професор на
Факултет за безбедност – Скопје
Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола

**доц. д-р Љупчо Тодоровски**
доцент на
Факултет за безбедност – Скопје
Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола

*датум на одбраната:* _ _ . _ _ . 2017 година

*датум на промоцијата:* _ _ . _ _ . 2017 година

*наука од која се стекнува докторатот:*

безбедносни науки

**И З Ј А В А**

на студентот

Изјавувам дека при изработката на докторскиот труд ги почитував позитивните законски прописи од областа на заштитата на интелектуалната сопственост и не користев реченици или делови од трудови на други автори без да ги почитувам методолошките стандарди. Изјавата ја давам под полна материјална и кривична одговорност.

изјавил:

_______________________________

*м-р Билјана Богданова Смилевска*

# ЕФИКАСНОСТА НА ОРГАНИТЕ НА КРИВИЧНИОТ ПРОГОН ВО СПРЕЧУВАЊЕ, ОТКРИВАЊЕ, РАЗЈАСНУВАЊЕ И ДОКАЖУВАЊЕ НА КРИВИЧНИТЕ ДЕЛА ПОВРЗАНИ СО ЗЛОУПОТРЕБА НА ДРОГА


**Апстракт**

Главниот предмет на обработка во докторскиот труд е ефикасноста во рамките на откривачката дејност на криминалитетот поврзан со злоупотреба на дрога. Оваа дејност, заедно со процесот на разјаснување и докажување, ја вршат органите на кривичниот прогон: Министерството за внатрешни работи, Јавното обвинителство заедно со правосудната полиција и Царинската управа. Постојат и други посредни органи, главно инспекциски кои се надлежни во борбата против овие видови на кривични дела.

За таа цел, главно, преку анализата на статистичките податоци добиени од овие државни органи, како и преку годишните публикации на Државниот завод за статистика кои се однесуваат на пријавени, обвинети и осудени сторители на кривични дела, ќе се направат сумарни табели за десетгодишниот истражуван временски период (2006-2015 година) за да се утврди филтрацијата на овие кривични дела низ органите за кривичен прогон. Во рамките на трудот е спроведено и интервју со припадници на органите за кривичен прогон, со цел добивање и споредување на нивните ставови, мислења и перцепции за ефикасноста при справувањето со кривичните дела поврзани со злоупотребата на дрога.

Посебен акцент во рамките на докторскиот труд ќе биде ставен и на превентивниот модел за справување со кривичните дела поврзани со злоупотребата на дрога, преку креирање на конкретни мерки, активности и решенија, бидејќи во оваа сфера примената само на репресивни мерки не дава завидни резултати.



**Клучни зборови:** ефикасност, органи за кривичен прогон, спречување, откривање, разјаснување, докажување, кривични дела, злоупотреба на дрога

**EFFICIENCY OF THE LAW ENFORCEMENT AGENCIES IN THE PREVENTION, DETECTION, CLARIFICATION AND PROOVING OF THE CRIMES CONNECTED WITH DRUG ABUSE**


**Abstract**

The main subject of the dissertation is the efficiency within crime investigation activity of the crimes associated with drug abuse. This activity, along with the process of clarifying and proving, is doing by the Ministry of Interior, Prosecutor's Office together with the Judicial Police and the Customs Administration. There are also other intermediary bodies, mainly inspections in charge in combating these types of crimes.

For this purpose, mainly through the analysis of statistical data obtained from these government bodies, as well as through annual publications of the State Statistical Office relating to reported, accused and convicted offenders, will be made summary tables for the ten years researched period of time (2006-2015) in order to be determined the filtration of these crimes through the criminal investigation proces. Within the dissertation is conducted interview with personel of the criminal investigation agencies, in order to obtain and compare their attitudes, opinions and perceptions for the effectiveness in dealing with crimes related to drug abuse.

Special emphasis within the doctoral thesis will be put on preventive model for dealing with crimes related to drug abuse through the creation of specific measures, activities and solutions, because of the fact that standalone application of the repressive measures are not giving significant results in this sphere.



**Keywords:** efficiency, prosecution bodies, prevention, detection, clarification, proving, crime, drug abuse

# - С О Д Р Ж И Н А -

## МЕТОДОЛОШКИ ДЕЛ


1. Формулирање на проблемот на истражувањето............................................1
2. Определување на предметот на истражувањето ............................................3
3. Теоретско одредување на предметот на истражувањето..................................3
4. Појмовно-категоријален апарат ..............................................................7
5. Операционално определување на предметот на истражувањето ...................12
   5.1. Временско и просторно одредување на предметот на истражувањето....13
   5.2. Дисциплинарно одредување на предметот на истражувањето.................14
6. Цели на истражувањето ...........................................................................14
7. Хипотетичка рамка – Хипотези ................................................................14
8. Начин на истражување – методи и техники ...............................................16
9. Научна и општествена оправданост на истражувањето ..................................17


## ДЕЛ I
## ДРОГА И НЕЈЗИНА ЗЛОУПОТРЕБА


1. Поим за дрога.......................................................................................21
2. Класификација на дроги ..........................................................................22
   2.1. Класификација на дроги според Светската Здравствена Организација ...................................23
      2.1.1. Халуциногени дроги...........................................................23
         2.1.1.1. ЛСД ...................................................................23
      2.1.2. Депресанти ........................................................................24
         2.1.2.1. Марихуана............................................................25
         2.1.2.2. Хашиш ................................................................26
         2.1.2.3. Хашишово масло ...................................................27
         2.1.2.4. Хероин ................................................................28
         2.1.2.5. Опиум .................................................................30
         2.1.2.6. Спрејови и распрскувачи на мирис.........................31
      2.1.3. Стимуланси ........................................................................31
         2.1.3.1. Кокаин ................................................................32
         2.1.3.2. Крек....................................................................33
         2.1.3.3. Амфетамин и мета-амфетамин...............................34
         2.1.3.4. Екстази................................................................35
         2.1.3.5. Спид ...................................................................36
   2.2. Класификација на дроги според листите I, II, III и IV од меѓународните конвенции за контрола на опојни дроги................37
3. Нови психоактивни супстанци...................................................................38
   3.1. Khat (Catha edulis)................................................................................40
4. Злоупотребата на дрогата како општествен феномен......................................41
5. Причини за злоупотреба на дрогата ..........................................................42
6. Последици од злоупотреба на дрога...........................................................43

## ДЕЛ II
## КРИВИЧНО-ПРАВНА ОДРЕДЕНОСТ НА ЗЛОУПОТРЕБАТА НА ДРОГА


1. Криминалитет поврзан со злоупотреба на дрога....................................................44
2. Поим за нарко-криминалитет....................................................................................45
3. Нарко-криминалитетот во Република Македонија ..............................................49
4. Кривично-правни карактеристики на криминалитетот поврзан со дрога ........53
    4.1. Кривични дела против здравјето на луѓето.........................................................54
    4.2. Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори (чл.215 од Кривичен Законик на Република Македонија)………………..55
    4.3. Овозможување на употреба на наркотични дроги (чл.215 од Кривичен Законик на Република Македонија).........................57
5. Други видови кривични дела поврзани со злоупотреба на дрога......................59
    5.1. Кривични дела извршени под дејство на дрога...................................................59
    5.2. Кривични дела извршени заради набавка на дрога............................................61
    5.3. Кривични дела како составна алка на нарко-криминалитетот ..........62
6. Правна одреденост на злоупотребата на дрога во другите закони....................63
7. Национална стратегија за дрога на Република Македонија................................65


## ДЕЛ III
## ДЕЛИНКВЕНТСКА ТАКТИКА НА СТОРИТЕЛИТЕ
## НА КРИВИЧНИТЕ ДЕЛА ПОВРЗАНИ СО ЗЛОУПОТРЕБА НА ДРОГА


1. Карактеристики на извршителите на криминалитетот поврзан со злоупотреба на дрога ...........................................................................72
    1.1. Делинквентска тактика на нарко-криминалците и нивни карактеристики......................................................................73
    1.2. Делинквентска тактика на дилерите на дрога и нивни карактеристики......................................................................83
    1.3. Делинквентска тактика на консуматорите на дрога и нивни карактеристики......................................................................84
2. Modus operandi на криминалитетот поврзан со злоупотреба на дрога.............94


## ДЕЛ IV
## ОТКРИВАЊЕ, РАЗЈАСНУВАЊЕ И ДОКАЖУВАЊЕ
## НА КРИВИЧНИТЕ ДЕЛА ПОВРЗАНИ СО ЗЛОУПОТРЕБА НА ДРОГА


1. Субјекти надлежни за борба против кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога............................................................................. 98
    1.1. Министерство за внатрешни работи на Република Македонија...... 98
    1.2. Царинска управа на Република Македонија...................................... 100
    1.3. Јавно обвинителство на Република Македонија .............................. 103
    1.4. Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.............................................................................. 104
    1.5. Истражни центри на јавното обвинителство .................................... 107
    1.6. Правосудна полиција .......................................................................... 108
    1.7. Судови ................................................................................................... 110
2. Постапка на откривање и разјаснување на кривичните дела поврзани

со злоупотребата на дрога ........ 111
3. Постапка на докажување на кривичните дела поврзани со злоупотребата на дрога ........ 118

## ДЕЛ V
## МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА ЗА БОРБА ПРОТИВ КРИВИЧНИТЕ ДЕЛА ПОВРЗАНИ СО ЗЛОУПОТРЕБА НА ДРОГА

1. Меѓународната соработка - неопходност во борба против нарко-криминалот ........ 122
2. Меѓународни организации надлежни за борба против нарко-криминалот ... 124
   2.1. Интерпол ........ 124
      2.1.1. Соработката на Република Македонија со Интерпол ........ 129
   2.2. Европол ........ 131
   2.3. Европравда ........ 133
   2.4. СЕКИ - СЕЛЕК ........ 139

## ДЕЛ VI
## ПРЕВЕНТИВЕН МОДЕЛ ЗА БОРБА ПРОТИВ КРИВИЧНИТЕ ДЕЛА ПОВРЗАНИ СО ЗЛОУПОТРЕБА НА ДРОГА

1. Превенција од злоупотреба на дрога ........ 144
2. Превенција од рецидивизам кај кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога ........ 146
3. Превентивен модел за борба против злоупотребата на дрога ........ 148

## ДЕЛ VII
## РЕЗУЛТАТИ ОД ЕМПИРИСКОТО ИСТРАЖУВАЊЕ

1. Емпириско-статистички преглед на сторители на кривични дела поврзани со злоупотребата на дрога ........ 153
   1.1. Полнолетни сторители на Кривични дела против здравјето на луѓето ........ 153
   1.2. Малолетни сторители на Кривични дела против здравјето на луѓето ........ 161
   1.3. Преглед на полнолетни сторители на кривично дело Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори ........ 165
   1.4. Преглед на полнолетни сторители на кривично дело Овозможување на употреба на наркотични дроги ........ 172
2. Квантитативен аналитичко-синтетски преглед и критички осврт на резултатите од спроведеното истражување ........ 176
3. Резултати од спроведеното интервју ........ 182
   3.1. Тек и начин на спроведување на интервјуто ........ 182
   3.2. Интерпретација на резултатите од интервјуто ........ 185
4. Квалитативно-аналитички и критички осврт на резултатите од спроведеното истражување ........ 196

**ДЕЛ VIII**

**ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ ........ 202**
**ПРЕПОРАКИ ........ 207**

**БИБЛИОГРАФИЈА ........ 214**
**ПРИЛОГ ........ 225**

**КОРИСТЕНИ КРАТЕНКИ**

| | |
|---|---|
| БЈБ | Биро за јавна безбедност |
| бр. | број |
| ГК | гранична контрола |
| ГП | граничен премин |
| др. | друго |
| ЕКЧП | Европска конвенција за човекови права |
| ЕСЧП | Европски суд за човекови права |
| ЕУ | Европска Унија |
| ЗВР | Закон за внатрешни работи |
| ЗЈО | Закон за јавно обвинителство |
| ЗКП | Закон за кривична постапка |
| итн | и така натаму |
| КД | кривично дело |
| КЗ | Кривичен законик |
| КПД | казнено-поправен дом |
| МВР | Министерство за внатрешни работи |
| МО | Министерство за одбрана |
| ОЈО | Основно јавно обвинителство |
| ООН | Организација на обединетите нации |
| ПИМ | посебни истражни мерки |
| ПМВ | патничко моторно возило |
| ППИ | прикриен полициски извидувач |
| ПС | Полициска станица |
| РМ | Република Македонија |
| СВР | Сектор за внатрешни работи |
| СЗО | Светска здравствена организација |
| СИМ | специјални истражни мерки |
| сл. | слично |
| Сл. | Службен |
| ст. | став |
| т. | точка |
| УБК | Управа за безбедност и контраразузнавање |
| УДЧП | Универзална декларација за човекови права |
| УСРМ | Уставен суд на Република Македонија |
| чл. | член |

# ПРЕГЛЕД НА ТАБЕЛИ

***Табела 2.1.*** *Запленети количини на дрога од страна на Министерството за внатрешни работи на Република Македонија во периодот 2001-2013 година*......50
***Табела 7.1.*** *Преглед на пријавени (ПР), обвинети (ОБ) и осудени (ОС) полнолетни лица за вкупниот криминалитет и за Кривични дела против здравјето на луѓето (КДПЗЛ) во Република Македонија во периодот 2006-2015 година*......153
***Табела 7.2.*** *Преглед на пријавени полнолетни лица за Кривични дела против здравјето на луѓето (КДПЗЛ) во Република Македонија во периодот 2006-2015 година според подносителот на кривичната пријава*......154
***Табела 7.3.*** *Преглед на пријавени полнолетни лица за Кривични дела против здравјето на луѓето (КДПЗЛ) во Република Македонија во периодот 2006-2015 година според траењето на притворот*......155
***Табела 7.4.*** *Преглед на пријавени полнолетни лица за Кривични дела против здравјето на луѓето (КДПЗЛ) во Република Македонија во периодот 2006-2015 година според траењето на постапката*......155
***Табела 7.5.*** *Преглед на обвинети полнолетни лица за Кривични дела против здравјето на луѓето (КДПЗЛ) во Република Македонија во периодот 2006-2015 година според траењето на притворот*......156
***Табела 7.6.*** *Преглед на осудени полнолетни лица за Кривични дела против здравјето на луѓето (КДПЗЛ) во Република Македонија во периодот 2006-2015 година според полот*......156
***Табела 7.7.*** *Преглед на осудени полнолетни лица за Кривични дела против здравјето на луѓето (КДПЗЛ) во Република Македонија во периодот 2006-2015 година според припадноста кон етничка заедница*......157
***Табела 7.8.*** *Преглед на осудени полнолетни лица за Кривични дела против здравјето на луѓето (КДПЗЛ) во Република Македонија во периодот 2006-2015 година според возраста*......157
***Табела 7.9.*** *Преглед на осудени полнолетни лица за Кривични дела против здравјето на луѓето (КДПЗЛ) во Република Македонија во периодот 2006-2015 година според школската подготовка*......158
***Табела 7.10.*** *Преглед на осудени полнолетни лица за Кривични дела против здравјето на луѓето (КДПЗЛ) во Република Македонија во периодот 2006-2015 година според занимањето*......158
***Табела 7.11.*** *Преглед на осудени полнолетни лица за Кривични дела против здравјето на луѓето (КДПЗЛ) во Република Македонија во периодот 2006-2015 година според соучесништвото*......159
***Табела 7.12.*** *Преглед на осудени полнолетни лица за Кривични дела против здравјето на луѓето (КДПЗЛ) во Република Македонија во периодот 2006-2015 година според бројот на учесници во извршувањето на делото*......160
***Табела 7.13.*** *Преглед на осудени полнолетни лица за Кривични дела против здравјето на луѓето (КДПЗЛ) во Република Македонија во периодот 2006-2015 година според поранешните осуди*......160
***Табела 7.14.*** *Преглед на пријавени (ПР), обвинети (ОБ) и осудени (ОС) малолетни лица за вкупниот криминалитет и за Кривични дела против здравјето на луѓето (КДПЗЛ) во Република Македонија во периодот 2006-2015 година*......161
***Табела 7.15.*** *Преглед на пријавени малолетни лица за Кривични дела против здравјето на луѓето (КДПЗЛ) во Република Македонија во периодот 2006-2015 година според видот на одлуката*......161
***Табела 7.16.*** *Преглед на пријавени малолетни лица за Кривични дела против здравјето на луѓето (КДПЗЛ) во Република Македонија во периодот 2006-2015 година според траењето на постапката*......162
***Табела 7.17.*** *Преглед на обвинети малолетни лица за Кривични дела против здравјето на луѓето (КДПЗЛ) во Република Македонија во периодот 2006-2015 година според видот на одлуката*......162
***Табела 7.18.*** *Преглед на осудени помлади малолетници (од 14 до 16 години) за Кривични дела против здравјето на луѓето (КДПЗЛ) во Република Македонија во периодот 2006-2015 година според изречените кривични санкции*......163
***Табела 7.19.*** *Преглед на осудени постари малолетници (од 16 до 18 години) за Кривични дела против здравјето на луѓето (КДПЗЛ) во Република Македонија во периодот 2006-2015 година според изречените кривични санкции*......163
***Табела 7.20.*** *Преглед на осудени малолетни лица за Кривични дела против здравјето на луѓето (КДПЗЛ) во Република Македонија во периодот 2006-2015 година според припадноста кон етничка заедница*......164
***Табела 7.21.*** *Преглед на осудени малолетни лица за Кривични дела против здравјето на луѓето (КДПЗЛ) во Република Македонија во периодот 2006-2015 година според школската подготовка*......165
***Табела 7.22.*** *Преглед на регистрирани кривични дела и пријавени сторители за кривично дело Неовластено производство и пуштање во промет наркотични droги, психотропни супстанции и*

*прекурзори (чл. 215 КЗ на РМ) и кривично дело Овозможување на употреба наркотични дроги и психотропни супстанции (чл. 216 КЗ на РМ) во Република Македонија во периодот 2001-2013 година* ... 165
***Табела 7.23.*** *Преглед на пријавени, обвинети и осудени полнолетни лица за кривичното дело Неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори (чл. 215 КЗ на РМ) во Република Македонија во периодот 2006-2015 година* ... 167
***Табела 7.24.*** *Преглед на пријавени полнолетни лица за кривичното дело Неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори (чл. 215 КЗ на РМ) во Република Македонија во периодот 2006-2015 година* ... 167
***Табела 7.25.*** *Преглед на пријавени полнолетни лица за кривичното дело Неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори (чл. 215 КЗ на РМ) во Република Македонија во периодот 2006-2015 година според видот на одлуката* ... 168
***Табела 7.26.*** *Преглед на обвинети полнолетни лица за кривичното дело Неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори (чл. 215 КЗ на РМ) во Република Македонија во периодот 2006-2015 година* ... 168
***Табела 7.27.*** *Преглед на осудени полнолетни лица за кривичното дело Неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори (чл. 215 КЗ на РМ) во Република Македонија во периодот 2006-2015 година според видот на кривичната санкција* ... 169
***Табела 7.28.*** *Преглед на осудени полнолетни лица за кривичното дело Неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори (чл. 215 КЗ на РМ) во Република Македонија во периодот 2006-2015 година според висината на изречената главна казна затвор* ... 170
***Табела 7.29.*** *Преглед на осудени полнолетни лица за кривичното дело Неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори (чл. 215 КЗ на РМ) во Република Македонија во периодот 2006-2015 година според висината на изречената главна казна парична казна* ... 170
***Табела 7.30.*** *Преглед на осудени полнолетни лица за кривичното дело Неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори (чл. 215 КЗ на РМ) во Република Македонија во периодот 2006-2015 година според видот на изречените алтернативни мерки* ... 171
***Табела 7.31.*** *Преглед на пријавени, обвинети и осудени полнолетни лица за кривичното дело Овозможување на употреба наркотични дроги и психотропни супстанции (чл. 216 КЗ на РМ) во Република Македонија во периодот 2006-2015 година* ... 172
***Табела 7.32.*** *Преглед на пријавени полнолетни лица за кривичното дело Овозможување на употреба наркотични дроги и психотропни супстанции (чл. 216 КЗ на РМ) во Република Македонија во периодот 2006-2015 година* ... 172
***Табела 7.33.*** *Преглед на пријавени полнолетни лица за кривичното дело Овозможување на употреба наркотични дроги и психотропни супстанции (чл. 216 КЗ на РМ) во Република Македонија во периодот 2006-2015 година според видот на одлуката* ... 173
***Табела 7.34.*** *Преглед на обвинети полнолетни лица за кривичното дело Овозможување на употреба наркотични дроги и психотропни супстанции (чл. 216 КЗ на РМ) во Република Македонија во периодот 2006-2015 година* ... 173
***Табела 7.35.*** *Преглед на осудени полнолетни лица за кривичното дело Овозможување на употреба наркотични дроги и психотропни супстанции (чл. 216 КЗ на РМ) во Република Македонија во периодот 2006-2015 година според видот на кривичната санкција* ... 174
***Табела 7.36.*** *Преглед на осудени полнолетни лица за кривичното дело Овозможување на употреба наркотични дроги и психотропни супстанции (чл. 216 КЗ на РМ) во Република Македонија во периодот 2006-2015 година според висината на изречената главна казна затвор* ... 174
***Табела 7.37.*** *Преглед на осудени полнолетни лица за кривичното дело Овозможување на употреба наркотични дроги и психотропни супстанции (чл. 216 КЗ на РМ) во Република Македонија во периодот 2006-2015 година според висината на изречената главна казна парична казна* ... 175
***Табела 7.38.*** *Преглед на осудени полнолетни лица за кривичното дело Овозможување на употреба наркотични дроги и психотропни супстанции (чл. 216 КЗ на РМ) во Република Македонија во периодот 2006-2015 година според видот на изречените алтернативни мерки* ... 175

# МЕТОДОЛОШКИ ДЕЛ

## 1. Формулирање на проблемот на истражувањето

Живееме во свет изложени на секојдневни закани од „црната дланка“ на криминалитетот. Иако се вложуваат огромни напори за да се обезбеди стабилен, спокоен и безбеден живот, сепак, не можеме да останеме имуни на „болестите“ на денешнината. Секојдневно се губат милиони човечки животи, се шират многу заразни болести, се уништуваат економиите во многу земји, се дестабилизира мирот и спокојството и владее страв од дрогата која брзо се распространува низ целиот свет. Не можеме да останеме со затворени очи пред криминалитетот поврзан со злоупотреба на дрога, бидејќи е актуелен на криминалната „сцена“ и зазема сè поголем замав.

Во светот се води борба против овој криминалитет со донесување на конвенции, стратегии, одржување на меѓународни форуми и конференции и многу други алатки кои се неопходни за успешна борба против овој криминалитет. Алатките за борба против овој криминалитет овозможуваат хармонизација на законодавствата во однос на кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога, со што е олеснета меѓународната соработка и овозможуваат брза размена на информации и заедничко дејствување на полето на откривање и сузбивање на криминалитетот поврзан со злоупотреба на дрога.

Република Македонија како активен учесник во борбата против овој криминалитет вложува напори искуството на странските земји да го пренесе и на нашата сцена, се разбира, со можностите што и стојат на располагање и да биде чекор напред со најновите достигнувања и други средства и начини кои се нудат за зајакнување на борбата против криминалитетот поврзан со злоупотреба на дрога.

Секојдневната битка со дрогата во Република Македонија преку примена на Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции, Стратегијата за дроги на Република Македонија, одредбите од Кривичниот законик кои се однесуваат на злоупотреба на дрога и други акти кои ја регулираат оваа проблематика, резултира со санкционирање на прекршоците и кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога, но, за жал, повеќето содржини предвидени во законите, стратегиите и акционите планови за дрога остануваат само на хартија.

За да го заштити здравјето на луѓето и општеството во целост, законодавецот ја ставил употребата на дрогата во нормативни рамки со што пропишал точно определени услови за производство, увоз-извоз и употреба на дрога. Секоја несоодветна примена на дрога претставува злоупотреба, а законски е дозволено производството и прометот на опојни droги да се врши само за медицински, лабораториски и научни цели. Злоупотребата на дрога може да се дефинира од различни апекти во зависност од предметот на интерес, но, во суштина, претставува употреба на дрога на недозволен начин.

Запознавајќи се со поимот на опојни дроги, видовите дроги, како и нивната злоупотреба лесно ќе се надоврземе на криминалитетот поврзан со злоупотреба на дрога. Криминалитетот со дрогите ги содржи кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога (кои се состојат од неовластено производство, преработка, продавање, нудење на продажба, купување заради продажба, држење, пренесување, посредување во продажба или купување или на друг начин ставање во промет препарати или супстанции кои се прогласени за опојна дрога) како појавни облици и други видови кривични дела кои се поврзани директно или индиректно со злоупотребата на дрога, како што се: кривичните дела кои се вршат заради набавка на дрога, кривичните дела кои се вршат под дејство на дрога и кривичните дела како составна алка на нарко-криминалот.

Кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога имаат алармантен одзив и треба да се има сериозен пристап во нивно откривање, докажување и сузбивање.

Посебен акцент треба да се стави на органите за спроведување на законите, кои се субјекти што го вршат откривањето, разјаснувањето и докажувањето на кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога, односно на Министерството за внатрешни работи, Царинската управа, Јавните обвинителства и судовите. Во трудот ќе настојувам преку анализа на целокупната постапка од поднесување на кривична пријава до изрекување на кривична санкција т.е. од откривање до докажување ќе се утврдат пропустите во постапката и со нивно надминување ќе се овозможи ефикасно решавање на кривичните предмети за кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога.

Соработката и тимското постапување се мерило за ефикасноста во откривање, докажување и сузбивање на овие кривични дела. Теоретското и емпириското истражување за пријавените, обвинетите и осудените полнолетни и

малолетни лица за кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога ќе покаже каква е соработката и улогата на органите на кривичниот прогон во откривање, докажување и спречување на овој вид кривични дела и ќе даде целосна слика за обемот, динамиката и структурата на кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога. Неопходно е да се преземат заеднички превентивни и репресивни мерки од страна на сите субјекти вклучени во процесот на откривање и докажување на овој вид на кривични дела со цел успешно справување, сузбивање и намалување на темната бројка на кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога.

Емпириското и теоретско истражување во овој труд треба да покаже каква е улогата на Министерството за внатрешни работи, Јавните обвинителства и судовите во откривањето, истрагата и докажувањето на кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога, кои се причините за непроцесуирање на кривичните предмети за овој вид на кривични дела, каде се кочи истрагата или понатамошната постапка, зошто се отфрлаат кривичните пријави, колку трае постапката од поднесување на пријава до одлука, какви кривични санкции се донесуваат и сл., при што истражувањето ќе ги опфати полнолетните и малолетните сторители на кривичните дела по чл. 215 и чл. 216 од Кривичниот Законик на Република Македонија.

## 2. Определување на предметот на истражувањето

Предметот на ова истражување се однесува на утврдување на ефикасноста, ефективноста и успехот на органите на кривичен прогон во справувањето со криминалитетот поврзан со злоупотребата на дрога и давање на препораки и насоки за зголемување на истите.

## 3. Теоретско одредување на предметот на истражувањето

Преку истражувањето ќе се даде дескрипција на активностите на органите на кривичниот прогон во откривање, разјаснување и докажување на кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога кои ќе се анализираат од преткривичната постапка, поднесувањето на кривичните пријави, истрагата, главниот претрес, па сè до целосен расплет, односно до донесувањето и објавувањето на судската пресуда.

Посебен акцент ќе се стави на органите на спроведување на законот: Министерството за внатрешни работи, Царинската управа, Јавните обвинителства и судиите на претходна постапка кои во истрагата се должни да ги преземат неопходните мерки за пронаоѓање на сторителите на кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога и да обезбедат траги и предмети што можат да послужат како доказ и да ги соберат сите известувања што би можеле да бидат од корист за успешно водење на кривичната постапка. Активностите на органите на кривичниот прогон ќе се анализираат во целокупната постапка од откривање до докажување, односно од пријавување на кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога до изрекување на кривични санкции, при што ќе се опфатат пријавените, обвинетите и осудените полнолетни и малолетни лица за кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога. За да се разбере потапката на откривање, разјаснување, спречување и докажување на кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога неопходно е да се дефинираат поимите откривање, спречување и докажување.

Откривањето во криминалистиката означува пронаоѓање и разоткривање на непознати и скриени криминалистички (оперативни и доказни) информации преку кои се доаѓа до вистината за некој очигледен или прикриен кривичен настан и за неговиот предизвикувач како евентуален сторител на кривичното дело што може да се крие во пазувите на тој настан.[1] Значи за да се открие и разјасни кривичниот настан и неговиот предизвикувач потребно е да се активираат низа оперативно-тактички мерки и дејствија за да се откријат носителите на оперативни информации кои во понатамошната кривична постапка прераснуваат во доказни информации. Во откривачкиот процес покрај оперативно-тактичките средства и методи се преземаат и истражните дејствија кои заедно се дел од криминалистичко-оперативната дејност на органите на кривичен прогон која е неопходна да разјасни што се случило, односно да даде одговор на деветте златни прашања на криминалистиката, при што оперативните информации се преточуваат во доказни информации. Од посебно значење се и посебните истражни мерки, кои претставуваат значајна алатка во борба против нарко-криминалитетот. Во истрагата ќе се соберат докази и податоци што се потребни за да може да се одлучи дали ќе се подигне обвинителен акт или ќе се запре постапката, потоа следи главниот претрес и изрекување на пресудата.

[1] Ангелески, М., Вовед во криминалистика, Графос-Куманово, Скопје, 2007, стр. 209

Откривањето на криминалитетот поврзан со злоупотреба на дрога претставува сложена задача пред органите на кривичниот прогон. Откривањето може да се движи во повеќе насоки, почнувајќи од консуматорите, дилерите, организираните групи во нашата држава, нивната поврзаност со други прекугранични криминални групи, па сè до откривање и фаќање на нарко-босовите. Патот на откривање на овој вид криминалитет е трнлив и макотрпен, особено ако во предвид се земе нарко-криминалитетот и „благодетите" кои ги носи со себе, како што се транснационалноста, организираноста, корупција, перење пари и сл. За успешно откривање и докажување на криминалитетот поврзан со злоупотреба на дрога потребна е соработка на национално и меѓународно ниво и примена на тактички комбинации кои се најдобар начин за откривање, спречување и сузбивање на криминалитетот поврзан со злоупотреба на дрога.

Откривањето на криминалитетот поврзан со злоупотреба на дрога наложува и активно следење на развојот на техничките средства и напредокот на технологијата со цел подобрување на техничките средства и прилагодување кон оперативно-тактичките мерки и истражните дејствија во борба против овој вид на криминалитет. Сето тоа ќе придонесе до усовршување на веќе постоечките технички средства и примена на нови пософистицирани кои ќе бидат соодветни да одговорат на предизвиците на криминалитетот поврзан со злоупотреба со дрога.

За спречување на ваквите кривични дела неопходно е донесување на мерки за намалување на снабдувањето со дрога, намалување на производството и преработката на дрога, контрола на прекурзорите, а тоа ќе се оствари доколку континуирано се следи целокупната релација на овој вид криминалитет од консумирање, па сè до потешките облици. Потребно е да се донесат програми за спречување на рецидивизмот кај овој вид на криминалитет, при што ќе се стави акцент на заострување на кривичната политика, реинтеграција на зависниците и сторителите на овој вид на кривични дела во социјалната средина, на работно место, креативно користење на слободното време, да се укаже на последиците од повторно извршување на овој вид на криминалитет итн.

Докажувањето на кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога во судската постапка подразбира утврдување на вистината со конкретни факти од објективната стварност кои се кривично-правно релевантни и значајни за

решавање на конкретното сторено дело, со што сторителот на кривичното дело се прогласува за виновен и му се изрекува соодветна санкција.

За да се анализира целата постапка од откривање до докажување неопходно е проучување на појавните облици на кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога, како и утврдување на обемот, структурата и динамиката на овој вид на криминалитет и проучување на профилот на сторителите на кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога.

Криминалитетот поврзан со злоупотреба на дрога може да се изврши на следниве начини: неовластено да се произведува, преработува, продава, нуди на продажба, купува заради продажба, држи, пренесува, посредува во продажба или купување или на друг начин се ставаат во промет препарати или супстанци кои се прогласени за опојна дрога. Криминалитетот поврзан со злоупотреба на дрога може да се класифицира во три основни групи[2]:

- Примарниот криминалитет ги опфаќа кривичните дела кои се во врска со производство, преработка, набавка и дистрибуција на опојна дрога;
- Секундарниот криминалитет ги опфаќа кривичните дела кои се извршени под дејство на дрога и заради набавка на дрога;
- Терцијарниот криминалитет ги опфаќа меѓународните организирани криминални организации кои вложуваат одреден капитал во производството и недозволената трговија со дрога и остваруваат огромен профит.

Најголема закана за денешнината претставува организираниот криминал, кој не познава граници и кој предизвикува долготрајни негативни последици. Нарко-криминалитетот претставува алка на овој криминалитет и опфаќа цел синџир на учесници, почнувајќи од консуматорите, преку дилерите, транспортерите, па сè до финансиерите. Поради сериозноста на нарко-криминалитетот повеќе држави ширум светот вложуваат напори за заеднички пристап против него, за да се искорени или во најмала мера да се редуцира овој вид на криминалитет.

[2] Бошковиќ, М., Криминалистичка методика 1, Полицијска Академија, Београд, 1998, стр. 181

## 4. Појмовно-категоријален апарат

Во ова истражување ќе се употребуваат поими и категории поврзани со предметот на истражување, кои ќе бидат со следните значења:

**- Злоупотреба на дрога**

Злоупотребата на дрога е социо-патолошка појава која предизвикува физичка и психичка зависност, а тоа води кон континуирано консумирање на дрога и потреба истата да се набави по „секоја цена". Поимот „злоупотреба на дрога" тешко се дефинира заради тоа што опфаќа цел спектар од разни видови дроги кои различно се класифицираат; дрогите се злоупотребуваат на различни начини со кои се постигнува периодична или хронична интоксикација, предизвикана со повремено или постојано внесување дрога во телото; во различни земји во светот различно се третира. Злоупотреба на опојни дроги или недозволена употреба на опојни дроги е одгледување на растенија од кои може да се добие опојна дрога, поседување на средства за производство на опојни дроги, производство, промет и поседување на опојни дроги, психотропни супстанции, растенија или делови на растенија од кои може да се добие опојна дрога спротивно на одредбите на овој закон, како и употреба на опојни дроги надвор од терапевтските индикации, во прекумерни дози или во тек на време кое не е опфатено со терапијата.

**- Кривични дела поврзани со злоупотреба на дрога**

Кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога се состојат од: неовластено произведување, преработување, продавање, нудење на продажба, купување заради продажба, држење, пренесување, посредување во продажба или купување или на друг начин ставање во промет препарати или супстанци кои се прогласени за опојна дрога. Во Кривичниот Законик на Република Македонија кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога се предвидени во чл. 215 Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори и чл. 216 Овозможување на употреба на наркотични дроги.

**- Прекурзор**

Прекурзор е секоја природна или вештачка супстанција која може да се употреби во производство на опојни дроги и која е распоредена во листата на прекурзори во согласност со меѓународните конвенции за контрола на опојните

droги и/или врз основа на одлука на надлежен орган во Република Македонија;[3] Прекурзор е класифицирана супстанција наведена во членот 3 од овој закон, смесите кои ги содржат овие супстанции, како и производите од природно потекло од кои лесно се екстрахираат прекурзорите, во кои не припаѓаат лековите, фармацевтските препарати или други препарати што содржат прекурзори составени на начин што тие не можат лесно да се употребуваат, ниту да се екстрахираат (извлечат) на лесен , едноставен и економско исплатлив начин[4].

**- Опојна дрога**

Опојна дрога е секоја супстанција од природно или вештачко потекло која е распоредена во листата на опојни дроги во согласност со меѓународните конвенции за контрола на опојни дроги или врз основа на одлука на надлежен орган. Опојна дрога опфаќа и психотропни супстанции кои се распоредени во листата на психотропни супстанции, ако не се посебно споменати[5].

**- Психотропна супстанција**

Психотропна супстанција е секоја супстанција од природно или вештачко потекло, која е распоредена во листата на психотропни супстанции во согласност со меѓународните конвенции за контрола на опојните дроги и/или врз основа на одлука на надлежен орган[6].

**- Препарат**

Препарат е раствор или смеса, во цврста или течна состојба, или во кој било друг физички облик, кој содржи опојна дрога, психотропна супстанција или растение од кое може да се добие опојна дрога[7].

**- Производство**

Производство е подготовка, преработка, мешање, пречистување, изработка и секоја друга активност со која се добива или со која се придонесува за добивање на опојна дрога, психотропна супстанција или нивен препарат[8].

---

[3] Член 3 т.11 од Закон за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции, Службен весник на Република Македонија, бр. 103/08, 124/10, 164/13, 149/15, 37/16

[4] Член 2 т.1 од Закон за прекурзори, Службен весник на Република Македонија, бр.37/2004; 40/2007, 53/2011, бр.149/2015, бр.37/2016)

[5] Член 3 т.7 од Закон за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции, Службен весник на Република Македонија, бр. 103/08, 124/10, 164/13, 149/15, 37/16

[6] Член 3 т.10 од Закон за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции, Службен весник на Република Македонија, бр. 103/08, 124/10, 164/13, 149/15, 37/16

[7] Член 3 т.12 од Закон за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции, Службен весник на Република Македонија, бр. 103/08, 124/10, 164/13, 149/15, 37/16

**- Промет**

Промет е секој начин на ставање во промет на опојна дрога, психотропна супстанција, растение, дел од растение како што се увоз, извоз, транзит, набавка, купување, продажба, замена, пренос, складирање, издавање на рецепт и слично[9].

**- Поседување**

Поседување е сопственост на опојната дрога, психотропната супстанција или растението[10].

**- Снабдување**

Снабдување е давање и делење на опојни droги или психотропни супстанции[11].

**- Одгледување на растенија**

Одгледување на растенија е сеење, садење, одгледување или жетва на растенија или на друг начин земање на делови на растенија од кои може да се добие опојна дрога[12].

**- Зависник од опојни дроги**

Зависник од опојни дроги е лице кое со употреба на опојна дрога се довел во состојба на зависност[13].

**- Нарко-криминалитет**

Нарко-криминитетот претставува облик на организиран криминалитет кој го опфаќа производството и трговијата со дроги, психотропни супстанции и прекурзори од страна на организирани криминални групи или организации ширум светот кои остваруваат големи профити и користат најсовремени методи за извршување на истиот.

**- Откривање**

Откривањето претставува трагање, пронаоѓање и разоткривање на непознати и скриени криминалистички информации преку кои се доаѓа до

---

[8] Член 3 т. 13 од Закон за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции, Службен весник на Република Македонија бр. 103/08, 124/10, 164/13, 149/15, 37/16

[9] Член 3 т. 14 од Закон за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции, Службен весник на Република Македонија бр. 103/08, 124/10, 164/13, 149/15, 37/16

[10] Член 3 т. 15 од Закон за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции, Службен весник на Република Македонија бр. 103/08, 124/10, 164/13, 149/15, 37/16

[11] Член 3 т. 23 од Закон за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции, Службен весник на Република Македонија бр. 103/08, 124/10, 164/13, 149/15, 37/16

[12] Член 3 т. 8 од Закон за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции, Службен весник на Република Македонија бр. 103/08, 124/10, 164/13, 149/15, 37/16

[13] Член 3 т. 27 од Закон за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции, Службен весник на Република Македонија бр. 103/08, 124/10, 164/13, 149/15, 37/16

вистината за очигледен или прикриен кривичен настан и за неговиот предизвикувач како евентуален сторител на кривичното дело што може да се крие во пазувите на тој настан, што е објект на спознание во криминалистичкиот процес на откривање[14].

**- Спречување**

Спречување на криминалитетот претставува планска и организирана употреба на мерки и средства насочени кон спречување на оние појави кои противречат на казненото законодавство и кои по својата суштина нанесуваат штета на поединци, општествени групи или општеството во целина.

**- Докажување**

Докажувањето подразбира утврдување на вистината со конкретни факти од објективната стварност кои се кривично-правно релевантни и значајни за решавање на конкретното сторено дело.

**- Полнолетен сторител на кривично дело**

Полнолетен сторител на кривично дело е сторител на кривично дело кој во времето на извршување на кривичното дело имал навршено 18 години, а кривичното дело го сторил како извршител, соизвршител, поттикнувач или помагач.

**- Пријавено лице-познат сторител**

Пријавено лице-познат сторител е полнолетен сторител на кривично дело против кого постапката по кривичната пријава и претходната постапка е завршена со одлука со која: пријавата е отфрлена, истрагата е прекината, истрагата е запрена или е поднесено обвинение-обвинителен предлог.

**- Пријавено лице-непознат сторител**

Пријавено лице-непознат сторител е непознато лице сторител на кривично дело, против кого е поднесена кривична пријава до Јавното обвинителство за сторено кривично дело, а сторителот и по истекот на една година останал непознат.

**- Обвинето лице**

Обвинето лице е полнолетно лице против кое во судот е поднесено обвинение, обвинителен предлог или приватна тужба, против кого кривичната постапка со одлука на судот правосилно е завршена.

**- Осудено лице**

[14] Ангелески, М., Вовед во криминалистика, Графос Куманово, Скопје, 2007, стр. 209-210

Осудено лице е полнолетно лице прогласено за виновно и против кое се изречени кривични санкции.

**- Малолетен сторител на кривично дело**

Малолетен сторител на кривично дело е сторител на кривично дело кој во времето на извршување на кривичното дело имал навршено 14 години возраст, а не навршил 18 години, а кривичното дело го извршил како извршител, соизвршител, поттикнувач или помагач.

**- Пријавено малолетно лице**

Пријавено малолетно лице е малолетно лице сторител на кривично дело против кого постапката по кривичната пријава не е покрената (пријавата е отфрлена), против кого подготвителната постапка е запрена или е поднесен предлог за изрекување казна или воспитна мерка.

**- Обвинето малолетно лице**

Обвинето малолетно лице е малолетно лице против кое постапката пред Советот е запрена или не се изречени кривични санкции, како и непресметливо малолетно лице против кое е донесена одлука за примена на мерка на безбедност.

**- Осудено малолетно лице**

Осудено малолетно лице е малолетен сторител на кривично дело против кого со одлука на судот му е изречена кривична санкција малолетнички затвор или воспитна мерка.

**- Органи на кривичен прогон**

Органите на кривичниот прогон се органите за внатрешни работи, овластените службени лица на Царинската управа, јавните обвинителства и судиите.

**- Ефективност**

Ефективноста претставува способност на организацијата да ги обезбеди сите потребни ресурси и ефикасно да ги искористи во функција на реализација на поставените цели." Друга дефиниција, која поблиску го определува значењето на овој термин, вели дека тоа е „степен на остварување на организациските цели или настојувања да се изберат вистинските подрачја на делување во организацијата. Тоа би значело дека ефективноста значи да се работат вистинските работи.[15]

[15] Јошевска, Ф., Моделот на тимско водство според Хил и организациската рамка според Адаир како потребни фактори за ефикасност и ефективност во работата на една организација, Докторска дисертација, Технички факултет-Битола, Универзитет „Св. Климент Охридски" – Битола, 2014, стр. 64

**- Ефикасност**

Ефикасноста произлегува од односот помеѓу функционирањето на организацијата и потребните вложувања кои се потребни за достигнување на планираните резултати од работата. Ефикасноста значи остварување на поголеми резултати со помало количество на потребни ресурси (освен ресурсите на знаењата и способностите на вработените).[16] Ефикасноста значи изведување на работите на вистинскиот начин.

## 5. Операционално одредување на предметот на истражување

Истражувањето во овој труд ќе се однесува на Република Македонија. Во таа насока за да се утврди ефикасноста на органите на кривичниот прогон при откривање, разјаснување, докажување и спречување на кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога ќе се истражат пријавените, обвинетите и осудените полнолетни и малолетни сторители на овој вид кривични дела. На тој начин компаративно ќе се согледа активноста и работата на сите субјекти кои учествуваат во откривање, докажување и спречување на кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога (органите за внатрешни работи, јавното обвинителство и правосудните органи) и ќе се добие јасна слика за обемот и распространетоста на овој вид кривични дела. Исто така истражувањето ќе ни даде профил на на сторителите на овој вид кривични дела во однос на половата структура, возраста, образовната структура, припадноста кон етничката заедница и занимањето, ќе утврди кој вид на кривична санкција најчесто е изрекувана, односно дали се казните (главни и споредни) или алтернативните мерки, како и кои мерки за безбедност најчесто се изрекувани на овој тип на сторители.

За да се истражат сторителите на кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога во предвидениот период за истражување потребно е да се стави акцент и на појавните облици на овој вид кривичните дела, модус операнди на извршување, со што ќе се утврди делинквентската тактика на сторителите на овој вид на кривични дела.

Посебен акцент ќе биде ставен на правната одреденост, односно законската регулатива што ја третира оваа проблематика и истражувањето ќе покаже дали во

[16] Ибид, стр. 65

Република Македонија правната одреденост од злоупотреба на дрога соодветствува со заканите кои произлегуваат од злоупотребата на дрога.

Во трудот ќе се образложи меѓународната соработка и превентивниот модел од злоупотребата на дрогата. Во таа насока, сите субјекти во државата преку заемна соработка, координација и размена на информации треба да изградат превентивно-репресивен модел кој ќе ги третира консументите, сторителите на кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога и целокупното население преку активности и мерки за подигнување на свеста за злоупотребата на дрога како глобален проблем, мерки за соодветен третман на зависниците од дрога, мерки за ресоцијализација и реинтеграција на сторителите на овој вид на кривични дела во социјалната средина и на работните места, мерки за намалување на снабдувањето со дрога, намалување на производството и преработката на дрога, контрола на прекурзорите, брзо препознавање и навремена интервенција, унапредување на мерките за детекција и идентификација на дроги, мерки за намалување на рецидивизмот итн. Исто така, ќе се согледаат недостатоците и слабостите во постапките на откривање, разјаснување и докажување на овој вид кривични дела и да се укаже на потребата од меѓусебна соработка, координација и размена на информации со што би се подобрила ефикасноста во откривање, разјаснување, докажување и спречување на кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога на регионално, национално и меѓународно ниво.

### 5.1. Временско и просторно одредување на предметот на истражувањето

Периодот во кој ќе се истражуваат кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога и пријавените, обвинетите и осудени полнолетни и малолетни лица за кривичните дела по чл. 215 и чл. 216 од Кривичниот Законик на Република Македонија е десетгодишниот период од 2006 до 2015 година на територија на Република Македонија.

### 5.2. Дисциплинарно одредување на предметот

Предметот на истражување е мултидисциплинарно одреден и се проучува како предмет на истражување на повеќе научни дисциплини, како што се криминологијата, криминалистиката, кривичното право, криминалната политика,

социјалната патологија, медицината, криминалистичката психологија, криминалистичката психопатологија и други сродни научни дисциплини.

**6. Цел на истражувањето**

Главната цел на истражувањето е да се укаже на ефикасноста и ефективноста на органите на кривичниот прогон во преземање на современите начини на дејствување преку анализа на статистичките податоци за кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога и добиените резултати од интервјуто во испитуваниот период. Од добиените резултати од спроведеното истражување ќе се нотираат пропустите, недостатоците, слабостите и проблемите во текот на целокупната постапка од откривање до докажување, при што ќе се предложат решенија за елеминирање на истите што ќе резултира со зголемена ефикасност и ефективност на органите на кривичниот прогон. Неопходен услов за постигнување на ефикасноста и ефективноста на органите на кривичниот прогон е почитување на криминалистичките и кривично-правните начела во текот на претходната и кривичната постапка кои се основни алатки за ефикасно, ефективно и професионално дејствување на оргните на кривичниот прогон.

Истражувањето е наменето за следниве конкретни општествени цели: подигнување на свеста за злоупотребата на дрогата и негативните последици како глобален проблем, контрола на кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога, превентивно дејствување и апел за заедничка координирана борба на сите субјекти во државата и на целокупното население во борба против овој вид на кривични дела.

**7. Хипотетичка рамка**

Хипотезата од која се тргнува во истражувањето е дека успешното спречување, откривање, разјаснување и докажување на кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога резултира со зголемена ефикасност и намалување на обемот на кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога, намалување на пропустите во постапката, запазување на разумниот рок и заемна координација и соработка на органите на кривичниот прогон.

***Главна хипотеза***

Ефикасноста на органите на кривичниот прогон е поврзана со бројот на откриени, разјаснети и докажани кривични дела поврзани со злоупотребата на дрога, што резултира со приближување на бројките на пријавени и обвинети лица со бројот на осудени лица за овие кривични дела.

***Поединечни хипотези***

1. Неидентификуваните дроги во Република Македонија претставуваат потенцијална закана за Република Македонија.
2. Правната регулатива за злоупотребата на дрога во Република Македонија не соодветствува со заканите кои произлегуваат од злоупотребата на дрогата.
3. Заострената казнена политика со зголемување на казната затвор за кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога води кон намалување на рецидивизмот.
4. Професионалната делинквентска тактика на сторителите на кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога го отежнува откривањето на кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога.
5. Примената на посебните истражни мерки како значаен конспиративен инструментариум е неопходна во откривање и докажување на потешките облици на кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога, односно нарко-криминалитетот.
6. Оперативната дејност и зголемените превентивни активности од страна на полициските службеници ќе овозможи намалување и спречување на кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога.
7. Меѓународната соработка ја зголемува ефикасноста во откривањето и докажувањето на нарко-криминалитетот во Република Македонија.
8. Превентивно-репресивниот модел за борба против кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога ќе ја намали побарувачката на дрога.

## 8. Начин на истражување – методи и техники

Доколку во предвид се земе обемноста и комплексноста на кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога, како и корелацијата на откривање и докажување на овој вид кривични дела, неопходна е комбинирана истражувачка стратегија, односно дедуктивна и индуктивна истражувачка стратегија. Дедуктивната (квантитативна) стратегија е потребна заради собирање на квантитативните податоци заради тестирање, односно проверка на хипотезите, а индуктивната (квалитативната) стратегија е потребна за собирање на квалитативни податоци со кои прецизно ќе се разбере овој вид на криминалитет.

Во текот на истражувањето ќе бидат користени следниве научни методи:

- ***Општи научни методи:***

- **Статистички метод** - статистички ќе бидат обработени прибраните податоци за пријавени, обвинети и осудени полнолетни и малолетни сторители на кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога, врз основа на што ќе бидат извлечени соодветни заклучоци за истражуваната појава.
- **Компаративен метод** - споредба на податоците за сторителите на кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога во истражуваниот период во различни региони во Република Македонија, како и компаративно согледување на законските акти кои ја регулираат оваа проблематика;
- **Аналитичко–синтетички метод -** со овој метод ќе се врши анализа и сумирање на добиените резултати за сторителите на кривичните дела поврзани со злоупотреба, како и анализа на статистички податоци и анализа на спроведени истражувања.

- ***Посебни научни методи:***

- **Анализа на содржината** на законски акти, полициски списи, постојните евиденции на Министерството за внатрешни работи, Јавното Обвинителство, Министерството за правда и Државниот завод за статистика.

Од методолошките постапки за собирање на податоци ќе се применат квантитативните и квалитативните постапки, при што од **квантитативните постапки** за собирање на податоци ќе се примени *статистичка анализа на*

*официјалната статистика*, а од **квалитативните постапки**: *анализа на документи и интервју*.

*Официјалната статистика* ги опфаќа статистиката на Државниот Завод за статистика на Република Македонија за сторителите на кривичните дела во Република Македонија во периодот 2006-2015 година, статистиката на Министерството за внатрешни работи за пријавени сторители на кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога, како и количината на запленетата дрога, статистиката на јавното обвинителство за обвинети сторители на овој вид на кривични дела, статистиките на казнено-поправните установи и судовите кои се однесуваат на осудени сторители на кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога.

*Анализа на документи* – ќе се примени врз анализа на законските акти кои важат во предвидениот период за истражување 2006-2015 година, односно Законот за производство и промет на опојни droги, Законот за контрола на опојни droги и психотропни супстанции, Националната стратегија за контрола на droги во Република Македонија и др.

*Интервју* со криминалисти (полициски службеници, истражни судии, јавни обвинители, судии) за најчесто преземени активности и мерки во спречување, откривање, разјаснување и докажување на кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога.

## 9. Научна и општествена оправданост на истражувањето

Кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога доминираат на криминалната „сцена“ и алармираат за сериозен и мултидисциплинарен пристап, бидејќи нивната „моќ“ удира по здравјето на луѓето и по монетарните текови на многу земји во светот. Секојдневно сме сведоци на бројни манипулации дека голем број на кривични предмети се затворени во судските фиоки и немаат судска реализација што е и дополнителен мотив сторителите да ги повторуваат кривичните дела.

Иако Република Македонија вложува напори во борба против кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога преку учество на интернационални форуми од оваа проблематика, потпишување на повеќе меѓународни конвенции за контрола на дрогата, донесување на национална стратегија за дроги итн, потребно

е сето тоа што се потпишува и со што се согласува да го примени во борбата против овој вид на кривични дела. Неопходно е законската регулатива и казнената политика да соодвествуваат со одзивот и негативните последици што ги предизвикуваат овој вид кривични дела, а посебно внимание треба да се посвети на заострување на казнената политика во однос на рецидивистите. За да се добие реална слика за ефикасноста на сите субјекти што учествуваат во целокупната постапка на откривање и докажување неопходно е да се истражат пријавените, обвинетите и осудените полнолетни и малолетни лица како сторители на кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога.

Праксата покажува дека органите кои се надлежни за откривање, разјаснување и докажување на кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога меѓусебно не се координираат, а тоа го отежнува или го спречува исходот на постапката.

Покрај откривање, разјаснување и докажување на овој вид кривични дела, посебен акцент треба да се стави и на превенцијата на кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога. Под превентивно дејствување против трговијата и злоупотребата со дрога се подразбира збир на активности кои општествената заедница ги презема со цел да ја оневозможи или да ја отежне продажбата и употребата на дрога во конкретната општествена средина и во сите подрачја.[17] Превентивната активност ќе придонесе за неутрализирање или отстранување на криминогената општествена средина, правовремено да ги открива опасните и ризичните состојби и воспитно да влијае кај јавноста во насока на подигнување на свеста за самозаштита и отстранување на виктимогените фактори.[18]

За да вроди со успех, борбата против кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога неопходно е да се преземат активности и мерки кои ќе се однесуваат, најпрво, на превенција од консумирање на дрога, соодветни мерки за зависниците од дрога и превентивни и репресивни мерки за сторителите на кривични дела поврзани со злоупотреба на дрога, како и запазување на разумниот рок за водење на кривичната постапка. На тој начин ќе се изнајдат соодветни решенија за заштита и третирање на злоупотребата од дрога како општествен проблем, ефикасно докажување на кривичните дела поврзани со злоупотреба на

[17] Кривокапиќ, В., Превенција криминалитета, Полицијска Академија, Београд, 2002, стр. 166
[18] Стојановски, Т., Полицијата во демократското општество, 2 Август С-Штип, Астор-Скопје, 1997, стр. 191

дрога со што ќе се добие реална бројка за сторителите на кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога и намалување на темната бројка на овој вид на кривични дела.

Целокупната постапка од откривање до докажување на кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога бара исцрпност и посветеност и истражувањето ќе покаже колку органите на кривичниот прогон се координирани во нивните активности преку истражување на бројот на поднесени кривични пријави, обвинителни акти и пресуди и на тој начин ќе се утврдат недостатоците во текот на постапката кои треба да се надминат.

Координацијата, организираноста, планското постапување и меѓусебната соработка се услови за успешно откривање, разјаснување, докажување и спречување на кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога.

Спроведеното емпириско и теоретско истражување ќе го определи и профилот на сторителите на кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога.

Резултатите од спроведеното емпириско и теоретско истражување имаат големо општествено и научно значење, бидејќи ќе придонесат во збогатување на научниот фонд со нови знаења од оваа област, како и разрешување на проблемот со злоупотреба на дрога како општествен проблем. Тие ќе бидат корисни за научни и општествени цели, односно ќе укажат на координативната улога на органите на кривичниот прогон во откривање, докажување и сузбивање на кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога.

Општественото значење се гледа во фактот што истражувањето ќе понуди низа на ефикасни мерки и активности за заштита на младите од злоупотреба на дрога и соодветни начини како да се третира проблемот на злоупотреба на дрога со што ќе се зачува здравјето на луѓето и ќе се стави под контрола злоупотребата на дрога која претставува општествен проблем. Исто така, истражувањето ќе придонесе во намалување на криминалитетот поврзан со злоупотреба на дрога и ефикасно справување, откривање и докажување на истиот.

Општествената оправданост за истражување на темата се гледа во тоа што истражувањето ќе има голема улога во разрешување на проблемот со злоупотреба на дрога, кој секојдневно доживува сè поголема експанзија, а сè поголеми жртви се децата и малолетниците. Истражувањето ќе даде огромен придонес и во сузбивање на кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога и воопшто во сузбивање на трговијата со дрога како транснационален проблем. Со предлог на

активности и мерки за спречување, откривање и докажување на кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога кои ќе бидат дадени како резултат на спроведеното истражување ќе се создаде целокупна стратегија за борба против овој вид на криминалитет на регионално, национално и меѓународно ниво.

Научното значење на истражувањето се состои во тоа што ова истражување ќе го збогати научниот фонд со нови знаења и ќе претставува значајна алатка за откривањето, разјаснување и докажување на кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога.

Резултатите добиени со теоретското и емпириското истражување ќе бидат искористени за попрецизна проценка на обемот и скртуктурата на кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога и врз основа на тоа ќе се предложат мерки и активности за ефикасно откривање, докажување и сузбивање на овој вид кривични дела. Со детално проучување на криминалистичките карактеристики на кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога ќе се овозможи усовршување на постоечките и изнаоѓање на нови тактики, техники и методики за откривање, докажување и сузбивање на овој вид кривичните дела.

Се очекува истражувањето да даде придонес во теоријата и практиката, за збогатување на научниот фонд и да претставува „клуч“ во рацете на секој надлежен орган за успешно спречување, откривање, разјаснување и докажување на кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога.

# ДЕЛ I
# ДРОГА И НЕЈЗИНА ЗЛОУПОТРЕБА

## 1. Поим за дрога

Консумирањето и ставање во промет на дрогата не е појава на новото време. Дрогите низ историјата па сè до денес се употребувале како лек, па затоа и нивната употреба во фармацијата и индустријата за лекови е голема. Покрај тоа, таа се употребувала и за религиозни цели, и секако за сопствено уживање. Меѓутоа, за жал дрогите создаваат зависност. Поради тоа доаѓа до несоодветно користење на дрогите кое преминува во злоупотреба, односно не се употребува како лек, туку како средство за мисловно разрешување т.е. решавање на тешките животни проблеми. Таквата (зло)употреба предизвикува зависност со која личноста се дезориентира од општеството, а со тоа прекршува многу обичаи, а и правни норми кои го водат по патот на пропаста, безумието и смртта.[19]

Според научните сознанија и практични искуства за негативното и штетно влијание на дрогата врз психосоматската структура на личноста и врз нејзиното поведение во групата и пошироката заедница за нецелесообразна употреба, општеството воспоставува норми, кои го регулираат начинот на производство и трговија со дроги.[20]

Постојат голем број дефиниции за поимот опојна дрога и различни класификации на видови дроги според различни критериуми. Поимот дрога има потекло од францускиот збор „drogue“ (лекарство, необработен лек), а според други извори има арапско потекло, односно потекнува од зборот „dova“ (лековито средство).

Општо прифатлива дефиниција за поимот дрога е дефиницијата од група експерти на Светската Здравствена Организација, објавена во Женева 1974 година и прифатена од повеќе автори, која гласи: „Под дроги кои предизвикуваат опасност подразбираме дроги кои имаат способност да влегуваат во интеракција со живите организми, предизвикувајќи состојба на психичка или физичка зависност или двете (Dependence Producing Drug)“.[21]

---

[19] Според Галевски, Т., Состојбата со недозволената трговија со дрога во Република Македонија (семинар), 2009

[20] Сулејманов, З., Криминологија, Скопје, 2003, стр. 741

[21] Буџакоски, С., Превенција од злоупотреба на дрогата, Летра, Охрид, 2002, стр. 31

Според Законот за контрола на опојни droги и психотропни супстанции под поимот „опојна дрога“ се одразбира секоја супстанција од природно или вештачко потекло која е распоредена во листата на опојни дроги во согласност со меѓународните конвенции за контрола на опојни дроги или врз основа на одлука на надлежен орган. Опојна дрога опфаќа и психотропни супстанции кои се распоредени во листата на психотропни супстанци, ако не се посебно споменати.[22]

## 2. Класификација на дроги

Во однос на класификацијата на дрогите, карактеристично е што не постои универзална класификација, туку нивната поделба се врши според различни критериуми како што се: психичкото дејство, фармаколошките ефекти, хемиската структура итн.[23] Според најчесто користената класификација предложена од Светската здравствена организација која ги зема предвид фармаколошките влијанија на дрогата врз централниот нервен систем, а за потребите на практиката, дрогите се поделени на три главни групи[24]:

1. халуциногени (марихуана, хашиш, мескалин, ЛСД);
2. депресанти (наркотични средства и други опојни дроги);
3. стимуланси (кокаин, кофеин, амфетамин).

**Халуциногените дроги** ја искривуваат и ја засилуваат перцепцијата на сетилата на консуматорот и ја намалуваат неговата способност да разликува факти од фантазии, односно се појавуваат илузии. Халуциногените дроги не предизвикуваат физичка зависност, туку само психичка зависност.

**Депресантите** се дроги чие дејство врз централниот нервен систем се манифестита со специфично пијанство, општа смиреност и појава на весело и безгрижно еуфорично расположение. Тие дејствуваат врз интелектуалните и физичките функции на организмот, а во крајна фаза на заболување доаѓа до оштетување на мозокот и предизвикуваат смрт.

[22] Чл. 3, Закон за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции, Сл. Весник на РМ бр. 103/08, 124/10, 164/13, 149/15, 37/16
[23] Велјанов, С., Кавраковски, З., Карактеристични психотропни супстанции под меѓународна контрола и нивни фармакодинамски ефекти (биохемизам и интоксикации), Безбедност, XXXVII, бр. 4, Скопје, 1997
[24] Petrović, S., Droga i ljudsko ponašanje, Dečje novine, Beograd, 1983, стр. 53

**Стимулансите** директно го стимулираат централниот нервен систем и предизвикуваат возбуденост, зголемена активност и способност да се остане буден подолго време.

Постои и класификација на дрогите според потекло од медицинско-фармаколошка гледна точка и тоа: наркотични и психотропни супстанции.[25] Во **наркотични супстанции** спаѓаат: опијатите (алкалоиди на опиумот и нивни деривати) и опидиите (синтетички деривати на опиумот). Во групата на **психотропни супстанции** влегуваат: психостимулансите, психодепресантите и халуциногените дроги.

## 2.1. Класификација на дроги според Светската Здравствена Организација

### 2.1.1. Халуциногени дроги

Халуциногените дроги како на пр. ЛСД-25, маскалинот, псилоцибинот и сл. предизвикуваат халуцинации или илузии кои се поврани со промени на расположението и на мислите, забележувањето и зголемување на сексуалноста.[26]

#### 2.1.1.1. ЛСД

**ЛСД** претставува синтетичка халуциногена дрога која е синтетизирана од лазергиновата киселина која ја има во паразитската печурка *claviceps purpurea*. Претставува бел кристален прашок, без вкус и мирис, растворлив во алкохол, многу растворлив во вода во вид на сол. Се наоѓа во форма на таблети, капсули или течност впиена во хартија во разни бои и стилови.

**Начини на консумирање**: орално под јазик, со пушење, помешан со тутун, интравенозно инјектирање, со ставање на местото каде има резови врз кожата, интраокуларни со ставање во вид на капки на крајот од окото, со бодење врз кожата со игли.

[25] Вељанов, С., Куновска, С., Значењето и улогата на криминалистичката техника во решавањето на проблемот злоупотреба на дрога, XXXVI, бр.1-2, Скопје, 1996, стр. 252
[26] Вељанов, С., Приказ на особености на некои дроги од природно потекло и нивната злоупотреба денес, Безбедност, XXXIII, бр.2, Скопје,1993

Најчести **улични термини** под кои се среќава оваа дрога се: трип, пикник, таблетки, прозорче, киселина, сид, петри, бувард, марка, змеј и др.

При консумирање на ЛСД се појавуваат следниве **моментални ефекти**: пореметување на перцепцијата на сетилата за вид, слух и допир, микропсија и макропсија, пореметување на перцепциите за бои, на чувството за време, пореметување на видот и др.

**Несакани и опасни ефекти** при консумирање на оваа дрога се: смена на расположение, хипертермија, интелектуален дефицит, мускулна слабост, треперење, шизофренија, повраќање и др. [27]

### 2.1.2 Депресанти

Депресантите се деривати на канабисот-canabis sativa, хашиш и марихуана, барбитуратите и разни други седативи.

Во групата на депресанти се вбројуваат и хероинот, опиумот, наркотичните средства, спрејовите и распрскувачите (можат да се вбројат и во халуциногените дроги и во стимулансите бидејќи ги предизвикуваат сите видиви ефекти) и др.

Депресантите делуваат на централниот нервен систем и главно се користат во медицината за ублажување на болки (аналгетици) и мали дози од овие дроги доведуваат до опуштање проследено со слабеење на интелектуалните функции и концентрација. Тие не доведуваат до физичка и психичка зависност и не влијаат врз потребата од зголемување на дозите.

Канабиноидите, односно канабис дрогите, потекнуват од растението индиски коноп (canabis sativa) кое било одгледувано за употреба како халуциногена супстанција уште пред повеќе од 2000 години. Канабисот содржи повеќе од 400 различни хемикалии, меѓутоа главната состојка е ТХЦ (тетрахидроканабинол). Количеството на ТХЦ во дрогата ја одредува јачината на дрогата. Климата, почвата и други фактори го одредуваат процентот на ТХЦ во растението. Со напредокот на технологијата се повеќе се развиваат модерни техники за одгледување така што се одгледуваат и нови видови на канабис со висок процент на ТХЦ. ТХЦ претставува липофилна супстанција која се таложи

[27] Пошироко за несаканите ефекти на ЛСД види:Томовски, Б., Дрога - болест на денешнината, Скопје, 1998, стр.71-74

на масните ткива во организмот како што е мозокот и има моќ повеќе или помалку, почесто или поретко да го продолжува дејството на дрогата (кое се објаснува со негова присутност во телото повеќе денови, па и недели). Психоактивните ефекти траат помеѓу 4-12 часа, но има и можност да се пронајдат метаболити на ТХЦ во урината и по 8 дена или повеќе недели.

Во канабис дроги спаѓаат: марихуаната, хашишот и хашишовото масло.

### 2.1.2.1. Марихуана

**Марихуаната** е мешавина од исушени листови, цветови и семиња од растението индиски коноп. Таа вообичаено е со зелена, кафена или сива боја.

**Улични имиња** на марихуаната во сленгот на консуматорите и дилерите се: трева, тревка, ганџа, мара, манџа, зелено, фиш, гане, хаге, канабис, џ, џокавец и др.



***Слика бр. 1** Насад на марихуана*



***Слика бр. 2** Лист од марихуана*

Зависно од начинот на подготвување и јачината, таа се класифицира во три категории[28]:

1. Првата категорија го прави канабисот со слаба јачина подготвен од лисјата на конопот, а познат како марихуана.
2. Втората категорија се добива од лисјата и пупките што содржат смола и хашиш.
3. Третата категорија е хашишот кој се добива од врвовите, главичките и лисјата.

[28] Томовски, Б., Дрога - болест на денешнината, Скопје, 1998, стр. 70

**Начинот на консумирање** на марихуаната е преку пушење како цигара (џоинт) и преку пушење со луле. Поретко се меша со храна и се јаде или пак се вари како чај. Понекогаш консуматорите на марихуана го вадат тутунот од цигарите и го заменуваат со трева-ова се нарекува „блант". Џоинтот и „блантот" повремено се мешаат со посилни droги како што е крек, кокаин.

Консумирањето на марихуаната може да предизвика штетни физички и ментални последици, бидејќи со престанување на употреба на марихуаната, состојката ТХЦ останува наталожена во масните ткива и следниве органи: мозокот, половите жлезди, жолчката, црниот дроб и белите дробови.

**Краткотрајни ефекти** при консумирање на марихуана се: искривување на сетилата, паника, анксиозност, слаба координација на движењето, намалено времена реакција, зголемен пулс и др.

**Долготрајни ефекти** од консумирање на марихуана се: намалена отпорност на вообичаени болести, потиснување на системот за имунитет, нарушувања во растот, зголемен број на клетки во телото кои имаат неприродна структура, намалување на машките полови хормони, забрзано уништување на белодробните влакна, намалена способност за помнење, апатија, сонливост и др.[29]

Марихуаната на нашите простори доаѓа од нашите соседи Албанија и Србија и се движи кон Бугарија и Грција.

### 2.1.2.2. Хашиш

**Хашишот** е сродна форма на марихуаната и се прави од смолата на индискиот коноп и е во просек шест пати посилна од марихуаната. Хашишот е дрога со природно потекло која кај нас многу ретко ја има и претставува леплива материја (смола) која е присутна само во женските цветови како и на надворешните листови на канабисот. Се добива со нивно гмечење, цедење или притискање. Откако ќе се добие смолестата течност се собира, загрева и процедува.

Хашишот е познат под следниве **имиња**: чоколадо, хаш, шит, стаф, мериш, киф, табасла, манданг, аја, полен и сл.

[29] Пошироко за негативните ефекти на марихуаната види: Гиноски, М., Дроги родителски водич: знаци, опасности, што да се прави, Скопје, 1994, стр. 50

Хашишот се **консумира** преку пушење, чист со специјални лулиња наргиле, понекогаш се меша со тутун или трева од канабис, а многу ретко со опиум или алкохол. Во организмот многу ретко се внесува и како кулинарска храна, а познат е и „путер од Маракеш“ добиен со мешање на путер со канабис.

**Ефектите** што се почувствувани при консумирање на хашишот се: чувство на исполнетост и сатисфакција, чувство на смиреност и релаксација, зголемување на самодовербата, безгрижност, дружељубивост, ефекти слични на пијанство итн.

**Несакани и опасни ефекти** што ги носи оваа дрога се: психичка декомпресија, когнитивни пореметувања, психички пореметувања, алергии, пореметувања во дигестивниот и респираторниот тракт и др. [30]

Постојаните консументи на хашишот кои го консумираат најмалку 10 пати месечно се оддаваат на психичка и физичка зависност.

### 2.1.2.3. Хашишово масло

**Хашишовото масло** претставува раствор добиен од канабис од најмалку еден органски растворувач или алкохол, по пат на испарување. Тоа е многу концентрирано во делта 9 ТХЦ од 60-70%. Маслото од хашиш има темно кафеава до црна боја, претставува густа и леплива течност со многу силен и задушувачки мирис и има изглед на катран. Има посилно дејство од хашишот, бидејќи е концентрат од канабис алкалоидите. Најчести имиња под кои се среќава се: масло од канабис, хашишово масло и др.

**Начинот на консумирање** на хашишовото масло е преку пушење или во комбинација со опиум или алкохол. Пушењето се одвива на следниов начин: најчесто, се става на хартија од цигара, се мачка масло по должината на цигарата или се вбризгува со помош на игла натопена во маслото ( во овој случај, цигарата ќе биде покриена со друг слој за да се запре гасењето.

**Ефектите** од хашишовото масло, како и кај другите канабиноидни дроги зависат од концентрацијата на ТХЦ, физичката и психичката состојба на консументот, неговата возраст, колку е често и квалитетни консумирањето итн.

Почувствуваните, **несаканите и опасните ефекти** од хашишовото масло се исти како и при консумирање на хашишот.

---

[30] Наведено според http://www.streetdrugs.org [пристапено на 20.02.2015]

### 2.1.2.4. Хероин

**Хероинот** е полусинтетички опијат, дериват на морфинот и се добива по хемиски пат. Се појавува во две хемиски форми: хлорохидрат (бел) и база (кафен). Има прашкаста форма, без мирис, со горчлив вкус, растворлив во вода. Може да има бела, жолта, кафеава или црвена боја. Може да се најде како тврда или прашкаста супстанција. При продажба хероинот се меша со креда, шеќер во прав, гипс.




***Слика бр. 3** Хероин во прав*

Најчесто се **консумира** преку вшмркување и интравенозно инјектирање, а поретко се пуши, инхалира. При консумирање на хероинот постои опасност од инфекција од хепатит и ХИВ вирусот

Хероинот е познат по следниве **улични имиња**: роба, хорс, бело, прашок и др.

Консумирањето на хероинот ги предизвикува следниве **моментални ефекти**: намалено ниво на активност, забавено одење и зборување, зголемено чувство на глад, спуштени веѓи, стеснети зеници.

Хероинот од морфиумот го одвоил германскиот хемичар Херман Дрејсер во 1874 год. Но поради големата токсичност, а малото аналгетично дејство тој не нашол примена во медицината. Последниве децени хероинот претставува најраспространетата и најупотребувана дрога во светот и кај нас. На илегалниот пазар хероинот се среќава во вид на прашок, грутчеста форма, зрнест (хонг-конг хероин) со променлив хемиски состав со различна боја која може да биде светло-

жолта, жолта, сива и светло кафеава. На илегалниот пазар кај нас се среќеава во форма на прашок чија боја варира од бела до темно кафеава, со интензивен мирис на оцетна киселина. Чистиот хероин е бел прашок без сјај, но во ваква форма не се јавува на илегалниот паззар туку тој се меша со различни супстанции како што се шеќер во прав, гипс, пудра, нафталин, стрихинин и сл. На илегалниот пазар најчесто се пакува по еден килограм во обвивки од ткаенина хартија итн. При трговија на хероинот на мало, се пакува во хартија во содржина од доза црта до грам. Постојат повеќе начини на консумирање како што се: хероинската капсула, која содржи мешавина од хероин или морфиум, кодеин, млечен шеќер, брашно, скроб, потоа интраназален (шмркување) интравенозен (директно вбризгување во вена) и со пушење при што хероиниот се меша со тутунот. Хероинот е помалку хипнотичен, а 5 пати потоксичен од морфиумот. Внесен во организмот на човекот дејствува стимулативно со чувство на пријатност, олеснување, веселост, среќа, еуфорија, воодушевување, чувство на сопствена важност, негова самосвест, самодоверба, а при прекумерното земање на хероинот консуматорот има чувство како да лебди. На консументот се појавува црвенило, зениците се стеснети и тој чувствува топлина во стомакот. Оваа состојба под дејство на хероинот консументите ја нарекуваат флеш состојба. Под дејство на дрогата, кај консуматорот се јавува силна депресивна состојба, проследена со силни и неподносливи апстиненцијални симптоми кои се посилни и потешки од колку симптомите кои се појавуваат под дејство на морфиумот и тоа: вознемиреност, омалаксаност, несоница, ладни и топли бранови, повраќање, гадење, болка во мускулите и зглобовите, зголемено лачење плунка, течење на носот, чешање, стомачни болки, пролив или запек, намален ноќен вид и сл.

По подолго поминато време без дрога кај консуматорот се зголемува вознемиреноста, го фаќа паника, повраќа, има зголемена температура и крвен притисок, спуштени очни капаци, сува кожа, се јаува чешање, кожни инфекции, намалено сексуално задоволство и нагон (нередовна менструација кај жените). Поради непријатните и неподносливи симптоми кои се јавуваат кај консуматорот се јавува потреба и силна желба за повторно земање дрога, но за да се постигнат повторните ефекти консуматорот при секое повторно земање треба да ја зголемува дозата. На тој начин по кратко време се јавува физичка и психичка зависност, а временскиот интервал кој е многу краток зависи од начинот на внесување на дрогата во организмот, односно дали хероинот се шмрка, инхалира,

или инјектира. Кај консуматорот кој е физички и психички зависник од хероинот се намалува работната способност, потешко се концентрира, заостанува во психо-физичкиот развој, неговиот живот е проследен со нервоза, немир, несоница, тресење на телото, грчеви и сл. Тој е нерасположен, раздразлив, агресивен, егоцентричен, незаинтересиран, го губи чувството за околината, не чувствува никаква одговорност, го интересира само начинот како да дојде до дрога. Карактеристично за консуматорите кои користат хероин е опасноста од предозирање, т.н. „супер доза“ која може да доведе до смрт. До предозирање може да дојде и од хероинот на кој трговците му додаваат од гореспоменатите супстанци и не се знае процентот на хероинот во дрогата која консуматорот ја користи.

**Несакани и опасни ефекти**: анорексија, депресија, проблеми со забите, локална инфракција, сида или хепатит Ц, мигрена, дијареа, вртоглавици и др.

Хероинот во Македонија влегува од Грција и Бугарија и понатаму продолжува кон Србија и Албанија до Западно Европските држави, но сепак добар дел се пласира и на нашите „пазари“.

Во Македонија, чистотата на хероинот на „улица“ е 3-6%, додека цената на хероинот се движи од 8 евра за една доза хероин на „улица“, 15-20 евра еден грам на „улица“ и од 10.000-12.000 евра по килограм хероин.

#### 2.1.2.5. Опиум

**Опиумот** е дрога со природно потекло и претставува млеко добиено со засекување на афионовите чушки. Во контакт со воздухот, млекото се зацврстува и добива темна боја. Содржи 30 алкалоиди, меѓу кои и морфинот. Суровиот опиум е тесто со темно кафеава до црна боја, со тежок мирис и горчлив вкус, а рафинираниот опиум се добива со рафинирање на суровиот опиум.

**Начин на консумирање**: суровиот опиум може да се голта во облик на парчиња (ќофтиња), рафинираниот опиум се пуши или инхалира во вид на пареа во специјални лулиња и остатоците од согореното може да се пушат повторно.

**Моментални ефекти** при консумирање на опиумот се: еуфорија, силен аналгетик, смирувач на кашлица.

**Несакани и опасни ефекти**: слабеење, исцрпеност, поспаност и др. [31]

## 2.1.2.6. Спрејови и распрскувачи на мирис

**Спрејови и распрскувачи на мирис** претставуваат течности или гасови кои се раствораат во атмосферската температура произведувајќи психотропни ефекти. Со инхалација на овие спрејови се делува на централниот нервен систем, при што се предизвикува состојба на пијанство. Поголемиот број се достапни во широка продажба. Овие производи ги содржат следниве растворувачи: бутан, бутанон, пропан, алкан, ацетон, ацетат, хексан, метал хлорид и др. Тоа најчесто се спрејови, лепаци, средства за чистење, растворувачи, горива, апарати за гаснење пожар, лекови.

**Начинот на консумирање** е со инхалирање: директно од садот, со помош на крпа натопена со производот и директно ставена под нос или во уста, од пластична кеса, прскајќи од спрејот директно во носните шуплини или усната шуплина.

**Моменталните ефекти** се три кои се менуваат едноподруго: еуфорична фаза, фаза на растревоженост, смирувачка фаза.[32]

**Несакани и опасни ефекти** при консумирање на овие производи се: висока токсичност на бубрезите, гастритис, хепатит, висока срцева токсичност, пнеумолошка токсичност, физијатриски компликации и др.

## 2.1.3. Стимуланси

Стимулалансите или психостимулативни droги се кокаинот, крекот, амфетаминот, метамфетаминот, екстазите, спидот, кофеинот, безердин, метердин и сл. Тоа се супстанции кои во мали дози предизвикуваат чувство на живот и енергија. Овие droги всушност делуваат врз менталната активност така што предизвикуваат состојба на возбуденост и создаваат значителна физичка и средно-психичка зависност.

[31] Томовски, Б., Дрога - болест на денешнината, Скопје, 1998, стр. 62-64
[32] Прирачник за дрога, МВР на РМ

### 2.1.3.1. Кокаин

**Кокаинот** претставува стимулативна дрога, алкалоид, која се добива по хемиски пат, односно со екстрахирање од листот на растението (*erythroxylon coca*) кока, кој содржи 0,5-2,5% кокаин. Екстракцијата се прави во повеќе етапи тргнувајќи од сушење на листот на растението кока и добивање на основна маса (паста), потоа се доаѓа до кокаин база и накрај, се добива кокаин хлорохидрат. Хлорохидрат на кокаин претставува растворлива супстанца која овозможува нејзино произведување во различни форми. Кокаинот претставува кристализиран прашок, најчесто бел, поретко жолтеникав. 70-90% од кокаинот е произведен во тајни лаборатории.

Најчести **начини на консумирање** на кокаинот се: вшмркување, џвакање на листови или поретко чај, пушење, нанесување на непцата, а понекогаш и интравенозно инјектирање, поретко генитална, односно ректална употреба. Кокаинот се разредува со пудра, шеќер, амфетамин и др. Кокаинот се зема и во комбинација со други дроги како што се: марихуаната, хероинот, амфетамини и седативи, при што постои опасност од смрт.

Најчести **улични термини** кои се користат за кокаинот се: бело, кокс, кока, снег, лимонада, крлушка од риба, 09 и др.

**Моменталните ефекти** кои ги предизвикува кокаинот при негово консумирање се: интензивно „хај“ чувство, зголемен пулс, крвен притисок и зголемена телесна температура, губење на апетит, стеснување на периферните крвни садови, забрзано дишење, проширени зеници, гадење, депресија, силен глад за дрога, паника и психоза, хиперстимулираност, променливо однесување, халуцинации, силна еуфорија, анксиозност и параноја и др. Прекумерните дози на кокаин може да предизвикаат грчеви, напади и ненадејна смрт.

Подолгото консумирање на кокаинот ги предизвикува следниве **долготрајни ефекти**: оштетување на крвните садови на срцето и мозокот, оштетување на црниот дроб, бубрезите и белите дробови, висок крвен притисок, распаѓање на забите, халуцинации поврзани со сетилата за допир и слух, нарушена сексуална функција, оштетување на репродуктивните органи и неплодност, силна психоза, силна депресија, апатија, дезориентираност и др.

Кокаинот во Македонија доаѓа од Албанија, Србија и Бугарија, при што во однос на начинот на криумчарење од Србија, покрај копнениот, е и воздушниот сообраќај.

### 2.1.3.2. Крек

**Крекот** претставува тврда форма на кокаин, добиен од хлорохидрат на кокаин, со додавање на сода бикарбонат или амонијак, загреани, а потоа оладени со лед. Во овој случај се вели дека кокаинот е „скаменет“. Од хемиска гледна точка, крекот претставува скаменет кокаин (супстанца која не е растворлива во вода). Понекогаш се произведува од тестото од кокаин (базата) помешано со растворувач како што е етерот и со додавање оган, од каде што доаѓа ризикот за опасност заради неговата запалливост. Крекот е стимулативна дрога и предизвикува силна зависност. Се наоѓа во форма на цврсти кристали со бела и жолтеникава боја со мала димензија (2-3мм), кои содржат најмногу 85% кокаинска база. Крекот може да се најде и во форма на лепче кое содржи 3 до 6 камчиња.

На уличниот пазар е познат под следниве **термини**: камен, крек, камче, лепче, карпа и др. [33] Во Македонија ретко се наоѓа.

**Начин на консумирање** на крекот е преку пушење, инхалирање на пареа преку горење на крекот и во комбинација со тутун или канабис (black joint).

При консумирање на крек се постигнуваат следниве *ефекти*: воспаление на очите, раширени зеници, зголемен крвен притисок, интезивно потење, забрзан пулс, иритација и црвенило на носот, губење телесна тежина, чести болки во пределот на градите и белите дробови, можност за параноична и шизофреничка состојба, опсесивност, силна еуфорија, чувство на огромна сексуална и физичка моќ и др. Ефектите започнуваат 15 секунди по консумирањето, а траат по 20 минути.

**Несакани и опасни ефекти**: импулсивни, агресивни и понекогаш насилни реакции, мачнина, треперење, рани на плуќата проследени со отежнато дишење, кардиоваскуларно труење, силна потреба од земење повторна доза за кусо време итн.

---

[33] Наведено според http://www.streetdrugs.org [пристапено на 20.03.2015]

#### 2.1.3.3. Амфетамин и мета-амфетамин

Амфетаминот и мета-амфетаминот се синтетички стимулативни дроги кои ја зголемуаат активноста на централниот нервен систем.

**Амфетаминот** (AlphaMethylPHenETthylAamine) е синтетичка супстанција, главна состојка на листата која содржи неколку стотици молекули слични по својот хемиски состав од коишто првата била синтетизирана во 1887 година од страна на италијанскиот хемичар Еделеано. Се појавува единствено во хемиска состојба како сулфат на амфетамин. Амфетаминот претставува прашок (мек или во гранули) бел, розев или жолт, може да биде и како тесто, апчиња, капсули со прашок, гелни капсули.

**Мета-амфетаминот** е производ на амфетаминот со силни психоактивни својства, кој е присутен во хемиска форма на хлорхидрат. Претставува прашок со бела боја, може да се најде во форма на апчиња, проѕирни кристали, бел снежен прашок.

Најчести **начини на консумирање на амфетаминот** е следниов: прашокот се голта, се шмрка, се инјектира, се пуши; тестото се џвака; апчињата и капсулите се шмукаат, се шмркаат, се инјектираат откако ќе се столчат во прав.

Најчести **начини на консумирање на мета-амфетаминот** се следниве: прашокот се голта, се шмрка, се инјектира, се пуши; апчињата се гмечат па како прав се шмрка, инјектира, лиже, пуши. Кристалите се пушат.

Најпознати **улични имиња** кои се користат за амфетаминот се: позитив, спид, брзи, еки, гулаб, амфет, мерцедес и др.

Мета-амфетаминот најчесто се среќава под следниве **улични имиња**: спид, мет, пемик, чеко, лед, шабу, стакло, тина и др.[34]

**Моментални ефекти** добиени при консумирање на амфетамин и мета-амфетамин се: силна физичка и психичка стимулација, еуфорија, возбуда, намалување или целосно оттргнување на знаците на умор или исцрпеност, зголемена визуелна перцепција, намалување на потребата од спиење.[35]

**Долготрајни несакани и опасни ефекти** што се постигнуваат при консумирање на овие дроги се: анорексија, иритираност, конфузна состојба,

---

[34] Наведено според http://www.streetdrugs.org [пристапено на 10.04.2015]

[35] Гиноски, М., Дроги родителски водич:знаци, опасности, што да се прави, Скопје, 1994, стр. 51-52

страв, депресија, паника, агресивност, визуелни халуцинации, хипертензија, хипертермија, инфракт, церебрална и белодробна хеморагија, ренални крварења и др.

81% од тајните лаборатории за производство на амфетамин се концентрирани во Европа и се произведува во Холандија, Полска, Белгија, Естонија и Литванија, а се пласира во Источна и Југоисточна Азија и Америка.

### 2.1.3.4. Екстази

**Екстазите** претставуваат синтетички дроги кои покрај стимулативни предизвикуваат и халуциногени ефекти. Екстазите се прават од МДМА (метил-диоксидметаамфетамин), што претставува психоактивна дрога која ги има истите стимулативни особини како и мета-амфетаминот. Екстазите може да бидат мешавина од супстанции, како што се: МДА, МДЕ, ЛСД, хероин, кокаин, амфетамини, мета-амфетамини па сè до отров за глувци, кофеин, супстанции за чистење на кучиња од глисти и др. Ваквата мешавина на супстанци може да биде опасна и да предизвика смрт дури и од еднократна употреба.




***Слика бр. 4** Екстази (таблети)*

Екстазите претставуваат прашок со бела до кафеава боја, во форма на апче или капсули кои се дозираат со 40-180мг МДМА и се со различни симболи. Екстазите во течна состојба претставуваат ГХБ (гама хидроксибутират) кое претставува седативно средство за нервниот систем и оваа супстанца може да се најде во средствата за чистење на одводи, разредувач за бои за подови или во раствори за отстранување на маснотии.

Како што кажува и самото име, личноста која ја зема оваа дрога има чувство дека е во екстаза. Полна е со енергија и добро расположение. Главно, се зема на забави, бидејќи со екстази може да се остане буден и да се има енергија за танцување без престанок цела вечер. Личноста има еуфорична состојба, раширени зеници и неможност за спиење. Меѓу последиците се психофизичкото исцрпување. Делува на мозокот и црниот дроб. По долго земање, делува врз помнењето, како и врз неможноста за забележување, губење на волјата и како последица на сето тоа, се запаѓа во депресија. Таблетите се земаат со доста вода, бидејќи од екстазите може да се дехидрира.

**Начинот на консумирање** е следниов: апчињата се џвакаат, ретко се гмечат за да инјектираат, а гелните ампули се џвакаат или голтаат по растворувањето во течност, многу ретко се инјектираат.

Најчести **улични имиња** за екстазите се: бонбони, табли, апови, тркала, ексери, стази, кругови, жетони и други називи кои варираат во зависност од симболот на таблетката. Производството на екстази е концентрирано во Холандија, Белгија, Германија, Англија и Полска.

**Краткотрајни ефекти** од консумирање на екстази се: нарушена способност за проценка, конфузија, депресија, гадење, замаглен вид, силна анксиозност, неконтролирано стегање на забите, напнатост на мускулите, параноја, глад за дрога и др.

Со подолга употреба на екстазите се предизвикуваат следниве **долготрајни ефекти**: грчеви, крварење, психоза, откажување на бубрезите, долгорочно оштетување на мозокот со влијание на способноста за размислување и помнење, оштетување на делови од мозокот кои ги регулираат клучните функции како што се учење, спиење, депресија, губење на помнењето, пропаѓање на кардио-васкуларниот систем, смрт и др.[36]

### 2.1.3.5. Спид

**Спид**-от дава чувство на зголемена енергија и ја намалува потребата за сон, но и за апетит. Со спид се добива чувство на зголемена самодоверба, лицето мисли дека може сè, но за разлика од другите стимуланси, ја зголемува агресивноста. При консумирање на спид, лицето е забрзано, не може да мирува.

[36] Ибид, стр. 59-60

Погледот е сјаен и се губи желбата за храна. Лицето понекогаш не може да спие и до 24 часа. Делува на мозокот и на неговите функции. Трајното земање на спид доведува до уништување на неуронот. Кај некои пациенти состојбата е налик на психоза, халуцинации, параноја. Не може да се добие шизофренија, иако клиничката слика личи на тоа. Претставува една од најопасните психички болести. Доколку се зема во прашина, тогаш се ушмркува, а додека пак, таблетите се пијат.[37]

## 2.2. Класификација на droги според листите I, II, III и IV од меѓународните конвенции за контрола на опојни дроги

Листите[38] на опојни дроги, психотропни супстанции и растенија од кои може да се добие опојна дрога се списоци на супстанции и препарати класифицирани во листите I, II, III и IV од меѓународните конвенции за контрола на опојните дроги[39] во зависност од контролните мерки кои се применуваат на нив. Ваквите листи ги донесува министерот за здравство. Листите можат да содржат која било друга супстанција и/или растение кое министерот за здравство по предлог на Меѓуресорската комисија[40] ќе процени дека има оправдана причина да се класифицира во листите. Овие листи се објавуваат во „Службен весник на Република Македонија”.

Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции ја одредува класификацијата во листите[41].

Во Листата I се класифицираат забранети супстанции и растенија.

Во Листата II се класифицираат супстанции и растенија кои подлежат на строга контрола.

[37] Наведено според http://www.streetdrugs.org [пристапено на 15.05.2015]

[38] Чл. 21, Закон за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции, Сл. Весник на РМ бр. 103/08, 124/10, 164/13, 149/15, 37/16

[39] Според Единствената конвенција за наркотични дроги од 1961 година со протокол од 1972 година и Конвенцијата за психотропни супстанции од 1971 година

[40] Владата на Република Македонија формира Меѓуресорска државна комисија за борба против недозволено производство, трговија и злоупотреба на дроги. Меѓуресорската комисија ја сочинуваат претставници на министерствата за правда, за внатрешни работи, за здравство, за локална самоуправа, животна средина и просторно планирање, за надворешни работи, за образование и наука, за труд и социјална политика, за земјоделство, шумарство и водостопанство, за финансии, Царинската управа и Агенцијата за млади и спорт. Чл. 6 и 7, Закон за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции, Сл. Весник на РМ бр. 103/08, 124/10, 164/13, 149/15, 37/16

[41] Чл. 22, Закон за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции, Сл. Весник на РМ бр. 103/08, 124/10, 164/13, 149/15, 37/16

Во Листата III се класифицираат супстанции и растенија кои подлежат на контрола.

Во Листата IV се класифицираат прекурзори согласно со прописите за прекурзори.

Цврстите или течните смеси што содржат една или повеќе контролирани супстанции и психотропни супстанции што се поделени во поединечни дози ќе се сметаат за препарати и ќе бидат подложени на контрола под исти услови како и супстанциите што ги содржат.

Препаратите што содржат две или повеќе супстанции за кои важат различни услови ќе бидат подложени на важечките услови за најстрого контролираните супстанции во нив.

Препаратите кои содржат супстанции од листите II и III се ставаат во промет согласно со прописите за лекови, по спроведени лабораториски (фармацевтско-хемиски) испитувања во установа која ги врши работите на Националната лабораторија за испитување и контрола на квалитетот овластена од министерот за здравство.

**3. Нови психоактивни супстанции**

Во поново време на нарко пазарот доминира нов тренд на дроги, кои сѐуште не се познати на нашето подрачје, но се присутни во соседните земји. Нови психоактивни супстанции се познати на пазарот со различни термини како „дизајнер дрога", „правни достигнувања", „билни достигнувања", „бања соли", „истражување на хемикалии" или "лабораториски реагенси". Терминот „нови психоактивни супстанции" е дефиниран како злоупотреба на супстанции во чиста форма или преработени, кои не се контролирани од страна на Единствената конвенција на ОН за 1961 година за опојни дроги или Конвенцијата на Обединетите нации за психотропни супстанции од 1971, но може да претставуваат закана за јавно здравје.

Во текот на последната деценија, овие супстанции се воведуваат на нарко-пазарите преку разни форми на дистрибуција, вклучувајќи го и интернетот, како „глава" или „паметни продавници" кои продаваат дрога. На уличниот пазар, трговците со дрога ги дистрибуираат новите психоактивни супстанции како

правни алтернативи за недозволена трговија со дрога, односно ги експлоатираат дупките во законите за контрола на дрогата.

Новите психоактивни супстанции се продаваат поевтино и лесно се купуваат како алтернативи на традиционалните лекови. Кина е главен извор за новите психоактивни супстанции кои ги дистрибуира преку интернет проследено со пошта, достава на пакет.

Во споредба со традиционалните лекови, новите психоактивни супстанции се поевтини, полесно може да се купат и не се лесно забележливи. Нови психоактивни супстанции се повеќе се присутни во земјите-членки на СЕЛЕК.

Две земјите-членки на СЕЛЕК, Грција и Бугарија направија промена во законската регулатива и постојани измени и надградување на листата на контролирани психоактивни супстанции, поради заканите од новите психоактивни супстанции особено по младата популација. Во Бугарија криумчарење и злоупотреба на нови психоактивни супстанции продолжува како сериозен проблем, особено кај младите. Поради превземените проактивни правни и контролни мерки кои се применуваат во последните пет години, во 2015 година е констатирано одреден пад на бројот на обиди за трговија со луѓе. Исто така, според извештаите на СЕЛЕК, Кина и Холандија се земји на потекло на психоактивни супстанции кои влегуваат во Бугарија. Аеродромот во Софија е најчестиот граничниот премин кој се користи за влез на овие материи во земјата, дистрибуирани главно преку поштенските пратки и пратките од брза пошта. Закана за влез на различни психоактивни супстанции во 2015 година биле пријавени од седум земјите-членки на СЕЛЕК: Босна и Херцеговина, Бугарија, Грција, Унгарија, Молдавија, Црна Гора и Турција.[42]

Од новите психоактивни супстанции што се консумираат на нарко пазарот присутен е нов вид на дрога позната како „мјау-мјау“. Тоа претставува препарат кој се користи за зголемување на растот на растенијата. Други видови на дрога кои се анонимни за Македонија, но чија распространетост се шири во регионот се: мескалин, пејот, кетамин, ГХБ, тилетамин, кхат, хармани, ергин, ибога и ибогаин, божествена жалфија, татула, ефедрин, рачача, диметилтриптамин и др.

[42] Report on drug seizures in Southeast Europe for 2015, стр. 69

### 3.1. Khat (Catha edulis)

Khat (Catha edulis) е дрога од природно потекло која потекнува од Африка и Арапскиот Полуостров и е сè повеќе присутна во Европа. KHAT е грмушка која расте во Источна Африка или Јемен, од која што се кинат краевите од гранките и младите фиданки. Овој главен алкалоид кој го стимулира централниот нервен систем, пред сè е присутен во листот на khat-от е катинонот. Тој лесно се разградува во катин активна состојка со помала јачина која се добива преку сушење и стареење на лисјата. Оттаму е и интересот на консументот да го консумира посвеж. Листовите се бодликави, на краевите расечени, со темнозелена боја, со ароматичен мирис и горчлив вкус. Најбарани се најмладите и најсвежите листови кои содржат повеќе катинон. Khat-от се чува во китки и се пренесува во форма на замрзнати плочки поради краткорочноста на траењето на листовите, еден до два дена што го ограничува неговото распространување.

Во однос на начинот на консумирање, листовите од khat-от се употребуваат свежи, најчесто за џвакање, понекогаш за подготвување чај. Вообичаената доза е од 100-200 грама при сеанси од 2-4 часа. Ефектите се постигнуваат многу брзо. По првичната фаза на стимулација следи втора фаза на лежерна еуфорија, а потоа депресивна фаза со инсомнија и анорексија. Најчести почувствувани ефекти се: задоволство, блага еуфорија, прекинување на апетитот (анорексија), измореност, возбуда, стимулација и зборливост. Несакани и опасни ефекти по здравјето се: тахикардија, хипертензија, хипертермија, мидриајаза, промена на расположението, агресивност, халуцинации, дигестивн пореметувања, намалување на либидото, инсомниа, проблеми со забите, намален апетит, а при долгорочна употреба се јавуваат и ментални пореметувања.

Етиопија и Кенија се земјите од кои пристигнува khat-от во регионот на Југоисточна Европа со крајна дестинација во Грција, Романија и Бугарија преку воздушен пат, карго или поштенски пратки.

Во Бугарија во 2015 година се запленети вкупно 187,800 килограми сушен khat во 17 случаи, а во 2014 година вкупно 663,800 килограми сушен khat биле запленети во 19 случаи.[43]

Најчести имиња под кои е позната оваа дрога се: кат, чај на Абасините, Арапски чај, „сути“, Африкански чај, kath, miraa, tchat.[44]

[43] Ибид, стр. 70

Цената на Khat-от во Франција, (според местото на производство) изнесува од 6 до 10 долари за килограм.

## 4. Злоупотребата на дрогата како општествен феномен

Злоупотребата на дрога иако почетно се сфаќа како игра, а дрогата како средство за релаксација или за решавање на проблеми предизвикува негативни последици по здравјето на луѓето, доведува до дисхармоничен живот, социјална дезинтеграција, девијантно и криминално однесување.

За да го заштити здравјето на луѓето и општеството во целост, законодавецот, употребата на дрогата ја ставил во нормативни рамки со што пропишал точно определени услови за производство, увоз-извоз и употреба на дрога. Злоупотребата на дрога може да се дефинира од различни апекти во зависност од предметот на интерес, но, во суштина, претставува употреба на дрога на недозволен начин, односно спротивно на нормативните акти кои ја регулираат оваа проблематика.

Злоупотребата на дрога е социо-патолошка појава која предизвикува физичка и психичка зависност, а тоа води кон континуирано консумирање на дрога и потреба истата да се набави по „секоја цена“. Оваа социо-патолошка појава вовлекува во криминалните води и води кон сигурен пропаст. Запознавајќи се со поимот за опојни дроги, видовите дроги, како и нивната злоупотреба лесно ќе се надоврземе на криминалитетот поврзан со злоупотреба на дрога. Криминалитетот поврзан со злоупотреба на дрога покрај појавните облици на казнени дела поврзани со злоупотреба на дрога вклучува и други видови казнените дела кои се поврзани директно или индиректно со злоупотребата на дрога, како што се: казнените дела кои се вршат заради набавка на дрога, казнени дела кои се вршат под дејство на дрога и казнени дела како составна алка на нарко-криминалот.

Врз основа на појавните облици на казнените дела поврзани со злоупотреба на дрога, делинквентската тактика на сторителите на овој вид криминалитет, како и врз основа на широкиот спектар на оперативно-тактички средства и методи и истражни дејствија се заснова методиката на откривање на криминалитетот поврзан со злоупотреба со дрога која ќе овозможи откривање и

---

[44] Прирачник за различни видови дроги, МВР на РМ, ОБСЕ

докажување на казнените дела од овој вид криминалитет и намалување на темната бројка на криминалитетот поврзан со злоупотреба со дрога.

## 5. Причини за злоупотреба на дрогата

Во однос на причините[45] за започнување со употребата на дрога, а подоцна и нејзина злоупотреба, несомнено игра „притисокот“ од врсниците, на кој особено се подложни младите. Освен тоа, тие се изложени на примерот на нивните идоли во светот на забавата, кои силно влијаат врз своите млади обожаватели.

Индустријата за забава е особено заразена од злоупотребата на дрога. Врвни пејачи и музичари честопати земаат тешки droги во некој период од својата кариера. И многу филмски ѕвезди имаат навика да користат дрога.

Личностите од светот на забавата можат да ја прикажат дрогата во привлечно и примамливо светло, што во очите на младите е неодоливо.

Сцената на дрогата се прикажува во привлечно светло во списанијата, во филмовите и на телевизијата. Исто така, некои прочуени креатори во светот на модата фаворизирале манекенки што изгледале слаби и истоштени, исто како зависниците.

За зголеменото користење на дрога придонесуваат и многу други фактори. Некои од нив се разочарувањето, депресијата и недостигот на смисла во животот. Други причини се економските проблеми, невработеноста и лошиот пример од родителите.

Некои луѓе што имаат проблеми со меѓучовечките односи користат дрога за да им помогне да се снајдат во друштвото. Тие мислат дека дрогата им ја зголемува довербата, дека им помага да бидат досетливи и пријатни. На други едноставно им е полесно да користат дрога отколку да ја прифатат одговорноста да преземат контрола над својот живот.

Здодевноста е уште една причина зошто младите се свртуваат кон дрогата. Книгата *The Romance of Risk—Why Teenagers Do the Things They Do* (Романтиката на ризикот — зошто тинејџерите го прават тоа што го прават) коментира за здодевноста и недостигот на родителски надзор: „Момчињата и девојчињата се враќаат од училиште во празни куќи. Не изненадува што се осамени и што не

[45] Droги – зошто луѓето ги користат, преземено од http://wol.jw.org/mk/wol/d/r102/lp-mc/102001482 [пристапено на 17.06.2015]

сакаат да бидат сами. Им доаѓаат пријателите, но дури и кога се заедно, честопати им е здодевно. Тие бескрајно гледаат телевизија и музички спотови или шетаат по Интернет барајќи возбуда. Пушењето, дрогата и алкохолот лесно можат да станат дел од оваа слика“.

## 6. Последици од злоупотреба на дрога

Главната последица од злоупотребата на дрогата е појавата на наркоманијата. Постојат повеќе дефиниции за поимот наркоманија. Наркоманијата претставува социо-патолошка појава која е општо опасна и за поединецот и за целото општество. Според Светската здравствена организација наркоманијата се дефинира како состојба на периодична или хронична интоксикација која е штетна за поединецот и општеството, предизвикана со повторни внесувања на природна или синтетичка дрога. Наркоманија како социо-патолошка појава ја карактеризира:

- несовладлива желба и потреба за консумирање на дрога,
- тенденција на зголемување на количината на дрога, бидејќи внесувањето на константна доза на дрога нема ефект после одредено време и
- предизвикување на физичка и психичка зависност.

Психичка или емоционална зависност претставува состојба на силна желба за дрога, односно состојба кога постои тесна врска меѓу дрогата и личноста и се одразува специфичниот ефект на дрогата врз личноста.

Физичката или телесна зависност се однесува на апстиненцијата која настанува поради невнесување на дрога, односно потреба на организмот на човекот за материјата која е веќе присутна во метаболизмот на телото. Постои телесно нерасположение поради прекин на употреба на дрога или поради намалување на дозите што биле претходно земени. Физичката зависност на дрогата во телото означува зависност која е во директна и тесна врска со фармаколошките ефекти на дрогата, (суштински дејствуваат) врз живата клетка на организмот кои суштински ја менуваат и ја прават зависна.[46]

[46] Томовски, Б., Дрога болест на денешнината: препознавање, превентива, дијагностика, лекување, Скопје, 1995, стр. 16-17

# ДЕЛ II

# КРИВИЧНО-ПРАВНА ОДРЕДЕНОСТ НА ЗЛОУПОТРЕБАТА НА ДРОГА

## 1. Криминалитет поврзан со злоупотреба на дрога

Поимот „злоупотреба на дрога" тешко се дефинира од повеќе причини затоа што[47]:

1) опфаќа цел спектар од разни видови дроги кои различно се класифицираат;

2) дрогите се злоупотребуваат на различни начини со кои се постигнува периодична или хронична интоксикација, предизвикана со повремено или постојано внесување дрога во телото; и

3) во различни земји во светот различно се третира.

Злоупотребата на дрога претставува сложена социо-патолошка појава која денес доживува голема експанзија. За жал под „сенката" на оваа појава се опфатени децата и малолетниците како најзагрозена категорија кои стануваат плен на замајното дејство на дрогата и на криумчарите чија страст е богатење на сметка на човековото здравје. Производството и прометот на опојни дроги дозволено е да се врши само за медицински, лабораториски и научни цели.

Криминалитетот поврзан со злоупотреба на дрога може да се изврши на следниве начини: неовластено да се произведува, преработува, продава, нуди на продажба, купува заради продажба, држи, пренесува, посредува во продажба или купување или на друг начин се ставаат во промет препарати или супстанци кои се прогласени за опојна дрога. Криминалитетот поврзан со злоупотреба на дрога може да се класифицира во три основни групи – примарен, секундарен и терцијарен:[48]

- примарниот криминалитет ги опфаќа кривичните дела кои се во врска со производство, преработка, набавка и дистрибуција на опојна дрога;
- секундарниот криминалитет ги опфаќа кривичните дела кои се извршени под дејство на дрога и заради набавка на дрога;

[47] Буџакоски, С., Превенција од злоупотреба на дрогата, Летра, Охрид, 2002, стр. 15-16
[48] Бошковиќ, М., Криминалистика-методика, Полицијска академија, Београд, 2005, стр. 181

- терцијарниот криминалитет ги опфаќа меѓународните организирани криминални организации кои вложуваат одреден капитал во производството и недозволената трговија со дрога и остваруваат огромен профит.

Најголема закана за денешнината претставува меѓународниот криминалитет, кој не познава граници и кој предизвикува долготрајни негативни последици. Нарко-криминалитетот претставува алка на овој криминалитет и опфаќа цел синџир на учесници, почнувајќи од консуматорите без кои и не може да опстои, преку дилерите, транспортерите, па сè до финансиерите. Она што е неопходно да постои кај нарко-криминалитетот е потребата од голем број на консуматори со што би се зголемило и производството на дрога и би се стекнал поголем профит. Поради сериозноста на криминалитетот поврзан со злоупотреба на дрога, а со посебен акцент на нарко-криминалитетот повеќе држави ширум светот вложуваат напори за меѓународна соработка за да се искорени или во најмала мера да се редуцира овој вид на криминалитет.

## 2. Поим за нарко-криминалитет

Нарко-криминалитетот како еден од облиците на организираниот криминалитет предизвикува негативни последици во здравствената сфера и монетарните текови на многу земји во светот, бидејќи корупцијата и перењето пари се негови неразделни форми. Нарко-криминалитетот, исто така, претставува главен финансиски извор на многу терористички организации.

Нарко-криминалитетот има развиена мрежа ширум светот, вклучувајќи многу илегални патишта, почнувајќи од исток кон развиените западно-европски држави и од средно и јужноамериканските држави кон САД и Канада, понатаму кон Европа. Ниту нашата држава не е имуна на овој современ криминалитет, иако Република Македонија претставува транзитно подрачје, каде што минува т.н. „Балканска рута“[49]. Сепак, добра количина на дрога се задржува на нашите простори и многу често нашата држава претставува и крајна дестинација.

[49] Поопширно за положбата на Република Македонија во Балканската рута кај Dimovski, Z., Babanoski, K., Ilijevski, I., Republic of Macedonia as a transit country for the illegal trafficking in the „Balkan route“, Varstvoslovje, Journal of criminal justice and security, year 15, no. 2, pp. 203-217

Нарко-криминалитетот ги опфаќа производството и трговијата со droги, психотропни супстанции и прекурзори и овозможува стекнување на високи профити преку користење на најсовремени средства и методи за производство, преработка и транспорт на дрога. Овој вид на криминалитет вложува големи средства за заштита од кривичниот прогон, што му овозможува и долгогодишен престој на криминалната „сцена“. Нарко-криминалитетот го карактеризира висок степен на организираност, почнувајќи од производителите, преработувачите, транспортерите, па сè до финансиерите. Во него се вклучени лица со најразлични профили, како што се земјоделци, фармаколози, финансиери, лица од државниот врв и многу други учесници како што се транспортерите, дилерите, консуматорите. За нарко-криминалитетот е карактеристична и неговата широка распространетост низ целиот свет. Овој криминалитет не познава граници, така што егзистира на сите континенти. Хиерархиската поставеност е битна карактеристика на нарко-криминалните организации каде што владее висок степен на конспиративност и професионализам.

Заклучно, нарко-криминалитетот претставува организирана активност на многу криминални здруженија и организации кои професионално се поврзани и се занимаваат со трговија со дрога ширум светот, остваруваат големи профити и преземаат разни нелегални дејствија заради заштита од кривичниот прогон.

Во светот постојат голем број криминални организации кои се занимаваат со производство и трговија со дрога. Најголеми производители и продавачи на кокаин во светот се колумбиските криминални организации ,,Меделин” и ,,Кали” картел.[50] Од азиските земји најпознати производители и препродавачи на дрога се Златниот триаголник: Бурма, Тајланд, Лаос и Златната Полумесечина: Авганистан и Пакистан; од европските земји познати како производители на синтетички дроги се: Бугарија, Холандија и Полска; од јужноамериканските земји најпознати се Колумбија, Мексико и многу други. Не постои држава во светот која на било кој начин не е вклучена во нарко-криминалот. Низ Република Македонија поминува „Балканската рута”, која започнува од Турција преку Македонија, Србија, Хрватска, па до Западна и Средна Европа. Турција претставува најголемата раскрсница за криумчарење на дрога во Европа.

---

[50] За организациската структура на ,,Кали” картел пошироко види: Буџакоски, С., Превенција од злоупотреба на дрогата, Летра, Охрид, 2002, стр. 179-180




***Слика бр. 5** Јужно крило на т.н. „Балкански пат“ на дрогата*

Неофицијално, во светот околу 200 милиони луѓе користат дрога, што претставува 4,7% од светската популација постара од 14 години. Во Русија бројот на зависници од дрога изнесува над 4 милиони, а нарко-трговците годишно заработуваат од 5 до 10 милијарди долари. Во Кина бројот на нарко-зависници е еден милион, а заради криумчарење со дрога се врши егзекуција.

Доколку направиме анализа на поблиското минато ќе се присетиме на Конференцијата за меѓународен криминалитет, одржана во периодот од 21 до 23.11.1999 година, организирана од страна на ООН во Наполи каде што бил презентиран податок дека прометот од хероин, кокаин и канабис се проценува на 159 милјарди долари, од кои 142 милјарди долари отпаѓа на Европа и Северна Америка. „Балканската рута” е многу често споменува во извештаите на Интерпол и ООН на многубројни одржани состаноци, како што е состанокот во Виена од 22 до 26.02.1993 година, каде што се дадени предлози за ефикасно ангажирање на Централните Национални Бироа на Интерпол заради откривање на илегалните транспортери на балканското подрачје. Исто така, било проценето дека во текот на 1992 година од вкупно запленетиот хероин во Европа, околу 70-80% транзитирал низ „Балканската рута“. Поради промените што настанаа на

територијата на поранешната СФРЈ, „Балканската рута“ е поместена и активирани се нови рути на дрога како супституција на традиционалниот пат кои се користат за илегален транспорт на хероин и дел од овие рути завршуваат во Шпанија, Холандија, Швајцарија, Норвешка и Данска. Тие рути се: [51]

- Турција-Бугарија-Романија-Унгарија-Словачка-Италија-Германија;
- Турција-Бугарија-Романија-Унгарија-Хрватска-Италија;
- Турција-Грција-Италија;
- Турција-Бугарија-Македонија-Албанија-Италија;
- Турција-Бугарија- Македонија-Грција-Албанија-Италија.

Според анализите на СЕЛЕК[52], Балканската рута има три ограноци: Јужен, Централен и Северен. Јужниот огранок ги опфаќа Турција, Грција и Албанија, Централниот: Турција, Бугарија, Србија, Унгарија, Косово, Босна и Херцеговина, Македонија, Црна Гора, Хрватска и Словенија. Македонија и Црна Гора припаѓаат и на Централниот и на Јужниот огранок на Балканската рута. Северниот огранок ги опфаќа: Бугарија, Романија и Унгарија. Северниот дел на рутата на Црно Море ги опфаќа земјите на Централна Азија, Азербејџан, Џорџија, Русија и Украина. Оваа рута со Северниот огранок на Балканската рута се поврзува на границата помеѓу Украина, Романиа и Унгарија.

Во Албанија се произведува марихуана и илегално се транспортира до Македонија, Косово, Грција, Италија, Хрватска, Словенија, Австрија и Германија.

Според потеклото на дрогата[53], хероинот кој се криумчари по т.н. „Балкански пат“ до земјите на Западна Европа, најчесто доаѓа од Турција, додека марихуаната во поголем број случаи е со потекло од Албанија, која најчесто се криумчари преку нашата територија, во Грција или Турција. Кокаинот е со потекло од земјите на Јужна Америка, а најчесто е наменет за нарко-пазарите во Грција и западно-европските земји, додека синтетичките дроги најчесто се со потекло од Бугарија. Што се однесува до цените на дрогите: цената на големо на марихуана изнесува 300 – 700 евра за килограм. Цената на еден килограм хероин се движи од 11.000 до 14.000 евра, додека цената на еден килограм кокаин од

[51] Батковски, Т., За некои криминолошки аспекти на албанската мафија и нејзината вклученост во илегалната трговија со наркотици, Проект на програмата ТЕМПУС и КАРДС “Повисок степен обука за борба против организираниот криминал”, едиција: Организиран криминал, Пакунг-Скопје, 2002, стр. 130

[52] Report on drug seizures in South-Eastern Europe-2014, стр. 4-5

[53] Тодоровски, Љ., Развивање на стратегии за следење на развојот на наркокриминалот во Република Македонија и поставување на стандардизиран систем на контрола на дрога, докторска дисертација одбранета на Факултетот за безбедност, Скопје, 2012, стр. 90-92, стр. 132

33.000 до 35.000 евра. Етиопија и Кенија се земјите од кои пристигнува кhat-от во регионот на Југоисточна Европа со крајна дестинација во Грција, Романија и Бугарија преку воздушен пат, карго или поштенски пратки. Според Извештаите на СЕЛЕК во Бугарија во 2015 година се запленети вкупно 187,800 килограми сушен кhat во 17 случаи, а во 2014 година вкупно 663,800 килограми сушен кhat биле запленети во 19 случаи.

## 3. Нарко-криминалитетот во Република Македонија

Во Република Македонија нарко-криминалитетот нема голем „публицитет“ како во некои земји од светот, односно во нашата земја не постојат големи криминални организации како што се Кали картелот и Меделин во Колумбија. Нашата држава е транзит низ која се пренесува дрогата, меѓутоа одредена количина останува и на нашите простори. Организирани групи од нашата држава се занимаваат со дел од активностите на нарко-криминалот, вклучувајќи го транспортот на дрогата во границите на нашата земја, складирање и чување на дрогата. Потоа следуваат дилерите на дрога кои ја разнесуваат низ целата држава, вршат препакување во помали количини и нивна продажба. За делинквентската тактика и техника на дилерите, односно за нивниот модус операнди пошироко ќе бие објаснето во делот кој се однесува на карактеристиките на дилерите и консуматорите како последна алка во нарко-криминалот.

Низ Република Македонија најчесто се пренесува хероин. Албанците[54] се организатори и го контролираат шверцот, а Македонците се курири. Шверцот не познава националности, иако, главно се одвива преку т.н. муслиманска врска. Наркогрупите ги користат нашите иселеници во Турција и во Западна Европа, па така се остварува врската меѓу Македонија со овие земји. Шефовите регрутираат наши државјани во Турција, кои хероинот од Авганистан го препакуваат или го транспортираат во Македонија или помагаат на било кој друг начин. Куририте главно се користат само еднаш и се заменуваат со нови. Втора варијанта е нашите

[54] Повеќе кај Батковски, Т., За некои криминолошки аспекти на албанската мафија и нејзината вклученост во илегалната трговија со наркотици, Проект на програмата ТЕМПУС и КАРДС “Повисок степен обука за борба против организираниот криминал”, едиција: Организиран криминал, Пакунг-Скопје, 2002

државјани да ја носат дрогата од Турција директно во Чешка, Германија, Шведска или во други држави, каде што одат во посета на роднините.[55]

Покрај тоа што нашата држава е земја-транзит низ која поминува патот на дрогата, воедно во Република Македонија се произведува и консумира дрога. Во последните години е зголемена трговијата со канабисот и неговите деривати преку Република Македонија. Главната траса на канабисот е од Албанија преку северозападниот до југоисточниот дел во насока на Грција и Бугарија. Хероинот во Република Македонија доаѓа од Турција, Бугарија или Грција и се движи во правец кон Албанија и Србија. Синтетичките droги доаѓаат од Србија и Бугарија, а кокаинот по воздушен пат преку скопскиот аеродром или преку пристаништата во Албанија и Бугарија.

За нашите простори е карактеристично и производството на дрога за лична употреба. Најчесто станува збор за одгледување канабис и афион. Присуството на дроги во Република Македонија не може да се занемари, за што сведочи и фактот што во периодот од 2001 година па сè до денес дрогите се застапени на црниот пазар во нашата држава, а органите за кривичен прогон континуирано се борат против оваа појава и вршат заплени на разни видови и количини на дрога.

***Табела 2.1.*** *Запленети количини на дрога од страна на Министерството за внатрешни работи на Република Македонија во периодот 2001-2013 година*

| | **Марихуана во грамови** | **Хероин во грамови** | **Кокаин во грамови** | **Екстази во таблети** | **Амфетамин во таблети** | **Метамфе-тамин во таблети** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **2001** | 99.115,21 | 110.882,48 | 5.860,10 | 45 | 0 | 0 |
| **2002** | 29.234,38 | 28.572,22 | 342 | 18.341 | 0 | 0 |
| **2003** | 180.681,46 | 66.145,14 | 6.502,37 | 9.649 | 0 | 0 |
| **2004** | 570.748,25 | 141.719,20 | 177,25 | 164 | 0 | 0 |
| **2005** | 203.174,00 | 69.340,00 | 10.967,45 | 2.857 | 0 | 0 |
| **2006** | 408.187,00 | 151.859,00 | 547 | 1.327 | 0 | 0 |
| **2007** | 231.161,00 | 63.299,00 | 486.742,74 | 4.548 | 99 | 0 |
| **2008** | 133.454,15 | 60.578,76 | 2.292,69 | 449 | 1 | 0 |
| **2009** | 700.805,21 | 213.763,00 | 65,46 | 2.636 | 96 | 2.263 |
| **2010** | 459.768,86 | 37.083,94 | 2.005,44 | 459 | 11.155 | 791 |
| **2011** | 286.397,80 | 23.729,04 | 1.469,12 | 3.628 | 10.930 | 66 |
| **2012** | 784.578,60 | 55.301,50 | 173,41 | 206 | 5 | 3.528 |
| **2013** | 477.762,20 | 11.745,40 | 15,78 | 142 | 63 | 114 |

(извор: Министерство за внатрешни работи на Република Македонија)

[55] Тодоровски, Љ., Развивање на стратегии за следење на развојот на наркокриминалот во Република Македонија и поставување на стандардизиран систем на контрола на дрога, докторска дисертација одбранета на Факултетот за безбедност, Скопје, 2012, стр. 90-92, стр. 128

На табелата 2.1. е даден преглед на запленети количини на дрога од страна на Министерството за внатрешни работи на Република Македонија во периодот 2001-2013 година (достапни податоци од официјалната интернет страница на МВР на РМ). Притоа, евидентно е дека во првите години од анализата, амфетамините и метамфетамините не биле откривани (што не мора да значи дека не биле ни присутни на подрачјето на нашата држава). Од синтетичките droги, покрај нив, застапени се и екстазите, кои константно се откривале и се запленувале во рамките на истражуваниот период. Од природните дроги, карактеристична е застапеноста на марихуаната, хероинот и кокаинот. Количините на марихуана кои се запленувале констатно се движат над 100 килограми, после 2003 година, при што најголема количина била запленета во 2012 година (784.578,60 грама). Запленетите количини на хероин и кокаин варираат со текот на годините, при што најголема количина на хероин била запленета во 2009 година (213.763 грама), а на кокаин во 2007 година (486.742 грама, при што 483 килограми се од запленетата пратка во случајот Чочоровска, по потекло од Венецуела, наменета за Грција). Годишниот просек на запленетата марихуана во рамките на истражуваниот период изнесува 351 килограм, за хероинот е 80 килограми, а за кокаинот 40 килограми.

Организациските карактеристики на македонските криминални групи кои криумчарат дрога[56], укажуваат на фактот дека тоа не се цврсти (стабилни) организации. Генерално може да се констатира дека досегашната хиерархиската поставеност тежнее кон промени и најчесто има комбинирана структура. Лицата кои се организатори на криумчарењето на дрога најчесто се потпираат на лица по семејна и пријателска основа, но истите не се долготрајни и со постојан статус. Често се случува и почетници во овој криминал да се одлучат да организираат транспорт на хероин, хашиш или марихуана до пазарите во западно-европските земји, поради можноста во Турција или во Албанија да набават дрога без да ја платат веднаш, при што во залог да остават т.н. „жива глава“ што значи дека стоката ќе ја платат по нејзиниот пласман во некоја од земјите во Европа. Постојат сознанија и индиции дека Македонци со криминално досие имаат остварено значителен продор во криминалните групи за дрога во Швајцарија,

[56] За карактеристиките на наркогрупите од Република Македонија повеќе кај Тодоровски, Љ., Развивање на стратегии за следење на развојот на наркокриминалот во Република Македонија и поставување на стандардизиран систем на контрола на дрога, докторска дисертација одбранета на Факултетот за безбедност, Скопје, 2012, стр. 90-92

Германија и Скандинавските земји, каде што и самите успеале да воспостават дилерска мрежа. Овие групи настапуваат на овие криминални пазари без некоја поголема поврзаност меѓу себе, што значи се индивидуални – засебни.

Дејствувањето на организираните меѓународни организации за илегален шверц со наркотични droги е уште еден предуслов за развој на наркокриминалот на нашето поднебје. Одредена проценка за големината на организацијата може да се добие од податоците за главните заплени. Додека малите заплени не мора да значат голема организација, големите заплени се индикативни за добро организирани и опремени криминални групи. Групите кои можат да си дозволат да инвестираат во поединечна пратка вредна илјадници или милиони долари/евра, очигледно дека се големи и професионални. Обратно, со мала сума на капитал може да се транспортира дрога сокриена во вообичаен комерцијален транспорт, што значи дека, поголем број на мали заплени не треба да упатуваат на некаква организираност. Од друга страна, отсуството на големи заплени не го исклучуваат постоењето на големи организации, иако запленитe покриваат мал дел од вкупната трговија. Под вакви околности, можно е големите пратки да се заштитени со корупција и малите заплени да ја рефлектираат само елиминацијата на слабата конкуренција.

Онаму каде што има доволно податоци, можно е, гледано глобално, да се споредат поединечните големи заплени со вкупниот број национални заплени. Доколку големината на запленитe во одреден транзитен систем се јавуваат како многу големи пратки, ова сугерира дека вклучените групи се големи и добро опремени, наспроти состојбите со помалите групи кои едноставно не можат да си дозволат пратки со толкава количина дрога. Од друга страна, ако дрогата е запленета во поголем број поединечни помали пратки, тоа упатува на мали шверцерски групи кои користат различни техники на криумчарење.

На нашето поднебје, етничките врски во формирањето на криминалните групи остануваат важни. Многу често во нив се вклучуваат и лица од друг етникум или националност. Тоа се случува кога е потребна стручност која ја нема во групата, па се склучува договор за завршување на работите со лице од друга организирана група. Овие даватели на услуги, инаку, можат и да не бидат вклучени во други криминални активности, а сепак да оставаат впечаток на легалност. Бандите од етничките малцински заедници, се ангажираат да ја завршат „нечистата работа“ за главните организирани криминални групи. Од

анализите на податоците за запленети количини дрога се заклучува дека меѓународни криминални организации прават сојуз со локалните криминални групи, за настап на нови територии како крајни дестинации или транзитни зони.

На нарко пазарот, на локално ниво, дејствуваат поединци и криминални групи кои често имаат спротивставени интереси, но често се поврзуваат заради остварување на поголеми профити и поголеми криминални зафати.

Органите за внатрешни работи преземаат активности за намалување на трговијата и снабдувањето со droги, што се однесува на уличното дилерство и индивидуалната употреба на дрога. Особено значајна е и соработката со СЕКИ-центарот во Букурешт на регионално ниво преку директни спогодби за соработка во борба против организираниот криминал, како и директни контакти и заеднички истраги. Во периодот 2001-2004 година во Република Македонија ОБСЕ преку Одделот за развој на полицијата во областа на нелегалната трговија со дрога организирал обука на тема: Борба против недозволена трговија со дроги, со која биле опфатени 3700 униформирани полициски службеници. Неизбежна е да се спомене и соработката со Интерпол и Европол во борба против криминалитетот поврзан со злоупотреба на дрога. Меѓутоа, за меѓународната соработка во рамките на откривањето и спречувањето на кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога ќе стане збор во следните делови од докторскиот труд.

## 4. Кривично-правни карактеристики на криминалитетот поврзан со дрога

Со цел да се заштити животот и здравјето на луѓето од злоупотреба на дрога, а со тоа и целото општество и поредокот од оваа општествена болест во Кривичниот законик на Република Македонија се предвидени одредби со кои се инкриминира ваквото однесување како криминално, односно недозволиво, предвидувајќи соодветна кривична санкција за истото. Кога ги предвидел овие одредби, законодавецот ја сфатил тежината на овие дела и негативните последици по здравјето на луѓето и економијата на нашата земја, како и меѓународниот карактер на ова дело, па затоа и санкциите се соодветни на тежината на делото.

## 4.1. Кривични дела против здравјето на луѓето

Ваквите кривични дела се пропишани во дваесет и првата глава со наслов Кривични дела против здравјето на луѓето од Кривичниот Законик на Република Македонија[57]. Објектот на заштита кај овие кривични дела[58], генерички е идентичен со кривичните дела против животот и телото, меѓутоа кај овие кривични дела се работи за заштита на овие добра од поинаков аспект, затоа што државата во однос на нејзината социјална функција настојува да го заштити здравјето на населението од разните ризични услови кои постојат во современото општество. Притоа, овие кривични дела се општоопасни дела, дела против здравјето на повеќемина, односно неопределен круг на лица, а не против здравјето на поединец.

Во рамките на оваа глава кривични дела за предметот на интерес на докторскиот труд карактеристични се две кривични дела кои се инкриминации во сферата на наркоманијата и тоа: чл. 215 Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори и чл. 216 Овозможување на употреба на наркотични дроги. Станува збор за деликти на апстрактно загрозување. Тоа значи, дека со овие кривични дела не секогаш се нанесува директна и конкретна штета врз здравјето на луѓето, туку со самото нивно постоење и сторување, здравјето на луѓето е доведено во опасност, односно е загрозено. Бидејќи последиците од сторувањето на овие кривични дела се особено штетни и негативни по здравјето и животот на луѓето (оние кои ќе посегнат по консумирање на дрога), токму затоа законодавецот и ги инкриминирал во кривичното законодавство. Загрозеноста тука е апстрактна, генерална, и се однесува општо на сите луѓе, а не е конкретна и не се однесува само на конкретни лица со посебни својства и карактеристики.

Проблемите и дилемите кои се исправаат пред кривично-правната теорија во однос на проширувањето на интервенцијата во оваа област, како резултат на зголемувањето на бројот и видот на изворите на опасност и загрозување на здравјето на луѓето, влегуваат во т.н. социјално-патолошка област, т.е.

[57] Кривичен законик на Република Македонија, Сл. Весник на РМ бр. 37/96, 80/99, 04/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 07/08, 139/08, 114/09, 51/11 – две измени и дополнувања, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13 и Одлуки на УСРМ бр. 220/2000, 210/2001, 206/2003, 228/2005

[58] Повеќе за кривично-правните карактеристики на овие кривични дела кај: Камбовски, В., Казнено право, посебен дел, четврто дополнето издание, Просветно дело, АД, Скопје, 2003, стр. 247-271

„болестите" во социјално-патолошка смисла. Тука се мисли, пред сè, на наркоманијата, за чие искоренување тешко да се преземат определени превентивни мерки кои ќе бидат ефикасни, а кои произлегуваат од сферата на кривичното право. Па така, на пример, со кривичното право не може да се санкционира уживањето на опојни droги, туку може само да се ограничат определени придружни појави, како што е производството и пуштањето во промет наркотични дроги и овозможувањето на уживање дроги.

Карактеристично е тоа што во теоријата на кривичното право постојат отворени прашања во врска со тоа кои дејности од наркоманијата (производството, прометот, овозможувањето и самото уживање) да се санкционираат. Од сите нив, особено е проблематично инкриминирањето на уживањето на опојните дроги, причините што би го оправдувале и ефектите од него. Според кривичните дела кои се нормирани во Кривичниот законик на Република Македонија може да се констатира дека законодавецот кај нас се определил за решение да не се инкриминира уживањето на опојните дроги, со оглед на социјалната и индивидуално-психолошката детерминираност на оваа појава.

## 4.2. Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори (член 215 од Кривичен Законик на Република Македонија)

Со чл. 215 Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори законодавецот го инкриминира неовластеното произведување, преработување, продавање или нудење на продажба или заради продажба купување, држење или пренесување или посредување во продажба или купување или на друг начин неовластено пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори. Сторител на основниот облик на ова дело може да биде секое физичко лице, со оглед на тоа што на почетокот на членот, законодавецот го користи терминот „тој што". Првичната кривична санкција предвидена за сторителот доколку е исполнето законското битие на делото беше казна затвор од 1 до 10 години. Меѓутоа законодавецот сфаќајќи ја тежината на ова кривично дело со измените од

септември 2009 година[59] казната затвор од 1 до 10 години ја заменува со казна затвор во траење од 3 до 10 години, подигнувајќи ја минималната граница во изрекувањето на оваа казна.

Оваа инкриминација опфаќа дејствија со кои се овозможува ширење на наркоманијата: неовластеното производство и неовластената трговија, што значи дека се појавува во два облици. Првиот облик за свој материјален супстрат го има неовластеното произведување или преработување на супстанции или препарати што се прогласени за наркотични дроги, психотропни сусптанции или прекурзори. Од самата суштина на делото, произлегува дека производството и преработувањето треба да се вршат заради продажба, односно пуштање во промет, а не и заради задоволување на сопствените потреби. Второт облик на дејствието на извршување е неовластеното пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции или прекурзори по пат на: продавање, нудење на продажба или заради продажба купување, држење или пренесување, или посредување во продажбата или купувањето, или на друг начин. За да постои делото не е важно времето поминато помеѓу производството и пуштањето во промет на дрогата. Притоа, тука не се казнува купувањето, држењето и сл. без намера за продажба, посредување во трговијата, односно пуштање во промет, туку за свои сопствени потреби.

Во однос на субјективната страна, ова дело е умислено, што значи дека сторителот треба да биде свесен дека произведува или преработува, без овластување за тоа, супстанции или препарати што се прогласени за наркотични дроги, психотропни супстанции или прекурзори, односно дека на кој и да е начин учествува во трговијата со такви предмети.

Доколку делото е сторено со наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори од помало количество, во тој случај за сторителот е предвидена полесна кривична санкција – казна затвор од 6 месеци до 3 години.

Од друга страна, карактеристично е што како сторител на ова дело, покрај физичко, може да се појави и правно лице, па така предвидената кривична санкција е парична казна.

Потежок облик постои во случај на организираност, односно соучесништво и соизвршителство, поточно ако делото е извршено од страна на

[59] Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик на Република Македонија, Сл. Весник на РМ бр. 114/09

повеќе лица или сторителот на ова дело организирал мрежа на препродавачи или посредници, при што сторителот ќе се казни со затвор најмалку 5 години. Значи, притоа, потешко се казнува организаторот на мрежа на препродавачи или посредници (злосторничко здружение што се одликува со посебно разработена стратегија на постапување на одделните членови на здружението). Кај овој потежок облик сторителот (со исклучок на организаторот) кој ќе го открие делото или ќе придонесе за негово откривање, ќе се ослободи од казна, што претставува своевидна награда за помошта која им ја понудил на органите за кривичен прогон во откривањето и справувањето со овој вид на криминалитет.

Законодавецот предвидел и затвор во траење од 1 до 5 години за оној кој што неовластено прави, набавува, посредува или дава на употреба опрема, материјал или супстанции за кои знае дека се наменети за производство на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори. Всушност, станува збор за помошни дејствија и активности со кои се потпомага исполнувањето на законското битие на основниот вид на ова дело.

Наркотичните дроги, психотропните супстанции и прекурзорите, како и подвижните или недвижните предмети употребени за нивно правење, пренесување или растурање предвидени во ова кривично дело, во фазата на откривање од страна на органите за кривичен прогон се одземаат со цел да послужат како докази за понатамошниот тек на кривичната постапка.

### 4.3. Овозможување на употреба на наркотични дроги (член 216 од Кривичен Законик на Република Македонија)

Законското битие во чл. 216 Овозможување на употреба на наркотични дроги се состои од повеќе дејствија на извршување: наведување друг на уживање наркотични дроги и прекурзори или давање наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори за уживање или ставање на располагање простории заради уживање на наркотични дроги, психотропни супстанции или на друг начин овозможување на друг да ужива наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори.

Како сторител на основниот облик на ова кривично дело може да биде секое физичко лице, што се потврдува и од терминот „тој што" употребен на почетокот во овој член.

За овој облик на кривичното дело е предвидена кривична санкција казна затвор во траење од 1 до 5 години.

Наведувањето кое е едно од дејствијата со кое може да се исполни законското битие на ова кривично дело значи поттикнување на едно или повеќе лица. Со оглед на тоа што законодавецот го предвидел терминот „наведува“, а не „ќе наведе“ или „наведе“, значи дека инкриминирано е и неуспешното поттикнување. За постоење на делото е доволно сторителот да презел дејствија со кои кај друг сака да создаде или зацврсти одлука за уживање на дрога (со наговарање, опишување на ефектите и сл.), при што не е нужно другото лице да започнало да ужива опојна дрога или психотропна супстанција.

Давањето на друг опојна дрога или психотропна супстанција значи дејствие на овозможување на друг за нивно уживање. За разлика од претходното дело на пуштање во промет, тука се работи не за трговска операција, туку за непосредно продавање заради уживање на дрогата на друго лице (давањето на друг „да проба“, делењето со друг и сл.). И тука не е неопходно другото лице да започнало со уживање на дрогата.

Ставањето на располагање простории е исто така дејствие на создавање услови за уживање на дрогата (давање простории во кои ќе се одржи некоја средба на која ќе се уживаат дроги и сл.). Делото е довршено со самото ставање на просториите на располагање.

Овозможувањето на друг начин е секое друго дејствие на создавање услови, помагање на друг да ужива дрога (така, на пример, давање средства за инјектирање на дрогата, пари за купување дрога и сл.).

Пасивен субјект на ова кривично дело е хроничен наркоман или лице што за првпат доаѓа во средба со дрогата.

Во однос на субјективниот елемент на делото, тоа е умислено, а умислата на сторителот посебно треба да ја опфати релацијата на овие дејствија со уживањето на опојни дроги (така на пример, не постои одговорност ако некој му го отстапи станот на својот пријател, без да знае дека тој таму ќе ужива опојни дроги).

Потежок облик постои ако делото е сторено спрема малолетник или спрема повеќе лица или доколку предизвикало особено тешки последици, при што за сторителот во овој случај е предвидена казна затвор од 1 до 10 години.

Со измените направени во 2009 година[60] законодавецот предвидел и парична казна за правно лице доколку се јави како сторител на ова дело. Тоа значи дека кривичната одговорност се проширува и врз правните лица, а не само на физичките лица, како што беше предвидено претходно.

Наркотичните дроги, како и подвижните или недвижните предмети употребени за нивно пренесување или растурање, или посебно наменети или ставени за употреба предвидени со ова кривично дело, во текот на откривањето на ова кривично дело и неговиот сторител, од страна на органите за кривичен прогон се одземат со цел да послужат како докази во понатамошниот тек на кривичната постапка.

## 5. Други видови кривични дела поврзани со злоупотреба на дрога

Покрај појавните облици на кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога постојат и други видови кривични дела кои непосредно или посредно се поврзани со злоупотреба на дрога и кои може да се класифицираат во неколку групи:

- кривични дела извршени под дејство на дрога;
- кривични дела извршени заради набавка на дрога;
- кривични дела како составна алка на нарко-криминалитетот.

### 5.1. Кривични дела извршени под дејство на дрога

Кривичните дела извршени под дејство на дрога во кривичното право се познати како дејствија слободни во причина и се предвидени во општата одредба за пресметливост, предвидена во чл. 12 ст. 3 од Кривичниот законик кој гласи: „кривично е одговорен сторителот на кривичното дело кој со употреба на алкохол, дроги или на друг начин ќе се доведе во состојба во која не можел да го сфати значењето на своето дело или да управува со своите постапки, ако пред да се доведе во таа состојба делото било опфатено со неговата умисла или во однос на кривичното дело кај него постоела небрежност, а законот за таквото дело

[60] Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик на Република Македонија, Сл. Весник на РМ бр. 114/09

предвидува кривична одговорност и за небрежност“. За да се примени овој член за пресметливост треба да бидат исполнети следниве услови:[61]

- да постои состојба во која сторителот не може да го сфати значењето на своето дело или да управува со своите постапки;
- сторителот да биде способен за вина;
- самиот себеси да се довел во таква состојба;
- делото сторено во ваква состојба да било опфатено со неговата умисла или по однос на него да постоела небрежност и ако сторителот го извршил делото од небрежност.

Најчесто, кривичните дела кои се вршат под дејство на дрога се проследени со насилство и се извршуваат со намалена свест за расудување кај сторителот. Мотивите за извршување на ваквите кривични дела се различни и најчесто жртви се лица кои се во познанство со сторителот, а поретко се случајни жртви. Дали едно лице консуматор на дрога ќе изврши кривично дело зависи од повеќе околности, како што се: неговата личност, видот и дејството на дрогата, склоноста кон криминално однесување, социјалната средина и многу други фактори и околности. Значи, дрогата сама по себе не предизвикува криминално однесување. Под дејство на халуциногени дроги може да дојде до губење на контролата, стеснување на моќта на расудување и развивање на параноидна состојба што може да доведе до насилничко однесување и обид за убиство на лица кои се доживуваат како можни непријатели, но само ако постои претходна предиспонираност на личноста, односно ако и пред консумирање на дрогата тие лица покажувале агресивно однесување. Марихуаната кај некои консуматори може да поттикне криминално однесување, бидејќи постепено ја деградира личноста. Постојат мислења дека високи дози на хашиш можат да поттикнат на извршување на крвни деликти. Најголемо криминогено значење имаат психостимулативните средства амфетамин и кокаин, кои многу психопати ги консумираат за да ја зголемат енергијата и да ја зајакнат самодовербата. Консумирањето на амфетаминот го практикуваат некои малолетници пред извршување на криминални активности. Депресивната состојба што ја

[61] Буџакоски, С., Казнено право, општ дел, Институт за менаџмент на знаењето – Скопје, Охрид, 2008, стр. 187

предизвикуваат некои droги, како што е кокаинот може да предизвика самоубиство, доколку кај личноста и претходно постоеле самоубиствени намери.

Најчесто, под дејство на дрога се извршуваат нарушувања на јавниот ред и мир, загрозување на безбедноста на сообраќајот кои многу често завршуваат со смртни последици. Нарушувањата на јавниот ред и мир најчесто се однесуваат на викотници, пуштање гласна музика, учество во тепачки и слично. Во однос на загрозување на безбедноста на сообраќајот се предвидуваат прекршочни одредби за возачот кој го управува возилото под дејство на опојни дроги или психотропни супстанции, како и доколку на предното седиште во возилото се превезува лице кое е очигледно под дејство на дрога или други психотропни супстанции.

Извршувањето на потешки кривични дела под дејство на дрога, како што е пример убиството, силување и други се реткост, а најчесто на тоа претходи одредена мотивираност (невозвратена љубов, одмазда и сл.) и консумирањето на дрога во овие случаи е средство кое им дава сила и поголема сигурност да го извршат намисленото дело.

## 5.2. Кривични дела извршени заради набавка на дрога

Кривичните дела извршени заради набавка на дрога се вршат за да се дојде до парични средства кои ќе овозможат набавка на дрога. Консуматорите на дрога најчесто извршуваат кражби, тешки кражби, разбојништва, разбојнички кражби, фалсификување на рецепти, кражби во аптеки, кражба од погоните во фабриките што произведуваат лекови и други кривични дела.

Фалсификување на рецепти се врши на повеќе начини. Некои консуматори на дрога крадат празни формулари од рецепти, па потоа ги пополнуваат и заверуваат со печат на здравстваната установа и факсимил на лекарот до кој дошле на недозволен начин (преку кражба, измама и сл.). Постојат и случаи во пракса кога на веќе заверени рецепти се прават исправки, се допишуваат податоци и сл. за да може успешно да се снабдат со дрога.

Кражбите најчесто се извршуваат кај постари лица или лица познаници, искористувајќи погодна прилика кога се надвор од нивните домови, а во многу случаи за предметите што се крадат (вредни предмети) сторителите знаат каде ги чуваат и истите се одземаат и при секојдневни посети, при што оштетените не се свесни и може по подолго време да не откријат дека се ограбени. Цел на

консуматорите на дрога при вакви кражби се пари, вредни предмети или предмети кои можат лесно да се продадат, како што се алати, мобилни телефони, фотоапарати и слично.

Консуматорите на дрога многу често оттуѓуваат и предмети од сопствените домови кои ги продаваат за да дојдат до пари за набавка на дрога. Некои од нив се занимаваат и со социо-патолошки појави, како што се питачењето и проституцијата за да дојдат до пари. Добар дел од популацијата кои се зависници од дрога се подготвени на многу криминални активности за да дојдат до дрога.

### 5.3. Кривични дела како составна алка на нарко-криминалитетот

Кривичните дела како составна алка на нарко-криминалитетот се нераздвоен дел од него. Тие се неопходни за постоење на нарко-криминалитетот и токму преку нив се реализираат високи профити. Во оваа група спаѓаат: корупцијата, перењето пари и други кривични дела кои претставуваат облици на организираниот криминалитет.

За извршување на нарко-криминалитетот, почнувајќи од производството на дрога и нејзиното криумчарење потребно е корумпирање на одредени личности кои се носители на битни функции, како што се политички, правосудни, јавни и слично. Бидејќи нарко-криминалитетот функционира како синџир, во секоја алка е потребно некој да се корумпира, па затоа потребно е да се има „свој човек“ од сите сфери. Притоа се поткупуваат политички, јавни функционери, полициски, царински, банкарски службеници, судии и многу други со што си градат „отворен пат“ за извршување на кривични дела имајќи ги на своја страна ваквите лица, а од друга страна се штитат себеси и од кривичниот прогон.

Корупцијата е „сестра“ на перењето пари. Процесот на перење пари се остварува во три фази: пласман (вградување во системот), прикривање (акција за криење на писмените траги) и интеграција (каде нелегалните пари се мешаат со легалните финансии).[62] Тоа значи дека најпрво се отстранува врската помеѓу криминалните активности и системот, односно институциите, потоа се

[62] Тасева, С., Перење пари и финансиски криминал, Проект на програмата ТЕМПУС и КАРДС "Повисок степен обука за борба против организираниот криминал", едиција: Организиран криминал, Пакунг-Скопје, 2002, стр. 112

прикриваат трагите и на крај, се ставаат на располагање со прикривање на нивното потекло. Перењето пари е исто така составен дел на нарко-криминалитетот, бидејќи парите стекнати од трговијата со дрога потребно е да се исперат за да се прикрие нивното потекло. Нарко-трговците настојуваат ваквите „валкани“ пари да ги вложат во легални дејности, а од сè поголем интерес се небанкарските финансиски институции. Сè повеќе се користат осигурителните компании, менувачниците, обложувалниците и сл. Многу важна тактика на перење пари на нарко-босовите се прекуграничните финансиски трансакции, кога на поголема сума на пари се вршат трансакции во повеќе држави, што е потешко за следење и откривање. Играчите во нарко-бизнисот криминално стекнатите финансиски средства ги вложуваат во купување фирми, во недвижнини, најчесто имоти и куќи и на тој начин го претвораат криминалниот профит во легален. Криминално стекнатите финансиски средства се вложуваат во туристички агенции, менувачници, авиокомпании и сл. и на тој начин се оддалечуваат од криминалниот извор и се распрскува криминалниот профит, а тоа ги прави подалеку од дофат на органите на прогонот. Вложувањето на нарко-криминалците во легални бизниси им овозможува преминување на криминалниот профит преку државните гранци и инвестирање во нови фирми. Ваквиот процес на перење пари вклучува и водење на двојни книговодства, фалсификување на документации, измами и сл. Значи нарко-криминалитетот не може да постои без корупцијата и перењето пари кои се „заслужни“ за остварување високи профити.

## 6. Правна одреденост на злоупотребата на дрога во другите закони

Бидејќи злоупотребата на дрога е широко распространета низ целиот свет и предизвикува трајни негативни последици по здравјето на луѓето и економиите на многу земји, властите настојувајќи да ја искоренат оваа појава или во најмала мерка да ја контролираат донесуваат акти кои ја квалификуваат како општествено опасна појава и ја инкриминираат во кривичните законодавства како кривично дело. Поради алармантниот замав кој го зазема оваа појава на меѓународно ниво се донесуваат конвенции и се креираат стратегии за борба против криминалитетот поврзан со злоупотреба на дрога со цел да се сузбие нарко-криминалитетот.

Како што беше укажано претходно, кривично-правната одреденост на злоупотребата на дрога, првенствено во нашата земја се манифестира преку две

кривични дела: чл. 215 и чл. 216 предвидени во Кривичниот Законик на Република Македонија како појавни облици на кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога. Оваа проблематика ја регулира и Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции кој го замени Законот за производство и промет со опојни дроги. Исто така, во врска со злоупотреба на дрога се предвидени прекршоци во Законот за прекршоците против јавниот ред и мир, Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и Законот за производство и промет со опојни дроги. Од големо значење за решавање на проблемот со злоупотреба на дрога се и следниве акти: Закон за прекурзори, Закон за одредување институции одговорни за спроведување активности во областа на производството и прометот со опојни дроги, Закон за лекови, дополнителни лековити средства и медицински помагала, Одлука за утврдување на списокот за опојни дроги, Одлука за прифаќање на листа на опојни дроги дозволени за промет за медицински и ветеринарни цели, Закон за извршување санкции, Закон за кривична постапка, Царински закон, Одлука за распоредување на стоките во форма на увоз/извоз, Закон за спречување на корупција, Закон за здравствена заштита, Закон за социјална заштита, Закон за здравствено осигурување, Правилник за поблиските просторни услови, опремата и кадрите за основање и работење на здравствените установи и др. Во 2007 година е донесена и Националната стратегија за дрога на Република Македонија и Акциониот план за контрола на дроги во два дела: предимплементационен (за една година) и имплементационен за периодот 2008-2012 година. Моментално во сила е Националната стратегија за дрога на Република Македонија за периодот 2014-2020 година, која ќе биде анализирана во понатамошниот дел од трудот.

Во **Законот за прекршоците против јавниот ред и мир**[63] е предвидена прекршочна одредба по член 20 која се однесува на уживање на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори за што следува глоба во износ од 200 до 500 евра во денарска противвредност.

Во **Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата**[64] е предвидена прекршочна одредба по член 233 според која, возачот не смее да управува со возило во сообраќајот на патот, ниту да започне да управува со возило ако е под

[63] Закон за прекршоците против јавниот ред и мир, Сл. Весник на РМ бр. 66/07, 152/15

[64] Закон за безбедност на сообраќајот на патиштата, Сл. Весник на РМ бр. 54/07, 86/08, 98/08, 64/09, 161/09, 36/11, 51/11, 114/12, 27/14 и Одлуки на УСРМ 114/07, 144/07, 41/08

дејство на опојни droги или психотропни супстанци. Возачот се смета дека е под дејство на опојни droги или психотропни супстанци доколку со анализа на крвта или урината или со друг метод за мерење ќе се утврди присуство на овие средства во неговиот организам. Со оваа одредба покрај возачот парично се казнува и правното лице и одговорното лице во правното лице кое ќе нареди или ќе дозволи управување со возило под дејство на опојни droги и психотропни супстанции. На возачот покрај паричната казна му се изрекува и прекршочна санкција забрана за управување со моторно возило. Член 170 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата забранува во патнички автомобил на предното седиште да се превезува лице кое очигледно е под дејство на droга или други психотропни супстанции.

Во **Законот за контрола на опојни droги и психотропни супстанции**[65] е предвидена прекршочна одредба по чл. 92 според која со парична казна ќе се казни за прекршок физичко и правно лице за непочитување на одредбите на овој закон и тоа по разни основи: ако поседува опојни droги без одобрение, односно дозвола од надлежен орган и ако произведува опиум со засечување на афионовите чушки, одгледува кока-растение, изработува препарати со психоактивно дејствување од растението канабис и произведува и увезува други забранети опојни droги и сл.

## 7. Национална стратегија за droга на Република Македонија

Како резултат на координираните активности на органите задолжени за борба против дрогата и криминалитетот поврзан со злоупотреба на дрогата, на секои четири години се изработува Национална стратегија за droга во Република Македонија.

Во моментов во важност е Националната стратегија за droга во Република Македонија за периодот 2014-2020 година[66]. Во првата стратегија за droги на Република Македонија, која го опфати периодот 2006-2012 година се потенцираа заложбите, кои се реафирмираат и со новата стратегија за периодот 2014-2020, за балансиран пристап во имплементирањето на сите делови на стратегијата и сите

[65] Закон за контрола на опојни droги и психотропни супстанции, Сл. Весник на РМ бр. 103/08, 124/10, 164/13, 149/15, 37/16

[66] Национална стратегија за droга на Република Македонија 2014-2020, Влада на Република Македонија

елементи поврзани со проблемот со дрогата, базиран на евидентирани сознанија од праксата, но исто така и со спроведување на научни истражувања и проценка на состојбите, со цел одредување на мерки како да се надминат истите.

Заложбите на Стратегијата за droги на Република Македонија 2014-2020, се темелат на основните принципи: балансиран пристап помеѓу намалување на побарувачката и намалување на снабдувањето со дрога со зајакнување на основните вредности на Европската Унија: почитување на човековото достоинство, слобода, демократија, еднаквост, солидарност, владеењето на правото и човековите права.

Уште на нејзиниот почеток се дадени главните концепти на стратегијата, а тоа се заштитата на јавното здравје и заштитата на безбедноста.

Заштитата на јавното здравје е концепт дефиниран од страна на Светската Здравствена Организација и се базира на сеопфатни мерки: превентивни, образовни, терапевтски, социјални, регулаторни и мерки за контрола, вклучувајќи ги и мерките за спроведување на законот (со фокус на намалување на понудата и побарувачката на дрога и спроведување на законот). Тие се насочени кон подобрување на здравствените, социјалните, економските, безбедносните и правните услови кои имаат влијание врз здравиот развој на поединецот и општеството. Идејата за заштита на јавното здравје и поддршка во спроведувањето на активностите во тоа поле исто така е поддржано од страна на Европската унија во Договорот од Лисабон.

Заштитата на безбедноста на поединците и општеството, од производство, снабдување и неовластено ракување со дроги, криминално однесување, организирани форми на криминал во врска со производство и дистрибуција на дрога или перење на пари кои потекнуваат од трговија со дрога, особено на меѓународно ниво, се од особен интерес и за справувањето со овие состојби потребни се координирани и постојани напори со цел да се постигне безбедноста на поединците и општеството до максимален степен. Националната стратегија за дроги на Република Македонија 2014-2020 година е во координација со стратегијата за дроги на ЕУ 2013-2020 и акцискиот план и ја нагласува потребата од интегриран, мултидисциплинарен и врамнотежен пристап. Стратегијата е исто така заснована врз основа на меѓународното право, релевантните конвенции на ООН и на Универзалната декларација за човекови права. Оваа Стратегија на ЕУ за дроги ги зема во предвид релевантните политички документи на ООН,

вклучувајќи ги Политичката декларација на ООН и Акциониот план за меѓународна соработка кон интегрирана и балансирана стратегија да се спротивстави на дрогата во светот донесена во 2009 година и Политичката декларација на ООН за ХИВ/СИДА. Стратегијата е изготвена врз основа на принципите утврдени во Лисабонскиот договор и Повелбата за фундаменталните права на Европската унија.

Во воведот на стратегијата се дадени предизвиците кои се идентификувани во последните години, како и очекуваните резултати од неа. За проценка на актуелната состојба со злоупотребата на дрогата во Република Македонија, а со цел да се увиди дали има значителни промени пред и по донесувањето на Национална стратегија за droги и тоа во основните пет столба на стратегијата: координација на политиките за дрога; намалување на побарувачката; намалување на снабдувањето со дрога, соработка со меѓународни организации и истражување и евалуација. Центарот за следење на дрога и зависности од дрога при Секторот за контролирани супстанции во рамките на Министерството за здравство спроведе три истражувања кои претставуваат квалитативно – квантитативна аналитичка студија на пресек, а потоа се пристапи и кон анализа на извршени истражувања во областа на дрогите од страна на други институции и/или стручни лица во Република Македонија. Дополнителна цел беше да се идентификуваат местата каде е потребно да се предвидат мерки и активности, во новата стратегија за дроги, за зајакнување на капацитетите. Истражувањето е спроведено во период мај - ноември 2012 година, при соработка на Министерство за здравство со Министерството за внатрешни работи на Република Македонија.

На ниво на Република Македонија се превземаат низа мерки за борба против дрогата и криминалитетот поврзан со злоупотреба на дрога. За тоа говори и Националната стратегија за дрога на Република Македонија (2014-2020). Во неа се опфатени низа мерки и активности кои се превземаат со цел намалување на бројот на лица кои консумираат дрога, како и намалување на штетните последици кои ги носи консумирањето на дрога. За остварување на таа цел вклучени се повеќе институции во државата, како што се: Министерството за здравство, Министерството за труд и социјална политика, Центрите за социјална работа, локалната заедница и невладините организации. Најпрво, зависниците од дрога го имаа на располагање само метадонскиот субституционен третман за одржување во само неколку поголеми градови во Република Македонија. Денес, освен во

Скопје (каде се отворени и два дополнителни центри), мрежата за метадонска терапија е раширена во повеќе градови: Струмица, Куманово, Штип, Охрид, Гевгелија, Битола, Велес, Кавадарци, Тетово, како и во главниот затвор во Скопје, затворот во Битола и истражниот затвор во Скопје. И покрај тоа што се вложуваат напори за зголемување на центрите од ваков вид, кога ќе се направи компарација со бројката на зависници во Република Македонија (што секако треба да се земе во предвид и темната бројка), може да се констатира дека бројката на центри во Република Македонија е недоволна за да одговори на реалните потреби. Секојдневните реални случки се доказ дека во градови каде што има регистрирано голем број на зависници се уште нема центар, а во некои од градовите каде што постојат центри, количината на метадон е недоволна и несразмерна со бројката на зависници во тој град. Од друга страна пак, се избегна сконцентрираноста на метадонската терапија само во Скопје, а тоа пак доведе до зголемување на дејствувањето на локално ниво и зајакнување на институционалните капацитети.

Од 2009 година во Република Македонија е воведен и друг модел за лекување на зависните корисници на дрога. Станува збор за бупренорфинот, кој се користи за детоксикација и супституциона терапија.

На национално ниво, третманот од дроги се обезбедува во различни системи на здравствени, социјални и граѓански организации (НВО). Третманот од дроги е достапен во рамките на националната мрежа на јавно-здравствени служби, правејќи го јавниот сектор водечки актер во лекувањето од дроги со медицинска помош. Исто така, четири приватни психијатриски служби нудат третман на зависност од дрога. Националниот систем за третман опфаќа амбулантско и болничко лекување, детоксикација и супститутивна терапија. Поголемиот број лекувани корисници на дрога добиваат амбулантски третман, при што се нудат опиоидна супституциона терапија, психијатриски интервенции, индивидуално или групно советување и социјална и психо-терапија. Болничкиот третман од дроги се состои од психо-социјални интервенции со фармаколошка помош во смисла на третман за повлекување на зависноста. Детоксикацијата може да се одвива во амбулантски или во болнички услови.[67]

Од мерките кои се превземаат за намалување на ризиците од употреба на дрога се програмите против ХИВ/СИДА, кои во Република Македонија се главно

[67] Национална стратегија за дрога на Република Македонија 2014-2020, Влада на Република Македонија, стр. 27

водени од невладините организации. Тестирањето за ХИВ/СИДА е достапно во Република Македонија во сите клиники и центри за јавно здравје, а освен тоа кај некои невладини организации постојат програми за бесплатно испитување на ХИВ/СИДА, како и бесплатни советување за начинот на пренесување и последиците.

Во Република Македонија, од 2003 година постои и бесплатна телефонска линија за помош од дрога како постојан сервис на сите граѓани на Република Македонија. На оваа СОС линија може да се добијат информации за видови дрога, последиците од користење на дрога, институции за лекување, податоци и корисни информации за ХИВ/СИДА, за сексуално преносливи болести, како и за закажување на бесплатно советувалиште со стручно лице од соодветна област.

Борбата со дрога и нејзината злоупотреба е долга и макотрпна работа. Вклучувањето на сите веќе споменати субјекти е од особено значење ако сакаме да започнат да се движат настаните во позитивен правец. Моделот кој јас го предлагам, а во врска со злоупотреба на дрогата, вклучува отворање на повеќе центри за терапија низ државата, во кои освен класичното давање терапија на зависниците, ќе биде вклучена и работата на психолозите и социјалните работници. Тоа значи дека освен земање терапија, зависниците ќе бидат во постојани контакти и разговори со психолози и доктори, со што стручните лица ќе можат да утврдат дали лицето зависник од дрога правилно ја зема терапијата, ќе може да направат проценка во кој правец се движи лечењето и врз основа на тоа да дадат правилни насоки за идно лечење на зависникот. Значи, работата на центрите не би било само „грубо“ делење на терапија, туку детално запознавање со секој случај поединечно и вложување напори за искоренување на потребата од користење дрога кај зависниците. Овој дел од моделот повеќе се однесува на репресивното делување на органите, односно спречување на рецидивизам.

Превентивниот модел за злоупотреба на дрогата, сметам дека треба да започне на локално ниво, па постепено да се шири кон сеопфатно национално ниво. На ниво на секоја општина, треба да постои тело или орган за спречување на злоупотреба на дрога. Тој орган треба да е во постојана соработка со центрите за социјална работа, центрите за лекување и полицијата (во општините близу до граничните премини соработката треба да се прошири и со царината и граничната полиција). Ова тело заедно со сите субјекти вклучени во борбата со злупотребата на дрога, треба да се среќава барем еднаш во месецот за да ги споделат искуствата

(секој во својата област). После секој состанок на ова тело треба да се направи записник со сите корисни информации кои се добиени за време на состанокот за да може во иднина тој записник да послужи во креирање на политиката на борба со дрога на ниво на држава. Особено важно е ваквите тела во секоја општина да водат регистар на лица кои консумираат дрога. На тој начин секоја општина ќе има податоци за тоа колку зависници има, кој вид на дрога најмногу се користи и сл., а со тоа ќе може да направи единствен регистар на ниво на Република Македонија каде што ќе бидат регистрирани корисниците на дрога. Овие податоци се неопходни во креирањето на политиката на превенција од злоупотреба на дрога. Кога би имале вакви податоци ќе може да се направи проценка за финансиските средства, за потребните резерви од терапија (на месечно и на годишно ниво), а од друга страна тоа би значело избегнување на ситуации со немање доволно ресурси за справување со овој проблем. При водење на ваков регистар и при земање на податоците од него, секогаш треба да се земе предвид дека темната бројка не е исклучена и поради тоа при планирање на средствата треба да се земе предвид можноста од зголемување на бројот на зависници.

Активностите на ова тело, за да доживее успех, треба да излезе од локална рамка и да добие карактер на национално тело. Тоа значи дека локалните тела од сите општини треба да се среќаваат барем двапати во годината на национално ниво. Тоа да биде како еден вид координативна средба која ќе овозможи соединување на целокупната работа која ја завршиле локалните тела. Со точно утврдени точки на дискусија, на секое локално тело треба да му се испрати планот за работа на централното тело, а со цел претставниците на локалните тела да дојдат подготвени со сите потребни податоци. Само на тој начин ќе може да се постигне успех во борбата со злоупотреба на дрогата и превенција од истата. Сериозниот пристап на субјектите вклучени во работата на овие тела е клуч до успехот за борба со ова зло.

Целта на оваа стратегија е да придонесе за намалување на побарувачката и снабдувањето со дрога, намалување на здравствените, социјалните ризици и штети предизвикани од дрога, со почитувањето на човековите права и човековото достоинство, базирано на принципите на споделена одговорност, мултилатерализам, интегриран, врамнотежен пристап, базиран на докази, насочен кон развојот и почитување на меѓународните конвенции.

Стратегијата е изградена од два столба: намалување на побарувачката на дрога и намалување на снабдувањето со дрога. Овие се дополнети со три заеднички вкрстени теми кои ја претставуваат хоризонтална природа на проблемот со дрога: координација, меѓународна соработка, информации, истражувања, мониторинг и евалуација.

# ДЕЛ III
# ДЕЛИНКВЕНТСКА ТАКТИКА НА СТОРИТЕЛИТЕ НА КРИВИЧНИТЕ ДЕЛА ПОВРЗАНИ СО ЗЛОУПОТРЕБА НА ДРОГА

## 1. Карактеристики на извршителите на криминалитетот поврзан со злоупотреба на дрога

Целокупната глобализација на криминалитетот подразбира и глобализација на криминалитетот поврзан со злоупотреба на дрога. Тој „царува" на светската криминална сцена во повеќе насоки и како криминал „само за себе", овозможува високи профити и финансиска платформа, со што се зголемува загриженоста на голем број земји во светот од сè поголемата закана од него. Во последните децении сè повеќе се изразени транснационалните компоненти на трговијата со дрога, трговијата со луѓе, измамите, тероризмот и покрај нивното локално владеење, при што против нив треба да се делува на меѓународните политички пазари на регионално и глобално ниво. Показател за ваквиот интерес се Обединетите Нации кои посветија четири конвенции за прашањата поврзани со тешкиот криминал: Конвенцијата за дрога од Виена од 1988 година, Конвенцијата за спречување на финансирање на тероризмот од 2000 година, Конвенцијата за борба против транснационалниот организиран криминал од 2000 година и Конвенцијата за борба против корупцијата од 2000 година.[68] Криминалитетот поврзан со злоупотреба на дрога не познава граници, располага со висока мрежна организациска поставеност и распространетост ширум светот. Тој вклучува различни профили на луѓе во зависност од улогата и задачите што ги имаат како дел од од пирамидата на криминалитетот поврзан со злоупотреба на дрога. Криминалитетот поврзан со злоупотреба на дрога претставува долг синџир чии алки се состојат од голем број на учесници кои имаат посебна улога и специфични задачи во зависност на која алка од синџирот припаѓаат. На најниското скалило се наоѓаат уживателите, односно консуматорите на дрога, потоа следуваат дилерите на дрога, познати и како растурачи на дрога и на највисокото скалило се наоѓаат нарко-босовите, односно финансиерите. Покрај горенаведените, учество во криминалитетот поврзан со злоупотреба на дрога

[68] За мерките на европско ниво повеќе во Мегваер, М., Морган, Р., Рајнер, Р., Оксфордски прирачник за криминологија, Нампрес, Скопје, 2010, стр. 771

имаат и производителите, препродавачите, транспортерите, преработувачите, фармаколозите, претставниците од владината елита, корумпираните полициски и царински службеници, сметководителите и многу други лица кои на било кој начин ќе остварат профит. Секој од учесниците дава свој придонес во криминалитетот поврзан со злоупотреба на дрога, почнувајќи од производство па сѐ до пласирање на црниот пазар и консумирање од страна на уживателите на опојна дрога. Тоа овозможува распространување на овој криминалитет ширум светот, што се должи на организираноста, професионализмот и конспиративноста на сите учесници. Сторителите на криминалитетот поврзан со злоупотреба на дрога профитираат доколку е поголема побарувачката, што значи паралелно зголемување на бројот на консуматори на опојна дрога, а со тоа се зголемува производството на дрога. Значи, поголема побарувачка на пазарот значи поголемо производство на дрога и зголемен број на консуматори.

## 1.1. Делинквентска тактика на нарко-криминалците и нивни карактеристики

Најтежок облик на криминалитетот поврзан со злоупотреба на дрога претставува нарко-криминалитетот, кој е специфичен од повеќе аспекти: карактеристиките на овој вид на криминалитет, потребата од постојано усовршување на методите и средствата за негова репресија, штетните последици кои ги предизвикува, несразмерно високите профити стекнати со него кои го стимулираат секој учесник како можен начин на богатење, како и постојаното усовршување на средствата и методите за негово извршување. Нарко-криминалитетот не познава граници, „живее“ во целиот свет што се должи на добрата организациона мрежа, како и строгата хиерархиска поставеност и организираност на меѓународните криминални организации.[69]

Најзначајни карактеристики на нарко-криминалитетот се: меѓународни криминални организации; хиерархиска структура; организираност; конспиративност; транснационалност; професионализам; корупција како средство за постигнување на целта; широко креирање на нарко-патот во светот;

[69] За нарко-криминалот, неговите карактеристики и поврзаност со тероризмот во Dimovski, Z., Ilijevski, I., Babanoski, K., Narco-terrorism in the contemporary conditions: Financing of the terrorist activities by the illegal drug trafficking, International scientific conference Contemporary trends in social control of crime, Faculty of security – Skopje, vol. II, Ohrid, 30-31.05.2016, pp. 203-214

профитабилност итн. Нарко-криминалитетот го извршуваат локални организирани криминални групи или меѓународни криминални организации ширум светот во кои постои строга хиерархиска поставеност. Кривичниот Законик на Република Македонија, под група, банда или друго злосторничко здружение или организација подразбира најмалку три лица кои се здружиле за вршење кривични дела, во кој број влегува и организаторот на здружението.[70] Според Конвенцијата на ООН против транснационалниот организиран криминал, организираната криминална група е група составена од три или повеќе лица што егзистира одреден период и дејствува со цел да се изврши едно или повеќе сериозни кривични дела установени со оваа Конвенција, заради остварување на директна или индиректна финансиска корист или друг вид материјала корист.[71] Криминалните организации може да бидат пирамидално поставени или во синџир поврзани луѓе и постои строга конспиративност, високо ниво на организираност и професионалност. Организациската поставеност на криминалните организации се состои од раководство кое ги сочинуваат финансиерите кои се на врвот на пирамидата, кои остваруваат контакт со одговорните на ќелиите и финансиските советници преку кои се одвива целиот транспорт на дрогата во светот. Одговорните на ќелиите контактираат со водачите на потќелиите, бидејќи секоја ќелија се дели на потќелии кои ја разнесуваат дрогата. Секоја ќелија располага со лица од различен профил кои го сочинуваат најниското скалило. Финансиерите вложуваат во легални бизниси (туристички агенции, менувачници, шпедиции, агенции за недвижности, синџири на казина и хотели и сл.) со цел да го прикријат нелегално стекнатиот капитал. Значи, во нарко-бизнисот се вклучени играчи од различен профил: трговци, како луѓе кои имаат капитал за инвестирање, професионални криминалци, транспортери, надворешни соработници, посредници, полициски службеници, царинарници, судии, луѓе од владината елита, шпедитори, пилоти, авионски екипаж, адвокати, фармаколози, студенти и многу други. Тоа се луѓе кои во суштина не припаѓаат на криминалното подземје и многу ретко се сомнителни за органите на прогонот и затоа нивната улога се смета за случајна. Сепак остваруваат големи профити и можат да овозможат

[70] Член 122 ст. 28 од Кривичниот Законик на Република Македонија-пречистен текст

[71] Лабовиќ, М., Власта корумпира на епистемолошко, глобално-политичко и национално ниво: вистината за Македонија и неспроведувањето на квалитативно новата предлог-Национална стратегија против корупцијата и организираниот криминал, Де Гама Скопје, 2006, стр.166

пристап до клучни ресурси или се наоѓаат на високи позиции кои можат многу да придонесат во нарко-бизнисот.

Значи на највисокото скалило кај организираните криминални групи се наоѓаат финансиерите, потоа дилерите и на крај уживателите на дрога. Помеѓу второто и третото скалило се наоѓаат производителите, преработувачите, транспортерите, царинските и полициските службеници како „логистика“ во извршување на нарко-криминалитетот. Хиерархиската поставеност е таква што секој учесник не знае за другиот во следното скалило, односно знае само онолку колку што е неопходно. Кај нив постои висок степен на организираност, што овозможува добра координација и поврзаност на меѓународно ниво. Внатре во криминалните организации како главно правило се одржува конспиративноста, како на modus operandi, така и на instrumentum operandi. Професионализмот е карактеристика за овие криминални организации на што се должи и успешноста во остварување на огромни профити од нарко-криминалот. Нарко-криминалците се во чекор со најновите технички достигнувања и се во постојан стремеж кон пронаоѓање на нови начини за криумчарење на дрога и софистицирање на средствата и методите за остварување на овој вид криминалитет. Нарко-криминалитетот не би успеал без корупцијата како основно средство за успешно криумчарење на дрогата и пласирање на црниот пазар. Поткупувањето на владини претставници, полициски, царински и судски службеници претставува отворен пат за дрогата и овозможува огромна количина на дрога невидливо да пропатува од едниот до другиот крај на светот, а истовремено нарко-криминалците да бидат поштедени од кривичниот прогон. Учесниците во нарко-бизнисот многу вешто ги проучуваат царинските и полициските режими на граничните премини за успешно совладување на сите препреки при транспортот. Нарко-криминалците солидно ја познаваат нарко-рутата низ целиот свет. Долгогодишното искуство на криминалната „сцена“ им овозможува на нарко-криминалците да ја олеснат трговијата со дрога, а со тоа да се пробијат насекаде низ светот не познавајќи граници. „Плодови“ на нарко-криминалитетот се огромните профити кои се доста привлечни за инволвирање на голем број луѓе во нарко-бизнисот и претставува најдобар начин за енормно богатење.

Организираните криминални групи кои се занимаваат со трговија со дрога стануваат пофлексибилни, прилагодливи, отворени за меѓународна соработка, со бизнис-пристап, често мулти-криминално ориентирани и подготвени да ги

прилагодат своите криминални активности во совладување на пречките поставени од страна на органите на кривичниот прогон. Организираните криминални групи често се вклучени во други облици на криминал и многу од нив се вклучени во трговијата со повеќе од еден вид на дрога.

Криминалните активности на организираните криминални групи зависат во голема мера од нивната структура, како и способноста да се прилагодат на спецификите на криминалните пазари и на потребите за соработка со други организирани криминални групи.

Во поголемиот дел од случаите, повеќето криминални организации во Југоисточна Европа се структурирани на хиерархиски принципи, со еден лидер или мала група на лица, многу тесно поврзани, кои ги координираат и донесуваат одлуки за активностите, развој на нови иницијативи, како и за нови стратегии во дадени ситуации. Но, во многу случаи хиерархиската структура е во комбинација со хоризонталниот развој на групата, со различни единки кои покриваат дел од криминалната активност, со ограничено познавање на другите единки, но координирани од страна на еден лидер. Во некои случаи, особено се однесува за мали групи организирани на мобилните принципи, улогата на лидер се намалува и тој/таа може да се вклучат во задачи на пониско ниво. Поделбата на задачите е многу важна во структурата на криминалната групата од две главни причини. Од една страна, повеќето криминални активности бараат таква поделба заради нивна успешна реализација. Од друга страна, поделбата на задачите обезбедува тајност на криминална активност на организирани криминални групи и заштита на своите членови, особено на оние на врвот на хиерархијата.

Структурата на организираните криминални групи е под влијание на многу фактори. Се разбира профитот е главен фактор, но постојат и други фактори, како на пример тоа што организирањето во криминални групи овозможува поголема стабилност.

Кај организираните криминални групи расте свеста за репресивните мерки кои може да ги преземат органите на кривичниот прогон. Примарната цел на организираните криминални групи е користење контрамерки за заштита на нивната комуникација. Заштитата на комуникацијата е од суштинско значење за да се спречи откривањето на криминални активности и идентификација на членовите на организираните криминални групи од страна на полицијата. Некои од најчестите контрамерки кои се преземаат за оваа намена вклучуваат:

користење на еднократно или на честа промена на мобилни телефони и при-пејд SIM картички, кодиран јазик или термини, лични средби обично на безбедна локација, интернет комуникација и сл.[72]

Успехот во борбата против прекуграничната трговија со дрога може да се постигне само преку меѓународна соработка, партнерство, размена на информации за заплени, правци, modus operandi, сторителите, модели и профили за поединци и групи. Операциите ќе се организираат на координиран начин со сестран пристап кон специфичностите на регионот и промените на трговијата со дрога со заеднички ресурси на затекнатите земји. Производството и трговијата со дрога е една од најпрофитабилните криминални активности, која генерира милијарди долари за криминалните групи, кои имаат високо ниво на организација и координација. Вкупната проценета вредност на запленета дрога во регионот на Југоисточна Европа во 2015 година изнесувала околу 1,34 милијарди евра.[73] Производството на хероинот се одвива на долго растојание од главните пазари на потрошувачите во Европа, што генерира разновидност во синџирот на снабдување. Југоисточна Европа во однос на географската положба се наоѓа на најкраткиот пат помеѓу земјите на потекло и земјите кои се крајна дестинација за хероинот. Иако најголемото производството во суштина е во Авганистан, не е исклучено организираните криминални групи да се обидат да го приближат производството поблиску до пазарите на лекови, односно фармацевската индустрија. Пријавените запленети количини на хероин за 2015 година се најниски во изминатите четири години. За разлика од изминатите години, во 2015 година податоците од Извештајот на запленети droги во Југоисточна Европа покажуваат засилена трговија на север кон Црното Море, при што хероинот влегува во регионот на Украина. Северната гранка од Балканскиот пат, поврзан со патот кон северниот дел на Црното Море сериозно го зголемиле своето значење.

Регионот на Југоисточна Европа е релативно мал пазар за кокаин во споредба со хероинот и канабисот. Во однос на трговијата со кокаин, Југоисточна Европа е транзитно подрачје од земјите на Јужна Америка. Најчесто ова вклучува транзитирање на мали количини од земјите на потекло или редистрибуција на локации по воздушен пат, курири и „хранење“ на пазарите во најголем дел од земјите од Западна Европа.

---

[72] Report on drug seizures in Southeast Europe for 2015, стр. 70
[73] Ибид, стр. 75

Морските пристаништа во регионот на Југоисточна Европа се користат за пренесување на големи количини на кокаин во Западна Европа, а граѓаните на ЕУ од Југоисточна Европа се користат како курири за кокаин во целиот свет.

Организираните криминални групи вклучени во шверц на кокаин се стремат кон иновативност во техниките на прикривање и изнаоѓање на нови начини за шверцување, како на пример, кога агрегатната состојбата на кокаинот се променува и се вбризгува во различни предмети кои се транспортираат, со цел да не се открие.

Канабисот се произведува во сите земји од Југоисточна Европа за да се покрие побарувачката и со намера да биде прекугранично дистрибуиран. Канабисот е најчесто консумирана, произведувана и тргувана дрога во регионот на Југоисточна Европа што се должи на инвестирање во технологијата за одгледување на марихуаната во затворен простор, со што доаѓа до зголемување на производството на канабис, забрзување на процесот на производство и зголемување на квалитетот. Според Извештајот на запленети дроги во Југоисточна Европа за периодот од 2010 до 2015 година, профитот од марихуаната и хашишот, односно од канабис производите е најнизок во споредба со другите дроги, но канабисот останува прворангирана дрога во однос на запленетоста. Новите психоактивни супстанции стануваат сериозен проблем во многу земји во Југоисточна Европа. Во последните години Khat (Catha edulis - дрога која потекнува од Африка и Арапскиот Полуостров) сѐ повеќе е присутна во регионот на Југоисточна Европа и сите регистрирани случаи се поврзани со трговија по воздушен пат или преку поштенски пратки.

Организираните криминални групи често се вклучени и во други криминални активности, а кога станува збор за трговијата со дрога, организираните групи тргуваат со повеќе видови на дрога. Истражувањето покажа дека богатата мултиетничка страна на организираните криминални групи нагласува висока соработката меѓу државјани од различни земји, при што се зголемува учеството на жените во процесот на трговија со дрога, пред сѐ, нивна инволвираност во транспортот. Една од најзначајните алатки која најмногу ја помага трговијата со дрога е интернетот, бидејќи овозможува поголема информираност, брз и лесен пристап до информации, остварување на контакти и сл. Најчесто интернетот се користи како побезбеден начин за продажба и купување на нелегални супстанции, преку веб сајтови, социјални мрежи, медиуми

и сл. Интернетот не е во можност да го совлада физичкиот процес на трговија со дрога, како што е испораката, но во голема мера ја олеснува, скратува и заменува комуникацијата при директен контакт купувач – трговец или го олеснува плаќањето. Се врши програмирање на сајтови каде се нуди широк спектар на алатки за производство и трговија со дрога, од рецепти за лекови, опрема, контакти кои се заштитени и анонимни и ја отежнуваат истрагата.

Патот од производството на дрога до крајните потрошувачи, односно консуматорите на дрога е многу долг. За да се помине оваа релација до последната дестинација потребно е многу време, бидејќи најчесто дрогата се произведува на едно место, а се дистрибуира на сосема друго место, односно на друг континент. Сето ова бара добра организација и сигурност на транспортот, инволвираност на многу луѓе од различни структури и будност низ целиот процес на транспорт. За совладување на просторните граници извршителите изнаоѓаат повеќе методи на шверц, односно пренесување на дрогата по копнен, воден и воздушен пат користејќи ги сите средства што им стојат на располагање.

Во однос на копнениот начин на шверцување на дрога од сообраќајните средства најчесто се користат: автомобили, камиони, автобуси и возови. Најчести облици на криумчарење на дрога во автомобили и камиони се: резервоарот за гориво, резервната гума, возачката кабина, бришачите, под седиштата и во седиштата, таванот на возилото, браниците, легално транспортираната роба, багажот на возачот и совозачот, фаровите, вратите, дуплото дно на куферите и на многу други места. Најчесто се изработуваат специјални бункери за криумчарење на дрога помеѓу потпирачот на задното седиште и багажникот на автомобилот, се прават и дупли резервоари за гориво, под патосот, во резервните гуми, во бандашите и сл.

Најголемите количини на марихуана во 2015 година во Југоисточна Европа се транспортирани со камиони (60,6% од целата количина), додека 32,5% се транспортирани со патнички автомобили. Најголемите количини на хашиш биле транспортирани со комбиња, автобуси и патнички автомобили. Во Република Македонија во 2015 година на излез на граничниот премин Богородица биле запленети 29,9 кг марихуана која била завиткана во алуминиумска фолија од вино.

Покрај превозните средства, за криумчарење на дрога се користат и луѓето и животните. Кучињата, магарињата, гулабите и камилите се многу погодни

транспортни средства за пустинските и непроодните предели на Средниот и Блискиот Исток, за да може дрогата да се транспортира до првите приватни станици спрема Европа.[74]

Помала количина на дрога може да се сокрие во[75]:

- облеката (ракавици, шешири, перики, поставата на сако и капут, рабови на палто, костуми, пантолони, во внатрешните џебови, вратоврски, чорапи, долна облека, во јаката на кошули и сл.);
- обувки (најчесто во високите потпетици, ѓоновите на патики и кондури, во чизми и сл.);
- вештачки гради, вештачки стомаци од пластика, вештачки делови на раце и нозе, ортопедски помагала и сл.;
- намирници (конзерви, кеси од смоки, чипсови, во леб, шишиња, јајца, чоколадни бомбони и сл.);
- книги (се прави празнина во книгата во која се сместува дрогата или во корицата);
- украсни предмети;
- музички инструменти;
- прибор за хигиена (во паста за заби, во кутии и туби од козметички препарати и сл.)
- поштенски пликови и пакети;
- теписи, килими;
- во човечкото тело (во стомакот преку голтање, во航аналните отвори и сл);
- ситни предмети (играчки, цедиња, касети, мобилни телефони, батерии за џебна лампа, шаховски фигури, рачка од чадор и сл.)

Трговијата со дрога покрај копнениот го опфаќа и водениот пат како начин на криумчарење при што се користат автомобили, камиони, автобуси, кои за да ја избегнат контролата на граничните премини се товарат на фериботи и така стигнуваат до крајната дестинација и тоа најчесто тргнуваат од грчки, турски и албански пристаништа и се истоваруваат на италијанските пристаништа. Медитеранот најчесто се користи за транспорт на морфиум и хероин и тоа

[74] Петровиќ А., Криминалистичка методика, Виша школа унутрашњих послова-Београд, 1978, стр. 668

[75] Водинелиќ В., Алексиќ Ж., Криминалистичка методика, Центар за образоваие на кадри за безбедност и општествена самозаштита „Елисие Поповски-Марко“ Скопје, 1988, стр. 445-446

директно од земјите – произведувачи до земјите – крајни потрошувачи. За криумчарење на дрога се користат следниве морски патишта:[76]

- линија Азија-Европа, преку Медитеранот и Суецкиот канал;
- линија со ферибот помеѓу турските пристаништа (Истанбул, Измир, Трабзон, Самсун, Анталија, Кушадаси) и европските пристаништа и Црното Море;
- линија Турција-Грција, сувоземен пат, а потоа со ферибот од пристаништето Патрас во правец на италијанските пристаништа Бар, Анкона и Бриндизија.

Огромни количества на кокаин во Холандија пристигнуваат по поморски пат, преку пристаништата во Ротердам и во Амстердам. Иако речиси целиот кокаин што се внесува во Холандија е произведен во Колумбија, има и други земји што играат клучна улога како места за претовар. Такви се Холандските Антили, Суринам, Венецуела, Панама, Еквадор, Перу, Бразил, Никарагва и Костарика, исто така и многу африкански земји.[77]

По поморски пат дрогата (најчесто кокаинот) се пренесува во контејнери и тоа поголема количина и се става во стоката што легално се пренесува. Многу често се изнајмуваат бродови за вакви намени. Постојат случаи кога помали количини на дрога се кријат во структурата на бродот. Екипажот на товарните бродови може да крие дрога во личните предмети. Кога контејнерите или бродовите кои пренесуваат дрога ќе пристигнат на саканата дестинација се укотвуваат на пристаништата и дрогата се растоварува или се пренесува во кајчиња, помали рибарски бродови или глисери и се разнесува. Пристаништата се користат за шверц на поголеми количини на дрога. За шверц на големи количини на марихуана од Албанија во правец на Италија се користат албанските пристаништа, при што што во 2015 година се регистрирани 7 случаи на обиди за шверц, при што биле запленети 1,296.400 килограми марихуана преку албанското пристаниште Драч, а преку албанското пристаниште Валона се регистрирани 7 обиди за пренос на марихуана, при што биле запленети 99,900 килограми марихуана. [78] Во 2012-2013 во Албанија според Извештаите на СЕЛЕК е

[76] Бошковиќ, М., Криминалистичка методика, Полицијска Академија, Београд, 1998, стр. 186

[77] Пошироко за Најновите трендови во нелегалната трговија со кокаин во Холандија и Шпанија види Зигел, Д., Бан де Бунт, Х., Зајиќ, Д., Глобален организиран крминал-трендови и случувања, Магор, Скопје, 2009, стр. 7-19

[78] Report on drug seizures in Southeast Europe for 2015, стр. 50

регистрирана употребата на рибарски чамци и брзински чамци за транспорт на значајни количини на марихуана (5,124.230 килограми во 2012 година и 5,836.93 килограми во 2013 година), но за 2014 и 2015 година во Албанија не е регистриран овој вид на транспорт.

Транспортот на дрогата по воздушен пат исто така е многу развиен. Методите на шверцување по воздушен пат вклучуваат шверцери (курири) на дрога кои дрогата ја шверцуваат во багажот, во лични предмети, во алиштата или во капсули што ги имаат проголтано. Тоа се т.н. голтачи.[79] Сè почести се примери во пракса кога кокаинот се раствора во рум и на тој начин се шверцува, па потоа се претвора од течна состојба во прав. За криумчарење на дрогата по воздушен пат и не секогаш се потребни курири, бидејќи таа се шверцува и како поштенска пратка. Кога дрогата се криумчари преку редовните авио-линии најчесто се сокрива во куфери со двојно дно и лажни прегради, храната и пијалокот, предмети или облека, шупливи потпетици и ѓонови на обувки, со голтање и ставање во телесните шуплини, багажот, разни предмети од рачна изработка и др.

Во Албанија во 2015 година е регистриран случај на транспорт на марихуана со мал авион од Албанија кон Италија.[80] Најблиску до нас е албанската мафија која покрај другите криминални дејствија се занимава и со илегална трговија со наркотици.

Кога се работи за илегален транспорт на наркотици по сувоземен пат оваа мафија се служи со лесни патнички автомобили и комбиња, камиони со ТИР ознаки и автобуси. Транспортерите најчесто се обични граѓани кои немале судир со законот. Кога дрогата ја транспортира по морски пат, албанската мафија користи брзи гумени глисери, а авио-сообраќајот поретко го користи поради строгите контроли, но доколку се практикува авионскиот транспорт како транспортери се користат патниците, односно граѓани кои не биле во судир со законот или авионскиот екипаж.

---

[79] Во Холандија се познати мулите и голтачите како шверцери на кокаин, при што мулите го шверцуваат кокаинот во облеката и багажот, а голтачите го голтаат во вид на капсули.

[80] Report on drug seizures in Southeast Europe for 2015, стр. 53

## 1.2. Делинквентска тактика на дилерите на дрога и нивни карактеристики

Дилерите на дрога заедно со консуматорите претставуваат последна алка од нарко-криминалитетот. Тие се поврзани со консуматорите и претставуваат снабдувачи на дрога или во пракса познати како растурачи на дрога. Дилерите може да се класифицираат во две групи:

- дилери кои вршат продажба на дрога; и
- дилери кои вршат продажба на дрога, но истовремено се и консуматори на дрога.

За нашата држава карактеристична е уличната продажба или продажба на мало. Делинквентската тактика на дилерите се состои во следново: најпрво, дрогата се пакува во помали количини, најчесто во грамови, а потоа се врши дистрибуција, односно продажба на дрогата.

Дилерите најчесто со дрога се снабдуваат на следниве начини на[81]:

- илегално одгледување на индиски коноп (canabis sativa) или афион;
- кражби на лекови во здравствени и фармацевтски установи и објекти (диазепам, апаурин, лексин, метадон и др.) и фалсификување рецепти;
- злоупотреба на испарливи растворувачи (ацетон, бензин, плин, лепило, етер, хлороформ и др.);
- недозволена трговија со дрога, односно преку криумчарење и препродажба на дрога.

Првиот начин на снабдување со дрога преку илегално одгледување на марихуана се однесува на тоа што голем број уживатели на марихуана и хашиш го одгледуваат растението Canabis sativa во домашни услови и тоа најчесто во саксии, дворови, покрај викендици, во околината на градот и сл. Марихуаната се одгледува во насади кои се наоѓаат на диви места, најчесто тешко проодни и недостапни или на изразено голема висина и на места кои многу ретко се посетувани, како што се ридско-планинските предели. Во земјите водечки производители на дрога, како што се Колумбија, Боливија, Перу и многу други постојат огромни плантажи на марихуана, кока и афион кои претставуваат тајни полиња каде се одгледува дрога. Во самиот процес на производство се вклучени огромен број на луѓе кои имаат свои задачи, вклучувајќи и фармаколози, хемичари, контролори кои се грижат за квалитетот на дрогата. Постојат и луѓе

[81] Бошковиќ, М., Криминалистичка методика, Полицијска Академија, Београд, 1998, стр. 183

кои се занимаваат со преработка на веќе одгледаните растенија, при што се добива висококвалитетна дрога. Најчесто преработката на дрога се врши во тајни лаборатории кои се наоѓаат надвор од населените места, на изолирани подрачја како што се напуштени згради, куќи, објекти, викендици и сл. Тајните лаборатории најчесто се наоѓаат во магацини, подруми, простории кои се користени како кујни, гаражи и сл. Овие лаборатории располагаат со примитивен прибор за преработка на дроги, кој се состои од: суровини за дрога, потребни супстанции и хемикалии, епрувети, балони и слично, но денес ваквите лаборатории се пософистицирани и се кријат зад многу ординации, здравствени и фармацевски установи, како и фабрики за лекови кои легално функционираат и се снабдени со современа апаратура која е потребна за преработка на дрогата. Мал круг на лица се запознати со постоење на тајни лаборатории и тоа најчесто хемичари како преработувачи, како и лица кои ги носат суровините за преработка на дрогата и лица кои ја дистрибуираат произведената дрога, односна дрогата што е подготвена за „црниот пазар". Во Република Македонија во 2015 година е откриена инпровизирана лабораторија за нелегално производство на висококвалитетна марихуана, при што биле откриени и 105 растенија и 91 семка од растението канабис сатива и 0,38 кг хашиш. [82]

Вториот начин на снабдување со дрога – кражби на лекови во здравствени и фармацевски установи и објекти (диазепам, апаурин, лексин, метадон и др.) се врши на тој начин што најчесто консуматорите, а поретко дилерите на дрога вршат кражби во аптеки кои се наоѓаат во склоп на болници и здравствени установи за да дојдат до лекови како што се метадон, лексин, апаурин, диазепам како состојки кои ги комбинираат со дрога. Исто така тие одземаат шприцеви и игли како прибор за консумирање на дрога. Кражбите најчесто се вршат ноќе, а поретко дење кога сторителите употребуваат закани и насилство. Фалсификувањето на рецепти дилерите го прават на различни начини. Купуваат празни формулари од рецепти, па потоа ги пополнуваат и заверуваат со печат на здравствената установа и факсимил на лекарот до кој дошле на недозволен начин (преку кражба, измама и сл.).[83] Постојат и случаи во пракса кога на веќе заверени рецепти се прават исправки, се допишуваат податоци и сл. за да може успешно да

[82] Report on drug seizures in Southeast Europe for 2015, стр. 53
[83] Водинелиќ, В., Криминалистика, Савремена администрација, Београд, 1976, стр. 584

се снабдат со дрога. Најчесто се прават корекции на датумот, името и презимето и се допишува името на потребниот лек.

Третиот начин на снабдување со дрога е злоупотреба на испарливи растворувачи (ацетон, бензин, плин, лепило, етер, хлороформ и др.). Тоа се растворувачи кои се секојдневно достапни и се користат во секојдневниот живот. Со нив обожаваат да експериментираат помладите кои ги злоупотребуваат со вшмркување. Листата на овие продукти е екстензивна и лесно достапна и вклучува:[84]

- аеросол спрејови (како лак за коса или спреј против болки);
- бутан гас ( употребен како гориво за запалки);
- лепила на база на растворувачи (како evostick, neostick и сл.);
- средство за суво чистење;
- средства за боење;
- коректурни средства (tippex, pro-tipp);
- бензин и сл.

Четвртиот начин на снабдување со дрога – недозволена трговија со дрога, односно преку криумчарење и препродажба на дрога е карактеристичен за нарко-трговците. Овој начин на снабдување со дрога бара висок степен на организираност, професионализам, внимателност. Нарко-босовите располагаат со огромни финансиски средства, голема количина на дрога, голем број на транспортери, посредници и мрежа на препродавачи до најситни растурачи на дрога. Секој има посебна улога во криумчарење на дрогата, што бара конспиративност и почитување на правилата кои владеаат во криминалната организација во која се инволвирани, бидејќи и најмалата грешка ја плаќаат со живот. Криумчарењето на дрога се врши преку криумчарски канали и патишта кои се менуваат во зависност од количината и видот на дрогата, како и безбедноста при транспорт на дрогата. Доколку постои опасност од откривање при транспорт на дрога, маршрутата се менува и се користат други канали. Како пример може да послужи фактот што во почетокот на седумдесетите години Турција била еден од главните снабдувачи на хероин во Европа и источниот дел на САД. Опиумот се купувал од Турција и се преработувал во база на морфиум кој илегално се транспортирал во тајни лаборатории во Марсеј, Франција и се

[84] Гиновски, М., Родителски водич, droги, опасности, знаци , Скопје, 1994, стр. 47

преработувал во хероин.[85] Овој канал во соработка со Интерпол бил откриен и пресечен и многу нарко-босови биле исфрлени од игра.

## 1.3. Делинквентска тактика на консуматорите на дрога и нивни карактеристики

Консуматорите на дрога или популарно познати како наркомани индиректно се инволвирани во криминалитетот поврзан со злоупотреба на дрога иако не подлежат на кривична одговорност. Тие претставуваат многу значајна алка во синџирот на нарко-криминалот бидејќи се носители на побарувачката за дрога, а со тоа се диктира производството на дрога. Поголем број на консуматори значи поголема побарувачка на дрога, поголемо производство на дрога и поголема заработувачка. Значи, без консуматорите на дрога, криминалитетот поврзан со злоупотреба на дрога, вклучувајќи го и нарко-криминалот не може да егзистира, бидејќи консуматорите се крајните корисници на дрогата и исто така повторни побарувачи.

Постојат различни средини од каде се регрутираат уживателите на дрога. Најголемиот број уживатели на дрога во светот потекнуваат од редовите на најмладите и тоа од студентите, средношколците, но за жал оваа граница е многу пониска и ги опфаќа и основците. Најчесто се работи за уживатели кои потекнуваат од имотни и добро ситуирани семејства и се впуштаат во користење на дрога најпрво од љубопитство, припадност кон друштво кое веќе консумира дрога и така сето тоа преминува во навика која доведува до тешка катастрофа. Покрај љубопитноста, мотив за земање на дрога е и сопствената афирмација во друштвото. Сакајќи себе си да се докажат и да се истакнат многу млади се впуштаат во оваа „игра“, не сфаќајќи дека многу брзо ќе „потонат“. Многу мала група на зависници од дрога потекнува од редовите на здравствените работници и тешко болните лица кои на дрога се навикнати заради секојневно манипулирање со неа или заради долготрајно лекување со употреба на наркотични средства.

Наркоманијата како социо-патолошка појава не се манифестира јавно, туку во тајност, односно скриено. Покрај скриениот начин на манифестирање на оваа појава консуматорите на дрога може да се препознаат по одредени карактеристики, иако понекогаш е тешко да се препознае консуматор на дрога.

[85] Бошковиќ, М., Криминалистичка методика 1, Полицијска Академија, Београд, 1998, стр. 184

Сепак, постојат повеќе начини на препознавање.[86] Наједноставни начини да се препознае уживателот на дрога е промената на однесувањето, честата промена на расположението, надворешниот изглед, пронаоѓањето на наркотици, пронаоѓањето на рецепти, пронаоѓањето прибор за користење на дрога (шприцеви, игли, фолии, лажици, лулиња, остатоци од џоинт и сл.), исчезнувањето на вредни предмети и пари од дома, губењето апетит, невообичаените мириси на облеката, телото или просториите во куќата и сл.

Консуматорот на дрога по надворешниот изглед може да се препознае по знаци од убоди од игла кои се манифестираат во облик на црни или сини точки по рацете, препоните, како и свежи убоди од игли, но не треба да се занемари и фактот дека поголемиот број дијабетичари користат инсулин кои сами го инјектираат.

Стилот на облекување може да биде препознатлив за консуматорите на дрога. Најчесто за нив е карактеристично хипи облекувањето, односно носат пренагласени разновидни бои, фармерки, алки, украси од синџири на чевлите или палтата, многу често е застапена и кожата во облекувањето. Консуматорите на дрога од машки пол најчесто имаат долга коса која е распуштена, разбушавена или направена во суканици и често прават плетенки од волнен конец во различни нападни бои, нечиста брада и сл. Исто така и консуматорите од женски пол се несредени, разбушавени, најчесто со темна шминка, со прстени или алки и др. Кај консуматорите на дрога може да се забележи невообичаено однесување како чешање, гледање во празен простор, проширени зеници, суви усни и сл. Иако постои препознатлив стил на облекување кај консуматорите на дрога, денес, сè почесто настојуваат да се облекуваат дискретно, да не се разликуваат од останатите луѓе за да не бидат препознаени од поблиската околина. Може да се забележат консуматори кои летно време и на многу високи температури носат облека на долги ракави за да ги сокријат убодите од игла. Многу често консуматорите на дрога се добри познавачи на поп и рок музиката и настојуваат да ги имитираат во стилот на облекување своите идоли.

Однесувањето на консуматорите на дрога е многу променливо и може да претставува битна особина за препознавање. Најчесто ваквото однесување се манифестира како поспаност, апатија и рамнодушност, агресивност, импулсивност, односно какво однесување или промени ќе се манифестираат

[86] Томовски, Б., Дрога болест на денешнината, Скопје, 1995, стр.16-26

зависи од видот на консумираната дрога и нејзиното дејство. Однесувањето и во секојдневната комуникација кај корисниците на дрога е променето. Тие најчесто се во конфликти ситуации со соговорниците, често користат лага, посебно кај помладите се манифестираат кавги, конфликт во комуникацијата со родителите, прекин на комуникација со родителите, прекин на школувањето, напуштање на секојдневните обврски и активности, отсуство од училиштето, намалување на успехот во училиштето, незаинтересираност за содржината на предметите и др.

Консуматорите на дрога претставуваат доста лабилни личности, егоисти кои ги занемаруваат елементарните родителски должности, работните активности, се занемаруваат себе си, личната хигиена, секојдневните обврски и сл. Заради долготрајното консумирање на дрога на консуматорите забележително почнува да им слабее способноста за опсервирање и сфаќање, а сеќавањата стануваат магловити, нејасни, многу несигурни и несфатливи. Заради тајниот начин на манифестирање на наркоманијата, консуматорите на дрога се наоѓаат под голем притисок и водат тежок живот, барајќи начини како незабележително да дојдат до дрога вршат многу кривични дела како што се измамите, кржбите и сл. Ваквите ситуации постојано се проследени со страв да не дојдат во ситуација подолго време да апстинираат поради недостаток на дрога или да не бидат откриени од страна на органите на кривичниот прогон.

Кај консуматорите на дрога може да се појави апстиненцијата или апстиненцијалната криза, која се јавува како резултат на нагло прекинување на внесување на дрога кај лице кое подолго време е уживател на дрога. Апстиненцијалната криза се јавува во првите 24 часа, а вториот и третиот ден е со најголем интензитет, а во наредните денови состојбата се стабилизира. Во состојба на апстиненција настануваат голем број промени во организмот на уживателот на дрога, како што се: губење свест, намалување на крвниот притисок, грчеви во мускулатурата, силни халуцинации, а можно е и да се добијат епилептични напади. Во состојба на апстиненција на консумерот на дрога треба да му се укаже медицинска помош, бидејќи неговиот живот е во опасност. Апстиненцијалната криза и апстиненцијата е карактеристична кај консуматорите на барбитурати и се разликува од кризите кај уживателите на други видови дроги,

бидејќи заздравувањето е полесно, терапијата е поефикасна, а зависноста од барбитуаратите е поблаго изразена.[87]

Начините на консумирање дрога зависат од видот на дрогата што се консумира. Најчести начини на консумирање на дрога се пер-орални (таблети, напитоци, џвакање листови), потоа пушење, вшмркување, вбризгување во кожа и инјектирање (интервенозно, интермускуларно, ректално).[88] Инјектирањето како начин на консумирање на дрога е најризичен, бидејќи може да предизвика многу инфекции и болести. Многу често приборот за инјектирање не е стерилен или го користат повеќе лица и може да предизвика многубројни инфекции како што се ХИВ, жолтица и др. Доколку при инјектирањето течноста наместо во вена се вбризгува во артерија може да предизвика гангрена или труење на крвта. Труењето на крвта се предизвикува од инфекција на раната. Покрај споменатите инфекции може да се предизвика предозирање кое настанува по пат на инјектирање директно во крвниот систем на поголема количина на дрога или доколку јачината и количината на дрогата е непозната што најчесто води кон смрт. Значи инјектирањето како начин на консумирање на дрога претставува еден од најопасните, бидејќи носи многу ризици.

Начинот на консумирање на секоја дрога поединечно е различен.

Начинот на консумирање на опиумот најчесто се состои од џвакање, јадење, инјектирање или пушење. Пушењето се врши со лулиња кои се специјално направени за таа намена и се познати како наргили. Опиумот може да се консумира и во вид на капки, а може и да се јаде. Денес се почесто опимот се консумира преку инјектирање, односно фиксање. Приборот за инјектирање се состои од: лажица или фолија, запалливо средство, шприцеви, игли, каиш или ластик за стегање за да може да се пронајде вената. Инјектирањето се врши на тој начин што опиумот со загревање се раствора во вода и добиениот раствор се убризгува во вена. За загревање најчесто се употребува: обична лажица за јадење, конзерва, алуминиумска фолија, дното од лименка, стаклен сад од дестилирана вода, потоа се употребува дестилирана вода и запалка или свеќа.

---

[87] Повеќе за апстиненција види: Томовски, Б., Дрога болест на денешнината, Скопје, 1995, стр. 30-31

[88] Петровиќ, А, Криминалистичка методика, Виша школа унутрашњих послова-Београд, 1978, стр. 677

Начинот на консумирање на морфинот е орално (ампулиран), интравенски, поткожно. Морфинот предизвикува физичка и психичка зависност, а тоа е проследено со желбата по секоја цена да се дојде до дрога. Првите знаци при консумирање на морфинот се пријатна еуфорија, расположение. Надворешниот изглед на консумерот на морфин се манифестира со намалени зеници, бледо лице, жолта боја на кожата, тресење на рацете и други симптоми. Консуматорите на морфинот се физички исцрпени, личната хигиена им е занемарена, нередовно се хранат и затоа се склони кон разни заболувања. Заради големата желба побрзо да го инјектираат морфинот често користат нестерилен прибор кој предизвикува бројни инфекции. Кај хроничните уживатели на морфин, долготрајната употреба на морфинот може да предизвика хронично труење, па и смрт.

Начинот на консумирање на хероинот се состои од: вшмркување, пушење и инјектирање. Кога хероинот се вшмркува се консумира чист, а и во комбинација со кокаинот. Мешавината на хероинот и кокаинот се користи и при инјектирањето. Таквата инекција е позната како speed ball-брза топка.

Постојат повеќе начини на консумирање на хероинот преку пушење, како што се „бркање на чад“и др. Бркање на чад како начин на консумирање на хероинот се состои на тој начин што на мало парче станиол се загрева хероинот со свеќа, при тоа се ослободува дим, односно чад и истиот се фаќа со цевче изработено од алуминиумска фолија, пара или свиткано парче хартија, а може да се користи и кутија од кибрит. Другиот начин на пушење на хероинот се состои од следново: зажарен врв на цигара се допира со хероин и цигарата се крева нагоре за да може да се вдишува ослободениот дим. Вшмркувањето како начин на консумирање на хероинот се применува бидејќи низ слузокожата на носот хероинот брзо се ресорбира. Хероинот може да се меша со кокаинот, барбитурати, шеќер, кофеин, кинин, скроб, талк, беби-пудер, лактоза, стрихнин и др. Хероинот предизвикува интезивна еуфорија, а консуматорите се карактеристични по стеснети зеници. Преку инјектирање или интервенозно хероинот се консумира на следниот начин: дозата хероин се става во сад (лажица, дно од лименка, стаклен сад од дестилирана вода и др.) и се додава дестилирана вода, лимонтус и се загрева со запалка, свеќа или плинско. Во така подготвениот раствор се става филтер (памук, парче од филтер од цигара) за да не се вовлекуваат покрупни честици или нечистотијата (разни примеси со кои се меша хероинот). Потоа

растворот преку филтерот се вовлекува во шприц и се инјектира во вена, која се пронаоѓа со стегање со каиш, гума, рака и сл.

Начинот на консумирање на кокаинот се состои од: џвакање, вшмркување, орално, голтање, пушење (кока-паста), интравенозно, ихалирање. Употребата на кокаинот предизвикува привремена еуфорија и пријатна возбуденост. Пероралниот начин на консумирање на кокаинот е преку џвакање на листови, а кокаинот во прав се вшмркува, или се внесува со давање поткожни инекции. Заради честата употреба на кокаинот преку вшмркување може да дојде до перформации на носната преграда. Најчест начин на консумирање на кокаинот е преку вшмркување и триење на рецепторите во устата (непцата). Долготрајната употреба на кокаинот може да доведе до акутни труења. Консуматорите на кокаинот имаат проширени зеници, доживуваат застрашувачки или еротски халуцинации, халуцинираат присуство на лица, предизвикуваат јавни испади, се бунтуваат и сл.

Начинот на консумирање на хашишот и марихуаната воглавно се состои од пушење, но може и да се голта. Пушењето може да биде во вид на цигари или со лулиња познати како наргили. При пушење хашишот не дава карактеристичен мирис на коноп, туку мириса на трева. Хашишот може да се употреби и преку пијалок. Консумирањето на хашишот предизвикува халуцинации, неконтролирано смеење, се губи чувство на простор и време, хистерично однесување, екстравагантни мечтаења, неконтролираност и сл.

Начинот на консумирање на синтетичките дроги се манифестира орално, најчесто во облик на таблети, капки или со инјектирање. Од синтетичките дроги најсилно халуциногено дејство има ЛСД, која во недозволената трговија со дрога може да се најде во инекциски раствор, бомбони, таблети со различен облик и боја, капсули или правоаголни таблети. Може да се консумира орално или преку интравенозна инекција и предизвикува ефекти после пола час од консумирањето кои можат да траат со часови, па и денови. Употребата на синтетичките дроги, а посебно на ЛСД предизвикуваат визуелни и аудитивни халуцинации, неповрзан говор, раширени зеници.

Било кој начин на консумирање на било која дрога предизвикува негативни последици по психичкото и физичкото здравје на консуматорот. Лажните чувства при консумирање на дрога, како што се халуцинациите, пријатната еуфорија, хистеричното однесување, зголемување на сексуалниот нагон, отсуство на

интерес за социјални активности и последните ефекти од консумирањето на дрога како што се нерасположение, пасивност, незадоволство и сл. најчесто преминуваат кон навика која сигурно води кон катастрофа и доколку навреме не се запре со таквите „сеанси“ настапува смрт. Покрај емоционалното пропаѓање, консумирањето на дрога предизвикува и телесни оштетувања и пропаѓање на организамот, како што се: слабеење, несоница, хронични заболувања како што се хепатитис, бронхитис, разни инфекции сл. Заклучно со горе кажаното, консумирањето на дрога предизвикува психичка и физичка дестабилизација и подолготрајното консумирање може да доведе до смрт .

Во однос на возраста на консуматорите на дрога не постои точно определена граница или правило и таа најчесто се движи во границите од 14 па сè до 50 годишна возраст.

Консуматорите дрогата ја консумираат веднаш по купувањето, а доколку купат поголема количина на опојна дрога ја сокриваат во својот дом, соби кои ги користат, дворно место, јавни места кои се заштитени од надворешни влијанија. Поконкретно, консуматорите на дрога, опојната дрога ја сокриваат во кутии за парфеми, пластични кутивчиња од киндер јајце, кутија од цигари, перници, душеци, електрични апарати, во различни делови од покуќнината и сл. Кога консумерот ќе купи опојна дрога од местото на купување до местото на консумирање ја сокрива во усната шуплина, чорапите, каиш, скриени џебови, ушната шуплина, долна облека и сл. Многу често консумерот дрогата ја носи в рака со цел при евентуална контрола да може да ја исфрли. Консуматорите исто така опојната дрога ја сокриваат во своите возила и тоа во воланот, под патосницата, во фиоката, под седиште и на различни места во возилото.

Согледувајќи го фактот дека консуматорите на дрога најчесто се лица со ниски социјални побуди, не водејќи грижа за свој изглед и личната хигиена, ниту за мислењето на останатите за нив, дрогата ја консумираат во влезови од згради, подкровја од згради, јавни места кои се доста посетени само во определен временски период (плажи, стадиони и др.), запуштени објекти, во возила, во своите живеалишта, јавни тоалети, дискотеки, кафулиња и др.

Во текот на летниот период во туристичките места кои се посетени од голем број туристи расте бројот на консуматори на дрога. Во тој период честа е појавата на организирани музички настани (техно хепенинзи) на кои има

посетеност од консуматори на различни droги, а најчесто на стимуланси (амфетамин, екстази).

Во Република Македонија во рамките на Министерството за внатрешни работи, односно Секторите и Органите за внатрешни работи, корисниците на дрога се евидентираат во оперативен регистар и во него се регистрираат лица кои извршиле ситен прекршок или добиле кривични пријави во областа на недозволена трговија со дрога. Овој оперативен регистар е само за полициска употреба. Сторителите на кривични дела од областа на недозволена трговија со дрога се дактилоскопираат и за нив се изготвуваат досиеја.[89] Првиот корисник на дрога во Министерството за внатрешни работи на Република Македонија е регистриран во 1969 година.

Во Република Македонија не постои евиденција со која може да се направи прецизна проценка бројот на консуматорите на дрога, бројката зависи од изворотна информации. Според податоците кои се достапни во Република Македонија кои консумираат дрога се движи од 15.000-20.000, од кои 6.000 до 8.000 се во Скопје. Прецизна бројка на консуматори е отежната поради тоа што одреден дел од оваа популација е тешко достапна, а постои дел од популцијата кој е недостапен и поради тоа се прават бројни био-бихејвиорални истражувања. Бројот на лица во одредена популација е важен од два аспекта:[90]

- Прво, големината на одредена популација е од особено значење при планирањето на програмите, со цел ефикасно да се искористат средствата во однос на бројот на потенцијални корисници на програмата. Додека при оценувањето на успешноста на одреден програм или сервис, важно е да се знае деноминаторот за определените индикатори на успешност.
- Второ, од епидемиолошки аспект, големината на одредена популација е важна за да се разбере динамиката на епидемијата, во смисла на бројот на зафатени лица, а за да се разбере преваленцата, неопходно е да се знае (или

[89] Досието за евиденција се состои од следново: се наведува називот на организационата единица, одделението, полициската станица и датумот; потоа се наведува датумот на застарување на делото; назив на делото и членот по кој е извршен во Кривичниот Законик, време и место на извршување, лични податоци на оштетениот, лични податоци на сторителот; датум на извршување на увидот; датум на поднесување на пријавата; назив на органот; овластено лице; налог за евидентирање; број на досието и попис на документите во досието (реден број, вид на документите, дата на изготвување, број на страници, број на примероци, забелешка и потпис на оној кој го извршил пописот на документите во досието).

[90] Микиќ, В., Кузманоска, Г., Мемети, Ш., Извештај од био-бихејвиоралното истражување и процена на бројноста на популацијата кај лица кои инјектираат дроги во Македонија, Институт за јавно здравје на Република Македонија, 2010, стр. 9

да се има разумна процена) деноминаторот на популацијата која е предмет на опсервација.

## 2. Modus operandi на криминалитетот поврзан со злоупотреба на дрога

Начинот на извршување на криминалитетот поврзан со злоупотреба на дрога од страна на дилерите се однесува на пакување и продажба на дрогата. Количината и начинот на пакување зависи од видот на дрогата. Преку анализа на стручната литература од оваа област, како и интервјуата со стручни лица – криминалисти кои работат на откривање на овој вид на криминалитет од Одделението за недозволена трговија со дрога и оружје, начинот на извршување на дилерите е следниот:

**Марихуаната** најчесто на уличниот пазар се продава во вид на подготвен џоинт, во хартиена паковка или целофанска паковка во помала количина (околу 5 грама), во полиетиленска кеса во количина околу 50 грама и пакувања од 0.5 килограм и 1 килограм завиткана во полиетиленска кеса и обвиткани со салотејп трака. Џоинтот претставува рачно изработена цигара со мешавина од марихуана и тутун. Марихуаната и тутунот се виткаат во ризла (хартија за рачна изработка на цигара) и на едниот крај наместо филтер се става парче картонска хартија која е завиткана во форма на цевче. Продажната цена на марихуаната на „уличниот пазар“ во Македонија се движи од 100 денари за џоинт и паковки од 300, 500 денари па сѐ до околу 750 евра за килограм. Според Извештајот на заплена на дрога во Југоисточна Европа цената на марихуаната во 2015 година за улична продажба изнесува од 10-15 евра по грам, а за прекугранична продажба од 1500 до 2000 евра по килограм што споредбено со 2014 година е повисока, во 2014 година цената на марихуаната за улична продажба изнесувала 3,5 евра по грам, а за прекугранична продажба 1000 евра по килограм.[91]

**Хашишот** кој се добива од канабисот може да се најде во цврста состојба пресуван во форма на плочка со големина од околу 100 до 250 грама. Формата на плочката изгледа како плочка чоколада. На уличниот пазар на нашите простори ретко се наоѓа и држи повисока цена од марихуаната.

[91] Report on drug seizures in Southeast Europe for 2015, стр. 54

**Хероинот** се пакува во паковки од алуминиумска фолија и полиетиленска кеса во количини од 0,25 грама па сѐ до 5 грама, а може и поголеми количини (20, 30, 50 грама, 0,5 килограм до 1 килограм). Поголемите пакувања од пола и еден килограм се пакуваат во полиетиленски кеси обвиени со гумена обвивка и залепени со салотејп трака. Истите се пресовани во правоаголна форма. Пакувањето на хероинот зависи од начинот на транспорт, а причината поради која се користат повеќе заштитни слоја е да се спречи ширењето на специфичната миризба. Цената на „уличниот пазар“ на хероинот во Македонија се движи од 300 до 500 денари за една доза ( 0,1-0,25 грама), понатаму од околу 1000 до 1200 денари за 1 грам, па сѐ до околу 7500 евра за килограм. На тој начин подготвените паковања се сокриваат во специјално изработени бункери во автомобили, камиони, приколици и други превозни средства.

**Кокаинот** најчесто се пакува во мали зипер кесички, во полиетиленски паковки, во мали пластични или стаклени шишиња. Во поголеми количини кокаинот се пакува во зависност од начинот на кој се транспортира и тоа пресован во различни форми, обвиткан во полиетиленска кеса, целофанска кеса, леплива трака, гумена обвивка и сл. На нашите простори кокаинот не е многу застапен, заради високата цена која изнесува и до 100 евра за грам.

**Екстазите** најчесто се пакуваат во полиетиленски и целофански паковки со цел да се задржи влажноста на истите. Најчесто екстазите се чуваат на ладни места (фрижидер) и подалеку од места кои зрачат топлина за да се задржи квалитетот. Кога се изложени на топлина ја губат влажноста и лесно се распаѓаат. За транспорт се пакуваат во најлонски кеси, кутии во поголеми количини (1000, 2000, 10 000 итн. таблети). Продажната цена на екстазите на нашите простори се движи од 250 денари до 800 денари. Во пракса екстазите потешко се откриваат, бидејќи се работи за таблети кои лесно се голтаат. Според Извештајот на заплена на дрога во Југоисточна Европа цената на екстазите во 2015 година за улична продажба изнесува од 3,5-5,5 евра по таблета, а за прекугранична продажба од 4000 до 6000 евра по килограм.[92]

Продажбата ја вршат дилерите или нивни посредници. Консуматорите се поврзани со дилерите на дрога. Најпрво остваруваат телефонски или непосредни контакти, договараат место каде ќе се изврши продажбата. При остварување на

[92] Report on drug seizures in Southeast Europe for 2015, стр. 60

телефонски контакти дилерите и консуматорите се служат со шатровачки говор, односно користат шифрирани поими. Многу често дрогата се остава на договорено место. Најчесто места каде се извршува продажбата на дрога се: неосветлени места, напуштени објекти, станови и куќи кои се користат под наем, влезови од згради, училишни дворови и други места. Продажбата на дрога исто така се врши и на јавни места посетени од поголем број на луѓе како што се: дискотеки, ноќни клубови, музички манифестации и слично.

Сите учесници во криминалитетот поврзан со злоупотреба со дрога почнувајќи од најдолното па завршувајќи до најгорното скалило на нарко-криминалната пирамида имат тајни начини на комуникација. За тајно комуницирање на сторителите постојат шест можни начини:[93]

1. Доставување на двосмислени вести кои ги разбира само примателот;
2. Комуницирање преку движења, гестикулирање, викање и пеење, имитирање на животински гласови, звуци и шумови произведени од инструменти, чукање на начин неразбирлив за другите, знаци во писмениот сообраќај (положба на поштенски марки или буквите во адресата и сл.), цвеќе, светлосни сигнали (хелиографи), знаци за распознавање, графички знаци;
3. Криумчарење во сокриени предмети (во постават на облеката, во колач и сл);
4. Пишување со невидливо мастило;
5. Шатровачки жаргон.

При секојдневните контакти дилерите и консуматорите кои ги остваруваат заради купо-продажба на дрога најчесто се користат со **сленгови**. Познавањето на сленговите може да биде од големо значење за откривање на голем број кривични дела поврзани со злоупотреба на дрога. За хероин уживателите го користат зборот жуто, црвено, хорс. За цената или количината користат шифрирани изрази како што се: за 500 денари - 5 минути, една паковка, петстотка без да наведат за кој вид на дрога станува збор, единица, двојка, петка, десетка (за грам).

Понекогаш во продажбата се инволвирани и такси возила за транспорт на дрогата. Притоа, многу често таксистите и не знаат дека пренесуваат дрога, бидејќи дрогата најчесто ја кријат во предмети кои секојдневно се употребуваат и

[93] Водинелиќ, В., Криминалистика, Савремена администрација, Београд, 1976, стр. 88

кои не би привлекле посебно внимание. Најчесто дрогата кога се пренесува преку такси возила се сокрива во следниве предмети: цд дискови, мали книжни пакувања од прехранбени продукти, лименки, чаеви, пластични кутивчиња и други непроѕирни предмети.

Начинот на продажба на дрога е следниов: консуматорот на дрога остварува телефонски контакт со дилерот, потоа порачува такси возило и му дава пари на возачот да ги однесе на одредена дестинација која е посочена од дилерот. Возачот со такси возилото оди на одредената дестинација каде остварува контакт со дилерот, му ги дава парите, а дилерот му дава предмет во кој има сокриено дрога. Предметот возачот го враќа на адресата на консуматорот, кој го зема предметот и ја плаќа такси услугата. На тој начин возачот на такси возилото несвесно е инволвиран во недозволена трговија со дрога.

Сите учесници во криминалитетот поврзан со злоупотреба на дрога во континуитет ги осовременуваат начините на извршување на овој вид на кривични дела во насока на олеснување на транспортот, начинот на комуникација, начинот на прикривање и сл. Меѓународните криминалните оргнизации вложуваат огромни финансиски средства за осовременување на методите и техники за извршување на овој вид на криминалитет, го следат трендот на развојот на технологијата и се во чекор со најновите достигнувања. Користат најсовремени лаборатории за производство и преработка на дрога, применуваат најсофистицирани хемиски процеси за екстракција на дрогата, при што се менува агрегатната состојба на дрогата и е невозможно да се открие, ги користат интернет алатките за комуникација и продажба на дрога, го осовременуваат транспортот и вложуваат финансиски средства за обуки на различни профили на човечки ресурси.

## ДЕЛ IV
## ОТКРИВАЊЕ, РАЗЈАСНУВАЊЕ И ДОКАЖУВАЊЕ НА КРИВИЧНИТЕ ДЕЛА ПОВРЗАНИ СО ЗЛОУПОТРЕБА НА ДРОГА

### 1. Субјекти надлежни за борба против кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога

### 1.1. Министерство за внатрешни работи на Република Македонија

Еден од главните државни органи (орган на државната управа) во рамките на безбедносниот систем, кој е примарно задолжен за спречување и откривање на криминалитетот, е Министерството за внатрешни работи на Република Македонија[94] – Полицијата. Улогата, задачите и функциите на Полицијата, како и надлежностите, правата, обврските, должностите, овластувањата и одговорностите на полициските службеници се уредени со Законот за внатрешни работи[95], Законот за полиција[96] како и Законот за кривична постапка[97]. Законот за внатрешни работи ги уредува внатрешните работи, општите начела за работниците во МВР, внатрешната организација и надлежноста, статусот и посебните должности и овластувања на работниците во МВР, класификацијата на работните места, соработката, контролата на вршењето на работите, правата и обврските од работен однос, материјалната одговорност, односно надоместокот на штета и дисциплинската одговорност на работниците во МВР, како и обработката на лични податоци и други податоци и евиденции што се водат во МВР. Со Законот за полиција се уредуваат полициските работи, организацијата на Полицијата, полициските овластувања и правата и обврските што произлегуваат од работниот однос на полициските службеници во МВР, што не се уредени со Законот за внатрешни работи. Законот за кривична постапка ги утврдува правилата со кои се овозможува правично водење на кривичната постапка, така што никој невин да не биде осуден, а на сторителот на кривичното дело да му се изрече кривична санкција под условите предвидени во Кривичниот законик и врз основа на законито спроведена постапка.

---

[94] Поопширни информации за Министерството за внатрешни работи на Република Македонија на неговата официјална интернет страница www.mvr.gov.mk [пристапено на 23.08.2016]
[95] Закон за внатрешни работи, Сл. Весник на РМ бр. 42/14, 116/14, 33/15, 05/16
[96] Закон за полиција, Сл. Весник на РМ бр. 114/06, 06/09, 145/12, 41/14
[97] Закон за кривична постапка, Сл. Весник на Р. ММ бр. 50/10, 100/12

МВР на РМ е надлежно и одговорно за преземање на одредени мерки и активности кои се потребни за откривање на сторителот на кривични дела, помагачот и соизвршителот, односно спречување на извршителите да се сокријат или да избегаат. Притоа, полициските службеници се должни да откриваат и обезбедуваат траги и предмети кои би послужиле како доказ и обезбедување на информации за водење на кривичната постапка. Организациската структура на МВР ја сочинуваат организациони единици за потребите и органи во состав на Министерството кои се делат на организациони едници кои вршат стручни работи и организациони единици кои вршат граѓански работи. Согласно законот за полиција и законот за внатрешни работи, органи во состав на МВР се Бирото за јавна безбедност (БЈБ) и Управата за безбедност и контраразузнавање (УБК). Согласно постојната структура[98], МВР територијално е поделелно на три нивоа и тоа: централно (седиште на МВР), регионално (Сектори за внатрешни работи – СВР) и локално (Оддели за внатрешни работи – ОВР).

МВР ги врши работите[99] што се однесуваат на остварување на системот на јавна и државна безбедност; спречување на насилно уривање на демократските институции утврдени со Уставот на Република Македонија; заштита на животот, личната сигурност и имотот на граѓаните; спречување на разгорување на национална, расна или верска омраза и нетрпеливост; спречување на вршење кривични дела и прекршоци, откривање и фаќање на нивните сторители и преземање на други со закон определени мерки за гонење на сторителите на тие дела; граѓански работи и други работи утврдени со закон.

МВР е една од главните институциите задолжена за борба против криминалитетот, а со тоа и на кривичните дела поврзани со злоупотребата на дрога. Во рамките на Бирото за јавна безбедност, според органограмот на МВР, постои Оддел за криминалистичка полиција, во чии рамки се наоѓа Секторот за недозволена трговија со дроги, оружје и опасни материи, а во негов состав влегува Единицата за недозволена трговија со дрога, чија главна цел е борбата против шверцот со дрога, т.е. кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога, нејзино производство и пуштање во промет, заради стекнување на нелегални финансиски приходи.

---

[98] Наведено според Органограмот на МВР од октомври 2015, преземен од http://moi.gov.mk/page/organogram [пристапено на 04.03.2017]
[99] Чл. 2, Закон за внатрешни работи, Сл. Весник на РМ бр. 42/14, 116/14, 33/15, 05/16

### 1.2. Царинска управа на Република Македонија

Царинската управа[100] е друга државна институција која има одредени овластувања за борба против кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога и која работите од својата надлежност ги врши согласно Законот за царинска управа, Царинскиот закон, Законот за царинска тарифа, Законот за царински мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост и други закони со кои се уредува увозот, извозот и транзитот на стока, како и за извршување на други дејности кои со други закони се утврдени во нејзина надлежност.

Некои од основните надлежности на Царинската управа[101] се царински надзор, царинска контрола, царинење на стока, спроведување царинска контрола, истражни и разузнавачки мерки со цел спречување, откривање и истражување на царински прекршоци и кривични дела, поведување постапка по царински и други прекршоци, како и кривични дела утврдени со закон, наплата на мандатни казни, вршење пресметка и наплата или враќање на извозни и увозни давачки и вршење на други надлежности пропишани со законите од оваа област.

Царинската управа своите надлежности ги спроведува на целата територија на Република Македонија, а нејзиното седиште е во Скопје. Работите од својот делокруг ги извршува преку Централната управа и Царинарниците[102]. Централната управа координира и раководи со царинските надлежности на целата територија на Република Македонија, а Царинарниците координираат и раководат со соодветен реон и истите се основаат кога тоа го бара обемот и структурата на стоковиот и патничкиот промет со странство.

Царинската управа соработува со царинските управи на другите земји на полето на царинското работење во откривање и спречување на царински прекршоци и кривични дела од областа на царинското работење, обуки на царинските службеници, унапредување на техничкиот развој и друго, во согласност со ратификувани меѓународни договори.

---

[100] Поопширни информации за Царинската управа на Република Македонија на нејзината официјална интернет страница www.customs.gov.mk [пристапено на 25.02.2017]

[101] Чл. 10, Закон за царинската управа, Сл. Весник на РМ бр. 46/04, 81/05, 107/07, 103/08, 64/09, 105/09, 47/10, 158/10, 53/11, 113/12, 43/14, 167/14, 33/15, 61/15, 129/15, 23/16 и Одлука на УСРМ бр. 149/2009

[102] Наведено според Органограмот на Царинската управа на Република Македонија, преземено од http://www.customs.gov.mk/index.php/mk/za-nas-mk/koi-sme-nie/organizacija-mk/organogram-mk [пристапено на 13.05.2017]

Што се однесува до откривањето, документирањето и спречувањето на кривични дела поврзани со злоупотребата на дрога, карактеристично е што во рамките на ова нејзино овластување од особена важност е нејзината организациона структура и безбедносна функција[103]. Во Управата постои посебен сектор за контрола и истраги кое во своите рамки има пет одделенија. Секторот за контрола и истраги ги анализира сторените царински прекршоци и кривични дела и врши анализа на ризик, прибира, проценува релевантни разузнавачки податоци со цел за откривање на криумчарена стока. Секторот врши проценка и обработка на сите информации кои се слеваат во Царинската управа, прави нивна првична евалуација и проследување до соодветното одделение и царинска испостава за нивна натамошна обработка. Притоа, во борбата против криивчните дела поврзани со злоупотребата на дрогата е задолжено одделението за истраги, преку неговата служба за борба против криумчарење, чие овластување е да ги открива и недозволените трговии, односно шверцот со дрогите. Од особено значење во оваа борба има и одделението за разузнавање, чија главна задача е прибирање на информации и сознанија за постоење на вакви видови кривични дела. Од друга страна, со Законот за кривична постапка, на Царинската управа и се дадени надлежности за реализирање на посебни истражни мерки, кои се важни инструменти во процесот на откривање на кривичните дела поврзани со злоупотребата на дрога, затоа што често тие се извршуваат од страна на организирани криминални групи, т.е. криминални, злосторнички здруженија. За спроведувањето на посебните истражни мерки во рамките на Царинската управа на Република Македонија е задолжено токму одделението за истраги, преку неговите две служби: службата за борба против економскиот криминал и службата за борба против криумчарењето.

Прибирањето, проценката и анализата на релевантните разузнавачки податоци со цел помош за откривање на криумчарена стока и други стоки чиј увоз/извоз е забранет, како што се наркотиците, психотропните супстанции и прекурзорите и стока за која постојат некои ограничувања е задача на одделението за разузнавање. Одделението ги презема поголемите или покомплицираните случаи на разузнавање, а кои се однесуваат на криумчарење или други царински измами и подготвува стратешки и оперативни разузнавачки

[103] Според Вељаноски, Н., Организациона структура и безбедносна функција на Царинската управа, магистерски труд, Факултет за туризам и угостителство, Охрид, 2015

извештаи. Одделението соработува со надлежни служби за разузнавање, како и со странски царински администрации и меѓународни организации. Собраните податоци околу заплени кои ги има Царинската управа, заедно со сите детални информации (фотографии и метод на заплена) се внесуваат во базата на Светската Царинска Организација, која ги користи за едукативни цели. Во оваа база на информации се сите заплени на наркотични средства, цигари, оружје, кои земјите членки ги имаат доставено. Од оваа база се следат начините и трендовите кои најчесто се користат и појавата на нови методи.

Одделението за истраги непосредно учествува во акции за спречување, откривање и расветлување на царинските кривични дела и прекршоци од областа на економскиот криминал, кој ги опфаќа кривичните дела: криумчарење (на droги), даночно затајување, царинска измама, перење пари, како и сѐ она што е поврзано со избегнување на наплата на царински давачки, даноци, акцизи и незаконски финансиски трансакции. Ако постои основано сомнение дека е сторено кривично дело, одделението за истраги презема соодветни мерки и активности за да се пронајде и открие сторителот на кривичното дело. Понатаму, поднесува соодветна кривична пријава согласно Законот за кривична постапка и Кривичниот законик за различни кривични дела, поднесува барање за поведување на прекршочна постапка, согласно Царинскиот и другите закони, изготвува дописи до одделението за ревизија и контрола како одговор на нивните барања, изготвува дописи до царински служби во странство со барање за доставување на информации по различен основ, како на пример доказ за вистински платена вредност на стоки, како и одговор по барање на странските царински служби. Царинската управа преку ова одделение соработува со Министерството за внатрешни работи и учествува во акции за спречување и откривање на кривични дела и царински прекршоци од областа на криумчарењето како што се: криумчарење, прикривање на стоки предмет на криумчарење и на царинска измама, неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори, неовластено прибавување и располагање со нуклеарни материи, внесување на опасни материи во земјата, производство и пуштање во промет на штетни средства за лекување, производство и пуштање во промет на штетни прехрамбени производи, изнесување на добра под привремена заштита или културно наследство или природни реткости, трговија со луѓе, криумчарење на мигранти како и недозволено држење на оружје и распрскувачки

материи. Одделението изготвува кривични пријави, ги доставува до јавното обвинителство и го следи текот на постапката. Исто така, ги следи актуелните трендови на царинските прекршоци и кривични дела од областа на економскиот криминал, појавните облици на вршење кривични дела, начин на транспортирање на стоки кои подлежат на плаќање високи давачки, даноци, акцизи и други, за сите активности изработува извештаи и ги следи новите прописи од областа на царинското работење и истрагите. Значајно внимание се посветува и на едукацијата во поглед на детекција на дрога и современите начини на пренесување.

### 1.3. Јавно обвинителство на Република Македонија

Уставот на Република Македонија[104] и Амандманот XXX на Уставот на Република Македонија од 07 декември 2005 година ја утврдуваат уставната положба на Јавното обвинителство на Република Македонија[105], како и неговата положба во рамките на системот и организацијата на државната власт.

Улогата, функциите и надлежностите на јавните обвинители во рамките на борбата против кривични дела поврзани со злоупотребата на дрога произлегуваат од одредбите на Законот за јавното обвинителство[106] и Законот за кривична постапка[107].

Организацијата на Јавното обвинителство е определена со чл. 11 од Законот за јавно обвинителство, каде е наведено дека тоа е поделено на Јавно обвинителство на Република Македонија, Вишо јавно обвинителство, Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција и Основно јавно обвинителство.

Во однос на поврзаноста со кривичните дела поврзани со злоупотребата на дрога, согласно Законот за кривична постапка, улогата на јавниот обвинител се

---

[104] Устав на Република Македонија, Сл. Весник на РМ бр. 52/92 од 22.11.1992 и амандманите I и II од 10.01.1992, III од 02.07.1998, IV, V, VI, VII, VIII, IX, X, XI, XII, XIII, XIV, XV, XVI, XVII, XVIII од 20.11.2001, XIX од 30.12.2003, XX, XXI, XXII, XXIII, XXIV, XXV, XXVI, XXVII, XXVIII, XXIX, XXX од 09.12.2005, XXXI од 09.01.2009

[105] Поопширни информации за Јавното обвинителство на Република Македонија на неговата официјална интернет страница www.jorm.gov.mk [пристапено на 20.06.2017]

[106] Закон за јавното обвинителство, Сл. Весник на РМ бр. 150/07, 111/08. Покрај овој закон, што се однесува до регулирањето на јавното обвинителство, се применуваат и Закон за јавнообвинителска служба, Сл. Весник на РМ бр. 62/15, 231/15, 11/16 и Закон за Советот на јавните обвинители на Република Македонија, Сл. Весник на РМ бр. 150/07

[107] Закон за кривична постапка, Сл. Весник на РМ бр. 150/10, 100/12

согледува преку тоа што е овластен тужител во конкретниот предмет, а во одредени случаи, доколку се работи за предмет кој е дел од организираниот криминал, тогаш задолжен ќе биде јавниот обвинител од основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција. Во ваквите случаи, карактеристично е што тој може да иницира примена на посебни истражни мерки, кои се особено значајни за откривањето и докажувањето на ваквиот тип на криминалитет. Притоа, јавниот обвинител може да достави образложено барање до судијата на претходната постапка кој ќе ги определи првите пет посебни истражни мерки, а додека останатите седум посебни истражни мерки ги определува токму јавниот обвинител со писмена наредба.

### 1.4. Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција

При откривањето, расветлувањето, разјаснувањето и докажувањето на кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрогата, а кои се од обласТа на организираниот криминал, од особена важност е Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција кое е основано за целата територија на Република Македонија со седиште во Скопје. Во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција и во јавно обвинителство основано за подрачје на суд со проширена надлежност се формираат специјализирани одделенија за следење и откривање на криминалитетот со посебна стручна служба.[108] Во однос на контролата над работата на основниот јавен обвинител за гонење на организиран криминал и корупција, во Законот за јавното обвинителство[109] е пропишано дека за својата работа тој одговара пред Јавниот обвинител на Република Македонија и Советот на јавни обвинители на Република Македонија, а јавните обвинители во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција за својата работа одговараат пред Основниот јавен обвинител за гонење на организиран криминал и корупција и Советот на јавни обвинители на Република Македонија. Во посебна глава (III) во Законот за јавното обвинителство се уредени надлежностите на јавното обвинителство и јавните обвинители. Според

[108] Чл. 15, ст. 2, Закон за јавното обвинителство, Сл. Весник на РМ бр. 150/07, 111/08
[109] Чл. 20, ст. 4, Закон за јавното обвинителство, Сл. Весник на РМ бр. 150/07, 111/08

овој Закон[110], Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција постапува пред основен суд со специјализирано судско одделение надлежно за судење на дела од областа на организираниот криминал, додека Јавното обвинителство на Република Македонија постапува пред Врховниот суд на Република Македонија. Како што е наведено понатаму[111], основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција е надлежно да постапува:

- за кривични дела извршени од структурирана група од три или повеќе лица, која постои одреден временски период и дејствува со цел да изврши едно или повеќе кривични дела за кои е предвидена казна затвор од најмалку четири години, со намера директно или индиректно да стекне финансиска или друга корист,

- за кривични дела извршени од структурирана група или злосторничка организација на подрачјето на Република Македонија или други држави или кога кривичното дело е подготвено или планирано во Република Македонија или во друга држава,

- за кривични дела злоупотреба на службена положба и овластување од членот 353 став (5), примање на поткуп од значителна вредност од членот 357 и противзаконито посредување од членот 359 сите од Кривичниот законик, извршени од избран или именуван функционер, службено лице или одговорно лице во правно лице и

- за кривични дела неовластено производство и пуштање во промет на наркотични droги, психотропни супстанции и прекурзори од членот 215 став (2), перење пари и други приноси од казниво дело од поголема вредност од членот 273, терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста од членот 313, давање поткуп од значителна вредност од членот 358, незаконито влијание врз сведоци од членот 368-а став (3), злосторничко здружување од членот 394, терористичка организација од членот 394-а, тероризам од членот 394-б, кривични дела трговија со луѓе од членот 418-а, кривични дела криумчарење со мигранти од членот 418-б, трговија со малолетно лице од членот 418-г и за другите кривични дела против човечноста и меѓународното право од Кривичниот законик, независно од бројот на сторителите.

[110] Чл. 29, ст. 4, Закон за јавното обвинителство, Сл. Весник на РМ бр. 150/07, 111/08
[111] Чл. 31, Закон за јавното обвинителство, Сл. Весник на РМ бр. 150/07, 111/08

Заради остварување на функцијата на гонење на сторителите на кривични дела од областа на организиран криминал и корупција и за други кривични дела за кои е предвидена минимална казна затвор од четири години или кога тоа го налагаат посебни околности, јавниот обвинител може да нареди едно или повеќе конкретно определени овластени службени лица од Министерството за внатрешни работи и други државни органи да му бидат ставени на располагање за определен период, како во предистражна, така и во кривичната постапка што се води по негово барање.[112] При остварувањето на функцијата на гонење на сторителите на кривични дела и прекршоци, јавните обвинители имаат овластувања како и Министерството за внатрешни работи и другите државни органи во чиј делокруг на работа е и откривање на кривични дела и нивните сторители и на прибирање на докази заради кривично гонење на сторителите.

Законот за кривична постапка пропишува дека основно право и должност на јавниот обвинител е да ги гони сторителите на кривични дела за кои гонењето се презема по службена должност. Во однос на работата на јавното обвинителство, законот нуди поинакви решенија од досегашните, односно севкупната предистражна и истражна постапка е доверена на јавните обвинители кои имаат право и должност да ги насочуваат дејствијата на органите надлежни за откривање и пријавување на кривичните дела и на нивните сторители, да пронаоѓаат, предлагаат и обезбедуваат докази, да предлагаат/издаваат наредби за преземање на посебни истражни мерки, за спроведување на истражна постапка, како и привремени мерки заради обезбедување на имот или предмети прибавени со кривично дело или заради извршување на мерката конфискација, да одлучуваат за одлагање на кривичното гонење, да предлагаат издавање на казнен налог, да преговараат и да се спогодуваат со обвинетите за признавање на вина, да поднесуваат и застапуваат обвиненија пред надлежниот суд, да поднесуваат жалби против неправосилни судски одлуки и вонредни правни лекови против правосилни судски одлуки, да одлучуваат по жалба на оштетениот.

Јавните обвинители при раководење со предистражната постапка, располагаат со овластени службени лица од Министерството за внатрешни работи, Финансиската полиција и Царинската управа, имаат овластувања за

[112] Притоа, функционерот кој раководи со соодветно министерство или друг државен орган е должен без одлагање да постапи по наредбата на јавниот обвинител и времено да упати овластено службено лице на работа во јавното обвинителство. Чл. 34, Закон за јавното обвинителство, Сл. Весник на РМ бр. 150/07, 111/08

издавање наредби за примена на посебните истражни мерки, за откривање на кривичното дело или негов сторител, а доколку е неопходно можат сами да преземаат дејствија за кои со закон се овластени Министерството за внатрешни работи, Финансиската полиција и Царинската управа. Јавното обвинителство се грижи за законитоста на мерките и дејствијата преземени во предистражната постапка и врши надзор над почитувањето на човековите права од страна на овластените службени лица во Министерството за внатрешни работи и други државни органи.

### 1.5. Истражни центри на јавното обвинителство

Заради остварување на функцијата на откривање и гонење во новите услови, новиот концепт на Законот за кривична постапка[113] предвидува за подрачјето на едно или на повеќе јавни обвинителства да се формираат истражни центри на јавното обвинителство. Истражните центри на јавното обвинителство[114] се на некој начин оригинално решение, предвидени со новиот концепт на кривично-процесното законодавство во Република Македонија, иако слични такви форми на организација кои подразбираат тесна оперативна соработка под раководство на јавното обвинителство има во повеќе држави. Инаку, слична идеја на оваа, која остана неразработена, е застапена во Законот за јавното обвинителство кој предвидува во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција и во јавно обвинителство основано за подрачје на суд со проширена надлежност да се формираат специјализирани одделенија за следење и за откривање на криминалитетот со посебна стручна служба.[115] Во истражните центри на јавното обвинителство покрај полициски инспектори со криминалистички знаења и искуства треба да работат и правници и други

---

[113] Чл. 48, Закон за кривична постапка, Сл. Весник на РМ бр. 150/10, 100/12

[114] Поопширно кај: Калајџиев, Г., Илиќ, Д., Формирање, организација и функционирање на правосудната полиција и на истражните центри на Јавното обвинителство, Истражување во рамки на проектот „Реформа на казненото право и почитување на човековите права - подготовки за доследна примена на новиот ЗКП - Скопје, јули 2009

[115] Во законот е предвидено за вршење на стручни работи поврзани со следење и откривање на криминалитетот во јавните обвинителства да се вработуваат определен број стручни лица од други профили (финансии, градежништво, информатика, електротехника, машинство и слично). Во јавните обвинителства во кои се формирани специјализирани одделенија за следење и за откривање на криминалитетот и во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција е предвидено да се вработуваат и определен број стручни лица како јавнообвинителски истражители. Чл. 76, Закон за јавното обвинителство, Сл. Весник на РМ бр. 150/07, 111/08

експерти чии знаења се потребни во борбата со современиот криминал (компјутерски, финансиски, банкарски и сл.). Тоа значи дека нивната работа е да спроведуваат оперативни методи и техники за откривање на криминалните активности, а со тоа и примена и реализација на посебните истражни мерки.

Истражните центри на Јавното обвинителство се формираат со одлука на јавниот обвинител на Република Македонија. Работите во истражниот центар ги вршат инспектори припадници на правосудната полиција, кои се избираат за вршење работи на определено време, по пат на објавен внатрешен оглас. Ова треба да гарантира определена стабилност и специјализација на припадниците на правосудната полиција кои со тоа стануваат дел од тимот на јавното обвинителство. Таа стабилност заедно со неможноста припадниците на правосудната полиција во истражните центри да се прераспределуваат на други задачи во МВР и други инструменти (влијание врз кариерата и дисциплинската одговорност на инспекторите на правосудната полиција и др.) треба да обезбеди определен степен на самостојност во однос на претпоставените во МВР и некаква поголема лојалност кон обвинителството.[116]

## 1.6. Правосудна полиција

Законот за кривична постапка[117] ја определува раководната улога на јавниот обвинител во предистражната постапка. Со него се прецизира дека заради остварување на функцијата на кривично гонење, јавниот обвинител раководи со предистражната постапка и ја има на располагање правосудната полиција.

Со тоа, за првпат во македонскиот кривично-правен систем се воведе т.н. „правосудна полиција“, која всушност е криминалистичка полиција која тесно соработува со јавното обвинителство, а еден нејзин мал дел е непосредно во тимот на јавното обвинителство во истражните центри на јавното обвинителство. Криминалистичката полиција, сега како правосудна полиција, станува главен соработник на јавното обвинителство. Посебно е значајно тие да соработуваат уште од најрана фаза на постапката, за подоцна да не дојдат во некаков конфликт, ако на крај на истрагата јавниот обвинител оцени дека можеби доказите не се

[116] Бужаровска, Г., Ре, Д., Карнасас, М., Истражни дејствија: прирачник за практичари, ОБСЕ, Скопје, 2010, стр. 16
[117] Чл. 41, Закон за кривична постапка, Сл. Весник на РМ бр. 150/10, 100/12

доволни или не се законито изведени, па да мора да го отфрли случајот, бидејќи и самиот нема да може истиот да го добие на суд. Ова сега станува многу пореално зашто со напуштање на активната улога на судот во расчистување на случајот товарот на докажување во целост преминува на обвинителството. Затоа, соработката на јавниот обвинител и полицијата е во сосема нова светлина во еден систем кој сега е странечки по природа.[118]

Понатаму, Законот за кривична постапка[119] го определува овластениот орган за спроведување на посебните истражни мерки, кои се од особено значење за борбата против кривичните дела поврзани со трговијата и злоупотребата на дрогата. Па така, се укажува дека посебните истражни мерки ги спроведува јавниот обвинител или правосудната полиција под контрола на јавниот обвинител.

Во глава II во која се наведени значењата на законските изрази и другите одредби, се дефинира дека правосудна полиција[120] се полициските службеници од Министерството за внатрешни работи и припадниците на Финансиската полиција и со закон овластени лица на Царинската управа кои работат на откривањето на кривичните дела. Тоа се всушност, криминалистичката полиција во МВР, (евентуално) УБК, Финансиската полиција и делот од Секторот за контрола и истраги на ЦУ кој работи на истраги. Тука може да влезат и припадниците на правосудната полиција во истражните центри на јавното обвинителство и службениците доделени на јавниот обвинител. Соодветно на видот на посебната истражна мерка, јавниот обвинител ќе ги ангажира овластените службени лица од соодветната институција која треба да ја реализира таа мерка. Најчесто, при контролираната испорака и превоз на лица и предмети, која е една од мерките директно поврзана со шверцот на дроги, ќе бидат вклучени овластените службени лица од ЦУ, но и од МВР на РМ.

Должностите на правосудната полиција се дадени исто така во Законот за кривична постапка[121]. Правосудната полиција по службена должност или по наредба на јавниот обвинител презема мерки и активности со цел за откривање и криминалистичко истражување на кривични дела, спречување на натамошни

[118] Бужаровска, Г., Ре, Д., Карнасас, М., Истражни дејствија: прирачник за практичари, ОБСЕ, Скопје, 2010, стр. 15-16
[119] Чл. 258, Закон за кривична постапка, Сл. Весник на РМ бр. 150/10, 100/12
[120] Чл. 21, Закон за кривична постапка, Сл. Весник на РМ бр. 150/10, 100/12
[121] Чл. 46, Закон за кривична постапка, Сл. Весник на РМ бр. 150/10, 100/12

последици на кривични дела, фаќање и пријавување на нивните сторители, обезбедување на докази и други мерки и активности што можат да користат за непречено водење на кривичната постапка. Правосудната полиција спроведува истражување и дејствија наложени или доверени од судот и јавното обвинителство. Ваквите должности ги вршат старешините и службениците на правосудната полиција.

Последната можност е задржана во новиот концепт на Законот за кривична постапка со две нејзини функции: 1) да се користи по потреба во обвинителствата каде што нема да има истражни центри (тие основани за подрачја со т.н. основна надлежност) и 2) да се користи и во другите обвинителства кога таква потреба ќе се јави заради зголемен обем на работа, потреба од специјален профил на експерти и сл.

### 1.7. Судови

Согласно со Уставот на Република Македонија судската власт ја вршат судовите како самостојни и независни државни органи. Судовите судат врз основа на Уставот, законите и меѓународните договори ратификувани со Уставот. Основни цели и функции на судската власт се:

- непристрасно применување на правото, независно од положбата и својството на странките,
- заштита, почитување и унапредување на човековите права и слободи,
- обезбедување еднаквост, рамноправност и недискриминација по било кој основ и
- обезбедување правна сигурност врз основа на владеење на правото.

Видовите, надлежноста, основањето, укинувањето, организацијата и составот на судовите како и постапката пред нив се уредуваат со законот за судовите[122]. Во судскиот систем судската власт ја вршат основните судови, апелационите судови, Управниот суд, Вишиот управен суд и Врховниот суд на Република Македонија.

Основните судови се основаат за една или повеќе општини и судат во прв степен како судови со основна надлежност и судови со проширена надлежност.

---
[122] Закон за судовите (Службен весник на РМ бр. 58/06, 35/08)

Апелационите судови се основаат за подрачјето на повеќе судови од прв степен (основни судови). На територијата на Република Македонија има четири Апелациони судови со седиште во Битола, Гостивар, Скопје и Штип.

Управниот, Вишиот управен суд и Врховниот суд на Република Македонија ја вршат судската власт на целата територија на Република Македонија и имаат седиште во Скопје.

Нивната територијална надлежност е согласно Законот за територијалната организација на локалната самоуправа[123] во Република Македонија. Во Република Македонија постојат судови со основна и судови со проширена надлежност. Во рамките на основните судови со проширена надлежност се основани специјализирани судски оддели што постапуваат за одделни видови на спорови, како на кривичната, така и на граѓанската материја. Клучна новина во судскиот систем е формирањето специјализирани судски одделенија во Основниот суд Скопје 1, Основниот суд Битола и Основниот суд Штип кои постапуваат по предмети поврзани со организиран криминал. Од друга страна постои решение според кое двата основни суда во Скопје имаат поделена надлежност во кривичната и граѓанската материја.

Расправите пред судовите и изрекување на пресудите се јавни освен во случаи определени со закон.

Судските одлуки се изрекуваат во името на граѓаните на РМ. Правосилните судски одлуки имаат неприкосновено правно дејство, се задолжителни за сите правни и физички лица, имаат поголема сила во однос на одлуките на другите државни органи и при тоа секој е должен да ги почитува и да обезбеди нивно извршување.

## 2. Постапка на откривање и разјаснување на кривичните дела поврзани со злоупотребата на дрога

Во суштина откривањето на кривичните дела поврзани со злоупотребата на дрога и нивните сторители во операционална смисла претставува процес на човеково спознавање што се состои во утврдување на факти, докази, услови, како и на околности кои укажуваат и потврдуваат дека е сторено кривично дело,

[123] Закон за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија (Службен весник на РМ бр. 55/04)

односно преку факти и докази утврдени низ кривично-процесна постапка, при што се открива неговиот сторител и се изведува пред правосудните органи. Тие релевантни факти и околности кои секогаш објективно постојат во реалноста, а со чија помош се докажува постоењето на кривичното дело и на сторителот, се предмет на проучување на кривично-процесното право, криминалистиката и многу други научни дисциплини.[124]

Откривањето, докажувањето, разјаснувањето и спречувањето на криминалитетот, а со тоа и на кривичните дела поврзани со злоупотребата на дрога се засновува врз планско преземање и користење на општите криминалистички правила, средства и методи, прилагодени на специфичните барања на секоја поединечна криминалистичка методика, која покрива поединечни групации на кривични дела сродни по сличните начини на извршување.[125] Инаку, ваквите групации на кривични дела, кривичните дела поврзани со злоупотребата на дрога, чии криминалистички карактеристики ја детерминираат природата и суштината на секоја криминалистичка методика посебно, не ретко, не се совпаѓаат со кривично-правните класификации на кривичните дела. Значи методиката на истражување на нарко-криминалитетот е детерминирана од криминалистичките карактеристики, односно карактеристиките на сторителот и жртвата (оштетениот), криминалната ситуација, modus operandi и трагите кои настануваат од кривичното дело на местото на извршување, како и кај инволвираните субјекти.

Кога се зборува за откривање на недозволена трговија со дрога како облик на организиран криминал[126] треба да се имаат предвид карактеристиките на организираната криминална група. Секоја организирана криминална група е дел од синџиорот на меѓународниот канал на транспорт на дрогата. Во рамките на овие групи постои строга подреденост на задачите на секој член на групата. Во методиката на откривање на овој вид кривични дела потребно е добро познавање на патиштата и начините на илегалниот транспорт на дрогата од местото на производство до местото на продажба, како и улогата на секоја организирана криминална група во поголемиот синџир на транспортерите. Организираните

[124] Пошироко за откривањето на овој вид на криминалитет види: Смилевска, Б., Б., Методика на откривање на криминалитетот поврзан со злоупотреба на дрога, магистерски труд, Скопје, 2011, стр.122-210

[125] Ангелески, М., Криминалистика, НИО, Студентски збор, Скопје, 1993, стр. 24-27

[126] Лабовиќ, М., Николовски, М., Организиран криминал и корупција – најнови теоретски димензии, практички консеквенции и методика на истражување, Факултет за безбедност, Скопје, 2010, стр. 452-453

криминални групи делуваат така што секој нивен член има своја улога. На пример, некој е задолжен за надгледување при примопредавање на дрогата, друг ги насочува потенцијалните купувачи, трет ги прима парите, четврт ги префрла на нова посигурна локација и сл. Целта на службите кои се занимаваат со борба против овој вид криминал, првенствено е откривање на сторителите (дилерите), прибирање доказни материјали, кои што потоа ќе овозможат поднесување кривична пријава, како и натамошно откривање на целата организација која овозможува произведување, преработка, транспорт и продажба на дрогата. Од големо значење е да се утврдат и патните правци на транспортот на дрогата, нејзините привремени или крајни дестинации, местото на нејзино чување и сл.

Од моментот на дознавањето за постоење на евентуално кривично дело поврзано со злоупотребата на дрога или за евентуален потенцијален сторител на вакво кривично дело (или, пак, заедно и за едната и за другата криминалистичко-тактичка ситуација), преку конечното разјаснување на кривичниот настан кој индицира на постоење на одредено кривично дело и негов конкретен појавен облик, па до утврдувањето на стореното кривично дело и на неговиот сторител, потрагата по вистината како во фазата на откривањето, така и во гонењето и пресудувањето, мора да биде конципирана и водена на начин за да може да се постигне целта на преткривичната и кривичната постапка. Тоа ќе се постигне доколку уште од самиот почеток постапката се темели врз методично и систематско планирање, односно преку целосно почитување на начелата на кривичната постапка, но и начелата на криминалистиката.

По приемот на кривична пријава или добиеното сознание за постоење на основи на сомневање дека е сторено кривично дело за кое се гони по службена должност, полицијата, без одлагање по писмен пат го известува јавниот обвинител. Ако постојат основи на сомневање за кривично дело за кое е пропишана казна затвор од најмалку четири години или постојат причини за итност, полицијата веднаш усно ќе го извести јавниот обвинител, по што ќе состави и писмено службено известување.

По приемот на кривичната пријава или по добиеното известување од полицијата, со постапката раководи јавниот обвинител. Правосудната полиција е должна да постапува по наредбите и насоките на јавниот обвинител. Таа продолжува со увидите и тогаш кога нема посебни наредби или насоки од јавниот обвинител и за спроведените мерки и дејствија го известува јавниот обвинител.

Тој, пак, самиот или преку правосудната полиција, односно други лица вработени во истражните центри на јавното обвинителство, ќе ги собере известувањата потребни за одлучување по кривичната пријава, а по потреба тоа ќе го стори и преку полицијата или другите органи надлежни за откривање. За преземените мерки по наредба или по насоки на јавниот обвинител, полицијата и другите органи се должни да дадат известување најдоцна во рок од 30 дена. Во наредбата јавниот обвинител може поблиску да ги определи потребните дејствија, а може да бара и да присуствува на истите. Заради прибирање потребни известувања, јавниот обвинител може да го повика подносителот на кривичната пријава, како и други лица за чии сознанија смета дека може да придонесат за оцена на веродостојноста на наводите во пријавата или за кои смета дека може да бидат сведоци во постапката, при што ги известува за причините за повикувањето. Притоа, соодветно се применуваат одредбите за повикување и испитување на сведоци. Јавниот обвинител може да го повика и осомничениот, при што се применуваат одредбите за испитување на осомничениот во истрагата. Присилно може да се доведе само лице кое не се одзвало на уредно доставената покана или лице кое очигледно избегнува да прими покана, само со одлука на суд и тоа за потешки кривични дела за кои е предвидена казна затвор повеќе од пет години. Јавниот обвинител во рок од три месеци од денот на приемот на кривичната пријава е должен да одлучи по неа. Во спротивно, тој е должен веднаш писмено да го извести повисокиот јавен обвинител и подносителот на кривичната пријава.

Јавниот обвинител со решение ќе ја отфрли кривичната пријава доколку произлегува дека пријавеното дело не е кривично дело за кое се гони по службена должност, ако настапила застареност или делото е опфатено со амнестија или помилување, ако постојат други околности што го исклучуваат гонењето или ако не постои основано сомневање дека пријавениот го сторил кривичното дело. Од понапред изнесеното е јасно дека јавниот обвинител не мора воопшто да чека полицијата и други органи со посебни овластувања да му „сервираат“ случај, туку по добиени сознанија може веднаш да делува самиот, за што сега на располагање има и свој тим на криминалистички инспектори. Само во исклучително сложени случаи за тешки кривични дела извршени од повеќе лица или од организирана криминална група, правосудната полиција може да бара одобрение од јавниот обвинител за продолжување на овој рок. Во дадениот рок, правосудната полиција е должна јавниот обвинител да го извести за дотогаш преземените дејствија и за

резултатите од нив. Решението за отфрлање на кривичната пријава се доставува до оштетениот, кој може во рок од осум дена од приемот да поднесе жалба до непосредно повисокиот јавен обвинител, кој е должен по жалбата да одлучи во рок од триесет дена по приемот. Повисокиот јавен обвинител може да го потврди решението за отфрлање на кривичната пријава или може жалбата да ја уважи и да го задолжи пониският јавен обвинител да ја продолжи постапката. За кривични дела за кои е предвидена казна затвор до 3 години или парична казна, а осомничениот поради вистинско каење го спречил настанувањето на штетните последици или ја надоместил сета штета, јавниот обвинител може да не преземе кривично гонење. Ваква одлука може да донесе и во случај кога во Кривичниот законик е предвидена можност сторителот на кривичното дело судот да го ослободи од казна, а јавниот обвинител ќе оцени дека самата пресуда без кривична санкција не е потребна, како и во случај кога осомничениот како член на организирана група, банда или друго злосторничко здружение, доброволно соработува, а таквата соработка и изјава на тоа лице е од суштествено значење за кривичната постапка.

Успехот на исполнувањето на постапката на откривање, разјаснување и расветлување на овие видови кривични дела во значителна мера зависи од планирањето на целокупниот процес, како и еластичноста во процесот на остварување на планот, т.е. благовремено внесување на промени во него. Основна задача на секој план за истрагата на местото на настанот кај кривичните дела поврзани со злоупотребата на дрога, како мисловен и творечки процес, поаѓајќи од неговата специфичност во секој конкретен криминален предмет, всушност се состои од следниве кохерентни елементи: 1) утврдување на кругот на околности и факти кои треба да се откријат, разјаснат и докажат (во склад со главните (златните) прашања на криминалистиката кои се однесуваат на предметот на докажување); 2) поставување на верзии за главните прашања на криминалистиката; 3) одредување и прецизирање на оперативно-тактичките мерки и истражни дејствија, како и посебните истражни мерки[127] кои треба да се превземат заради утврдување на кривично-правно релевантни факти; 4) утврдување на редоследот и времето на извршување на оперативно-тактичките

[127] За начинот на примена на посебните истражни мерки кај кривичните дела од областа на организираниот криминал, а поврзани со злоупотребата на дрога повеќе кај Лабовиќ, М., Николовски, М., Организиран криминал и корупција – најнови теоретски димензии, практички консеквенции и методика на истражување, Факултет за безбедност, Скопје, 2010, стр. 472-493

мерки и истражните дејствија; и 5) претходно оценување на прибраните докази и резонирање за тоа кои околности се откриени и утврдени, а кои сеуште треба да се откриваат, истражуваат и разјаснуваат.[128]

Составувањето на планот започнува со споредување на сите пронајдени и предизвикани факти (од материјална и персонална природа), кои се утврдени во текот на *првиот зафат,* и создавање на такви верзии (хипотези, работни претпоставки, пресумпции), кои треба да се засноваат на стварни (објективни) и проверени факти. *Верзиите* се означуваат како едно од повеќето можни толкувања на некој настан и нивната бројност и разновидност (плуралитет) претставува битен елемент на самиот поим, а всушност претставуваат своевиден "ембрион" на системот на општи и посебни верзии. При истражувањето во целина, *општите верзии* се претпоставки за предметот на докажување (thema probandi), други се *верзиите за субјектот* (субјективната страна - компонента) и за *објектот* (објективната страна - компонента) на кривичното дело, а додека *посебните верзии* се претпоставки (хипотези) за *доказните факти*. Имено, во целокупниот систем на сите поставени верзии – општите верзии ја играат улогата на своевидна "арматура" (на пример, општа верзија за обвинение – виновност, општа верзија за одбрана – невиност). Претпоставките за непосредните и посредните докази (вистинитоста на доказните факти и односот на индицијалните факти спрема предметот на докажувањето) – кои се нарекуваат посебни верзии, мораат да бидат согласни со предметот на докажувањето (општите верзии). Верзиите за субјектот на кривичниот настан (кој го сторил делото?), за субјективната страна на кривичниот настан (смислено или небрежно извршување – што се случило?), за мотивот на кривичното дело (зошто?), за објектот на кривичното дело (кога или што?), за објективната страна на кривичното дело (начинот и средството на извршување – како?, со што?) како и начинот на прикривање на кривичното дело, имаат за задача да бидат некаков вид на *врзувачко ткиво* помеѓу општите и посебните верзии.

При криминалистичко-тактичката дејност (низ целосна примена на трите методи: системот на акумулација на доказите, метод на дифундирање – во врска со негативни факти и методот на елиминација – исклучување), врската на индициите и непосредните докази се исполнува пред сѐ во тоа што тие, секоја за

---

[128] Види поопширно: Ангелески, М., Криминалистика, НИО Студентски збор, Скопје, 1993, стр. 49-67

себе и сите заедно, се надополнуваат во правец на заклучокот т.е. ја потврдуваат или елиминираат некоја верзија (хипотеза) и при тоа, независно една од друга, укажуваат на исти факт (предмет на докажување – *thema probandi*). Предмет на докажување е оној главен – клучен факт преку кого сите индиции и непосредни докази меѓусебно се поврзани. Соединувањето на доказите го нарекуваме *комплекс на акумулација на докази*.[129]

Еден предмет, земен изолирано, самиот за себе, нема квалитет на доказ, а за да биде релевантен доказ неопходно е да се земат во предвид два момента, односно да се утврди следново:

1. За да може еден предмет да биде материјален доказ, неопходно е да се утврди неговиот однос со кривичното дело или со сторителот и жртвата, бидејќи само тогаш таквиот предмет може да послужи како доказ. Затоа, при пронаоѓањето на такви предмети неопходно е записнички и на начин пропишан во ЗКП да се констатира, да се фиксира и да се опише самиот предмет, местото на кое е најден и во каков однос е со конкретниот кривично-правен настан;

2. Треба да се обрне внимание и да се има во предвид дека сѐ се менува, односно дека сите предмети се подложни на промени, а со тоа се менува и нивниот квалитет. Во такви случаи е неопходно да се преземат мерки за да се обезбеди и фиксира тој предмет како доказ, односно да се преземат сите неопходни мерки за негова конзервација. Но, има предмети кои не можат да се конзервираат и да се сочуваат во својата првобитна состојба. Во таков случај, предметите мора да се опишат детално, да се фотографираат, да се скицираат односно на друг соодветен начин да се обезбедат како докази врз основа на криминалистичко-техничките правила и процедури. На материјалните докази не смее да се гледа како на доказно средство кое има предност (преваленција) и поголема доказна вредност од другите докази. Во нашиот правен систем не постои класификација на доказите според нивната доказна вредност, туку на сите докази им се пристапува со подеднакво внимание и од страна на судот се оценуваат според правилото на слободна оценка на доказите.

[129] Види поопширно: Водинелиќ, В., Криминалистика, 1984, стр. 191-194

### 3. Постапка на докажување на кривичните дела поврзани со злоупотребата на дрога

Во кривичната постапка, како и во секоја друга судска постапка, се настојува да се утврди фактичката состојба за оние факти кои се од значење за конкретниот кривично-правен настан и утврдување на вистината на одреден квалитет (дали е материјална, апсолутна, стварна, објективна или било каква друга). Со други зборови, се утврдуваат само оние факти кои за постапката се релевантни од спознаен аспект. Спрема кривично-процесната теорија и криминалистиката, како специфични факти кои мора да се утврдат во оваа постапка се оние кои ќе ни дадат одговор на следниве прашања: 1. Дали во конкретниот случај е извршено кривично дело?, 2. Дали лицето спрема кого е покренато барање за поведување на кривична постапка е извршител на кривичното дело?, 3. Дали е виновно или не е виновно за делото кое му се товари?, и 4. Дали во смисла на материјалното право може да се примени кривично-правна санкција?[130]

Во однос на поимот доказ (лат. probatio, argumentatio, анг. evidence, гер. beweis, фран. evidence) во кривично-процесната литература, веќе долго време постои несогласување и невоедначеност во означувањето на неговата содржина. Се нагласува дека во поранешната пракса постоела идентификација на поимот доказ и поимот факт. Имено, поимот *доказ* во кривично-процесната теорија се дефинира како: збир на основи или образложенија кои зборуваат за вистинитоста или сигурноста на некои важни факти во постапката; факти за вистинитоста или невистинитоста на спорната фактичка состојба; факти врз основа на кои се утврдува постоење или непостоење на спорни правно-релевантни и други факти кои се утврдуваат во кривичната постапка; факти врз основа на кои од надлежниот орган се утврдува постоење или не постоење на факти чие утврдување во кривичната постапка е неопходно; секој основ кој зборува во прилог на вистинитоста за некој важен факт во постапката; кривично-правно релевантна информација содржана во лица и предмети, која е добиена на процесно пропишан начин и со употреба на процесно предвидени средства; извор на сознанија за важни факти кои во кривичната постапка не може да се утврдат со

---

[130] Види: Sijercic-Colic,H., Krivicno procesno pravo, Knjiga 1, Krivicnoprocesni subjekti i krivicno procesne radnje, Pravni fakultet Univerziteta u Sarajevu, Sarajevo, 2005, str. 257

лично забележување, па процесното тело го упатува за нејзино утврдување да го изведи од содржината на исказот на лица, исправи или технички снимки со заклучување за постоењето или непостоење на тој факт; утврдена, констатирана релевантна врска меѓу процесите кои директно или индиректно влијаеле на настанокот на кривичното дело, трагите, предметите и луѓето. Конечно, доказ во кривичната постапка не е ништо друго, туку таква промена во кривичниот настан и неговите реликти (траги и предмети на кривичната постапка) која се покажува како кривично-правно релевантна, па поради тоа е неопходно процесно да се фиксира баш таа промена, а не некоја подоцнежна која нема значење и не може да биде доказ.[131]

Во криминалистичката теорија се истакнува дека доказот претставува утврдена, констатирана релевантна врска помеѓу процесите, кои директно или индиректно влијаеле на настанувањето на кривичното дело, трагите, предметите и луѓето. Набљудувано од гносеолошки аспект, докази претставуваат сите промени во средината на подготвување, извршување, прикривање и уживање на плодовите на кривичното дело, кои се во релевантна врска со делото.[132]

Претходно наведеното се различни дефиниции на т.н. посредници во утврдувањето на фактите во кривичната постапка, значи, докази. Доказите во кривичната постапка се сметааат: исказ на осомничениот, односно обвинетиот, исказ на сведок и исказ на (сведочењето на) вештакот за фактите кои се утврдени во кривичната постапка, потоа исправите, па снимките добиени до техничка регистрација кои содржат факти што се утврдуваат во кривичната постапка.[133]

Во суштина, доказот содржи два елементи: доказни основи и доказни средства. *Доказна основа* (probatio, argumentum, причина) е веќе познат, утврден факт врз чија основа се заклучува за вистинитоста на другиот факт што треба да се утврдува во конкретниот случај и што е предмет на докажување[134]; *Доказни средства* (media probandi, instrumentum) се извори од кои во текот на казнената постапка се добиваат податоци, односно факти кои се доказна основа.[135]

[131] Vodinelic, V., Kriminalistika, Beograd, 1985, str. 62
[132] Види: Водинелиќ, В, Криминалистика, Савремена администрација, Београд,1984, стр. 293
[133] Bayer, V., Kazneno procesno pravo – odbrana poglavlja, Knjiga I, Uvod u teoriju kaznenog procesnog prava, Ministarstvo unutarnjih poslova Republike Hrvatske, Zagreb, 1955, str. 177
[134] Марина, П., Матовски, Н., Казнено право, 1972, стр. 190
[135] Матовски, Н., Бужаровска, Г., Калајџиев, Г., Казнено-процесно право, Правен факултет – Јустинијан Први, Скопје, 2009, стр. 184

Всушност, доказните средства се форми (облици) во кои се појавуваат доказните основи.

Според Водинелиќ[136] "доказното средство" е поим кој е различен од поимот "извор на докази". Наведената констатација се оправдува со примерот на увидот, кој ниту е извор на докази ниту е доказ, бидејќи со самиот увид не се докажува ништо туку само со неговите резултати. Не е тешко да се сложиме со претходната констатација дека навистина со увидот ништо не се докажува, но со неговите резултати непосредно или посредно да. Тој е само процесна форма која треба да обезбеди примероците на одредени траги од местото на случување на кривичното дело како можен доказен извор (а на тој начин и информациите кои ги пружаат) да бидат пронајдени, собрани и обезбедени на законит начин и во соодветна постапка и да бидат допуштени во евентуална понатамошна постапка како доказ. Слично на претходното е и случајот со сведочењето. Одредена личност може да поседува значително широк обем на релевантни информации како во поглед на кривичното дело, така и во поглед на неговиот сторител или целиот сплет на околности кои се однесуваат на криминалниот настан и кои како такви се од голема важност за кривичната постапка. Но, таквите информации, иако многу вредни за судење и донесување на исправни судски одлуки, не се ни од најмало значење за постапката доколку не се стават во соодветен формален контекст. Со други зборови, сè додека таквата личност не се повика во постапката во својство на сведок. На тој начин со примена на соодветните норми за сослушување на сведок предвидени во процесниот кривичен закон како резултат се добива исказ на сведок со кој нешто се докажува.

Во таа смисла и увидот и сослушувањето на сведокот во суштина се само патишта за добивање на докази, еден вид доказни средства. Треба да се има во вид дека увидот како што понапред беше истакнато покрај тоа што претставува еден од патиштата за прибирање на докази за потребите на кривичната постапка е и вид на непосредно – лично забележување од страна на субјектите на кривичната постапка. Значи, тоа е процесна дејност со која се овозможува на субјектите на кривичната постапка спознавање на релевантни факти врз основа на нивното лично забележување.

---

[136] Така, Водинелиќ, В., Криминалистика, откривање и докажување, теоретски и практични криминалистички и доказни проблеми, Том 2, Центар за образование на кадри за безбедност и општествена самозаштита, Скопје, 1985, стр. 1099;

Во врска со ова се истакнува дека судот може и да собира, обезбедува или проверува докази, тоа понекогаш можат да го прават и други субјекти, како и да предлагаат изведување на докази, но само судот може да изведува докази. Судот треба да стекне убедување дека фактите се вистинити, а убедувањето се засновува врз некои основи кои одговараат на законите на мислењето. За сигурноста на одреден факт кој треба да се докаже судот извлекува заклучок од други факти кои веќе се докажани или се во врска со она што треба да се докаже.[137] Бидејќи за обезбедување на бројни материјални докази се користат сите современи методи и техники на фундаменталните и применетите науки, со тоа често за означување на овие видови на докази се употребува терминот *научни докази*.

Процесот на *докажување* ги опфаќа оние дејствија кои судот ги презема за да формира свое убедување за постоење или непостоење факти кои може да влијаат врз неговата одлука. Активноста на судот се состои во утврдување на факти потребни за примена на правото и во примена на правото врз релевантни факти чија вистинитост е докажана. Докажувањето ги опфаќа сите факти кои судот смета дека се важни за правилно пресудување.

[137] Види поопширно: Матовски, Н., Бужаровска, Г., Калајџиев, Г., Казнено-процесно право, Правен факултет – Јустинијан Први, Скопје, 2009, стр. 190-198

# ДЕЛ V
# МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА ЗА БОРБА ПРОТИВ КРИВИЧНИТЕ ДЕЛА ПОВРЗАНИ СО ЗЛОУПОТРЕБА НА ДРОГА

## 1. Меѓународната соработка - неопходност во борбата против нарко-криминалот

Криминалитетот поврзан со злоупотреба со дрога претставува проблем кој го засега целиот свет, со оглед на неговата транснационалност, однодно движење надвор од границите на државите. Нарко-криминалитетот не познава граници, се протега низ целиот свет, „здружен“ со корупцијата и перењето пари се заканува врз безбедноста на сите луѓе низ светот. Во која насока оди иднината на светот? Зошто не може светот да се исчисти од оваа „чума“ која беснее и пустоши насекаде и зошто таа не може да се елиминира?

Борбата против криминалитетот поврзан со злоупотреба на дрога е макотрпна. Сите држави во светот, меѓународни тела и организации секојдневно ја водат оваа битка донесувајќи најразлични конвенции, стратегии и други акти со кои би се контролирал овој криминалитет. Република Македонија исто така е дел од оваа заедничка борба на светот против нарко-криминалитетот. Таа е потписничка на бројни програми, конвенции и стратегии за борба против овој вид на криминалитет со надеж за спречување на оваа појава.

Организираната борба против нарко-криминалитетот започнала со донесување на Единствената конвенција за опојни дроги од 1961 година која ги обврзала потписничките во рамките на своите граници да одредат соодветни служби чија задача била координација на превентивните и репресивните активности против недозволената трговија со опојна дрога и остварување на тесна меѓусебна соработка.

Доколку нарко-криминалитетот се анализира подлабоко, ќе разбереме дека за да егзистира потребно е да постојат одредени околности. Тоа подразбира дека во зависност од видот на дрогата потребни се посебни климатски услови за одгледување на природната опојна дрога, а производството и преработката на синтетичките дроги може да се изврши на места со повисока развиена индустриска техника и технологија. Значи најчесто опојната дрога се произведува во една држава, се преработува во друга, а се пласира на пазарите на сите држави

во светот, бидејќи потрошувачите, односно консуматорите на дрога ги има низ цел свет. Тоа укажува на меѓународниот карактер на нарко-криминалот, што ја условува потребата од заедничка борба против овој криминалитет, односно неопходноста од меѓународна соработка. Меѓународната сорбатока во борбата против нарко-криминалитетот е неопходна за да се фатат сите учесници во овој ланец кои настојуваат да бидат анонимни и да се открие и пресече трасата на нарко-криминалот која навидум е невидлива, а е распространета низ целиот свет.

Република Македонија е активен учесник на многубројни интернационални форуми и организации чија главна цел е меѓународна соработка за контрола на дрогата и со тоа има активна улога во борбата против нарко-криминалот.

Во својата надворешна политика поврзана со контрола на дроги, Република Македонија, во согласност со принципите на заедничка одговорност, треба да примени три стратегиски категории на акција:[138]

- билатерална и мултилатерална соработка на полето на намалување на побарувачката на дроги (учество во релевантни мрежи) и намалување на снабдувањето (полиција, правда, царина);
- придржување до обврските од меѓународното право, учество во меѓународни тела и организации;
- размена на информации, искуства и знаења, обука, учество на меѓународни случувања (семинари, конференции) итн.

Република Македонија со остварувањето на активна соработка со меѓународните организации и институции на полето на борбата против нарко-криминалитетот гарантира несебична поддршка во борбата против овој криминал, бидејќи остварува соработка со Европскиот мониторинг центар за дроги и зависности од дрога на полето на остварување активности и интервенции за намалување на побарувачката на дрога и исто така значајни се и Канцеларијата на ООН за дрога и криминал и Европол за соработка на полето на намалување на снабдување со дрога.

Меѓународната соработка е неопходна за да одговори на меѓународниот криминалитет и за остварување на оваа цел облигаторно е да се споменат следниве меѓународни организации: Интерпол, Треви-група за борба против

[138] Национална стратегија за дроги на Република Македонија (2006-2012), Министерство за здравство на Република Македонија, Графички Центар-Скопје, Скопје, 2007, стр. 30

меѓународниот тероризам, радикализам и екстремизам, Европол, Европравда, Секи-Регионален центар за борба против прекуграничниот криминал, а исто така не треба да се изостават и Пактот за стабилност на Југоисточна Европа, Шенгенскиот договор и Конвенцијата за имплементација на шенгенскиот договор. Овие меѓународни организации имаат значајна улога во борбата против трнаснационалниот криминал преку меѓусебна систематска соработка, подигнување на свеста на државите за меѓународна безбедност и заедничка соработка, промовирајќи доверба, комуникација и професионално партнерство помеѓу странските колеги.

## 2. Меѓународни организации надлежни за борба против нарко-криминалот

### 2.1. Интерпол

Меѓународната организација за криминалистичка полиција – ИНТЕРПОЛ [139] е најголемата меѓународна полициска организација, во која членуваат 190 земји од светот (по бројот на членство, е втора најголема светска организација, после ООН).

Формирана е во 1923 година, со цел да ја олесни меѓународната полициска соработка, како и да им даде поддршка и помош на сите организации, служби и сервиси, чија задача е превенција и борба против меѓународниот криминал.

Инаку, иницијативата за создавање меѓународна полициска организација од која ќе настане Интерпол се врзува за Првиот меѓународен полициски конгрес, одржан 1914 година во Монако. Правниците и полициските офицери од 14 земји расправале за:

1. можноста да се забрза и поедностави апсењето на криминалците;
2. усовршување на методите за идентификација;
3. воспоставување централна меѓународна картотека;
4. воедначување на екстрадиционите постапки;

Вториот меѓународен полициски конгрес се одржал од 3-7 септември 1923 година во Виена. За одржување на тој конгрес најзаслужен бил директорот на виенската полиција, д-р Јохан Шобер (Johan Schober), кој се смета за основач на

[139] Повеќе информации за Интерпол, на нејзината официјална интернет страница https://www.interpol.int [пристапено на 20.04.2017]

Интерпол. Во работата на конгресот учествувале 138 делегати од 20 земји и територии (Ријека во тој период била слободна територија). Со одлука на делегатите била формирана Меѓународна комисија на криминалистичката полиција (МККП) со седиште во Виена.

Конгресот усвоил 12 резолуции, и првата го содржела прввиот Статут на МККП. Со Статутот на Комисијата се утврдени следниве цели на нејзината дејност: а) остварување на взаемна помош на сите полициски органи според нивните национални закони и б) создавање и усовршување на инструменти и организации кои би ја олесниле борбата против криминалот.

Особено е значаен придонесот на МККП во институционализација на меѓународната соработка и сузбивањето на фалсикувањето на пари и усвојување на Меѓунароната конвенција за сузбивање на фалсификувани пари во 1929 година.

Едно од најзначајните достигнувања на МККП се огледа во создавање на посебна радио-телеграфска мрежа за потребите на меѓународната полициска соработка. Крајот на нагорната линија во развојот на Комисијата е означен со „аншлусот„ на Австрија од страна на германската армија 1938 година и почнувањето на Втората светска војна.

По завршетокот на Втората светска војна новиот дух на меѓународна солидарност и блискост на интересите на победничките сили, како и на новоослободените земји, ја реафирмира и потребата од интензивна полициска соработка и нејзино институционализирање.

Во 1946 година на иницијатива на белгијанецот Florent Louwage потпретседател на МККП и генерален инспектор на државната безбедност во Белгија, по дипломатски пат свикал меѓународна конференција која е одржана во Брисел во присуство на 19 држави. На конференцијата била обновена работата на МККП, бил донесен нов Статут и одлука за пренесување на нејзиното седиште во Париз. Со Статутот полициската соработка била ограничена на „општите казниви дела“. Од подрачјето на таа соработка се изземени политичките тела, а тоа претставувало основна реална претпоставка за функционирање на овој облик соработка. Комисијата го задржува статусот не на меѓувладино тело, туку на тело составено од членови делегирани од нивните влади.

Промените на општествените, политичките и воените односи на тоа време се рефлектирале и на работата на оваа организација, па на 25тото заседание на

Генералното собрание на МККП бил усвоен нов Статут и е изменет називот на ова тело. Бил усвоен денешниот назив Меѓународна организација на криминалистичка полиција – ИНТЕРПОЛ.

Во однос на правниот статус на Интерпол повеќе време владеала конфузија. Во 1947 година Интерпол побарал од ОН признавање на статус на меѓународна невладина организација, но апликацијата не била прифатена. Но, во 1955 година Резолуцијата на ОН за наркотици упатува на Интерпол како на најквалификувана меѓународна организација за размена на информации за трговијата со дрога така што во 1971 година Интерпол бил признаен од ОН како меѓувладина организација иако не е создадена со меѓународен договор. Според тоа Интерпол претставува меѓународна организација sui generis, што од своето основање до денес ја прошири својата активност на повеќе од 180 држави членки.

Основните цели на Интерпол се утврдени во чл. 2 од Статутот на оваа организација во кои се вели дека организацијата се залага:

- да го обезбеди и унапреди заемното помагање на сите органи на криминалистичката полиција во границите на важечките закони во различни земји и во духот на Општата декларација за правата на човекот;
- да воспостави и да ги развива сите институции кои можат ефикасно да придонесуваат во превенцијата и репресијата на општите казниви дела.

Заради политички неутралната улога која мора да ја има, Статутот на Интерпол во чл. 3 забранува било каква активност или интервенција во прашањата или случаевите кои имаат политичка, воена, верска или расна позадина. Неговата работа е насочена пред се на јавната безбедност и тероризмот, организираниот криминал, нелегално производство на дрога и трговија со дрога, шверц со оружје, трговија со луѓе, перење пари, детска порнографија, финасиски и хај-тек криминал и корупција.

Принципи на кои се заснова соработката во рамките на Интерпол се:

- почитување на државниот суверенитет
- примена на кривичното право
- универзалност
- еднаквост на сите држави членки
- соработка со други
- флексибилност на работните методи

Организациона структура на Интерпол ја сочинуваат:

1. Генералното собрание
2. Извршен комитет
3. Генерален секретаријат
4. Национални централни бироа ( НЦБ)
5. Советници

Активностите на Интерпол се базираат на следниве три основни функции:

- безбедни глобални комуникациски сервиси/услуги за полицијата
- сервиси на оперативни податоци и база на податоци за полицијата
- сервиси за оперативна поддршка на полицијата

**Безбедни глобални комуникациски сервиси за полицијата**

**(Secure global police communication services)**

Основа за ефикасно извршување на законите на меѓународен план е можноста полицијата да разменува значајни податоци брзо и безбедно. За таа цел Интерпол разви глобален полициски комуникационен систем познат како I-24/7. Овој систем ги поврзува Генералниот секретаријат во Лион со НЦБ во земјите членки и регионалните канцеларии, со што се креира мрежа за размена на полициски информации и им се овозможува на оние кои го извршуваат законот во земјите членки брз пристап до податоците на организцијата и на другите сервиси. Државите членки можат, исто така, да им дозволат пристап на други овластени тела/органи за извршување на законот надвор од НЦБ, како на пример на единиците за граничната контрола или царинските службеници.

**Глобален полициски комуникационен ситем - I-24/7**

Една од основните функции на Интерпол е да и овозможи на полицијата во светот да разменуваат информации безбедно и брзо. I-24/7 системот кој им овозможува на полицијата во светот едноставна платформа преку која тие можат да делат круцијални информации за криминалците и криминалните активности.

Употребувајќи го I-24/7, НЦБ може да бараат и проверуваат податоци многу брзо, со директен пристап во базата на податоци која содржи информации за осомничени терористи, лица за кои има издадено потерница, отпечатоци, ДНК профил, изгубени или украдени патни документи, украдени моторни возила, уметнички дела и сл. Овие ресурси и овозможуваат на полицијата брз пристап до потенцијално важни информации, олеснувајќи ги со тоа

кривичните/криминалистичките истраги. Овој систем, исто така им овозможува на земјите членки пристап до националните бази на податоци на секоја од нив употребувајќи ја business-to business (B2B) врската. Иако I-24/7 е сместен во НЦБ, Интерпол ги потикнува државите членки да ги прошират нивните врски со граничната полиција, царината и службите за имиграција итн. НЦБ го контролираат степенот на пристап на другите овластени корисници на сервисите на Интерпол и можат да бараат да бидат информирани за истрагите во нивните национални бази на податоци од страна на другите држави.

**Сервиси на оперативни податоци и база на податоци за полицијата (Operational data services and databases for police)**

Интерпол управува со неколку бази на податоци, достапни на бироата на Интерпол во сите земји членки преку I-24/7 комуникацискиот систем кои содржат: осомничени терористи, основни податоци за криминалци (имиња, фотографии), отпечатоци, ДНК профил, изгубени или украдени патни документи, украдени моторни возила, уметнички дела.

**Сервиси за оперативна поддршка на полицијата (Operational police support services)**

Интерпол бара да се подигне улогата на НЦБ и регионалните канцеларии и да се зголеми одзивот на Генералниот секретаријат кон нивните потреби. Ова вклучува развој на итна поддршка и операционални активности насочени во приоритетните области на криминал: бегалци, јавна безбедност и тероризам, дрога и организиран криминал, трговија со луѓе и финансиски и хај-тек криминал. Командниот и координативен центар (ККЦ) работи 24 часа на сите официјални јазици на Интерпол и служи како прва контакт точка за секоја земја членка која се соочува со кризна ситуација. Ако се случи терористички напад или природна непогода, ККЦ и Групата за подршка во кризи се мобилизираат, се нудат и ја координираат активноста која ја превзема Интерпол во тие случаи.

За само неколку часа тимови за одговор на инциденти и тимови за идентификација на жртвите составени од официри од Генералниот секретаријат и од земјите членки можат да бидат распоредени на местото на настанот. Уште една компонента на оваа суштинска функција на Интерпол е системот на потерници. Единицата за криминалистичка анализа придонесува во истрагите преку помош

која им ја дава на офицерите кои работат во Генералниот секретаријат и во земјите членки преку истражувања и анализи за трендовите во полето на криминалот. Оваа единица исто така организира за земјите членки тренинг курсеви за техниките на криминалистичката анализа.

Интерпол иницира и координира многу полициски тренинг програми кои покриваат различни приоритетни области на криминал чија цел е да го подигаат капацитетот на државите членки во борбата против меѓународниот криминал.

### 2.1.1. Соработката на Република Македонија со Интерпол

Република Македонија[140] на Генералното собрание одржано во Аруба во 1993 година стана членка на ИНТЕРПОЛ, кога беше воспоставено и НЦБ ИНТЕРПОЛ-Скопје, во согласност со член 32 од Уставот на Интерпол[141].

Почнувајќи од 1993 година, Република Македонија, преку НЦБ ИНТЕРПОЛ Скопје, кое од 2003 година е организациски позиционирано во Секторот за меѓународна полициска соработка при ЦПС-БЈБ, остварува соработка со 190 земји членки на ИНТЕРПОЛ и со Генералниот Секретаријат во Лион, согласно пропишаните стандарди за работа на оваа најголема меѓународна полициска организација.

Во рамки на Одделението НЦБ ИНТЕРПОЛ Скопје, работат полициски службеници – инспектори, по линии на криминал: меѓународна потрага по моторни возила, недозволена трговија со дрога и оружје, недозволена трговија со луѓе и криумчарење мигранти, финансиски криминал, насилен криминал и тероризам, како и идентификација на лица и проверка на документи.

Оперативната соработка преку ИНТЕРПОЛ се одвива преку размена на полициски информации, сознанија и податоци, како и преку активно и континуирано учество на експерти од МВР во работните групи на ИНТЕРПОЛ.

Во соработка со Генералниот Секретаријат на ИНТЕРПОЛ, во Лион, Франција, Одделението НЦБ ИНТЕРПОЛ Скопје се вклучува во проекти, дава поддршка на заеднички истраги, разменува информации при спроведување на

[140] За соработката на Република Македонија со Интерпол повеќе информации на http://www.mvr.gov.mk/page/interpol [пристапено на 20.01.2017]
[141] секоја земја-членка мора да именува орган кој ќе делува како централна точка за меѓународна полициска соработка во рамки на организацијата – овој орган се именува Национално централно биро (НЦБ) на ИНТЕРПОЛ (вообичаено именувано според главниот град).

меѓународни операции иницирани од Генералниот Секретаријат на ИНТЕРПОЛ. На покана на Генералниот Секретаријат, претставници од МВР учествуваат на конференции, состаноци и семинари, на кои се разменуваат искуства, добри практики и се договараат идни активности за унапредување на меѓусебната соработка.

Во рамки на СМПС, каде што е позиционирано НЦБ Скопје, воспоставена е дежурна служба 24/7, која што овозможи НЦБ Скопје да функционира во склад со еден од најважните стандарди на ИНТЕРПОЛ за 24 работно време.

Од Април 2003 година, НЦБ Интерпол Скопје е директно поврзано со информацискиот систем I-24/7 на ИНТЕРПОЛ, преку кој се одвива размената на електронска пошта со другите НЦБ-а, како и користење на повеќе WEB – сервиси кои ги овозможува овој систем, меѓу кои директен пристап до централните криминалистички бази на податоци на ИНТЕРПОЛ и електронско распишување на меѓународни потерници. НЦБ Скопје активно партиципира во хранењето на глобалните бази на податоци со информации за лица, возила, документи, уметнички предмети итн. (во моментот во базата на ИНТЕРПОЛ, од НЦБ Скопје распишани се вкупно 57985 украдени/изгубени патни исправи, 372 украдени возила, 161 икона).

НЦБ ги користи АСФ (Automated Search Facilities) базите на податоци за лица, украдени возила, уметнички предмети, изгубени/украдени патни исправи и др. и внесува податоци во истите. Вработените го користат системот на електронска пошта, при што размената на информации помеѓу земјите членки на Интерпол се изведува во затворена и заштитена средина. Електронската пошта која пристига во НЦБ Скопје постојано е следена од оператор, што придонесува за навремено делување, особено во итни случаи.

Пристапот до 1-24/7 комуникациски ситем на Интерпол е заштитен како од техничка страна така и во поглед наориснички пристап. Националниот офицер за заштита на 1-24/7 системот кој е вработен во Интерпол-Скопје и е назначен од страна на Генералниот секретаријат врши контрола на пристапот до системот на секој корисник поединечно, доделувајќи им на корисниците различни права на пристап во согласност со нивната функција и работните задачи кои ги извршуваат.

## 2.2. Европол

Европол - Европска полициска агенција[142] (EUROPOL – European Police Office) е основан со Мастришкиот договор за Европска Унија од 07.02.1992 година како тело што има за цел во рамките на заемната соработка на полето на правдата и внатрешните работи да развие систем на размена на податоци. Според договорот од Мастрихт се предвидувала организациона структура со три групи:

- за тероризам;
- за соработка со националните оперативни криминалистички полиции и
- за droги и организиран криминал.

Договорот се состоел од три столба:

- дополнување на договорот на ЕЕЗ и Европската комисија за атомска енергија (ЕУРОАТОМ);
- надворешна и безбедносна политика;
- прашања од областа на надворешните и внатрешните работи.

Седиштето на Европол се наоѓа во Хаг, Холандија и започнал со ограничени операции на 03.01.1993 година како Единица на Европол за дрога (Europol Drugs Unit – EDU) во борба против дрогата. ЕДУ била оперативна во периодот 1995-1999 година и на 01.07.1999 година била заменета со Европол.

Цел на Европол е подобрување на ефикасноста и соработката помеѓу компетентните служби на државите членки во превенирање и борбата против тешкиот меѓународен организиран криминал.

Со Конвенцијата за Европол од 1995 година (во сила од 1998 година) оваа служба е трансформирана во вистинска меѓувладина полициска организација, независна од европските институции и државите-членки, од типот на Интерпол. Европол има својство на правно лице и може да склучува договори со ЕЗ или држави и да членува во Меѓународната организација на криминалististичката полиција - Интерпол. Со Конвенцијата од 1995 година Европол прераснал во информационо-аналитички и координирачки центар за борба против прометот со наркотици, радиоактивни материјали, трансплатати, прикривање на криминални профити и сл.

[142] Повеќе информации за Европол на нејзината официјална интренет страница https://www.europol.europa.eu/ [пристапено на 15.04.2017]

Основната цел при основањето на Европол - борбата против трговијата со наркотични дроги, подоцна со одлуки на Советот е проширена врз борбата против тероризмот, против фалсификувањето на платежни средства и перење пари. Договорот од Амстердам ја проширува улогата на Европол во прибирањето и во обработката на информации и во водење на истраги, создавајќи услови за негови интервенции на териториите на државите-членки.

Со одлука на Советот во 2000 година е основан и Европски полициски колеџ (Cepol) од највисоки претставници на државите-членки и државите-кандидати за членство во ЕУ, чијашто задача е поттикнување на соработката помеѓу националните полициски образовни институции, заради развивање на идентични едукативни програми за превенција и репресија на криминалот.

Договорот од Ница од 2001 година востановува потесна соработка меѓу Европол и Евро-правда, во која вторава институција ја развива својата активност во судска поддршка на првата, заради јакнење на борбата против тешките форми на криминал и обезбедување на повисоко ниво на заштита на граѓаните во просторот на слободата, безбедноста и правдата.

Од 01.01.2002 година ингеренциите на Европол се прошириле на сите сериозни форми на меѓународен криминал: тероризам, трговија со луѓе, трговија со дрога, недозволена трговија со радиоактивни и нуклеарни материјали, фалсификување пари, нелегална трговија со возила, перење пари.

Европол претставува супранационално тело востановено со меѓудржавен договор (Конвенцијата) и неговата организациона структура ја сочинуваат: управен совет, извршен орган, национални тела и државни офицери за врска.

Во Европол постојат три различни нивоа на соработка:

- техничка соработка или предвидена обука;
- стратегиска соработка насочена кон размена на генералните трендови во организираниот криминал и начинот на кој организираниот криминал ќе се сведе на минимум или целосно ќе се сузбие, како и размена на информации со нелегално одданочување;
- највисоко ниво на соработка кое ја вклучува размената на персонални податоци и барање за исполнување на стандардите на Европол на полето на заштита на податоци и нивна сигурност.

Задачи на Европол се: да ја подобри соработката и ефикасноста на полициските служби на државите-членки во борбата против тероризмот,

трговијата со наркотични droги и другите тешки форми на транснационален криминал што укажуваат на постоење на организирана криминална структура и засегаат две или повеќе држави-членки на начин што, според тежината на тие облици на криминал и нивните последици, се налага потребата од заедничка акција (чл.2 од Конвенцијата за Европол).

Во краткиот период па своето дејствување Европол има постигнато забележливи резултати: има учествувано (до 2002 година) во две илјади и триста истраги, од кои над 60% се однесуваат на трговија со дроги, 15% на кражби на автомобили, 8% на перење пари и 4% на трговија со луѓе.

### 2.3. Европравда

Со одлука на Советот во 2002 година е основан Европравда (Eurojust-Европско тело за судска соработка) - орган на ЕУ во подрачјето на третиот столб на судска и на полициска соработка. На неговото основање му претходела долгогодишна расправа, концентрирана врз прашањето за создавање на единствен европски правосуден простор, а непосреден повод за таквата одлука се заклучоците на Самитот во Тампере од 1999 година за создавање на посебно тело што ќе има задача да придонесе за реализација на концептот на ЕУ како простор на слобода, безбедност и правда, составено од судии, јавни обвинители и полициски службеници, делегирани од секоја држава-членка заради зајакнување на борбата против тешките форми на криминал.

По формирањето, прво, на едно такво привремено тело во 2001 година и врз првичните искуства (телото постапувало во над сто и осумдесет случаи во текот на една година со позитивни резултати), на Самитот во Лакен истата година е повторена заложбата за основање на постојан орган, по што е донесена споменатата одлука на Советот. Создавањето на овој орган било инспирирано со потребата од заеднички и ефикасни мерки на спречувањето на потешките форми на криминал, особено на организираниот криминал, со забрзување и поедноставување на формалните судски и полициските постапки во државите-членки. Од друга страна, како што е истакнато во преамбулата на одлуката за неговото основање, тоа антиципира прифаќање и на други структурни мерки на ниво на ЕУ, насочени кон оптимална соработка во постапките на казнено гонење

што би се спроведувале на територијата на повеќе држави членки, со почитување на основните човекови слободи и права .

Со создавањето на овој орган се пополнува една осетлива празнина во судската соработка во казнената област, детерминирана во основа со начелото на интергавернментализам, која на сегашното ниво на развиеност и примена на класичните инструменти на соработка (екстрадиција, трансфер на казнената соработка итн.) е далеку под предизвиците што ги отвораат новите и се поопасни форми на криминал кои добиваат транснационални облици (корупција, перење пари, тероризам итн.).

Ефикасната борба против новите форми на криминал е попречена со разликите во казнените законодавства, превладувањето на традиционалните стојалишта за апсолутниот суверенитет на државата и казненото право како негова директна рефлексија, бавноста во ратификацијата и во имплементацијата на меѓународните инструменти за соработката во спречувањето на криминалот итн.

Европравда е основан како орган на ЕУ со правен субјективитет и е составен од претставници на сите држави-членки од редот на судиите, јавните обвинители или полициски службеници кои имаат соодветни овластувања (во правните системи во кои полицијата има, на пример, овластувања да ја води формалната претказнена постапка). Секој од нив може да продолжи да ја врши својата функција во државата што ја претставува. Секој од членовите на ова тело може да има по еден или повеќе помошници. Заради олеснување на работата на Европравда, секоја држава-членка определува еден или повеќе национални кореспонденти, кои соработуваат со неговите членови деташирани од односните држави.

Седиштето на Европравда е во Хаг. Неговите активности се финансираат од буџетот на ЕУ. Својата основна функција - да ја помогне соработката во гонењето на тешките облици на криминал, Европравда не ја остварува спротивно на постојните инструменти на соработка, туку во нивна поддршка и со нивно користење. Според одлуката за нејзиното основање (чл.4), Европравда ги остварува своите активности во судската соработка меѓу државите-членки во однос на следниве казнени дела: дела што со Конвенцијата за Европол од 1995 година се ставени во компетенција на Европол; компјутерски криминал; измами и корупција и сите други дела што ги засегаат финансиските интереси на ЕУ;

перењето на приноси од криминал; еколошки криминал; учество во криминална организација; други дела сторени во врска со претходно наведените. И покрај таксативното набројување на делата, теоријата го прифаќа стојалиштето дека таа листа не е затворена и дека подрачјето на неговите активности може да се прошири и на други дела кога тоа ќе го побараат државите-членки.

Активностите на овој орган се состојат во промовирање и подобрување на координацијата помеѓу надлежните органи на државите во однос на истрагите и постапките, подобрување на соработката помеѓу надлежните органи, особено со олеснување на заемната судска помош и екстрадициите и поддршка на надлежните органи на државите-членки за подигање на ефикасноста на нивните истраги и постапки. Европравда постапува во истраги и во постапки што тангираат најмалку две држави-членки, што не ја исклучува можноста за негово вклучување во истрагите што се водат само во една држава, или во држава-членка и некоја трета држава.

Активностите на поддршка и олеснување на истрагите се остваруваат на два начини: со поединечни ангажмани на членовите на ова тело во нивните национални држави, или колективно, особено кога се работи за помасовни облици на организиран криминал, за акции од поголем обем или на барање на еден или повеќе членови.

Колегиумот/колеџот на Европравда се состои од 25 национални членови, секој со по еден глас при одлучувањето. Колегиумот одлучува со квалификувано или просто мнозинство, избира од своите членови претседател и двајца потпретседатели во согласност со Советот.

Во рамките на Европравда се формираат и ad hoc тела и посебни тимови за спречување на определени облици тежок криминал (тероризам, трговија со луѓе итн). Заради надзор над користењето и заштитата на персонални податоци за лица опфатени со неговите активности, во рамките на Европравда е востановено и посебно надзорно тело што го сочунуваат претставници на сите држави-членки.

Своите активности Европравда ги остварува проактивно, со определени барања, предлози интервенции итн. во однос на надлежните органи на државите-членки, или реактивно, постапувајќи по барање на тие органи.

Таквиот карактер на нејзините активности го детерминира и статусот на претставниците на државите-членки во ова тело: тие не се „офицери за врска“, разменети меѓу нивните национални држави, туку негови функционери како

институција на ЕУ, но од друга страна немаат посебно утврдени овластувања, туку ги имаат овластувањата што се определени од страна на нивните национални држави. Тие, значи, имаат статус и овластувања како судии, јавни обвинители или како полициски службеници на нивните матични држави, дефинирани со домашното право и меѓународните инструменти за судска соработка прифатени од таа држава. Така, на пример, националните членови на ова тело имаат пристап кон судските, обвинителските или кон полициските евиденции и податоци во својата држава како и секој друг судија, јавен обвинител или полициски службеник и имаат овластување да воспоставуваат директни контакти со надлежните органи на својата држава. Но, сепак, во крајна инстанција, секоја држава-членка го определува обемот на овластувањата на сопствениот член, така што може да определи минимални или максимални овластувања во однос на истрагите и другите постапки на казнено гонење и соработка со органите на други држави.

Во остварувањето на своите активности Европравда соработува со другите органи во сферата на судската и полициската соработка, како Европол, континуирано ја известува Комисијата и најмалку еднаш годишно го информира Парламентот и Советот за учеството во истрагите и за нивните резултати. Особено се важни односите со Европол, во однос на кој орган Европравда нема никаква супремација, туку помеѓу нив е воспоставена соработка како меѓу две независни тела, од кои секое ги развива своите функции на своето специфично подрачје. Притоа, иницијативите за ангажирање на Европравда доаѓаат обично од Европол.

Со рамковната одлука за „европскиот налог на апсење" од Советот во 2002 година, во надлежност на Европравда е ставено одлучувањето кој налог за апсење на определено лице да се изврши во случај кога такви наредби се издадени од судовите на повеќе држави. Исто така, државата што не постапува во рамките на роковите определени со рамковната одлука за извршување на налогот за апсење, должна е да ја извести Европравда за причините за непочитување на роковите.

Со воспоставувањето на Европравда не се отстранети сите пречки за поефикасна судска соработка во спречувањето па криминалот. Иако во текот на своето неколку годишно постоење ова тело покажало добри резултати (во 2001 година постапувало во 180, во 2002-202, во 2003-300 барања за истраги и други активности), неговото учество во заедничките истраги, имено, честопати се губи

во лавиринтите на меѓународните инструменти за заемната судска соработка. Европравда донекаде може да ја олесни нивната примена преку создавање на заеднички екипи за истраги, но иницијативата за тоа сепак потекнува од државата-членка. Државите со ништо не се обврзани да одговарат на неговите барања, да разменуваат информации или да ги побараат неговите услуги, а кога бараат негово ангажирање со ништо не се обврзани да ја продолжат истрагата на тој начин или да ги искористат нејзините резултати. Извесен исклучок претставува колективното барање од Европравда за определени информации или преземање на дејства во истрагите, во кој случај државата, ако го одбие има обврска да го образложи своето одбивање да соработува.

Зајакнувањето на улогата на Европравда, според одделни мислења, претпоставува нејзино трансформирање во „европски центар за експертизи" што ќе обезбедува експертска помош на националните судови и полиции во откривањето и во гонењето на тешките форми на криминал.

Република Македонија активно соработува со Европол.[143]

Во 2010 година ЕУ воспостави повеќегодишен циклус на политики, чија цел е да се осигура дека во борбата против меѓународниот сериозен и организиран криминал постои:

- Ефективна соработка помеѓу органите надлежни за спроведување на законот на земјите-членки на ЕУ, институциите на ЕУ, агенциите на ЕУ и релевантни трети партнери; со што ќе се испорача
- Кохерентно и сеопфатно оперативно делување, насочено кон најкритичните криминални закани со кои се соочува ЕУ.

Целосниот циклус на политики започна во 2013 година и ќе трае четири години. Се состои од четири клучни чекори:

1. чекор: **SOCTA (Serious and Organised Crime Threat Assessment)** - Проценка за закана од сериозен и организиран криминал, создадена од страна на Европол, со која се понудија пакет на препораки, засновани темелни анализи на главните закани од криминалот со кои се соочува ЕУ. Советот за правда и внатрешни работи ги користи овие препораки за да ги дефинира неговите приоритети за наредните четири години (2013-2017).

---

[143] За соработката на Република Македонија со Европол повеќе информации на http://www.mvr.gov.mk/page/europol [пристапено на 20.04.2017]

2. чекор: **MASP (Multi-Annual Strategic Action Plans)** – повеќегодишни стратешки акциски планови ќе бидат изготвени од приоритетите, со цел да се дефинираат стратешките цели за борба против секоја приоритетна закана.

3. чекор: **EMPACT (European Multidisciplinary Platform against Criminal Threats)** – Европска мултидисциплинарна платформа против закани – Во рамки на овие проекти ќе се изготват оперативни акциски планови (ОАП) за борба против приоритетните закани.

4. чекор: **Контрола и проценка** – ефективноста на ОАП и нивното влијание врз приоритетните закани ќе биде контролирано од страна на Комитетот за внатрешна безбедност на Советот на ЕУ - COSI . Во 2015 година, од страна на Европол ќе биде изготвена времена проценка за закана (SOCTA), со цел да се оцени, следи и прилагоди (доколку е тоа потребно) трудот во борбата против приоритетните закани.

**SOCTA (Serious and Organised Crime Threat Assessment)** - Проценка за закана од сериозен и организиран криминал

SOCTA има клучна улога во циклусот на политики. Од стратешки приоритети преку оперативно делување, таа треба да осигура пристап заснован на разузнување, кој што треба да претставува основа за борба против главните криминални закани, со кои се соочува ЕУ.

При подготовката на SOCTA, Европол анализира трендови и примери во посточеките криминалистички податоци, но исто така оди понатаму, преку снимање на опкружувањето и другите фактори, кои ќе влијаат на криминалот во наредните четири години од циклусот на политики. Тоа ја дава основата за основано предвидување од идните закани кон внатрешната безбедност.

Анализите, кои го помагаат развивањето ан приоритетите, исто така го поддржуваат оперативното делување.

**EMPACT** (European Multidisciplinary Platform against Criminal Threats) – Европска мултидисциплинарна платформа против закани

SOCTA 2013 ги даде основите, врз основа на кои Советот ги усогласи приоритетите во облста на сериозниот и организиран криминал за периодот 2013-2017 година. Секој од наведените приоритети ќе биде преточен во MASP (Multi-Annual Strategic Action Plans) – повеќегодишни стратешки акциски планови, со кои ќе се дефинираат стратешките цели кои треба да се постигнат. Со цел постигнување на овие стратешки цели, ќе бидат создадени ОАП и девет EMPACT

проекти ќе бидат иницирани, со цел да се координираат активностите на земјите-членки и организациите на ЕУ против идентификуваните закани. Следните девет EMPACT проекти се:

- Посредување при вршење илегална миграција
- Трговија со луѓе
- Фалсификувани стоки
- Измами со акцизни стоки.
- Синтетички droги
- Кокаин и хероин
- Недозволена трговија со оружје
- Организиран имотен криминал
- Компјутерски криминал

Веќе се забележливи подобрувања во соработката во актуелните приоритетни области, со заеднички операции и истраги кои се во тек.

Информациите од овие истраги се враќаат во Европол преку безбеден систем, **SIENA**, за да бидат анализирани работните досиеја за анализа на Европол - Analysis Work Files (AWFs). Разузнавачките податоци, кои произлегуваат од овие истраги, ќе информираат во фазата на оценување на Циклусот на политики и првичната проценка во 2015 година.

## 2.4. СЕКИ - СЕЛЕК

СЕКИ е Иницијатива за соработка на земјите од Југоисточна Европа - Southeast European Cooperative Initiative. Во нејзини рамки постои Регионален центар за борба против прекуграничен криминал - Regional Center for combating transborder Crime SEKI Center.

На 26.05.1999 година со потпишување на Договорот за соработка во превенцијата и борбата против прекуграничниот криминал или СЕКИ-договор од страна на Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Грција, Унгарија, Македонија, Молдавија, Романија се основал СЕКИ-центарот и овој договор влегол на сила 01.02.2000 година.

Визијата на СЕКИ центарот е да ја подобри регионалната соработка во борба против прекуграничниот криминал.

Цели на СЕКИ центарот се: воспоставување маханизам заснован на зголемена соработка помеѓу полицијата, царината и другите клучни субјекти во борбата против организираниот криминал со цел државите членки да си помагаат во превенирање, детектирање, истражување, гонење и осудување на прекуграничниот криминал; поддржување на активностите на теренот; обезбедување помош во хармонизација на правото на државите членки согласно барањата на ЕУ; поддржување на националните напори со цел да се унапреди домашната соработка помеѓу органите кои го извршуваат законот; поддршка на специјалните работни групи.

Организационата структура на СЕКИ центарот ја сочинуваат: Заедничкиот комитет за соработка, менаџментот на СЕКИ центарот, офицери за врска и секретаријат.

Во СЕКИ центарот постојат две оперативни методи и тоа: размена на информации која се одвива преку офицерите за врска и работните групи како метод за специјализирана соработка во различни области. Во СЕКИ центарот има активна: работна група за трговија со луѓе, работна група за трговија со дрога, работна група за комерцијални и царински измами, работна група за трговија со украдени возила, работна група за финансиски и компјутерски криминал (Македонија), работна група за борба против тероризмот и работна група за Container Security.

Република Македонија е иницијатор на идејата за формирање на СЕКИ центарот и договорот за соработка го ратификува во 2000 година. Од 2001 година се номинирани и упатени офицери за врска од царината и полицијата во СЕКИ центарот. Во Секторот за меѓународна полициска соработка при МВР има национална фокусна канцеларија со офицер за врска.

На 07.10.2011 година СЕКИ центарот стана СЕЛЕК (SELEC – Southeast European Law Enforcement Center[144] – Центар за спроведување на законот во Југоисточна Европа). Па така, сите оперативни и стратешки можности и овластувања беа трансферирани на новиот СЕЛЕК.

Република Македонија е членка основач на Центарот за спроведување на закон во Југоисточна Европа (SELEC) меѓународна организација за спроведување на закон со 12 земји членки од Југоисточна Европа, формирана со цел да обезбеди

[144] за повеќе информации за СЕЛЕК на неговата официјална интернет страница http://www.selec.org [пристапено на 20.03.2017]

поддршка за своите земји членки и да ја подобри координацијата на активностите за спречување и сузбивање на криминал, вклучувајќи и сериозен и организиран криминал, во ситуации каде во ваков криминал е вклучен или се чини дека е вклучен елемент на прекугранична активност.

SELEC има повеќе од 15 годишно искуство и стручност за успешно спроведување на заеднички истраги и операции на регионално ниво, за олеснување на брза размена на информации преку офицерите за врски на своите земји членки кои се распоредени на работни задачи во Управата на SELEC во Букурешт, Романија.

Оперативните активности на SELEC се спроведуваат преку осум работни групи кои се занимаваат со прашања поврзани со криумчарење на дрога, финансиски и компјутерски криминал, шверц и царинска измама, недозволена трговија со луѓе, тероризам, украдени возила, криминал поврзан со животната средина и природата, а во овие оперативни активности Република Македонија е координатор на Работната група за финансиски и компјутерски криминал и Работната под-група за криминал поврзан со културно наследство која е дел од Работната група за криминал поврзан со животната средина и природата.

Според Извештајот за запленета дрога од регионот на Југоисточна Европа за 2015 година, земјите на Југоисточна Европа претставуваат главен извор и потрошувачи на марихуана, што се потврдува со податокот дека во 2015 година се запленети околу 3,93 тони марихуана на овој простор, односно во Албанија се регистрирани 44 случаи со запленети 2,872,139 килограми марихуана, потоа следуваат Србија со регистрирани 9 случаи со запленети 450,726 килограми марихуана, во Бугарија се регистриран 3 случаи со запленети 237,095 килограми марихуана и во Република Македонија се регистрирани 3 случаи, при што се запленети 158,957 килограми марихуана.

Според достапните податоци, како и во претходните години, во 2015 година најголемата количина на марихуана е запленета во Албанија.

Во Република Македонија како земја транзит на трговија со марихуана во 2014 година се регистрирани 8 случаи со запленети 206.704 кг марихуана, а во 2015 година 3 случаи со запленета количина од 158,957 кг марихуана.[145]

[145] Report on drug seizures in Southeast Europe for 2015, стр. 59 и 46

Грција е земја крајна дестинација на марихуана според Извештаите на СЕЛЕК во 2015 година со регистрирани 25 случаи на заплена на 865,890 килограми марихуана.

Низ Македонија поминува Балканската рута која води кон Турција (Албанија-Македонија-Грција-Турција). На граничниот премин Табановце во 2015 година на релација Македонија-Србија се регистрирани 6 случаи на запленета марихуана со вупна количина од 19,092 кг. Во 2015 година 19 македонски државјани се инволвирани во меѓународна трговија со марихуана, од кои по еден македонски државјанин во Албанија, Русија и Бугарија и 13 македонски државјани во Македонија. Во 2015 година како одгледувачи на канабис се регистрирани 48 државјани на Република Македонија.

Според извештаите на СЕЛЕК во однос на запленетите количества на синтетичка дрога во 2015 година во Југоисточна Европа, регистрирани се 1.339 случаи на вкупно запленети 115,730 килограми амфетамин, 5.939 случаи на запленети 1,930.886 килограми екстази и 2.093 случаи на запленети 261,834 килограми метаамфетамин, со вкупната вредност околу 1 милион евра за амфетамин, 80 милиони евра за екстази и 5 милиони евра за метамфетамин.

Во Република Македонија компаративно во 2014 година регистрирани се 31 случај на вкупно запленети 1.174 кг амфетамин, а во 2015 година регистрирани се 39 случаи со вкупно запленети 0.466 кг амфетамин. Во однос на заплената на екстази во 2014 година запленети се 0.330 кг екстази, а во 2015 година 0.103 кг екстази. Во 2014 година заплената на метамфетаминот во Македонија изнесува 0.040 кг, а во 2015 година 0.070 кг метамфетамин.[146]

Со координирана соработка на земјите членки на СЕЛЕК во борба против криминалитетот со поврзан со злоупотреба на дрога во 2015 година во Република Македонија откриена е лабораторија за производство на амфетамин, при што е уапсен македонски државјанин. Лабораторијата била лоцирана во стан во Скопје каде биле пронајдени различен спектар на забранети супстанции: 85 апчиња и 79.23 грама мешавина на амфетамин и метамфетамин, 9 таблети метамфетамин, 17.36 грама амфетамин, 31.47 грама марихуана, 4.67 грама семе, како и 78 грама Levamizol лек кој се користи во ветеринарната медицина за лекување на цревни паразити. За производство на таблети е употребени рачно изработени направи „squeezers“ (под притисок) во облик на цилиндар, на кои имало видливи логоа.

[146] Ибид, стр. 59

Во координирана соработка на земјите членки на СЕЛЕК, Албанија, Македонија, Србија, Турција и ДЕА е изведена акцијата ВОДНО/Chema во 2015 година со која е пресечен синџир на трговијата со марихуана и хероин со крајна дестинација кон Западна Европа. Акцијата била успешно изведена, при што биле уапсени 17 лица и запленети хероин, кокаин, марихуана и канабис. Оваа заедничка истрага била наградена со трета награда за второто полугодие на 2015 година од страна на Комитет за награди на СЕЛЕК.[147]

[147] Ибид, стр. 79

## ДЕЛ VI
## ПРЕВЕНТИВЕН МОДЕЛ ЗА БОРБА ПРОТИВ КРИВИЧНИТЕ ДЕЛА ПОВРЗАНИ СО ЗЛОУПОТРЕБА НА ДРОГА

### 1. Превенција од злоупотреба на дрога

Превенцијата игра важен дел во борбата против секој вид на криминалитет. Кога станува збор за превенција од кривичните дела поврзани со злоупотребата на дрога, особено вежен е мултидисциплинарниот пристап. Тоа значи дека проблемот треба да се стесне од сите страни за да може да се очекува позитивни резултати. Она на кое што најпрво треба да се сврти вниманието се ранливите групи и потенцијалните сторители на овие дела. Лицата кои консумираат дрога или се во некоја од ранливите групи се првата алка од синџирот на превенцијата.

Кога акцентот е ставен на лицата кои користат дрога и потенциалните корисници на дрога, треба да се превземат мерки за искоренување на навиката за земање на дрога и одвраќање од идејата за земање на дрога. Кај лицата кои се веќе корисници на дрога потребно е враќање на свеста кај нив за штетните последици од консумирање на дрога како за нив, така и за нивните блиски и околината. Ова бара многу напор и трпеливост. Истрајноста е клучниот елемент кој треба да го поседува оној кој што ќе се обиде да го одврати корисникот од земање на дрога во иднина. Најпрво треба да се почне со намалување на штетите од употреба на дрога. Програмите за намалување на штети се дефинираат како збир на активности, на програми и на политики насочени кон намалување на здравствените, на социјалните и на економските последици од употребата на droги на индивидуално, на локално и на општествено ниво.

Програмите за намалување на штети подразбираат: делење на презервативи, едукација и советување, тестирање за ХИВ/ СИДА, како и услуги од повеќе видови стручни кадри – теренски работници, медицински лица, социјални работници, психолози и правници. [148]

Главната цел на овие програми е намалување на штетите од употреба на дроги на лично и на општествено ниво. Во литературата под истиот термин,

[148] Деков, В., Иднината на програмите за намалување на штети од употреба на дроги во Република Македонија, Анализа на активностите и на буџетите на програмите за намалување на штети, Здружение ХОПС – Опции за здрав живот Скопје, Скопје, 2015, стр. 9

покрај програмите за размена на стерилен прибор за инјектирање, најчесто се опфаќаат и супституциските програми за третман на зависноста од droги, пред сè, третманот со метадон, со бупренорфин и со медицински хероин, како и собите за употреба на дроги. Размената на стерилен прибор за инјектирање и делењето на презервативи се особено важни бидејќи на тој начин се намалува опасноста од пренесување на ХИВ/СИДА и други сексуално и крвно преносливи болести. Самата размена на стерилен прибор и кондоми не значи ништо, доколку не е проследено со повторно собирање на искористениот материјал и уништвање на истиот во соодветни печки за медицински отпад во согласнот со законските регулативи. Колку е поголема информираноста кај корисниците на дрога за вакви можности толку е помала веројатноста да дојде до штетните последици кои ги носи консумирањето на дрогата. Вклучувањето на стручни лица во целиот овој процес на превенција е од особена важност, особено при делење совети кај корисниците за дрога за долготрајно и неправилно инјектирање на дроги, советување и едукација за одржување на здравјето, мотивирање за третман и препраќање до соодветните здравствени институции. За да имаме успешна превенција не треба на лицата кои користат дрога да се гледаат како непријатели на општеството, туку напротив на нив им е потребен пристап дека се разбрани од околината и дека не се осудувани поради нивните постапки.

Посебен сегмент во превентивниот модел е грижа за децата кои консумираат дрога. Проблемот со дрогата е присутен кај целата популација. За жал, децата не се изоставени од овој порок. Дека проблемот со дрогата е присутен и кај децата го вклучува алармот на уште повисоко ниво дека потребно е сериозен пристап и брза реакција при самите почетоци на консумирање дрога. За успешен третман на децата примарно е вклучување на родителите и на семејството. Сепак во одделни случаи вклучување на семејството/старателот, како и обезбедување на согласност од нив нема да биде возможно. Според експертите од НТА - Англиската агенција за третман на злоупотреба на дроги, во случаите кога децата не сакаат нивните родители/старатели да знаат дека тие бараат асистенција и помош поради употреба на дроги, и тоа е за нивен најдобар интерес, тогаш нивната желба треба да се земе предвид и третманот да го добиваат во потполна анонимност и доверливост. Кај децата кои се вклучени во борбата со дрога, најважно е да им се обезбеди континуирана грижа за да се избегне рецидивизмот. Имено, периодот по завршување на кој било третман е период со висок ризик за

рецидив, затоа е потребна продолжена, континуирана грижа по завршувањето на секој третман. Вакви програми можат да бидат групи за самопомош, групи за личен развој, групи за превенција на рецидиви, АА и НА групи (алкохол и наркотикс анонимус групи), групи за професионален и за личен развој, програми за домување и сл.

Програмите за деца треба да бидат одвоени од програмите за возрасни и да овозможуваат тие да не доаѓаат во контакт со возрасните корисници. [149] Програмите за деца треба да имат добра пристапност и да се лесно прифатливи и разбирливи за децата. Не треба децата да се мешаат со возрасните корисници на дрога, ниту пак да се поистоветуваат, ниту во третманите, ниту во програмите за превенција и за спречување на рецидивизам.

## 2. Превенција од рецидивизам кај кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога

Главна цел на превенцијата од рецидивизам е да се реши проблемот со рецидивизмот, како и да се генерираат техниките за спречување и управување со оваа појава. Врз основа на когнитивно-бихевиоралната рамка, превенцијата од рецидивизам бара да се идентификуваат високо ризичните ситуации во кои индивидуата е подложена на повратништво и да ги користи когнитивните и бихевиралните стратегии за превенција и справување со идни повратништва во слични ситуации.

Превенцијата од рецидивизам може да биде објаснета како терцијална превентивна стратегија со две специфични цели[150]:

1) спречување на почетен пропаст и одржување на апстиненција, со цел намалување на штетите кои ги носи оваа појава; и

2) обезбедување менаџмент (управување) доколку дојде до прекин, за да се спречи понатамошно повратништво.

Крајна цел е да се обезбедат вештини за целосна превенција од рецидивизам, без оглед на ситуацијата или заканувачките ризик фактори.

---

[149] Деков, В., Игњатова, Л., Водич за третман и за грижа на децата кои употребуваат дроги, Здружение ХОПС-Опции за здрав живот Скопје, Скопје, 2014, стр.6

[150] Galan, M., Dennis, M. D., Relapse Prevention - Maintenance strategies in the treatment of addictive behaviors, Second Edition, The Guilford Press, New York, 2008, стр. 1

Мотивацијата може да се поврзе со процесот на рецидивизам во два различни начини (правци): мотивација за позитивна промена во однесувањето и мотивација да се вклучи во проблематично однесување. Oxford English Dictionary ја дефинира мотивацијата како „свесни или несвесни стимуланси за дејствување кон посакуваните цели, обезбедени од страна на психолошки или социјални фактори; она што дава цел или насока на однесување“. Користејќи ги погоренаведените правци на мотивацијата, првиот начин би бил мотивација на стимулирање на акција кон апстиненција или ограничување на употребата на дрога, а вториот сосем спротивното, вклучување во навиките и стимулирање за земање дрога.

Многу е тенка линијата помеѓу овие два типа на мотивација, бидејќи многу често при обиди да се стимулира акција за оттргнување од користење на дрога, може да се постигне спротивен ефект, како резултат на несоодветен начин на мотивирање или предозираност со мотивирачки факти. Затоа при мотивирање на зависниците да се борат против користењето на дрога, треба да се внимава и точно да утврди кои биле причините поради кои некое лице посегнало по дрога. Начинот на мотивација не треба да е еден и единствен за сите случаеви, туку напротив секој зависник треба да се мотивира со нешто за што најмногу е заинтересиран и за кои има самиот желба да направи нешто позитивно.

Соочувањето или справувањето е круцијален фактор во предвидувањето и превенирањето на рецидивизмот. Самопризнавањето на зависникот дека тој веќе има проблем со користење дрога е чекор напред во борбата со дрогата. Тоа значи дека свесноста за дрогата и нејзината штетност за сите не е во целост нарушена и дека има можност за одвраќање од користење на дрога и здрава подлога за вложување труд за борба против дрогата.

Емоционалната состојба на лицата кои консумираат дрога е особена важна во процесот на превенција и борба со злоупотреба на дрогата. Често пати, расположението на лицата кои консумираат дрога се менува и тоа треба да се сфати како нешто нормално во напорите за одвраќање од навиките на користење дрога. Стручните лица кои прават напори за спречување на рецидивизам не треба да се откажат при првата емоционална нестабилност на лицето кое консумира/ло дрога, туку во тој момент треба целосно да се посветат и да се обидат на секаков начин да го вратат позитивниот став и самодовербата кај тоа лице, за да не се врати на старите навики и да попчне пак да консумира дрога.

Желбата за здрав живот и присутност во нормалниот општествен живот е застапена кај секој човек. Во одреден период некои желби ги потиснуваат другите желби, но тоа не значи дека тие не постојат. Таков е случајот и со зависниците од дрога. Колку и да изгледа дека кај нив не постои желба да се излечат и да излезат од животот во кој моментално се наоѓат, тоа не е така. Тие не се свесни дека таа желба е потисната кај нив и свеста за нормалното функционирање е доведена во прашање. Во ваков случај треба да се работи на извлекување на површина на таа потисната желба и зголемување на самодовербата и свесноста дека моменталната состојба е грешка и за самиот зависник и за околината. Да му се даде на знаење на еден зависник дека иднината зависи само од него и дека само тој може да го смени правецот во кој се движи неговиот живот може да ја разгори желбата да направи нешто корисно и за себе и за целото општество. Потенцирајќи позитивни практични примери, кои зависникот може сам да ги види е од осовено значење за испливување на желбата за нормален живот и вклучување во секојдневните активности без да има потреба од консумирање дрога.

Факт е дека зависниците од дрога не можат сами да се борат со овој проблем. За да можат да успеат да се изборат во овој проблем потребна им е поддршка од стручни лица. Меѓутоа дадената помош од стручните лица не би била ништо ако не е поткрепена со поддршка од блискиот круг на луѓе на зависниците. Во целокупниот процес на борба со злоупотреба на дрогата треба да се вклучат и семејствата, училиштата, друштвото и сите кои на некој начин би можеле да влијаат врз однесувањето на зависниците и врз нивното расудување. Секој од блиското опкружување на зависниците може да даде свој придонес во борбата на зависниците со дрогата, колку и да изгледа незначаен во одреден момент.

## 3. Превентивен модел за борба против злоупотребата на дрога

Не постои унифициран модел за борба против злоупотреба на дрога, бидејќи е речиси невозможно да се изработи модел кој би одговарал на сите сегментии и кој би го дал посакуваниот резултат во борбата со злоупотреба на дрога. При борба против злоупотребата на дрога, не може да се користи еден пристап за секој проблем. Во предвид треба да се земат сите околности, почнувајќи од возраста на корисниците на дрога па се до степенот на нивната

зависност, како и факторите кои придонеле поединците да се одлучат да консумираат дрога. При борба со ваков специфичен вид на криминалитет, да се открие причината која довела до состојба на користење на дрога, значи чекор напред во борбата со овој вид криминалитет. Секој случај сам по себе е различен и не треба да се поситоветува со други случаи кои навидум изгледаат слични, бидејќи тоа може да не го даде очекуваниот резултат.

Моделот за борба против злоупотреба на дрогата треба да опфати мерки и активности за превенција од консумирање на дрога, мерки за одвраќање од користење дрога кај зависниците, како и превентивни и репресивни мерки за сторителите на кривични дела поврзани со злоупотреба на дрога. Во сите модели за борба против злоупотребата на дрога, несомнено задолжително е меѓусебната соработка на субјектите кои се вклучени во борбата против овој вид криминалитет и нивна координација. Координираното и планско постапување, проследено со меѓусебна комуникација и соработка со орагните кои се вклучени во борбата против злоупотребата на дрога, се клуч за успех во борбата со злото на денешнината.

Погрешно би било доколку превенцијата од злоупотреба на дрога се гледа поединечно од страна на секој општествен чинител кој треба да учествува во спречувањето на злоупотребата на дрога. Тоа значи дека сите општествени чинители, секој во својата област, да понудат мерки и активности за спречување на оваа појава. Откако секој субјект ќе понуди свои мерки треба да се пристапи на согледување на проблемот како една целина, која ќе вклучи мултидисциплинарен пристап, со синхронизација меѓѕ различните области, а се со цел да се дојде до успешен модел за превенција од злоупотреба на дрога. При утврдување на моделот треба да се води грижа за можностите и финансиите кои стојат на располагање, со цел да се избегне моделот да доживее неуспех, со што би останал само на хартија, а во пракса да не постои реална можност да се примени. Единствено решение е превенцијата од злоупотреба на дрога да се спроведе во најшироки општествени рамки, со една општствена програма и ангажман на сите оние кои што може да дадат свој придонес: семејството, образовните институции, медиумите за јавно информирање, полицијата, царината, специјализираните медицински и други здравствени установи, локалната самоуправа, воените

органи, социјалните органи, научните институции, здруженијата на граѓани и други.[151]

Семејството е примарниот фактор во спречување на злоупотребата на дрога, бидејќи тоа е на првата линија во креирањето на животните навики кај детето. Развојот на детето многу зависи и од меѓусебниот однос помеѓу членоите во семејството. Недоволната фрижа или недоволната посветеност на родителите кон децата може да предизвика негативни последици во однесувањето на детето, а со тоа и зголемување на можноста за употреба на дрога. Формирањето на навики за здрав живот, спортувањето, некористењето на алкохол и цигари, е особено важно во развојот на детето и намалување на љубопитноста да посегне по нелегални супстанци. За да можат родителите да се справат со злоупотребата на дрога, прво ите треба да се запознаени со тој проблем, да можат да ги препознаат консуматорите на дрога и да ги знаат штетните последици од користењето на дрога. На тој начин ќе можат навреме да влијаат врз однесувањето на своите деца и полесно да се справат со настанатите штетни последици. Родителите чии деца веќе посегнале по дрога, треба да имаат можност за посета на центрите за социјална работа со цел да добијат инструкции како најдобро да се справат во такви ситуации, бидејќи негативната реакција и осуда од страна на родителите може да предизвика зголемување на штетните последици и уште поголемо искривување во расудувањето кај лицата кои консумираат дрога.

Семејството и образовните институции треба да се во постојана соработка кога станува збор за злоупотребата на дрога. Во училиштата треба да се вметнат програми за превенција од дрога. Самото министерство за образование треба да утврди програми кои ќе се спроведат во текот на учебната година. Тие програми би вклучиле предавања, трибини, работилници кои би ги поттикнале младите да размислуваат во позитивна насока и да им го подигнат нивото на свест за негативните последици од консумирањето на дрога. Во тие програми, освен наставниот кадар, треба да се вклучат и експерти од повеќе области за да може учениците да ја согледат сериозноста на овој проблем. Имајќи во предвид дека старосната граница на лицата кои консумираат дрога е видно пониска од порано, со вакви порграми е потребно да се почне уште во основно образование и тие да се соодветни на возраста на децата на кои им е упатена пораката со цел да можат

[151] Буџакоски, С., Превенција од злоупотреба на дрогата, Летра-Охрид, Охрид, 2002, стр. 192

да го разберат проблемот со консумирање дрога и шетните последици уште во раната возраст.

Во време кога технологијата е на високо ниво и достапноста на информации е отворена, медиумите имаат непроценливо значење во рассудувањето и свеста кај луѓето. Тоа особено е изразено кога станува збор за злупотребата на дрога. Во медиумите често се објавуваат информации за кривичните дела настанати како последица од консумирање дрога. Доколку при такви информации, акцентот е ставен на штетните псоледици од консумирање дрога, може да има ефект на одвраќање од користење дрога, но тоа не е доволно. Потребни се јасни пораки за штетата која ја предизвикува употребата на дрога. Преку постојани кампањи против злоупотребата на дрога, може да дојде до појава на свест кај сите граѓани, почнувајќи од најмалите па се до повозрасните, бидејќи дрогата не поснава старосни граници.

Вклучувањето на националните институции во целокупниот процес на превенција е од круцијално значење, бидејќи сите проценки кои се потребни за утврдување на модел на превенција од злоупотреба на дрога треба да се засноваат на научно докажани факти. Во Република Македонија се прават напори за такви истражувања, но главно се направени од страна на невладиниот сектор, што е недоволно за да се поткрепи тој синџир на податоци кои се неопходни за креирање на модел на превенција од злоупотреба на дрогата. Кога се вели дека е недоволно, се мисли на непостоењето на единствен регистер на лица консуматори на дрога. Во Република Македонија од 2010 година нема податоци за бројка на лица кои се зависници. Тоа еден голем недостаток во самата борбата против злоупотреба на дрогата и во креирањето на политика за превенција од дрога. Без овој податок не може да се направи реална проценка ниту за материјалните средства кои се потребни за спроведување на еден успешен модел на превенција пд злоупотреба на дрогата.

Центрите за социјална работа, во процесот на превенција од злоупотреба на дрогата, треба да бидат насочени во повеќе правци. Тоа значи дека нивната работа не треба да се ограници само во нивните службени простории, туку треба да се движи во насока на длабока соработка со училиштата, семејствата, медиумите, полицијата и другите субјекти кои се вклучени во борба против злоупотребата на дрога. За жал, досегашната пракса покажала дека центрите за социјална работа повеќе се активни на полето на ресоцијализација на

корисниците на дрога, а во процесот на превенција се, или минимално вклучени или воопшто не се вклучени.

Царината, полицијата и локалната самоуправа исто така имаат големо значење во моделот за превенција од злоупотреба на дрогата. Многу е полесно и поефикасно да се соберат информации за некој проблем на ниво, отколку на ниво на цела држава. Затоа локалната самоуправа никако не треба да се изостави кога станува збор за превенција од злоупотреба на дрога. Локалната самоуправа во координација со полицијата треба да земе активно учество во процесот на превенција преку разни кампањи против дрогата, вклучување на малдите во активности за подигање на свест за штетните последици од дрога кај целеата популација, вклучување во спортски активности и сл. Царината и граничната полиција се на првата линија во процесот на спречување на илегална трговија со дрога и недомнено ја игра и најзначајната улога во превенција од злоупотреба на дрогата.

## ДЕЛ VII

## РЕЗУЛТАТИ ОД ЕМПИРИСКОТО ИСТРАЖУВАЊЕ

### 1. Емпириско-статистички преглед на сторители на кривични дела поврзани со злоупотребата на дрога

Заради проверка на поставените хипотези во докторскиот труд, а во насока на исполнување на генералната и практичните цели на истражувањето, неминовно е да се разгледаат, интерпретираат и анализираат статистичките податоци за пријавени, обвинети и осудени полнолетни и малолетни сторители на двете кривични дела поврзани со злоупотребата на дрога (кривично дело Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори и кривично дело Овозможување на употреба на наркотични дроги).

Со оглед на тоа што овие две кривични дела учествуваат со повеќе од 95% во рамките на главата Кривични дела против здравјето на луѓето, во продолжение најпрво ќе бидат разгледани податоците за пријавените, обвинетите и осудените лица за оваа глава кривични дела согласно официјалните годишни публикации од Државниот завод за статистика на Република Македонија[152] за истражуваниот десетгодишен временски период (2006-2015 година), со цел преку ваквите податоци да може да се извлечат соодветни заклучоци за овие кривични дела, нивните сторители, како и за ефикасноста во процесот на откривање, разјаснување и докажување на кривичните дела поврзани со злоупотребата на дрога од страна на органите за кривичен прогон.

### 1.1. Полнолетни сторители на Кривични дела против здравјето на луѓето

***Табела 7.1.*** *Преглед на пријавени (ПР), обвинети (ОБ) и осудени (ОС) полнолетни лица за вкупниот криминалитет и за Кривични дела против здравјето на луѓето (КДПЗЛ) во Република Македонија во периодот 2006-2015 година*

| | | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | просек | СЀ | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ПР** | **Вкупно** | 23.514 | 23.305 | 26.409 | 30.404 | 30.004 | 31.284 | 31.860 | 34.436 | 37.164 | 26.069 | **29.445** | **294.449** | |
| | **КДПЗЛ** | 320 | 412 | 404 | 457 | 627 | 590 | 536 | 596 | 556 | 554 | **505** | **5.052** | **1,72%** |

[152] Државен завод за статистика на Република Македонија, Статистички преглед: население и социјални статистики, Сторители на кривични дела во 2006...2015 година, Скопје, јули 2007...2016

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ОБ** | **Вкупно** | 11.317 | 11.648 | 11.310 | 11.905 | 11.239 | 12.219 | 11.311 | 12.297 | 13.699 | 11.951 | **11.890** | **118.896** | |
| | **КДПЗЛ** | 257 | 243 | 302 | 324 | 366 | 554 | 415 | 508 | 518 | 459 | **395** | **3.946** | **3.32%** |
| **ОС** | **Вкупно** | 9.280 | 9.639 | 9.503 | 9.801 | 9.169 | 9.810 | 9.042 | 9.539 | 11.683 | 10.312 | **9.778** | **97.778** | |
| | **КДПЗЛ** | 233 | 231 | 275 | 296 | 343 | 493 | 383 | 456 | 478 | 427 | **362** | **3.615** | **3,70%** |

(извор: Државен завод за статистика на Република Македонија)

Табела 7.1. го прикажува компаративниот преглед на пријавени, обвинети и осудени полнолетни лица за вкупниот криминалитет и за Кривичните дела против здравјето на луѓето во Република Македонија во периодот 2006-2015 година. Тука, може да се забележи дека просечно во десетгодишниот истражуван временски период биле пријавени 29.445 лица, од нив биле обвинети 11.890, а осудени 9.778 лица за вкупниот криминалитет (сите кривични дела од Кривичниот законик на Република Македонија). Од друга страна, за Кривичните дела против здравјето на луѓето просечно во десетгодишниот истражуван временски период биле пријавени 505 лица, од нив обвинети 395, а осудени 362 лица. Процентуално, тоа значи дека 1,72 % од бројот на пријавени лица за вкупниот криминалитет отпаѓа на пријавените лица за Кривичните дела против здравјето на луѓето, 3,32 % отпаѓа на обвинетите, а 3,70 % на осудените лица за овие кривични дела. Во однос на филтрацијата низ органите за кривичен прогон, соодносот е следен: 78 % од пријавените лица за овие кривични дела биле обвинети, а дури 92 % од обвинетите лица биле и осудени (што претставува 72 % од пријавените лица).

***Табела 7.2.*** *Преглед на пријавени полнолетни лица за Кривични дела против здравјето на луѓето (КДПЗЛ) во Република Македонија во периодот 2006-2015 година според подносителот на кривичната пријава*

| | | **2006** | **2007** | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **просек** | **ВКУПНО** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | | **СЀ** | **%** |
| **оштетен граѓанин** | | 9 | 5 | 21 | 10 | 15 | 11 | 8 | 21 | 20 | 4 | **12** | **124** | **2,45** |
| **друг граѓанин** | | 3 | 1 | 0 | 1 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **1** | **7** | **0,14** |
| **непосредно сознание на ЈО** | | 0 | 0 | 0 | 1 | 4 | 9 | 2 | 5 | 4 | 2 | **3** | **27** | **0,53** |
| **инспекција** | | 2 | 8 | 3 | 1 | 4 | 1 | 0 | 1 | 3 | 0 | **2** | **23** | **0,45** |
| **МВР** | | 301 | 395 | 376 | 435 | 591 | 556 | 510 | 550 | 515 | 538 | **477** | **4767** | **94,17** |
| **други управни органи** | | 5 | 1 | 4 | 9 | 7 | 3 | 13 | 17 | 16 | 7 | **8** | **82** | **1,62** |
| **друго** | | 0 | 2 | 0 | 0 | 4 | 10 | 3 | 2 | 8 | 3 | **3** | **32** | **0,63** |
| **ВКУПНО** | **СЀ** | **320** | **412** | **404** | **457** | **627** | **590** | **536** | **596** | **566** | **554** | **506** | **5.062** | |
| | **%** | **6,32** | **8,14** | **7,98** | **9,03** | **12,39** | **11,66** | **10,59** | **11,77** | **11,18** | **10,94** | | | **100** |

(извор: Државен завод за статистика на Република Македонија)

Табела 7.2. го прикажува прегледот на пријавени полнолетни лица за Кривичните дела против здравјето на луѓето во Република Македонија во периодот 2006-2015 година според подносителот на кривичната пријава. Како и

што се очекува, овие кривични дела во најголем број (94 %) се пријавуваат преку Министерството за внатрешни работи, како резултат на оперативната дејност на полицијата, а многу мал дел отпаѓа на останатите субјекти, како што е оштетен граѓанин, другите управни органи, јавниот обвинител преку негово непосредно сознание и сл.

***Табела 7.3.*** *Преглед на пријавени полнолетни лица за Кривични дела против здравјето на луѓето (КДПЗЛ) во Република Македонија во периодот 2006-2015 година според траењето на притворот*

| | | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | просек | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | | СЀ | % |
| до 3 дена | | 1 | 0 | 5 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 10 | 1,34 |
| 3-15 дена | | 18 | 23 | 11 | 20 | 17 | 8 | 6 | 17 | 0 | 3 | 12 | 123 | 16,53 |
| 15 дена-1 месец | | 16 | 29 | 23 | 30 | 32 | 11 | 29 | 42 | 20 | 13 | 25 | 245 | 32,93 |
| 1-2 месеци | | 3 | 15 | 6 | 10 | 15 | 17 | 23 | 9 | 9 | 22 | 13 | 129 | 17,34 |
| 2-3 месеци | | 0 | 1 | 6 | 20 | 6 | 20 | 35 | 17 | 16 | 4 | 13 | 125 | 16,80 |
| над 3 месеци | | 8 | 9 | 12 | 3 | 45 | 24 | 0 | 8 | 3 | 0 | 11 | 112 | 15,05 |
| ВКУПНО | СЀ | 46 | 77 | 63 | 86 | 115 | 80 | 93 | 93 | 49 | 42 | 74 | 744 | |
| | % | 6,18 | 10,35 | 8,47 | 11,56 | 15,46 | 10,75 | 12,50 | 12,50 | 6,59 | 5,65 | | | 100 |

(извор: Државен завод за статистика на Република Македонија)

Прегледот на пријавени полнолетни лица за Кривичните дела против здравјето на луѓето во Република Македонија во периодот 2006-2015 според траењето на притворот е даден во табела 7.3. Па така, најчесто, притворот за пријавеното лице (изречен од страна на истражниот судија, т.е. судијата на претходна постапка) траел од 15 дена до 1 месец (во 33 % од случаите), а останатите вредности за траењето на притворот групирани според методологијата на Државниот завод за статистика се скоро еднакви (15-17 %). Во најмал број од случаите, вкупно 10, притворот траел до 3 дена.

***Табела 7.4.*** *Преглед на пријавени полнолетни лица за Кривични дела против здравјето на луѓето (КДПЗЛ) во Република Македонија во периодот 2006-2015 година според траењето на постапката*

| | | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | просек | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | | СЀ | % |
| до 1 месец | | 84 | 99 | 43 | 47 | 118 | 127 | 85 | 136 | 153 | 82 | 97 | 974 | 19,81 |
| 1-2 месеци | | 37 | 55 | 74 | 133 | 126 | 120 | 158 | 119 | 103 | 104 | 103 | 1.029 | 20,93 |
| 2-4 месеци | | 49 | 50 | 68 | 83 | 128 | 94 | 126 | 98 | 63 | 132 | 89 | 891 | 18,12 |
| 4-6 месеци | | 21 | 40 | 38 | 45 | 64 | 81 | 60 | 70 | 72 | 56 | 55 | 547 | 11,12 |
| 6 мес.-1 год. | | 48 | 71 | 90 | 76 | 118 | 98 | 53 | 72 | 55 | 84 | 77 | 765 | 15,56 |
| над 1 год. | | 70 | 87 | 83 | 68 | 67 | 60 | 45 | 87 | 95 | 49 | 71 | 711 | 14,46 |
| ВКУПНО | СЀ | 309 | 402 | 396 | 452 | 621 | 580 | 527 | 582 | 541 | 507 | 492 | 4.917 | |
| | % | 6,28 | 8,18 | 8,05 | 9,19 | 12,63 | 11,80 | 10,72 | 11,84 | 11,00 | 10,31 | | | 100 |

(извор: Државен завод за статистика на Република Македонија)

Времетраењето на кривичната постапка за пријавените полнолетни лица за Кривичните дела против здравјето на луѓето во Република Македонија во периодот 2006-2015 година е дадено на табела 7.4. Од податоците може да се

воочи дека во повеќе од половина од случаите (59 %) кривичната постапка траела до 4 месеци. Во 14 % од случаите, таа траела повеќе од 1 година, меѓутоа без понатамошни конкретни податоци до кога се завршила.

***Табела 7.5.*** *Преглед на обвинети полнолетни лица за Кривични дела против здравјето на луѓето (КДПЗЛ) во Република Македонија во периодот 2006-2015 година според траењето на притворот*

| | | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | просек | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | | СЀ | % |
| до 3 дена | | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | **0** | **2** | **0,29** |
| 3-15 дена | | 8 | 4 | 9 | 3 | 2 | 7 | 4 | 2 | 7 | 1 | **5** | **47** | **6,73** |
| 15 дена-1 месец | | 12 | 15 | 2 | 20 | 11 | 18 | 1 | 7 | 15 | 11 | **11** | **112** | **16,05** |
| 1-2 месеци | | 9 | 17 | 15 | 17 | 6 | 15 | 5 | 6 | 8 | 5 | **10** | **103** | **14,76** |
| 2-3 месеци | | 3 | 10 | 10 | 10 | 4 | 5 | 1 | 4 | 8 | 4 | **6** | **59** | **8,45** |
| 3-6 месеци | | 8 | 4 | 12 | 15 | 6 | 10 | 7 | 17 | 16 | 13 | **11** | **108** | **15,47** |
| над 6 месеци | | 16 | 21 | 8 | 12 | 26 | 38 | 35 | 44 | 36 | 31 | **27** | **267** | **38,25** |
| **ВКУПНО** | **СЀ** | **56** | **71** | **56** | **77** | **56** | **93** | **53** | **80** | **90** | **66** | **70** | **698** | |
| | **%** | **8,02** | **10,17** | **8,02** | **11,03** | **8,02** | **13,32** | **7,59** | **11,46** | **12,89** | **9,46** | | | **100** |

(извор: Државен завод за статистика на Република Македонија)

Времетраењето на притворот за обвинетите полнолетни лица за Кривичните дела против здравјето на луѓето во Република Македонија во периодот 2006-2015 година е дадено на табела 7.5. Во најголем број од случаите (38 %), тој траел над 6 месеци, а остатокот отпаѓа на останатите групи, така што најмала бројка на случаи се забележуваат кај времетраењето до 3 дена, како и од 3 до 15 дена.

***Табела 7.6.*** *Преглед на осудени полнолетни лица за Кривични дела против здравјето на луѓето (КДПЗЛ) во Република Македонија во периодот 2006-2015 година според полот*

| | | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | просек | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | | СЀ | % |
| мажи | | 226 | 226 | 266 | 282 | 337 | 462 | 361 | 444 | 464 | 414 | **348** | **3.482** | **96,32** |
| жени | | 7 | 5 | 9 | 14 | 6 | 31 | 22 | 12 | 14 | 13 | **13** | **133** | **3,68** |
| **ВКУПНО** | **СЀ** | **233** | **231** | **275** | **296** | **343** | **493** | **383** | **456** | **478** | **427** | **362** | **3.615** | |
| | **%** | **6,45** | **6,39** | **7,61** | **8,19** | **9,49** | **13,64** | **10,59** | **12,61** | **13,22** | **11,81** | | | **100** |

(извор: Државен завод за статистика на Република Македонија)

Табела 7.6. го прикажува прегледот на осудени полнолетни лица за Кривични дела против здравјето на луѓето во Република Македонија во периодот 2006-2015 година според полот. Произлегува дека овие кривични дела се извршуваат главно од страна на машки сторители, со оглед на тоа што дури 96 % од осудените лица се мажи. Просечно, во текот на десетгодишниот истражуван временски период, по 348 мажи и 13 жени биле осудувани за овие кривични дела.

***Табела 7.7.*** *Преглед на осудени полнолетни лица за Кривични дела против здравјето на луѓето (КДПЗЛ) во Република Македонија во периодот 2006-2015 година според припадноста кон етничка заедница*

| | | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | просек | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | | СЀ | % |
| **Македонци** | | 146 | 125 | 171 | 142 | 202 | 266 | 223 | 223 | 246 | 188 | **193** | **1.932** | **53,44** |
| **Албанци** | | 51 | 68 | 62 | 79 | 88 | 118 | 80 | 124 | 113 | 105 | **89** | **888** | **24,56** |
| **Турци** | | 12 | 12 | 16 | 21 | 11 | 16 | 10 | 7 | 15 | 12 | **13** | **132** | **3,65** |
| **Роми** | | 12 | 15 | 17 | 29 | 21 | 49 | 21 | 22 | 22 | 27 | **24** | **235** | **6,50** |
| **Власи** | | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | **2** | **0,06** |
| **Срби** | | 0 | 5 | 1 | 0 | 2 | 3 | 2 | 1 | 6 | 1 | **2** | **21** | **0,58** |
| **Бошњаци** | | 1 | 2 | 1 | 6 | 5 | 4 | 4 | 3 | 5 | 6 | **4** | **37** | **1,02** |
| **останати** | | 5 | 2 | 2 | 3 | 7 | 5 | 4 | 2 | 8 | 9 | **5** | **47** | **1,30** |
| **непознато** | | 6 | 2 | 5 | 16 | 6 | 31 | 39 | 74 | 63 | 79 | **32** | **321** | **8,88** |
| **ВКУПНО** | СЀ | **233** | **231** | **275** | **296** | **343** | **493** | **383** | **456** | **478** | **427** | 362 | **3.615** | |
| | % | **6,45** | **6,39** | **7,61** | **8,19** | **9,49** | **13,64** | **10,59** | **12,61** | **13,22** | **11,81** | | | **100** |

(извор: Државен завод за статистика на Република Македонија)

Прегледот на осудени полнолетни лица за Кривични дела против здравјето на луѓето во Република Македонија во периодот 2006-2015 година според припадноста кон етничка заедница е прикажан на табела 7.7. Ако ги занемариме податоците за осудените лица за кои не им е позната нивната етничка припадност, тогаш, може да констатираме дека распоредот на сторителите на овие кривични дела со извесни отстапки ја отсликува етничката припадност на граѓаните во Република Македонија. Тоа значи дека овој вид на криминалитет, не е поврзан и не зависи од етничката припадност на сторителот, што доведува до согледување дека го вршат криминалци од сите етнички заедници подеднакво.

***Табела 7.8.*** *Преглед на осудени полнолетни лица за Кривични дела против здравјето на луѓето (КДПЗЛ) во Република Македонија во периодот 2006-2015 година според возраста*

| | | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | просек | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | | СЀ | % |
| **18-20 години** | | 29 | 27 | 32 | 24 | 18 | 51 | 32 | 37 | 46 | 47 | **34** | **343** | **9,49** |
| **21-24 години** | | 61 | 66 | 60 | 61 | 94 | 112 | 79 | 110 | 118 | 88 | **85** | **849** | **23,49** |
| **25-29 години** | | 48 | 54 | 80 | 82 | 99 | 138 | 107 | 92 | 121 | 80 | **90** | **901** | **24,92** |
| **30-39 години** | | 57 | 48 | 73 | 94 | 88 | 116 | 101 | 128 | 125 | 124 | **95** | **954** | **26,39** |
| **40-49 години** | | 25 | 24 | 22 | 21 | 26 | 56 | 52 | 65 | 42 | 52 | **39** | **385** | **10,65** |
| **50-59 години** | | 2 | 7 | 6 | 7 | 7 | 17 | 11 | 10 | 15 | 16 | **10** | **98** | **2,71** |
| **60 и повеќе** | | 4 | 3 | 1 | 1 | 5 | 3 | 3 | 7 | 5 | 7 | **4** | **39** | **1,08** |
| **непознато** | | 0 | 2 | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 | 7 | 6 | 0 | **2** | **18** | **0,50** |
| **ВКУПНО** | СЀ | **233** | **231** | **275** | **296** | **343** | **493** | **383** | **456** | **478** | **427** | 362 | **3.615** | |
| | % | **6,45** | **6,39** | **7,61** | **8,19** | **9,49** | **13,64** | **10,59** | **12,61** | **13,22** | **11,81** | | | **100** |

(извор: Државен завод за статистика на Република Македонија)

Возраста на осудените полнолетни лица за Кривични дела против здравјето на луѓето во Република Македонија во периодот 2006-2015 година е прикажана на табела 7.8. Веднаш може да се воочи дека овие кривични дела ги вршат лица од сите старосни категории. Најголем дел од извршителите (75 %) се лица на возраст

од 21 до 39 години, доколку се спојат категориите на осудени полнолетни лица кои имаат највисоки процентни вредности.

***Табела 7.9.*** *Преглед на осудени полнолетни лица за Кривични дела против здравјето на луѓето (КДПЗЛ) во Република Македонија во периодот 2006-2015 година според школската подготовка*

| | | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | просек | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | | СÈ | % |
| **без школска подготовка и од 1 до 3 одд** | | 3 | 6 | 6 | 14 | 8 | 16 | 8 | 12 | 6 | 6 | **9** | **85** | **2,35** |
| **од 4 до 7 одд основно образование** | | 7 | 9 | 8 | 15 | 15 | 18 | 6 | 3 | 8 | 10 | **10** | **99** | **2,74** |
| **завршено основно образование** | | 75 | 91 | 98 | 116 | 117 | 154 | 106 | 153 | 118 | 122 | **115** | **1.150** | **31,81** |
| **завршено средно образование** | | 134 | 113 | 145 | 132 | 177 | 273 | 230 | 239 | 274 | 230 | **195** | **1947** | **53,86** |
| **завршена виша школа** | | 1 | 0 | 0 | 1 | 4 | 4 | 0 | 5 | 2 | 0 | **2** | **17** | **0,47** |
| **завршено факултетско образование** | | 5 | 4 | 7 | 5 | 14 | 8 | 6 | 18 | 17 | 16 | **10** | **100** | **2,77** |
| **непознато** | | 8 | 8 | 11 | 13 | 8 | 20 | 27 | 26 | 53 | 43 | **22** | **217** | **6,00** |
| **ВКУПНО** | СÈ | **233** | **231** | **275** | **296** | **343** | **493** | **383** | **456** | **478** | **427** | **362** | **3.615** | |
| | % | **6,45** | **6,39** | **7,61** | **8,19** | **9,49** | **13,64** | **10,59** | **12,61** | **13,22** | **11,81** | | | **100** |

(извор: Државен завод за статистика на Република Македонија)

Прегледот на осудените полнолетни лица за Кривични дела против здравјето на луѓето во Република Македонија во периодот 2006-2015 година според школската подготовка е даден на табела 7.9. Повеќе од половината извршители (54 %) имаат завршено средно образование, па следат извршителите со завршено основно образование (32 %). Остатокот отпаѓа на други категории.

***Табела 7.10.*** *Преглед на осудени полнолетни лица за Кривични дела против здравјето на луѓето (КДПЗЛ) во Република Македонија во периодот 2006-2015 година според занимањето*

| | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | просек | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | СÈ | % |
| **државни службеници и директори** | 1 | 4 | 3 | 10 | 4 | 7 | 9 | 7 | 5 | 2 | **5** | **52** | **1,44** |
| **стручњаци и научници** | 2 | 2 | 3 | 4 | 5 | 4 | 3 | 9 | 2 | 5 | **4** | **39** | **1,08** |
| **техничари и сродни работници** | 10 | 4 | 6 | 3 | 6 | 7 | 13 | 4 | 12 | 5 | **7** | **70** | **1,94** |
| **службеници** | 1 | 1 | 1 | 2 | 0 | 7 | 7 | 1 | 1 | 0 | **2** | **21** | **0,58** |
| **работници во услужни дејности и работници во продавници** | 9 | 10 | 4 | 5 | 17 | 20 | 6 | 7 | 12 | 9 | **10** | **99** | **2,74** |
| **стручни земјоделски работници** | 6 | 4 | 8 | 1 | 3 | 9 | 5 | 8 | 11 | 7 | **6** | **62** | **1,72** |
| **занимања на неиндустриски начин на** | 11 | 12 | 14 | 16 | 15 | 33 | 22 | 22 | 38 | 31 | **21** | **214** | **5,92** |

| | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **работа** | | | | | | | | | | | | | | |
| **ракувачи на машини и постројки** | | 9 | 10 | 4 | 9 | 7 | 8 | 5 | 6 | 6 | 4 | **7** | **68** | **1,88** |
| **елементарни занимања** | | 0 | 2 | 0 | 13 | 8 | 4 | 2 | 3 | 6 | 1 | **4** | **39** | **1,08** |
| **воени занимања** | | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 1 | 1 | **1** | **5** | **0,14** |
| **работници без определено занимање** | | 4 | 10 | 7 | 2 | 9 | 25 | 7 | 25 | 4 | 7 | **10** | **100** | **2,77** |
| **невработени** | | 138 | 132 | 166 | 175 | 206 | 284 | 209 | 206 | 202 | 134 | **185** | **1.852** | **51,23** |
| **пензионери** | | 3 | 4 | 1 | 0 | 4 | 2 | 2 | 1 | 5 | 3 | **3** | **25** | **0,69** |
| **издржувани лица** | | 5 | 8 | 46 | 48 | 14 | 26 | 16 | 18 | 17 | 15 | **21** | **213** | **5,89** |
| **непознато** | | 34 | 28 | 11 | 12 | 44 | 56 | 77 | 139 | 156 | 203 | **76** | **760** | **21,02** |
| **ВКУПНО** | СЀ | **233** | **231** | **275** | **296** | **343** | **493** | **383** | **456** | **478** | **427** | **362** | **3.615** | |
| | % | **6,45** | **6,39** | **7,61** | **8,19** | **9,49** | **13,64** | **10,59** | **12,61** | **13,22** | **11,81** | | | **100** |

(извор: Државен завод за статистика на Република Македонија)

Поделбата на на осудените полнолетни лица за Кривични дела против здравјето на луѓето во Република Македонија во периодот 2006-2015 година според занимањето може да се согледа преку табела 7.10. Притоа, повеќе од половината (51 %) се невработени, а остатокот е распределен помеѓу сите останати категории, така што не би можело да се извлече соодветен заклучок за некое занимање кое преовладува повеќе од другите.

***Табела 7.11.*** *Преглед на осудени полнолетни лица за Кривични дела против здравјето на луѓето (КДПЗЛ) во Република Македонија во периодот 2006-2015 година според соучесништвото*

| | | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | просек | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | | СЀ | % |
| **сам** | | 149 | 138 | 192 | 202 | 228 | 304 | 243 | 301 | 330 | 306 | **239** | **2.393** | **66,20** |
| **извршител** | | 1 | 5 | 2 | 1 | 6 | 19 | 36 | 20 | 5 | 1 | **10** | **96** | **2,66** |
| **соизвршител** | | 83 | 86 | 81 | 93 | 107 | 170 | 104 | 134 | 141 | 118 | **112** | **1.117** | **30,90** |
| **поттикнувач** | | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | **0** | **2** | **0,06** |
| **помагач** | | 0 | 2 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 1 | 2 | **1** | **7** | **0,19** |
| **ВКУПНО** | СЀ | **233** | **231** | **275** | **296** | **343** | **493** | **383** | **456** | **478** | **427** | **362** | **3.615** | |
| | % | **6,45** | **6,39** | **7,61** | **8,19** | **9,49** | **13,64** | **10,59** | **12,61** | **13,22** | **11,81** | | | **100** |

(извор: Државен завод за статистика на Република Македонија)

Табелата 7.11. го прикажува прегледот на осудените полнолетни лица за Кривични дела против здравјето на луѓето во Република Македонија во периодот 2006-2015 година според соучесништвото. Во најголем број од случаите (66 %), извршителот делото го извршил сам, а во 31 % делото го извршил заедно со друг извршител. Поттикнувањето и помагањето кај овие кривични дела не е карактеристично.

***Табела 7.12.*** *Преглед на осудени полнолетни лица за Кривични дела против здравјето на луѓето (КДПЗЛ) во Република Македонија во периодот 2006-2015 година според бројот на учесници во извршувањето на делото*

| | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | просек | ВКУПНО СЀ | ВКУПНО % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **едно лице** | 149 | 138 | 192 | 202 | 228 | 304 | 243 | 301 | 330 | 306 | **239** | **2.393** | **66,20** |
| **две лица** | 49 | 63 | 48 | 57 | 74 | 105 | 74 | 98 | 83 | 73 | **72** | **724** | **20,03** |
| **три лица** | 26 | 17 | 33 | 21 | 23 | 38 | 39 | 18 | 26 | 20 | **26** | **261** | **7,22** |
| **четири лица** | 0 | 12 | 1 | 4 | 8 | 13 | 11 | 0 | 20 | 11 | **8** | **80** | **2,21** |
| **пет и повеќе лица** | 9 | 1 | 1 | 12 | 10 | 33 | 16 | 39 | 19 | 17 | **16** | **157** | **4,34** |
| **ВКУПНО СЀ** | **233** | **231** | **275** | **296** | **343** | **493** | **383** | **456** | **478** | **427** | **362** | **3.615** | |
| **ВКУПНО %** | **6,45** | **6,39** | **7,61** | **8,19** | **9,49** | **13,64** | **10,59** | **12,61** | **13,22** | **11,81** | | | **100** |

(извор: Државен завод за статистика на Република Македонија)

Прегледот на на осудените полнолетни лица за Кривични дела против здравјето на луѓето во Република Македонија во периодот 2006-2015 година според бројот на учесници во извршувањето на делото е даден на табела 7.12. Исто како во претходната табела, и тука се гледа дека во 66 % од случаите делото го извршило само едно лице, а во останатите случаи, делото го извршил во соизвршителство. Па така, во 20 % од случаите во извршувањето на делото учествувале две лица, во 7 % од случаите учествувале три лица, во 4 % учествувале пет и повеќе лица, а во 2 % учествувале четири лица.

***Табела 7.13.*** *Преглед на осудени полнолетни лица за Кривични дела против здравјето на луѓето (КДПЗЛ) во Република Македонија во периодот 2006-2015 година според поранешните осуди*

| | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | просек | ВКУПНО СЀ | ВКУПНО % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **осудени за КДПЗЛ** | **233** | **231** | **275** | **296** | **343** | **493** | **383** | **456** | **478** | **427** | **362** | **3615** | |
| **за истовидни дела** | 28 | 29 | 26 | 41 | 51 | 91 | 25 | 32 | 62 | 78 | **46** | **463** | **43,80** |
| **за други дела** | 37 | 37 | 53 | 53 | 67 | 68 | 34 | 31 | 39 | 47 | **47** | **466** | **44,09** |
| **за истовидни и други дела** | 5 | 11 | 5 | 13 | 12 | 28 | 21 | 18 | 10 | 5 | **13** | **128** | **12,11** |
| **ВКУПНО СЀ** | **70** | **77** | **84** | **107** | **130** | **187** | **80** | **81** | **111** | **130** | **106** | **1.057** | |
| **ВКУПНО %** | **6,62** | **7,28** | **7,95** | **10,12** | **12,30** | **17,69** | **7,57** | **7,66** | **10,50** | **12,30** | **10,00** | | **100** |
| | **1,94** | **2,13** | **2,32** | **2,96** | **3,60** | **5,17** | **2,21** | **2,24** | **3,07** | **3,60** | **2,92** | | |

(извор: Државен завод за статистика на Република Македонија)

Табела 7.13. го прикажува прегледот на осудените полнолетни лица за Кривични дела против здравјето на луѓето во Република Македонија во периодот 2006-2015 година според поранешните осуди. Па така, од вкупниот број на осудени лица за овие видови на кривични дела, 30 % биле рецидивисти, т.е. имале претходна осуда. 44 % од нив биле осудени за истовидни дела, исто толкав процент биле осудени за други дела, а 12 % од нив биле осудени и за истовидни и за други дела.

## 1.2. Малолетни сторители на Кривични дела против здравјето на луѓето

***Табела 7.14.*** *Преглед на пријавени (ПР), обвинети (ОБ) и осудени (ОС) малолетни лица за вкупниот криминалитет и за Кривични дела против здравјето на луѓето (КДПЗЛ) во Република Македонија во периодот 2006-2015 година*

| | | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | просек | СЀ | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ПР | Вкупно | 1.500 | 1.229 | 1.355 | 1.519 | 1.244 | 1.163 | 1.001 | 1.005 | 972 | 772 | 1176 | 11.760 | |
| | КДПЗЛ | 8 | 6 | 18 | 12 | 14 | 11 | 16 | 8 | 23 | 20 | 14 | 136 | 1,16% |
| ОБ | Вкупно | 987 | 839 | 981 | 1.030 | 750 | 1.002 | 778 | 657 | 712 | 465 | 820 | 8.201 | |
| | КДПЗЛ | 11 | 7 | 15 | 9 | 9 | 17 | 10 | 13 | 6 | 8 | 11 | 105 | 1,28% |
| ОС | Вкупно | 844 | 676 | 715 | 748 | 547 | 722 | 556 | 473 | 461 | 348 | 609 | 6.090 | |
| | КДПЗЛ | 9 | 5 | 5 | 6 | 7 | 15 | 7 | 12 | 4 | 7 | 8 | 77 | 1,26% |

(извор: Државен завод за статистика на Република Македонија)

Компаративниот преглед на пријавени, обвинети и осудени малолетни лица за вкупниот криминалитет и за Кривичните дела против здравјето на луѓето во Република Македонија во периодот 2006-2015 година е прикажан на табела 7.14. Притоа, се воочува дека во однос на бројот на пријавени малолетни лица за вкупниот криминалитет 1,16 % отпаѓа на пријавените малолетни лица за Кривичните дела против здравјето на луѓето, тој сооднос спрема вупните обвинети малолетни лица изнесува 1,28 %, а за осудените малолетни лица е 1,26 %. Во рамките на истражуваниот десетгодишен временски период, за Кривични дела против здравјето на луѓето биле пријавени вкупно 136 малолетни лица, од кои 105 биле обвинети, а 77 биле осудени. Во однос на филтрацијата низ органите за кривичен прогон, тоа значи дека 77 % од пријавените лица биле обвинети, а 73 %, пак, од обвинетите биле осудени, што претставува 57 %, односно толкав процент на малолетни лица биле осудени, од оние кои вкупно биле пријавени дека извршиле вакви кривични дела.

***Табела 7.15.*** *Преглед на пријавени малолетни лица за Кривични дела против здравјето на луѓето (КДПЗЛ) во Република Македонија во периодот 2006-2015 година според видот на одлуката*

| | | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | просек | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | | СЀ | % |
| поднесен предлог за изречување казна-мерка | | 7 | 1 | 12 | 10 | 10 | 10 | 13 | 6 | 10 | 13 | 9 | 92 | 67,65 |
| постапката не е поведена | | 0 | 1 | 2 | 0 | 1 | 0 | 2 | 1 | 13 | 6 | 3 | 26 | 19,12 |
| подготвителната постапка е запрена | | 1 | 4 | 4 | 2 | 3 | 1 | 1 | 1 | 0 | 1 | 2 | 18 | 13,24 |
| ВКУПНО | СЀ | 8 | 6 | 18 | 12 | 14 | 11 | 16 | 8 | 23 | 20 | 14 | 136 | |
| | % | 5,88 | 4,41 | 13,24 | 8,82 | 10,29 | 8,09 | 11,76 | 5,88 | 16,91 | 14,71 | | | 100 |

(извор: Државен завод за статистика на Република Македонија)

Табела 7.15. го дава прегледот на пријавени малолетни лица за Кривични дела против здравјето на луѓето во Република Македонија во периодот 2006-2015 година според видот на одлуката. Од податоците се воочува дека во најголем број од случаите (68 %) бил поднесен предлог за изречување казна – мерка, а во останатите случаи постапката не била поведена или пак подготвителната постапка била запрена.

***Табела 7.16.*** *Преглед на пријавени малолетни лица за Кривични дела против здравјето на луѓето (КДПЗЛ) во Република Македонија во периодот 2006-2015 година според траењето на постапката*

| | | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | просек | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | | СЀ | % |
| до 1 месец | | 0 | 1 | 2 | 0 | 1 | 0 | 2 | 1 | 2 | 0 | 1 | 9 | 6,62 |
| 1-2 месеци | | 0 | 0 | 2 | 4 | 3 | 1 | 4 | 6 | 9 | 10 | 4 | 39 | 28,68 |
| 2-4 месеци | | 5 | 2 | 3 | 2 | 4 | 4 | 4 | 1 | 7 | 2 | 3 | 34 | 25,00 |
| 4-6 месеци | | 0 | 2 | 1 | 3 | 2 | 0 | 3 | 0 | 2 | 6 | 2 | 19 | 13,97 |
| 6 месеци-1 год. | | 3 | 1 | 6 | 1 | 3 | 3 | 3 | 0 | 3 | 2 | 3 | 25 | 18,38 |
| над 1 год. | | 0 | 0 | 4 | 2 | 1 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 10 | 7,35 |
| ВКУПНО | СЀ | 8 | 6 | 18 | 12 | 14 | 11 | 16 | 8 | 23 | 20 | 14 | 136 | |
| | % | 5,88 | 4,41 | 13,24 | 8,82 | 10,29 | 8,09 | 11,76 | 5,88 | 16,91 | 14,71 | | | 100 |

(извор: Државен завод за статистика на Република Македонија)

На табела 7.16. е прикажан прегледот на пријавени малолетни лица за Кривични дела против здравјето на луѓето во Република Македонија во периодот 2006-2015 година според траењето на постапката. Може да се согледа дека во најмал број од случаите постапката траела до 1 месец, но исто така и над 1 година, што е оправдано, со оглед на тоа што се работи за малолетни извршители, па токму затоа постапката не треба да трае предолго, ниту пак да се избрза, па да се донесе погрешна одлука. Во повеќе од половина од случаите, постапката траела од 1 до 4 месеци.

***Табела 7.17.*** *Преглед на обвинети малолетни лица за Кривични дела против здравјето на луѓето (КДПЗЛ) во Република Македонија во периодот 2006-2015 година според видот на одлуката*

| | | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | просек | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | | СЀ | % |
| изречени санкции | | 9 | 5 | 5 | 6 | 7 | 15 | 7 | 12 | 4 | 7 | 8 | 77 | 73,33 |
| запрена постапка | делото нема белези на КД и дело од мало значење | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 1,90 |
| | нема докази дека обвинетиот го сторил КД | 0 | 0 | 5 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 6 | 5,71 |
| | причини на целесообразност | 2 | 2 | 5 | 1 | 0 | 0 | 2 | 1 | 1 | 0 | 1 | 14 | 13,33 |
| | околности што го исклучуваат гонењето | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 4 | 3,81 |
| | тужителот се | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 1,90 |

| | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | откажал од тужбата | | | | | | | | | | | | | |
| мерки на безбедност | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | **0** | **0,00** |
| **ВКУПНО** | **СЀ** | **11** | **7** | **15** | **9** | **9** | **17** | **10** | **13** | **6** | **8** | **11** | **105** | **100** |
| | **%** | **10,48** | **6,67** | **14,29** | **8,57** | **8,57** | **16,19** | **9,52** | **12,38** | **5,71** | **7,62** | | | |

(извор: Државен завод за статистика на Република Македонија)

Прегледот на обвинети малолетни лица за Кривични дела против здравјето на луѓето во Република Македонија во периодот 2006-2015 година според видот на одлуката е прикажан на табела 7.17. Во најголем број од случаите (73 %) на извршителите им биле изречени санкции, а во останатите случаи постапката спрема нив била запрена. Најчестите причини за тоа биле целесообразноста, немањето докази дека обвинетиот го сторил кривичното дело, како и постоењето на околности што го исклучуваат гонењето.

***Табела 7.18.*** *Преглед на осудени помлади малолетници (од 14 до 16 години) за Кривични дела против здравјето на луѓето (КДПЗЛ) во Република Македонија во периодот 2006-2015 година според изречените кривични санкции*

| | | **2006** | **2007** | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **просек** | **ВКУПНО** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | | **СЀ** | **%** |
| **дисциплински мерки** | **укор** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | **0** | **0,00** |
| | **дисциплински центар** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | **0** | **0,00** |
| **мерки на засилен надзор** | **родители/старатели** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | **0,1** | **1** | **20,00** |
| | **во друго семејство** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | **0** | **0,00** |
| | **орган за старателство** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 1 | 0 | 1 | 0 | **0,4** | **4** | **80,00** |
| **заводски мерки** | **воспитна установа** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | **0** | **0,00** |
| | **воспитно-поправен дом** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | **0** | **0,00** |
| **ВКУПНО** | **СЀ** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **2** | **1** | **1** | **1** | **0** | **0,5** | **5** | |
| | **%** | **0,00** | **0,00** | **0,00** | **0,00** | **0,00** | **40,00** | **20,00** | **20,00** | **20,00** | **0,00** | | | **100** |

(извор: Државен завод за статистика на Република Македонија)

Табела 7.18. го дава прегледот на осудени помлади малолетни лица (од 14 до 16 години) за Кривични дела против здравјето на луѓето во Република Македонија во периодот 2006-2015 година според изречените кривични санкции. Евидентен е малиот број на осудени вакви лица, и тоа само 4 на кои им била изречена мерка на засилен надзор – орган за старателство, а на 1 лице мерка на засилен надзор од страна на родител/старател.

***Табела 7.19.*** *Преглед на осудени постари малолетници (од 16 до 18 години) за Кривични дела против здравјето на луѓето (КДПЗЛ) во Република Македонија во периодот 2006-2015 година според изречените кривични санкции*

| | | **2006** | **2007** | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **просек** | **ВКУПНО** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | | **СЀ** | **%** |
| **затвор** | **до 10 год.** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | **0** | **0,00** |
| | **8-10 год.** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | **0** | **0,00** |
| | **5-8 год.** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | **0** | **0,00** |
| | **3-5 год.** | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0,1** | **1** | **1,39** |

| | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2-3 год.** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | **0** | **0,00** |
| | **до 2 год.** | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0,1** | **1** | **1,39** |
| **дисциплински мерки** | **укор** | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 1 | 1 | 0 | 1 | **0,5** | **5** | **6,94** |
| | **дисциплински центар** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | **0** | **0,00** |
| **мерки на засилен надзор** | **родители, посвоители, старатели** | 6 | 5 | 2 | 2 | 1 | 6 | 1 | 5 | 3 | 1 | **3,2** | **32** | **44,44** |
| | **во друго семејство** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | **0** | **0,00** |
| | **орган за старателство** | 2 | 0 | 2 | 3 | 5 | 6 | 4 | 5 | 0 | 4 | **3,1** | **31** | **43,06** |
| **заводски мерки** | **воспитна установа** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | **0** | **0,00** |
| | **воспитно-поправен дом** | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | **0,2** | **2** | **2,78** |
| **ВКУПНО** | СÈ | **9** | **5** | **5** | **6** | **7** | **13** | **6** | **11** | **3** | **7** | 7,2 | 72 | |
| | % | **12,50** | **6,94** | **6,94** | **8,33** | **9,72** | **18,06** | **8,33** | **15,28** | **4,17** | **9,72** | | | **100** |

(извор: Државен завод за статистика на Република Македонија)

Прегледот на осудени постари малолетни лица (од 16 до 18 години) за Кривични дела против здравјето на луѓето во Република Македонија во периодот 2006-2015 година според изречените кривични санкции е даден на табела 7.19. Од податоците во неа се воочува дека најголем број од овие лица биле санкционирани со мерки на засилен надзор и тоа од страна на родители, посвоители, старатели, но и од страна на орган за старателство.

***Табела 7.20.*** *Преглед на осудени малолетни лица за Кривични дела против здравјето на луѓето (КДПЗЛ) во Република Македонија во периодот 2006-2015 година според припадноста кон етничка заедница*

| | | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | просек | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | | СÈ | % |
| **Македонци** | | 5 | 5 | 4 | 3 | 6 | 10 | 7 | 6 | 2 | 4 | **5** | **52** | **67,53** |
| **Албанци** | | 1 | 0 | 0 | 2 | 1 | 1 | 0 | 3 | 1 | 2 | **1** | **11** | **14,29** |
| **Турци** | | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | **0** | **2** | **2,60** |
| **Роми** | | 2 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | **1** | **5** | **6,49** |
| **Власи** | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | **0** | **0,00** |
| **Срби** | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | **0** | **0,00** |
| **Бошњаци** | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | **0** | **0,00** |
| **останато** | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | **0** | **0,00** |
| **непознато** | | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 | 0 | 2 | 0 | 1 | **1** | **7** | **9,09** |
| **ВКУПНО** | СÈ | **9** | **5** | **5** | **6** | **7** | **15** | **7** | **12** | **4** | **7** | **8** | **77** | |
| | % | **11,69** | **6,49** | **6,49** | **7,79** | **9,09** | **19,48** | **9,09** | **15,58** | **5,19** | **9,09** | | | **100** |

(извор: Државен завод за статистика на Република Македонија)

Прегледот на осудени малолетни лица за Кривични дела против здравјето на луѓето во Република Македонија во периодот 2006-2015 година според припадноста кон етничка заедница е прикажан на табела 7.20. Исто како и кај полнолетните лица, и тука, најголемиот дел од сторителите се припадници на македонската етничка заедница, па следат припадниците на албанската етничка заедница, а застапеноста на сторителите од останатите етнички заедници е незначителна или воопшто нема.

***Табела 7.21.*** *Преглед на осудени малолетни лица за Кривични дела против здравјето на луѓето (КДПЗЛ) во Република Македонија во периодот 2006-2015 година според школската подготовка*

| | | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | просек | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | | СЀ | % |
| **училиште што сега го посетува** | **основно** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | **0** | **1** | **1,30** |
| | **средно** | 6 | 5 | 2 | 2 | 6 | 11 | 7 | 6 | 2 | 5 | **5** | **52** | **67,53** |
| | **више-високо** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | **0** | **0,00** |
| | **непознато** | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | **0** | **3** | **3,90** |
| **одделение - клас** | **1-4 одд.** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | **0** | **0,00** |
| | **5-8 одд.** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | **0** | **1** | **1,30** |
| | **1 и 2 кл.** | 1 | 0 | 0 | 0 | 3 | 3 | 3 | 3 | 1 | 1 | **2** | **15** | **19,48** |
| | **3 и 4 кл.** | 5 | 5 | 2 | 2 | 3 | 8 | 4 | 3 | 1 | 4 | **4** | **37** | **48,05** |
| | **виша-висока школа** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | **0** | **0,00** |
| | **непознато** | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | **0** | **3** | **3,90** |
| **не посетува училиште** | | 2 | 0 | 3 | 4 | 1 | 4 | 0 | 5 | 1 | 1 | | **2** | **21** |
| **ВКУПНО** | СЀ | **9** | **5** | **5** | **6** | **7** | **15** | **7** | **12** | **4** | **7** | **8** | **77** | |
| | % | **11,69** | **6,49** | **6,49** | **7,79** | **9,09** | **19,48** | **9,09** | **15,58** | **5,19** | **9,09** | | | **100** |

(извор: Државен завод за статистика на Република Македонија)

Табела 7.21. дава преглед на осудени малолетни лица за Кривични дела против здравјето на луѓето во Република Македонија во периодот 2006-2015 година според школската подготовка. Со оглед на тоа што станува збор за малолетни извршители на овие кривични дела, најголемиот дел од нив биле ученици во средно училиште во моментот на изрекувањето на кривичната санкција. Половината од нив, пак, се ученици во трета или четврта година од нивното средно образование.

## 1.3. Преглед на полнолетни сторители на кривично дело Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори

***Табела 7.22.*** *Преглед на регистрирани кривични дела и пријавени сторители за кривично дело Неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори (чл. 215 КЗ на РМ) и кривично дело Овозможување на употреба наркотични дроги и психотропни супстанции (чл. 216 КЗ на РМ) во Република Македонија во периодот 2001-2013 година*

| | | **Чл. 215** | **Чл. 216** | **ВКУПНО** |
|---|---|---|---|---|
| **2001** | рег. кр. дела | 287 | 61 | 348 |
| | прij. стор. | 400 | 70 | 470 |
| **2002** | рег. кр. дела | 216 | 66 | 282 |
| | прij. стор. | 307 | 71 | 378 |
| **2003** | рег. кр. дела | 306 | 100 | 406 |
| | прij. стор. | 412 | 105 | 517 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **2004** | рег. кр. дела | 298 | 78 | 376 |
| | прij. стор. | 407 | 90 | 497 |
| **2005** | рег. кр. дела | 292 | 98 | 390 |
| | прij. стор. | 335 | 105 | 440 |
| **2006** | рег. кр. дела | 261 | 54 | 315 |
| | прij. стор. | 341 | 58 | 399 |
| **2007** | рег. кр. дела | 368 | 86 | 454 |
| | прij. стор. | 426 | 91 | 517 |
| **2008** | рег. кр. дела | 348 | 67 | 415 |
| | прij. стор. | 423 | 76 | 499 |
| **2009** | рег. кр. дела | 439 | 112 | 551 |
| | прij. стор. | 525 | 136 | 661 |
| **2010** | рег. кр. дела | 494 | 84 | 578 |
| | прij. стор. | 616 | 97 | 713 |
| **2011** | рег. кр. дела | 481 | 115 | 596 |
| | прij. стор. | 588 | 131 | 719 |
| **2012** | рег. кр. дела | 468 | 136 | 604 |
| | прij. стор. | 586 | 150 | 736 |
| **2013** | рег. кр. дела | 404 | 134 | 538 |
| | прij. стор. | 467 | 154 | 621 |

(извор: Министерство за внатрешни работи на Република Македонија)

Табела 7.22. го прикажува компаративниот преглед на регистрирани кривични дела и пријавени сторители за кривично дело Неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори (чл. 215 КЗ на РМ) и кривично дело Овозможување на употреба наркотични дроги и психотропни супстанции (чл. 216 КЗ на РМ) во Република Македонија во периодот 2001-2013 година, според податоците од Министерството за внатрешни работи. Притоа, се констатира дека поголем број на регистрирани кривични дела, а и пријавени сторители, се за кривичното дело од член 215. Иако се забележуваат извесни осцилации во движењата на бројките низ годините, сепак, видливо е извесно нивно зголемување, што говори и за ефективноста на органите за кривичен прогон во однос на откривачката функција кај овие кривични дела.

***Табела 7.23.*** *Преглед на пријавени, обвинети и осудени полнолетни лица за кривичното дело Неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори (чл. 215 КЗ на РМ) во Република Македонија во периодот 2006-2015 година*

| | | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | просек | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | | СЀ | % |
| **пријавени** | | 258 | 354 | 317 | 378 | 522 | 486 | 437 | 465 | 443 | 463 | **412** | **4.123** | **39,87** |
| **обвинети** | | 203 | 198 | 250 | 266 | 313 | 464 | 348 | 399 | 419 | 356 | **322** | **3.216** | **31,10** |
| **осудени** | | 184 | 191 | 234 | 246 | 293 | 420 | 322 | 364 | 391 | 356 | **300** | **3.001** | **29,02** |
| **ВКУПНО** | СЀ | **645** | **743** | **801** | **890** | **1.128** | **1.370** | **1.107** | **1.228** | **1.253** | **1.175** | **1.034** | **10.340** | |
| | % | **6,24** | **7,19** | **7,75** | **8,61** | **10,91** | **13,25** | **10,71** | **11,88** | **12,12** | **11,36** | | | **100** |

(извор: Државен завод за статистика на Република Македонија)

Компаративниот преглед на пријавени, обвинети и осудени полнолетни лица за кривично дело Неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори (чл. 215 КЗ на РМ) во Република Македонија во периодот 2006-2015 година е прикажан на табела 7.23. Според тие податоци, се забележува дека просечно годишно во текот на анализираниот десетгодишен временски период биле пријавувани по 412 лица, од нив биле обвинети по 322 лица, а осудени по 300 лица. Процентуално, таа филтрација низ органите за кривичен прогон означува дека 78,2 % од пријавените лица биле обвинети, а 93,2 % од обвинетите лица биле осудени. Оваа филтрација е резултат на квалитетот на работата на органите за кривичен прогон во однос на квалитетот на собраниот доказен материјал во различни фази од кривичната постапка.

***Табела 7.24.*** *Преглед на пријавени полнолетни лица за кривичното дело Неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори (чл. 215 КЗ на РМ) во Република Македонија во периодот 2006-2015 година*

| | | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | просек | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | | СЀ | % |
| **Познати** | **мажи** | 236 | 333 | 305 | 364 | 513 | 460 | 416 | 434 | 410 | 408 | **388** | **3.879** | **94,08** |
| | **жени** | 11 | 12 | 7 | 11 | 14 | 20 | 14 | 18 | 14 | 18 | **14** | **139** | **3,37** |
| **Непознати** | | 11 | 9 | 5 | 3 | 5 | 6 | 7 | 13 | 19 | 37 | **12** | **115** | **2,79** |
| **ВКУПНО** | СЀ | **258** | **354** | **317** | **378** | **522** | **486** | **437** | **465** | **443** | **463** | **412** | **4.123** | |
| | % | **6,26** | **8,59** | **7,69** | **9,17** | **12,66** | **11,79** | **10,60** | **11,28** | **10,74** | **11,23** | | | **100** |

(извор: Државен завод за статистика на Република Македонија)

Прегледот на пријавени полнолетни лица за кривично дело Неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори (чл. 215 КЗ на РМ) во Република Македонија во периодот 2006-2015 година е прикажан на табела 7.24. 97 % од пријавените лица се со познат идентитет, а останатите се непознати за органите за кривичен прогон.

Карактеристично е што ова кривично дело го вршат најчесто машки лица, за што говори фактот дека 94 % од пријавените лица биле од машки пол.

***Табела 7.25.*** *Преглед на пријавени полнолетни лица за кривичното дело Неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори (чл. 215 КЗ на РМ) во Република Македонија во периодот 2006-2015 година според видот на одлуката*

| | | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | просек | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | | СЀ | % |
| отфрлена пријава | | 5 | 7 | 9 | 17 | 40 | 51 | 41 | 47 | 110 | 132 | **46** | **459** | **11,45** |
| прекината истрага | | 6 | 16 | 8 | 5 | 13 | 15 | 8 | 5 | 4 | 1 | **8** | **81** | **2,02** |
| запрена истрага | | 36 | 37 | 20 | 37 | 12 | 18 | 17 | 14 | 6 | 11 | **21** | **208** | **5,19** |
| поднесен обвинителен предлог | | 200 | 285 | 275 | 316 | 452 | 396 | 364 | 386 | 304 | 282 | **326** | **3.260** | **81,34** |
| **ВКУПНО** | **СЀ** | **247** | **345** | **312** | **375** | **517** | **480** | **430** | **452** | **424** | **426** | **401** | **4.008** | |
| | **%** | **6,16** | **8,61** | **7,78** | **9,36** | **12,90** | **11,98** | **10,73** | **11,28** | **10,58** | **10,63** | | | **100** |

(извор: Државен завод за статистика на Република Македонија)

Табела 7.25. дава приказ на пријавени полнолетни лица за кривично дело Неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори (чл. 215 КЗ на РМ) во Република Македонија во периодот 2006-2015 година според видот на одлуката. Во најголем број од случаите (81,34 %) бил поднесен обвинителен предлог, а во останатите случаи, пријавата била отфрлена (заради не постоење на кривично дело или немање доволно квалитетен доказен материјал), истрагата била запрена или прекината од различни причини.

***Табела 7.26.*** *Преглед на обвинети полнолетни лица за кривичното дело Неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори (чл. 215 КЗ на РМ) во Република Македонија во периодот 2006-2015 година*

| | | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | просек | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | | СЀ | % |
| Прогласени за виновни | | 184 | 191 | 234 | 246 | 293 | 420 | 322 | 364 | 391 | 356 | **300** | **3.001** | **93,31** |
| Не се прогласени за виновни | запрена постапка | 2 | 1 | 3 | 0 | 3 | 9 | 10 | 5 | 4 | 3 | **4** | **40** | **1,24** |
| | ослободени од обвинение | 10 | 2 | 5 | 9 | 8 | 16 | 10 | 12 | 4 | 8 | **8** | **84** | **2,61** |
| | обвинението е одбиено | 7 | 4 | 8 | 11 | 9 | 17 | 5 | 16 | 18 | 12 | **11** | **107** | **3,33** |
| | мерки за безбедност | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 1 | 2 | 2 | 0 | **1** | **7** | **0,22** |
| **ВКУПНО** | СЀ | **203** | **198** | **250** | **266** | **313** | **464** | **348** | **399** | **419** | **356** | 322 | 3.216 | |
| | % | **6,31** | **6,16** | **7,77** | **8,27** | **9,73** | **14,43** | **10,82** | **12,41** | **13,03** | **11,07** | | | **100** |

(извор: Државен завод за статистика на Република Македонија)

Прегледот на обвинети полнолетни лица за кривично дело Неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и

прекурзори (чл. 215 КЗ на РМ) во Република Македонија во периодот 2006-2015 година според видот на одлуката е даден на табела 7.26. Притоа, 93,31 % од обвинетите лица биле прогласени за виновни, односно биле осудени, а останатите од различни причини не биле прогласени за виновни. Причините за тоа се бидејќи обвинението било одбиено, биле ослободени од обвинение, постапката била запрена или пак им биле изречени мерки за безбедност.

***Табела 7.27.*** *Преглед на осудени полнолетни лица за кривичното дело Неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори (чл. 215 КЗ на РМ) во Република Македонија во периодот 2006-2015 година според видот на кривичната санкција*

| | | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | просек | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | | СЀ | % |
| **Затвор** | | 139 | 144 | 182 | 204 | 214 | 264 | 221 | 235 | 254 | 252 | **211** | **2.109** | **70,28** |
| **Парична казна** | | 0 | 0 | 0 | 1 | 5 | 14 | 24 | 40 | 23 | 14 | **12** | **121** | **4,03** |
| **Парична казна како споредна казна** | | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 1 | 1 | 0 | 3 | 0 | **1** | **7** | **0,23** |
| **Забрана за вршење професија** | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | **0** | **1** | **0,03** |
| **Забрана за управување со моторно возило** | | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | **0** | **3** | **0,10** |
| **Протерување странец** | | 0 | 3 | 1 | 1 | 0 | 3 | 2 | 2 | 7 | 3 | **2** | **22** | **0,73** |
| **Условна осуда - затвор** | | 45 | 43 | 51 | 39 | 72 | 138 | 72 | 87 | 103 | 86 | **74** | **736** | **24,53** |
| **Условна осуда - парична казна** | | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | **0** | **2** | **0,07** |
| **Условна осуда со заштитен надзор** | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | **0** | **0,00** |
| **Условно прекинување на кривичната постапка** | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | **0** | **0,00** |
| **Општо корисна работа** | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | **0** | **0,00** |
| **Судска опомена** | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | **0** | **0,00** |
| **Куќен затвор** | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | **0** | **0,00** |
| **Прогласен виновен - ослободен од казна** | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | **0** | **0,00** |
| **ВКУПНО** | **СЀ** | **184** | **191** | **234** | **246** | **293** | **420** | **322** | **364** | **391** | **356** | **300** | **3.001** | |
| | **%** | **6,13** | **6,36** | **7,80** | **8,20** | **9,76** | **14,00** | **10,73** | **12,13** | **13,03** | **11,86** | | | **100** |

(извор: Државен завод за статистика на Република Македонија)

Табела 7.27 го прикажува прегледот на осудени полнолетни лица за кривично дело Неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори (чл. 215 КЗ на РМ) во Република

Македонија во периодот 2006-2015 година според видот на кривичната санкција. Од податоците може да се констатира дека дефинитивно преовладува казната затвор во 70,28 %, а потоа следи условната осуда на казна затвор и тоа во 24,53 %. Паричната казна како главна казна била изречена во 4,03 % од случаите, а додека пак останатите видови на кривични санкции не биле изречени или биле изречени во многу мал број на случаи.

***Табела 7.28.*** *Преглед на осудени полнолетни лица за кривичното дело Неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори (чл. 215 КЗ на РМ) во Република Македонија во периодот 2006-2015 година според висината на изречената главна казна затвор*

| | | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | просек | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | | СЀ | % |
| доживотен | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | **0** | **0,00** |
| 20 год. | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | **0** | **0,00** |
| 10-15 год. | | 2 | 3 | 2 | 2 | 0 | 3 | 6 | 2 | 8 | 1 | **3** | **29** | **1,38** |
| 5-10 год. | | 8 | 10 | 5 | 11 | 11 | 26 | 24 | 23 | 20 | 30 | **17** | **168** | **7,97** |
| 3-5 год. | | 11 | 11 | 7 | 21 | 16 | 18 | 14 | 29 | 50 | 39 | **22** | **216** | **10,24** |
| 2-3 год. | | 7 | 25 | 17 | 21 | 15 | 22 | 16 | 30 | 43 | 41 | **24** | **237** | **11,24** |
| 1-2 год. | | 26 | 31 | 46 | 51 | 46 | 49 | 47 | 47 | 42 | 45 | **43** | **430** | **20,39** |
| 6 мес.-1 год. | | 49 | 37 | 58 | 60 | 74 | 73 | 65 | 56 | 53 | 60 | **59** | **585** | **27,74** |
| до 6 мес. | | 36 | 27 | 47 | 38 | 52 | 73 | 49 | 48 | 38 | 36 | **44** | **444** | **21,05** |
| **ВКУПНО** | **СЀ** | **139** | **144** | **182** | **204** | **214** | **264** | **221** | **235** | **254** | **252** | **211** | **2.109** | |
| | **%** | **6,59** | **6,83** | **8,63** | **9,67** | **10,15** | **12,52** | **10,48** | **11,14** | **12,04** | **11,95** | | | **100** |

(извор: Државен завод за статистика на Република Македонија)

Прегледот на осудени полнолетни лица за кривично дело Неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори (чл. 215 КЗ на РМ) во Република Македонија во периодот 2006-2015 година според висината на изречената главна казна затвор е прикажан на табела 7.28. Максималната висина на казната затвор изнесувала 10-15 години. На околу 70 % од сторителите кои биле казнети за ова кривично дела, им била изречена казна затвор во висина до две години (доколку ги групираме трите категории на временски периоди на изречени затворски казни).

***Табела 7.29.*** *Преглед на осудени полнолетни лица за кривичното дело Неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори (чл. 215 КЗ на РМ) во Република Македонија во периодот 2006-2015 година според висината на изречената главна казна парична казна*

| | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | просек | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | СЀ | % |
| до 5.000 ден. | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | **0** | **0,00** |

| | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **5.001-10.000 ден.** | | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 2 | 0 | 1 | 0 | 1 | **1** | **5** | **4,13** |
| **10.001-30.000 ден.** | | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 4 | 10 | 7 | 12 | 3 | **4** | **38** | **31,40** |
| **над 30.001 ден.** | | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 | 8 | 14 | 32 | 11 | 10 | **8** | **78** | **64,46** |
| **ВКУПНО** | СЀ | **0** | **0** | **0** | **1** | **5** | **14** | **24** | **40** | **23** | **14** | 12 | **121** | |
| | % | **0,00** | **0,00** | **0,00** | **0,83** | **4,13** | **11,57** | **19,83** | **33,06** | **19,01** | **11,57** | | | **100** |

(извор: Државен завод за статистика на Република Македонија)

Табела 7.29. го прикажува прегледот на осудени полнолетни лица за кривично дело Неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори (чл. 215 КЗ на РМ) во Република Македонија во периодот 2006-2015 година според висината на изречената парична казна како главна казна. Во најголем број од случаите, 64,46 %, била изречена парична казна во висина од над 30.001 денар, а потоа следи паричната казна во висина од 10.001-30.001 денар. Останатото е занемарливо.

***Табела 7.30.*** *Преглед на осудени полнолетни лица за кривичното дело Неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори (чл. 215 КЗ на РМ) во Република Македонија во периодот 2006-2015 година според видот на изречените алтернативни мерки*

| | | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | просек | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | | СЀ | % |
| **условна осуда затвор** | **над 1 год.** | 10 | 3 | 9 | 9 | 19 | 32 | 28 | 33 | 43 | 37 | **22** | **223** | **30,22** |
| | **6 мес.-1 год.** | 22 | 22 | 35 | 28 | 40 | 56 | 25 | 29 | 28 | 21 | **31** | **306** | **41,46** |
| | **3-6 мес.** | 9 | 16 | 5 | 2 | 7 | 33 | 12 | 19 | 18 | 16 | **14** | **137** | **18,56** |
| | **до 3 мес.** | 4 | 2 | 2 | 0 | 6 | 17 | 7 | 6 | 14 | 12 | **7** | **70** | **9,49** |
| **условна осуда парична казна** | **до 5.000 ден.** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | **0** | **0,00** |
| | **5.001-10.000 ден.** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | **0** | **0,00** |
| | **над 10.001 ден.** | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | **0** | **2** | **0,27** |
| **условна осуда со заштитен надзор** | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | **0** | **0,00** |
| **условно прекинување на кривичната постапка** | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | **0** | **0,00** |
| **општокорисна работа** | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | **0** | **0,00** |
| **судска опомена** | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | **0** | **0,00** |
| **куќен затвор** | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | **0** | **0,00** |
| **ВКУПНО** | СЀ | **45** | **43** | **51** | **39** | **73** | **138** | **73** | **87** | **103** | **86** | **74** | **738** | **100,00** |
| | % | **6,10** | **5,83** | **6,91** | **5,28** | **9,89** | **18,70** | **9,89** | **11,79** | **13,96** | **11,65** | | | |

(извор: Државен завод за статистика на Република Македонија)

Прегледот на осудени полнолетни лица за кривично дело Неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори (чл. 215 КЗ на РМ) во Република Македонија во периодот 2006-2015 година според видот на изречените алтернативни мерки е даден на табела 7.30. Како и од претходната табела, и од оваа, може да се согледа дека од алтернативните мерки, за ова кривично дело биле изрекувани само условни осуди

на казна затвор. Па така, во 41,46 % од случаите била изречена ваков вид на условна осуда за времетраење од шест месеци од една година, а во 30,22 % нејзиното времетрање е над една година. Во помал број случаи, 18,56 %, висината на изречената условна осуда на казна затвор е од три до шест месеци, а најмалку, во 9,49 % од случаите, нејзината висина е до три месеци.

## 1.4. Преглед на полнолетни сторители на кривично дело Овозможување на употреба на наркотични дроги

***Табела 7.31.*** *Преглед на пријавени, обвинети и осудени полнолетни лица за кривичното дело Овозможување на употреба наркотични дроги и психотропни супстанции (чл. 216 КЗ на РМ) во Република Македонија во периодот 2006-2015 година*

| | | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | просек | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | | СЀ | % |
| пријавени | | 45 | 46 | 50 | 57 | 78 | 65 | 74 | 97 | 87 | 60 | **66** | **659** | **42,85** |
| обвинети | | 43 | 39 | 38 | 46 | 44 | 59 | 53 | 88 | 81 | 66 | **56** | **557** | **36,22** |
| осудени | | 24 | 22 | 21 | 25 | 20 | 32 | 28 | 56 | 53 | 41 | **32** | **322** | **20,94** |
| **ВКУПНО** | СЀ | **112** | **107** | **109** | **128** | **142** | **156** | **155** | **241** | **221** | **167** | **154** | **1.538** | |
| | % | **7,28** | **6,96** | **7,09** | **8,32** | **9,23** | **10,14** | **10,08** | **15,67** | **14,37** | **10,86** | | | **100** |

(извор: Државен завод за статистика на Република Македонија)

Табела 7.31. дава преглед на пријавени, обвинети и осудени полнолетни лица за кривичното дело Овозможување на употреба наркотични дроги и психотропни супстанции (чл. 216 КЗ на РМ) во Република Македонија во периодот 2006-2015 година. Притоа, се забележува дека за ова кривично дело, просечно, секоја година биле пријавувани по 66 лица, обвинувани по 56, а осудувани по 32 лица. Тоа значи дека 85 % од пријавуваните лица биле обвинувани, а 48 % од нив биле осудувани, при што се согледува филтрацијата на овие кривични дела низ органите за кривичен прогон.

***Табела 7.32.*** *Преглед на пријавени полнолетни лица за кривичното дело Овозможување на употреба наркотични дроги и психотропни супстанции (чл. 216 КЗ на РМ) во Република Македонија во периодот 2006-2015 година*

| | | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | просек | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | | СЀ | % |
| **Познати** | мажи | 43 | 45 | 49 | 54 | 71 | 63 | 71 | 95 | 80 | 60 | **63** | **631** | **95,75** |
| | жени | 2 | 1 | 1 | 3 | 7 | 2 | 3 | 1 | 4 | 0 | **2** | **24** | **3,64** |
| **Непознати** | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 3 | 0 | **0** | **4** | **0,61** |
| **ВКУПНО** | СЀ | **45** | **46** | **50** | **57** | **78** | **65** | **74** | **97** | **87** | **60** | **66** | **659** | |
| | % | **6,83** | **6,98** | **7,59** | **8,65** | **11,84** | **9,86** | **11,23** | **14,72** | **13,20** | **9,10** | | | **100** |

(извор: Државен завод за статистика на Република Македонија)

Прегледот на пријавени полнолетни лица за кривичното дело Овозможување на употреба наркотични дроги и психотропни супстанции (чл. 216

КЗ на РМ) во Република Македонија во периодот 2006-2015 година е даден на табела 7.32. Само незначителен број од пријавените лица за ова кривично дело се непознати за органите за кривичен прогон. Од пријавените лица со познат идентитет дури 95,75 % се мажи, а останатите се жени, што значи дека и ова кривично дело, исто како и претходното е дело кое го извршуваат главно машки сторители.

***Табела 7.33.*** *Преглед на пријавени полнолетни лица за кривичното дело Овозможување на употреба наркотични дроги и психотропни супстанции (чл. 216 КЗ на РМ) во Република Македонија во периодот 2006-2015 година според видот на одлуката*

| | | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | просек | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | | СЀ | % |
| **отфрлена пријава** | | 1 | 1 | 2 | 4 | 5 | 6 | 6 | 1 | 23 | 22 | **7** | **71** | **10,84** |
| **прекината истрага** | | 0 | 2 | 2 | 1 | 0 | 0 | 2 | 3 | 2 | 1 | **1** | **13** | **1,98** |
| **запрена истрага** | | 8 | 7 | 7 | 12 | 10 | 8 | 11 | 17 | 2 | 2 | **8** | **84** | **12,82** |
| **поднесен обвинителен предлог** | | 36 | 36 | 39 | 40 | 63 | 51 | 55 | 75 | 57 | 35 | **49** | **487** | **74,35** |
| **ВКУПНО** | СЀ | **45** | **46** | **50** | **57** | **78** | **65** | **74** | **96** | **84** | **60** | **66** | **655** | |
| | % | **6,87** | **7,02** | **7,63** | **8,70** | **11,91** | **9,92** | **11,30** | **14,66** | **12,82** | **9,16** | | | **100** |

(извор: Државен завод за статистика на Република Македонија)

Табелата 7.33. дава преглед на пријавени полнолетни лица за кривичното дело Овозможување на употреба наркотични дроги и психотропни супстанции (чл. 216 КЗ на РМ) во Република Македонија во периодот 2006-2015 година според видот на одлуката. Во најголем број од случаите (74,35 %) против пријавените лица биле поднесени обвинителни предлози, а останатите случаи не биле процесуирани во понатамошна постапка од различни причини. Во дел од нив кривичната пријава била отфрлена, а во друг дел истрагата била запрена или прекината.

***Табела 7.34.*** *Преглед на обвинети полнолетни лица за кривичното дело Овозможување на употреба наркотични дроги и психотропни супстанции (чл. 216 КЗ на РМ) во Република Македонија во периодот 2006-2015 година*

| | | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | просек | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | | СЀ | % |
| **Прогласени за виновни** | | 43 | 39 | 38 | 46 | 44 | 59 | 53 | 88 | 81 | 66 | **56** | **557** | **92,83** |
| **Не се прогласени за виновни** | **запрена постапка** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4 | 0 | 3 | 0 | 1 | **1** | **8** | **1,33** |
| | **ослободени од обвинение** | 1 | 1 | 1 | 5 | 2 | 1 | 1 | 2 | 1 | 0 | **2** | **15** | **2,50** |
| | **обвинението е одбиено** | 1 | 1 | 0 | 1 | 0 | 3 | 1 | 6 | 5 | 2 | **2** | **20** | **3,33** |
| | **мерки за безбедност** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | **0** | **0,00** |
| **ВКУПНО** | СЀ | **45** | **41** | **39** | **52** | **46** | **67** | **55** | **99** | **87** | **69** | **60** | **600** | |
| | % | **7,50** | **6,83** | **6,50** | **8,67** | **7,67** | **11,17** | **9,17** | **16,50** | **14,50** | **11,50** | | | **100** |

(извор: Државен завод за статистика на Република Македонија)

Прегледот на обвинети полнолетни лица за кривичното дело Овозможување на употреба наркотични дроги и психотропни супстанции (чл. 216 КЗ на РМ) во Република Македонија во периодот 2006-2015 година е прикажан на табела 7.34. Најголем број од обвинетите лица за ова кривично дело (92,83 %) биле прогласени за виновни, а за останатите обвинението било одбиено, биле ослободени од обвинение или постапката била запрена.

***Табела 7.35.*** *Преглед на осудени полнолетни лица за кривичното дело Овозможување на употреба наркотични дроги и психотропни супстанции (чл. 216 КЗ на РМ) во Република Македонија во периодот 2006-2015 година според видот на кривичната санкција*

| | | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | просек | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | | СЀ | % |
| Затвор | | 19 | 17 | 17 | 21 | 24 | 27 | 25 | 32 | 27 | 24 | 23 | 233 | 41,83 |
| Парична казна | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 2 | 0 | 3 | 0,54 |
| Парична казна како споредна казна | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0,00 |
| Забрана за вршење професија | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0,00 |
| Забрана за управување со моторно возило | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0,00 |
| Протерување странец | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0,00 |
| Условна осуда - затвор | | 24 | 22 | 21 | 25 | 20 | 32 | 28 | 56 | 53 | 41 | 32 | 322 | 57,81 |
| Условна осуда - парична казна | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0,00 |
| Условна осуда со заштитен надзор | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0,00 |
| Условно прекинување на кривичната постапка | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0,00 |
| Општо корисна работа | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0,00 |
| Судска опомена | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0,00 |
| Куќен затвор | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0,00 |
| Прогласен виновен - ослободен од казна | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0,00 |
| ВКУПНО | СЀ | 43 | 39 | 38 | 46 | 44 | 59 | 53 | 88 | 81 | 66 | 56 | 557 | |
| | % | 7,72 | 7,00 | 6,82 | 8,26 | 7,90 | 10,59 | 9,52 | 15,80 | 14,54 | 11,85 | | | 100 |

(извор: Државен завод за статистика на Република Македонија)

Табела 7.35. го дава прегледот на осудени полнолетни лица за кривичното дело Овозможување на употреба наркотични дроги и психотропни супстанции (чл. 216 КЗ на РМ) во Република Македонија во периодот 2006-2015 година според видот на кривичната санкција. За ова кривично дело за сторителите во

најголем број од случаите биле изречени само два вида на кривични санкции и тоа условни осуди на казна затвор (57,81 %) и казна затвор (41,83 %)

***Табела 7.36.*** *Преглед на осудени полнолетни лица за кривичното дело Овозможување на употреба наркотични droги и психотропни супстанции (чл. 216 КЗ на РМ) во Република Македонија во периодот 2006-2015 година според висината на изречената главна казна затвор*

| | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | просек | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | СЀ | % |
| доживотен | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | **0** | **0,00** |
| 20 год. | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | **0** | **0,00** |
| 10-15 год. | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | **0** | **0,00** |
| 5-10 год. | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | **0** | **0,00** |
| 3-5 год. | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | **0** | **2** | **0,86** |
| 2-3 год. | 0 | 1 | 0 | 1 | 1 | 1 | 0 | 2 | 2 | 0 | **1** | **8** | **3,43** |
| 1-2 год. | 2 | 3 | 3 | 4 | 1 | 4 | 4 | 1 | 5 | 4 | **3** | **31** | **13,30** |
| 6 мес.-1 год. | 7 | 6 | 7 | 5 | 12 | 12 | 8 | 14 | 8 | 8 | **9** | **87** | **37,34** |
| до 6 мес. | 10 | 7 | 7 | 11 | 10 | 10 | 13 | 14 | 11 | 12 | **11** | **105** | **45,06** |
| **ВКУПНО** СЀ | **19** | **17** | **17** | **21** | **24** | **27** | **25** | **32** | **27** | **24** | **23** | **233** | |
| % | **8,15** | **7,30** | **7,30** | **9,01** | **10,30** | **11,59** | **10,73** | **13,73** | **11,59** | **10,30** | | | **100** |

(извор: Државен завод за статистика на Република Македонија)

Прегледот на осудени полнолетни лица за кривичното дело Овозможување на употреба наркотични дроги и психотропни супстанции (чл. 216 КЗ на РМ) во Република Македонија во периодот 2006-2015 година според висината на изречената главна казна затвор е даден на табела 7.36. Во најголем број од случаите, дури 82 %, на осудените лица им била изречена казна затвор во времетраење до една година. Карактеристично е што за ова дело не била изречена казна затвор во времетраење над 5 години.

***Табела 7.37.*** *Преглед на осудени полнолетни лица за кривичното дело Овозможување на употреба наркотични дроги и психотропни супстанции (чл. 216 КЗ на РМ) во Република Македонија во периодот 2006-2015 година според висината на изречената главна казна парична казна*

| | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | просек | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | СЀ | % |
| до 5.000 ден. | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0,0** | **0** | **0,00** |
| 5.001-10.000 ден. | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0,0** | **0** | **0,00** |
| 10.001-30.000 ден. | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | **0,1** | **1** | **50,00** |
| над 30.001 ден. | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | **0,1** | **1** | **50,00** |
| **ВКУПНО** СЀ | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **1** | **1** | **0,2** | **2** | |
| % | **0,00** | **0,00** | **0,00** | **0,00** | **0,00** | **0,00** | **0,00** | **0,00** | **50,00** | **50,00** | | | **100** |

(извор: Државен завод за статистика на Република Македонија)

Табела 7.37. дава преглед на осудени полнолетни лица за кривичното дело Овозможување на употреба наркотични дроги и психотропни супстанции (чл. 216 КЗ на РМ) во Република Македонија во периодот 2006-2015 година според висината на изречената главна казна парична казна. Само во два случаи оваа казна

била изречена како главна казна, и тоа еднаш во висина од 10.001-30.000 денари, а другпат во висина над 30.001 денар.

***Табела 7.38.*** *Преглед на осудени полнолетни лица за кривичното дело Овозможување на употреба наркотични droги и психотропни супстанции (чл. 216 КЗ на РМ) во Република Македонија во периодот 2006-2015 година според видот на изречените алтернативни мерки*

| | | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | просек | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | | СÈ | % |
| **условна осуда затвор** | **над 1 год.** | 6 | 0 | 3 | 2 | 3 | 5 | 8 | 14 | 10 | 10 | **6** | **61** | **18,94** |
| | **6 мес.-1 год.** | 10 | 16 | 15 | 17 | 15 | 17 | 16 | 37 | 23 | 10 | **18** | **176** | **54,66** |
| | **3-6 мес.** | 7 | 5 | 3 | 5 | 2 | 8 | 2 | 4 | 12 | 9 | **6** | **57** | **17,70** |
| | **до 3 мес.** | 1 | 1 | 0 | 1 | 0 | 2 | 2 | 1 | 8 | 12 | **3** | **28** | **8,70** |
| **условна осуда парична казна** | **до 5.000 ден.** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | **0** | **0,00** |
| | **5.001-10.000 ден.** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | **0** | **0,00** |
| | **над 10.001 ден.** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | **0** | **0,00** |
| **условна осуда со заштитен надзор** | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | **0** | **0,00** |
| **условно прекинување на кривичната постапка** | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | **0** | **0,00** |
| **општокорисна работа** | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | **0** | **0,00** |
| **судска опомена** | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | **0** | **0,00** |
| **куќен затвор** | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | **0** | **0,00** |
| **ВКУПНО** | **СÈ** | **24** | **22** | **21** | **25** | **20** | **32** | **28** | **56** | **53** | **41** | **32** | **322** | |
| | **%** | **7,45** | **6,83** | **6,52** | **7,76** | **6,21** | **9,94** | **8,70** | **17,39** | **16,46** | **12,73** | | | **100** |

(извор: Државен завод за статистика на Република Македонија)

Прегледот на осудени полнолетни лица за кривичното дело Овозможување на употреба наркотични droги и психотропни супстанции (чл. 216 КЗ на РМ) во Република Македонија во периодот 2006-2015 година според видот на изречените алтернативни мерки може да се утврди на табела 7.38. Од сите видови алтернативни мерки се изрекувале само условни осуди на казна затвор. Од нив, во однос на висината на мерката, најзастапена е условна осуда затвор во времетраење од шест месеци до една година и тоа во 54,66 % од случаите.

## 2. Квантитативен аналитичко-синтетски преглед и критички осврт на резултатите од спроведеното истражување

Преку емпириско-статистичкиот преглед на осудените полнолетни и малолетни сторители на кривични дела поврзани со злоупотребата на дрога се утврди профилот на сторителите на овој вид кривични дела во однос на различни аспекти и критериуми.

Најзначајните карактеристики на овој вид на криминалитет извршен од страна на полнолетни сторители во периодот 2006-2015 година се следните:

- за Кривичните дела против здравјето на луѓето просечно во десетгодишниот истражуван временски период биле пријавени 505 лица, од нив обвинети 395, а осудени 362 лица, што значи дека 1,72 % од бројот на пријавени лица за вкупниот криминалитет отпаѓа на пријавените лица за овие кривични дела, 3,32 % отпаѓа на обвинетите, а 3,70 % на осудените лица,

- овие кривични дела во најголем број (94 %) се пријавуваат преку Министерството за внатрешни работи, како резултат на криминалистичко-оперативната дејност на полицијата,

- најчесто, притворот за пријавеното лице (изречен од страна на истражниот судија, т.е. судијата на претходна постапка) траел од 15 дена до 1 месец,

- во повеќе од половина од случаите (59 %) кривичната постапка за овие кривични дела траела до 4 месеци,

- во најголем број од случаите (38 %) притворот за обвинетите полнолетни лица траел над 6 месеци.

Уште на почеток тука треба да се укаже дека досега не се спроведени релевантни истражувања (анкети за темна бројка, самопријавување и виктимизација) во однос на темната бројка на овој вид на криминалитет, па не може да се добие вистинската и целосна слика за истражуваната појава. Меѓутоа, врз основа на официјалните податоци кои се однесуваат на познатите кривични дела и сторителите, а особено преку извелечените и синтетизирани карактеристики, може да се утврди дека откривањето на овие видови кривични дела во најголем дел се одвива преку Министерството за внатрешни работи, со оглед на тоа што дури 94 % од пријавените кривични дела се како резултат на криминалистичко-оперативната дејност на полицијата. Останатите 6 % отпаѓаат на другите органи, меѓу кои е и Царинската управа како субјект надлежен за откривање на овие видови кривични дела, со оглед на тоа што транспортот заради трговија со овие кривични дела се одвива преку границите на државата, а во голем обем тоа се врши преку легалните гранични премини. Од друга страна, пријавите за овие видови на кривични дела може да бидат и од граѓани кои дознале некакви информации за трговија или овозможување на користење на наркотичните дроги, психотропните супстанци и прекурзорите. Еден дел од нив

директно се обраќаат до полициските власти, а никој не ги пријавува ваквите дела директно до Основното јавно обвинителство. Тука е карактеристично и дека постои взаемна соработка, меѓусебна доверба и најважно од се обостран интерес помеѓу трговците со дрога – дилерите и купувачите – консуматорите, па токму и затоа консуматорите не ги пријавуваат дилерите, затоа што тоа не е ни во нивна корист.

Тука може слободно да се констатира дека судските постапки се водат во разумен рок, со оглед на тоа што во повеќе од половината случаи постапката траела до 4 месеци, што е прифатлив период за спроведување на целокупната постапка, откривање и изведување на докази, како и составување и донесување на судска пресуда.

Кај овој вид на криминалитет е карактеристично тоа што може да биде извршен и од полнолетни, но и од малолетни лица, затоа што дрогата постепено се распространува и помеѓу младата популација. Врз основа на анализата на официјалните статистички податоци, може да се изведат најзначајните карактеристики на профилот на сторителите.

Профилот на полнолетните сторители на Кривичните дела против здравјето на луѓето за периодот 2006-2015 година изгледа вака:

- сторителите се главно лица од машки пол, со оглед на тоа што дури 96 % од осудените лица се мажи,

- етничката припадност на сторителите на овие кривични дела го следи распоредот на граѓаните во Република Македонија според овој критериум,

- најголем дел од извршителите (75 %) се лица на возраст од 21 до 39 години,

- повеќе од половината извршители (54 %) се со завршено средно образование,

- повеќе од половината (51 %) се невработени лица,

- во најголем број од случаите (66 %) сторителот делото го извршил сам,

- 30 % од сторителите биле рецидивисти, т.е. имале претходна осуда.

Како заклучок од карактеристиките наведени во профилот кратко може да се каже дека сторителите се млади невработени мажи со среден степен на образование. Иако според анализата на статистичките податоци две третини од сторителите делото го извршиле сами, според мое мислење овој податок треба да се земе со резерва. Со оглед на тоа што во оваа глава се поместени кривичните

дела поврзани со злоупотреба на дрога, во голем обем тие не се извршуваат индивидуално, туку со помош и соработка на други лица, а исто така и во целиот синџир на трговија се вклучени поголем број лица кои се организирани, хиерахиски подредени и со точно одредени и назначени задачи и активности. Тоа значи дека органите за кривичен прогон треба да вложат поголеми напори во процесот на откривање и разјаснување на овие кривични дела, со цел да ги откријат и соизвршителите и помагачите на лицата кои веќе се откриени. За таа цел, од особена помош се посебните истражни мерки, посебно контролираната испорака и превоз на пратки, но и примената на вграден полициски службеник во криминалната средина, прислушувањето, тајното следење и набљудување, аудио и аудио-визуелно снимање и др. кои во конкретниот случај по проценка на оперативните работници може да дадат значајни резултати. Сторителите на овие кривични дела се доста кооперативни меѓу нив, со висок степен на заедничка доверба, хиерархиска структура, организираност и подреденост, но и вешти во однос на извршувањето на дилерските активности, па затоа и не се откриваат едни со други. Од друга страна и заканите и уцените кон нив од страна на повисоките структури во организацијата се силни, што дополнително ја отежнува работата на органите за кривичен прогон, преку признание да дознаат повеќе информации за криминалните активности. Предлагам сериозен пристап и анализа на профилот на извршителите на Кривичните дела против здравјето на луѓето при креирање на програмите за превенција и националната стратегија, при што во предвид ќе се земат сите карактеристики:  полова застапеност, возрасната катеорија од 21 до 39 години, среден степен на образование, невработеноста како еден од мотивите за извршување на овие кривични дела со цел обезбедување на егзистенцијални средства и посебен акцент да се стави на рецидивизмот кој е во висок процент. Во однос на рецидивизмот посочувам на детални анализи на причините и околностите за повторување на овие кривични дела, како заостување на казнента политика во насока на превентивно делување.

Како што и претходно беше напоменато, овој вид на криминалитет почесто се извршува и од страна на малолетни лица, кои доста често се јавуваат во двојна улога: на почеток како консуматори на дрога, а потоа со цел да заработат пари, полека завлегуваат во бизнисот на трговија со дрога, при што ја продаваат дрогата помеѓу нивните врсници во училиштето и средината во која живеат.

Најзначајните карактеристики на овој вид на криминалитет извршен од страна на малолетни сторители во периодот 2006-2015 година се следните:

- во рамките на истражуваниот десетгодишен временски период за Кривични дела против здравјето на луѓето биле пријавени вкупно 136 малолетни лица, од кои 105 биле обвинети, а 77 биле осудени, што значи дека во однос на бројот на пријавени малолетни лица за вкупниот криминалитет 1,16 % отпаѓа на пријавените малолетни лица за овие кривични дела, тој соодносот спрема вкупните обвинети малолетни лица изнесува 1,28 %, а за осудените малолетни лица е 1,26 %,

- во најголем број од случаите (68 %) спрема пријавените малолетни лица за овие видови на кривични дела бил поднесен предлог за изрекување казна – мерка,

- во повеќе од половина од случаите, постапката спрема лицата траела од 1 до 4 месеци,

- во најголем број од случаите (73 %) на извршителите им биле изречени санкции,

- најголем број од постарите малолетни лица биле санкционирани со мерки на засилен надзор и тоа од страна на родители, посвоители, старатели, но и од страна на орган за старателство,

- најголемиот дел од сторителите се припадници на македонската етничка заедница, па следат припадниците на албанската етничка заедница,

- најголемиот дел од сторителите биле ученици во средно училиште во моментот на изрекувањето на кривичната санкција. Половината од нив, пак, се ученици во трета или четврта година од нивното средно образование.

Во однос на малолетните сторители на Кривичните дела против здравјето на луѓето предлагам посериозен пристап во однос на третманот на малолетниците во насока на превенција и репресија од овој вид на криминал. Со превентивните програми освен малолетниците како најзасегната категорија, треба да бидат опфатени и родителите, старателите, училиштата и наставниот кадар со цел да се подигне свеста за штетните здравствени, пихолошки и социјални последици предизвикани од дрогата.

Профилот на полнолетните сторители на кривичното дело Неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и

прекурзори (чл. 215 КЗ на РМ) во Република Македонија во периодот 2006-2015 година изгледа вака:

- просечно годишно во текот на анализираниот десетгодишен временски период биле пријавувани по 412 лица, од нив биле обвинети по 322 лица, а осудени по 300 лица. Процентуално, таа филтрација низ органите за кривичен прогон означува дека 78,2 % од пријавените лица биле обвинети, а 93,2 % од обвинетите лица биле осудени,

- 97 % од пријавените лица се со познат идентитет,

- ова кривично дело го вршат најчесто машки лица,

- во најголем број од случаите (81,34 %) бил поднесен обвинителен предлог,

- 93,31 % од обвинетите лица биле прогласени за виновни, односно биле осудени,

- во судските пресуди за овие кривични дела преовладува казната затвор во 70,28 % од случаите,

- на 70 % од сторителите кои биле казнети за ова кривично дела, им била изречена казна затвор во висина до две години,

- на 64,46 % од сторителите кои биле казнети со парична казна, таа била изречена во висина од над 30.001 денар,

- од алтернативните мерки, за ова кривично дело биле изрекувани само условни осуди на казна затвор.

Профилот на полнолетните сторители на кривичното дело Овозможување на употреба наркотични droги и психотропни супстанции (чл. 216 КЗ на РМ) во Република Македонија во периодот 2006-2015 година изгледа вака:

- за ова кривично дело, просечно, секоја година биле пријавувани по 66 лица, обвинувани по 56, а осудувани по 32 лица. Тоа значи дека 85 % од пријавуваните лица биле обвинувани, а 48 % од нив биле осудувани,

- 99 % од пријавените лица се со познат идентитет,

- ова дело го извршуваат главно машки сторители,

- во најголем број од случаите (74,35 %) против пријавените лица биле поднесени обвинителни предлози,

- најголем број од обвинетите лица за ова кривично дело (92,83 %) биле прогласени за виновни,

- за ова кривично дело за сторителите во најголем број од случаите биле изречени само два вида на кривични санкции и тоа условни осуди на казна затвор (57,81 %) и казна затвор (41,83 %),

- во најголем број од случаите, дури 82 %, на осудените лица им била изречена казна затвор во времетраење до една година,

- од сите видови алтернативни мерки се изрекувале само условни осуди на казна затвор.

Од наведените карактеристики, значајно за издвојување и коментирање е тоа што за кривичното дело Неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори во судските пресуди за овие кривични дела преовладува казната затвор во висина до две години, а за кривичното дело Овозможување на употреба наркотични дроги и психотропни супстанции карактеристично е тоа што судот во повеќе од половина од случаите изрекувал условна осуда казна затвор. Од друга страна рецидивизмот за овие две кривични дела заедно изнесува 30 %, што е особено висок процент, кој во основа не може да се намали со изрекување на вакви видови кривични санкции. Затоа во иднина предлагам дека судските органи би требало да ја заострат казнената политика, во однос на изрекување на поостри кривични санкции, но и во однос на висината на нивното изрекување, затоа што со исполнување на целите на казнената политика се исполнуваат и целите на превентивната дејност кај овој вид на криминалитет.

## 3. Резултати од спроведеното интервју

### 3.1. Тек и начин на спроведување на интервјуто

Во насока на добивање емпириски информации за ефикасноста на органите на кривичен прогон во спречување, откривање, разјаснување и докажување на кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога, за потребите на докторскиот труд беше изработен писмен прашалник за реализирање на претходно планираниот метод на испитување – интервју. Прашалникот беше наменет за полициски службеници, инспектори, царински службеници, јавни обвинители, судии по кривична материја и адвокати кои биле вклучени во кривичните предмети и полициските акции за кривични дела поврзани со злоупотребата на

дрога. Оттука, ова значи дека примерокот е стратификуван, намерно избран, т.е. квотен, затоа што само преку одговорите на овој вид на испитаници ќе се постигне целта на истражувањето која претходно беше поставена.

За таа цел, изработениот писмен прашалник содржеше вкупно единаесет прашања од отворен тип, преку кои се побара испитаникот да даде што е можно подетално објаснување и образложение на неговите ставови и перцепции по однос на ефикасноста на органите на кривичен прогон во спречување, откривање, разјаснување и докажување на кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога. Главниот фокус во прашањата беше ставен врз оперативните аспекти и карактеристики на истражувачкиот процес при откривањето и докажувањето на овие кривични дела, заради тоа што токму за овие аспекти нема доволно стручна литература и не се доволно истражувани во изминатиот период. Во процесот на составувањето на прашањата, особено се настојуваше да се постават на јасен, прецизен и разбирлив стил, со цел да се добијат логички, издржани и целосни одговори и сознанија за подготвеноста, острученоста и оспособеноста на припадниците на органите за кривичен прогон, посебните професионални карактеристики, вештини и искуство кои им се потребни, поврзаност со сторителите на кривичните дела поврзани со злоупотребата на дрога, нивото и начинот на обезбедување на тајност и конспиративност, контрола и надзор од страна на старешинскиот кадар врз откривачкиот процес, недостатоците, пропустите и слабостите кои постојат, криминалната политика и рецидивизмот кај овие видови на кривични дела и сл.

Преку официјално барање од Факултетот за безбедност, заедно со писмениот прашалник во прилог, одделно беше побарано од неколку институции во Република Македонија, нивните вработени да земат активно учество во истражувањето – Министерството за внатрешни работи, Јавното обвинителство, Царинската управа на Република Македонија, Основните судови и адвокатските канцеларии. Сите претходно наведени беа замолени внимателно да го прочитаат секое прашање и да одговорат целосно и искрено, заради обезбедување на податоци за аргументирање на ставовите изнесени во неа, со нагласок дека учеството во ова истражување бара и време и напор, но без нивна соработка и помош тоа не би се реализирало. На избраните испитаници им беше посочено дека интервјуто е анонимно и дека добиените сознанија ќе се користат исклучиво

за научни цели и ќе бидат во функција на образложување на хипотезите во пријавениот докторски труд.

Прашањата кои ги содржи писмениот прашалник се следни:

1. Дали органите за кривичен прогон поседуваат доволно подготвени, остручени и оспособени припадници за ефикасна борба против кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога во Република Македонија? Ве молиме образложете го Вашиот став.
2. Какви психо-физички способности, карактеристики и својства треба да поседуваат оперативците кои се задолжени за откривање на кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога во Република Македонија?
3. Дали постои поврзаност на припадниците на органите за кривичен прогон со сторителите на кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога? Доколку постои, Ве молиме образложете ги причините за тоа.
4. Какво е нивото на тајност, дискретност и конспиративност при оперативно-тактичката дејност во откривањето на кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога во Република Македонија? Ве молиме образложете го Вашето тврдење.
5. Кои се најчестите недостатоци, слабости и пропусти кои ја ограничуваат и отежнуваат борбата против кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога од страна на надлежните органи во Република Македонија? Ве молиме објаснете го Вашето мислење.
6. Во колкава мера придонесува примената на посебните истражни мерки за откривање, разјаснување, документирање и докажување на потешките облици на кривични дела поврзани со злоупотребата на дрога, односно нарко-криминалитетот во Република Македонија?
7. Дали е потребна заострена казнена политика (преку зголемување на законскиот минимум при изрекувањето на казната затвор) за кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога? Ве молиме појаснете го Вашиот став.
8. Какви мерки треба да преземат надлежните органи за кривичен прогон за намалување на рецидивизмот кај сторителите на кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога?
9. Ве молиме наведете кои превентивни активности од страна на органите за кривичен прогон треба да се преземат за да се намалат и спречат кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога?

10. Дали сметате дека Република Македонија има воспоставено добри меѓународни односи со другите држави и меѓународни организации заради намалување на влијанието на нарко-криминалитетот во Република Македонија? Ве молиме објаснете го Вашиот став.
11. Како ја перцепирате, генерално, ефикасноста на органите за кривичен прогон кај кривичните дела поврзани со злоупотребата на дрога во Република Македонија? Ве молиме наведете ги причините кои Ве навеле на таквата перцепција.

Врз основа на планот за интервјуто, беше предвидено одговорите на испитаниците да бидат интерпретирани, анализирани, сумирани и прикажани групно, за да се добие една поцелосна слика за нивото на ефикасност на органите за кривичен прогон и сите останати аспекти кои ги содржи криминалистичко-оперативниот процес на истражување на кривичните дела поврзани со злоупотребата на дрога.

Слободно може да се констатира дека при спроведувањето на истражувањето се наиде на задоволителен интерес за учество од страна на испитаниците. Прашалниците беа пополнети од страна на 24 инспектори од Одделенијата за недозволена трговија со дрога и оружје при Министерството за внатрешни работи на Република Македонија (5 од СВР Скопје, 5 од СВР Струмица, 4 од СВР Охрид, 3 од СВР Штип, 2 од СВР Битола, 2 од СВР Тетово, 2 од СВР Велес и 1 од СВР Куманово), 8 адвокати (тројца од Скопје, двајца од Штип, двајца од Охрид и еден од Тетово), 4 царински службеници, 3 основни јавни обвинители (од Скопје, Охрид и Штип) и 2 пополнети прашалници од страна на судии во Основниот суд Скопје 1 и Основниот суд Охрид.

### 3.2. Интерпретација на резултатите од интервјуто

Првото прашање од интервјуто беше: **Дали органите за кривичен прогон поседуваат доволно подготвени, остручени и оспособени припадници за ефикасна борба против кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога во Република Македонија? Ве молиме образложете го Вашиот став.**

Испитаниците адвокати се едногласни дека органите за кривичен прогон во Република Македонија (и припадниците на Полицијата и припадниците на Јавното обвинителство) не се доволно подготвени, остручени и оспособени за

ефикасна борба против ваквите кривични дела, што често претставува пречка за брзо и квалитетно постапување во одредени случаи. Покрај тоа, според нив, недоволната подготвеност придонесува за грешки при водењето на истрагите, прибирањето и обезбедувањето на доказите што понатаму при евентуална судска постапка во голем степен ја намалува доказната сила на прибраниот доказен материјал. Тие укажаа дека иако постои институционална поврзаност на органите за кривичен прогон на национално и интернационално ниво, сепак тие не можат да одговорат со ефикасна борба поради следните фактори: добра организираност и подготвеност на криминалците, развиена мрежа на соработници кои ги информираат за одредени полициски активности, постоењето на дилери кои располагаат со малку дрога и многу информации, поврзаност на криминалците со соработници од Полицијата, што упатува на нивната добра информираност и фактот дека скоро никогаш не се откриваат главните снабдувачи на поголеми количини на droги, неорганизиран и несериозен настап на државата во борбата против овие кривични дела, недоволна работа во однос на кампањите се свесност од страна на невладините организации, и сл.

Испитаниците кои се припадници на Министерството за внатрешни работи, пак, спротивно на другите категории на испитаници, сметаат дека се доволно остручени и оспособени за ефикасна борба против сторителите на овој вид на криминал, но сепак секогаш постои можност за нивно надградување преку почесто организирање на семинари и други форми на континуирана обука, со цел дополнување на нивната стручна наобразба, како и нивно поголемо остручување.

Сите испитаници се согласни дека е потребна ваква континуирана обука и дополнителна специјализација на припадниците на органите за кривичен прогон, заради подигнување на нивото на нивната компетентност и стручност. Па така, тие, покрај високото образование, треба да посетуваат и обуки, курсеви, работилници, специјализирани за конкретниот вид на дела, на кои истите ќе работат. До сега, во судската пракса, постојат голем број на случаи за кои се водат постапки и по неколку години, од причина што во текот на истражните постапки биле направени пропусти, кои доколку би биле исправно забележани, случаите би биле јасни и детални.

Испитаниците предлагаат припадниците на органите за кривичен прогон кои работат на оваа проблематика да бидат многу прецизно избирани и

вработени, со цел правилно и праведно да бидат спроведувани постапките и донесувани правно поткрепени и исправни одлуки.

Мал број од испитаниците (главно адвокати) се согласни дека припадниците во органите за кривичен прогон се доволно подготвени, оструčени и оспособени.

Второто прашање беше: **Какви психо-физички способности, карактеристики и својства треба да поседуваат оперативците кои се задолжени за откривање на кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога во Република Македонија?**

Испитаниците на ова прашање наведуваа низа на карактеристики кои треба да ги поседува оперативецот кој работи на оваа проблематика. Сите се согласни дека психо-физичката активност на еден оперативец во полицијата е важен сегмент во борбата против криминалитетот поврзан со злоупотреба на дрога, бидејќи секој од нив мора да поседува максимално ниво на психолошка и физичка подготвеност, при што мора да биде подготвен на секакви ризични состојби и предизвици кои постојат во рамките на процесот на откривање, истражување и разјаснување на кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога.

Сумарно, психо-физичките способности, карактеристики и својства кои според испитаниците треба да ги поседуваат оперативците кои работат на оваа проблематика, според застапеноста во одговорите може да се рангираат на следниот начин: одлична психо-физичка состојба, професионалност, добра теоретска и практична поткованост, стабилност, чесност, истрајност, трпеливост, упорност, решителност, посветеност, темелност, комуникативност, координација, лојалност, колегијалност, способност за тимска работа, љубов кон работата, иновативност, доверливост, дискретност, снаодливост, да поседува високо ниво на личен интегритет, да не подлегнува на притисоци и влијанија од различен вид, да биде скептичен (да се сомнева), да биде критичен и самокритичен, да не биде поткуплив, да има изградени ставови и принципи, посебно строги морални принципи итн.

Скоро сите испитаници се согласни дека иако физичката подготовка е задолжителна за припадниците на органите на кривичниот прогон, таа во конкретниве случаи е секундарна во однос на психичката. Ова особено што ваквите припадници често се инфилтрираат во криминалните кругови или пак мора да креираат лик или да градат имиџ на лице од доверба во одредени кругови,

со цел да ги добијат потребните информации. Важно е припадникот да е психички оспособен и подготвен да врши брза и правилна процена на лицата - злоупотребувачи на дрога или трговци со дрога за да може точно да знае каква стратегија да примени во конкретниот случај, без разлика дали се работи за прибирање на докази и информации или испрашување на сведоци или осомничени.

Третото прашање гласеше: **Дали постои поврзаност на припадниците на органите за кривичен прогон со сторителите на кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога? Доколку постои, Ве молиме образложете ги причините за тоа.**

Најголем број од испитаниците од сите категории, сметаат дека постои поврзаност меѓу нив, при што во таквите случаи се работи за коруптивни зделки и злоупотреба на службената положба, предизвикани од потребата за пари, брзо и лесно богатење, алчност за пари, недоволната платеност на припадниците на органите за кривичен прогон и сл. Некои од нив дури и наведуваа практични примери кога од полициски станици исчезнувале одредени количини на дрога, при што се споменувала наводна вмешаност на полициски припадници и адвокати, меѓутоа без целосно истражување и разврска на ваквите настани. Некои од анкетираните полициски инспектори укажаа дека ваквите состојби се покарактеристични за помалите општини и полициски станици.

Според оваа група на испитаници иако логично е да се спротивставени, неопходна е соработка на припадниците на органите на кривичен прогон со сторителите на кривични дела. Припадниците често се во ситуација да одбираат од две зла, односно кога постојат услови и можности да се спречи поголем, поштетен или поопасен криминал, често тие прибегнуваат кон мерки на попустливост или толерантност кон одредени лица доколку проценат дека од нив може да прибават важни и корисни информации кои би помогнале при спречувањето на поголемото зло. Тука е особено важно припадниците да извршат правилна процена на своето постапување од сите аспекти и правилно да ги одмерат евентуалните последици кои сигурно дека ќе произлезат од таквите постапувања и да донесат правилна оцена за тоа кои лица и до кој степен може да се толерираат. Иако на прв поглед изгледа неетичко, сепак ваквото постапување е задолжително од причини што криминалните кругови се често од високо затворен

тип и во истите е многу тешко да се влезе или да се добие конкретна информација.

Има и една помала група на испитаници кои категорично одговорија дека не постои поврзаност помеѓу припадниците на органите за кривичен прогон и сторителите на кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога.

Четвртото прашање беше: **Какво е нивото на тајност, дискретност и конспиративност при оперативно-тактичката дејност во откривањето на кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога во Република Македонија? Ве молиме образложете го Вашето тврдење.**

Мислењата на адвокатите и обвинителите по однос на ова прашање се поделени. Скоро половина од нив сметаат дека нивото на тајност, дискретност и конспиративност е на потребното високо ниво и ги задоволува потребните оперативни стандарди, поради професионалноста и стручноста на припадниците на органите за кривичен прогон. Исто така, тие укажаа дека сите оперативно-тактички мерки кои се преземаат согласно позитивните законски прописи во државава, во фазата на предистражната и истражната постапка, се преземаат целосно тајно и дека досега не им се познати определени инциденти на нарушување на конспиративноста на таквите акции. Останатите испитаници мислат спротивно, од причина што искажуваат сомнеж врз работата на оперативците, бидејќи ги откривале само нарко-уживателите и ситните дилери на дрога, а не обрнуваат внимание на конспиративноста на акциите, па не ги следат трагите со цел да ги откријат покрупните дилери и нарко-босови, што ги упатува на заклучокот дека „некој“ ги штити големите „играчи“ во нарко-подземјето.

Скоро сите испитаници припадници на Министерството за внатрешни работи, можеби поради нивната субјективност и припадност кон институцијата која ја врши оперативно-тактичката дејност, тврдат дека тајноста, дискретноста и конспиративноста се на задоволително ниво. Сепак, некои од нив признаваат дека познаваат нивни колеги кои имаат непрофесионален однос кон работењето и кои го нарушуваат етичкиот кодекс на полициско работење, што го оправдуваат со фактот дека сепак се работи за човечки фактор, па се среќаваат и такви ситуации.

Петтото прашање во интервјуто беше: **Кои се најчестите недостатоци, слабости и пропусти кои ја ограничуваат и отежнуваат борбата против кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога од страна на надлежните органи во Република Македонија? Ве молиме објаснете го Вашето мислење.**

Најчестите недостатоци и слабости кои ги наведуваат сите испитаници се среќаваат кај оперативните службеници на полицијата. Нив може да ги сублимираме во одредената нестручност и некомпетентност, одредени политички влијанија, не се поставени лица со висока професионалност и стручно образование кои ќе бидат имуни на секакви притисоци и уцени и сл. Селективноста во работењето ја наведуваат исто така како доста важен проблем во откривањето на овие кривични дела. Од друга страна е и непоседувањето на соодветна техника и опрема за работа за ефикасна примена на полициско-истражните методи и техники кои може да придонесат во голема мера за откривање на сторителите и докажување на кривичните дела. Како друг недостаток се наведува и недоволниот институционален и персонален капацитет, слабата меѓуинституционална соработка, како и слабата соработка помеѓу граѓаните и полицијата, како резултат на ниската доверба на граѓаните во институциите за борба против овој вид на криминалитет.

Некои од испитаниците припадници на Министерството за внатрешни работи укажаа дека постојат случаи кога некои лица даваат лажни или неточни информации за тоа дека одредено лице се занимава со ваков вид на криминал со цел тоа лице да биде неосновано предмет на истрага, а вистинските криминалци да бидат извесен период заштитени и на тој начин ја отежнуваат работата на полициските службеници. Тие посочија и на фактот дека многу често поднесените кривични пријави за вакви кривични дела се преиначуваат во прекршочни пријави, што претставува и еден вид на охрабрување на криминалците, бидејќи на тој начин ќе се извлечат со полесни кривични санкции. Како следен недостаток е недоволната комуникација и координација на релација Полиција – Јавно обвинителство и потребата од поголема заинтересираност на обвинителството во текот на целата постапка за кривично-правниот настан.

Испитаниците судии, укажаа на фактот дека иако полицијата поседува сознанија за сторување на такви дела и ги идентификува сторителите, често се случува тие сознанија да не се поткрепени со цврсти и сигурни докази врз основа на кои надвор од разумно сомневање би можело да се донесе осудителна пресуда. Значи, недостигот на релевантен доказен материјал е главниот пропуст во текот на кривичната постапка, што оневозможува осудување на обвинетите лица.

Шестото прашање гласеше: **Во колкава мера придонесува примената на посебните истражни мерки за откривање, разјаснување, документирање и**

**докажување на потешките облици на кривични дела поврзани со злоупотребата на дрога, односно нарко-криминалитетот во Република Македонија?**

Извесен број од испитаниците укажаа дека не би можеле да одговорат на ова прашање со оглед на тоа што не се директно вклучени во примената на посебните истражни мерки (се работи за адвокатите). Оние кои одговорија на ова прашање (од останатите категории на испитаници) немаат дилеми дека посебните истражни мерки се особено важни, а често и единствени инструменти кои им стојат на располагање на истражните органи при откривањето, разјаснувањето, документирањето и докажувањето на нарко-криминалитетот во Република Македонија, со оглед на специфичностите на овој вид на криминал. Испитаниците судии, по однос на посебните истражни мерки укажаа дека тие се применуваат само кога овие кривични дела поврзани со злоупотребата на дрога се дел од организираниот криминал.

Седмото прашање во интервјуто беше: **Дали е потребна заострена казнена политика (преку зголемување на законскиот минимум при изрекувањето на казната затвор) за кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога? Ве молиме појаснете го Вашиот став.**

Испитаниците на ова прашање имаа поделени мислења. Една група на испитаници одговорија потврдно. Друга група испитаници согласноста ја прошируваат со тоа што предлагаат заострување на казнената политика особено спрема организаторите на делото, како и спрема службените лица кои биле учесници при сторување на вакви кривични дела. Трета група на испитаници сметаат дека проблемите со криминалитетот во оваа сфера не се решаваат со таблици за казни. Според нив, мора да постои индивидуализација на казната според различни параметри – видот и опасноста на кривичното дело, личноста на сторителот и неговата позадина, претходниот живот, склопот на околности кои довеле за извршување на делото, субјективноста на делото и сл. И на крај, четврта група испитаници сметаат дека треба повеќе да се работи на општа и посебна превенција во која ќе бидат вклучени различни општествени субјекти за подигнување на свеста на населението за опасноста од наркоманијата како негативна појава, но и сторувањето на кривични дела поврзани со злоупотребата на дрога. Испитаниците судии, пак, во голем број го делат мислењето дека е потребна заострена казнена политика, но не со зголемување на предвидениот

законски минимум за казните. Според нив, Кривичниот законик на Република Македонија веќе предвидува многу високи казни за сторителите на вакви кривични дела, но праксата покажува дека судовите имаат блага казнена политика, односно многу често се изрекуваат казни на граница на законски предвидената минимална казна, а често со примена на одредбите за ублажување на казна, казните се изрекуваат и под предвидениот минимум. За подобрување на ваквата ситуација, тие предлагаат воедначување на казнената политика на судовите.

Некои од испитаниците посочуваа дека треба почесто да се применува мерката за конфискација на парични средства и имот кои се стекнати на криминален начин, со цел да се одвратат криминалците од идни извршувања на кривични дела, што секако би делувало и на превентивен план.

Постојат и испитаници кои сметаат дека моменталната казнена политика е сосема соодветна на приликите во областа на нарко-криминалитетот.

Осмото прашање беше: **Какви мерки треба да преземат надлежните органи за кривичен прогон за намалување на рецидивизмот кај сторителите на кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога?**

Мерките кои испитаниците ги наведувале во однос на ова прашање се од социјална, здравствена и казнена природа. Според најголемиот број од испитаниците, лицата повратници од казнено поправните установи, кои сè почесто го повторуваат кривичното дело, тоа го прават кога се наоѓаат во една состојба на апстиненцијален синдром од дрога, па затоа често се впуштаат во обични кражби, провални кражби и разбојнички кражби.

Испитаниците во голема мера сметаат дека е потребно подобрување и зајакнување на процесот на ресоцијализација и реадаптација на осудените лица за кривични дела поврзани со злоупотреба на дрога, преку примена на активни мерки што се насочени кон остварување на позитивни промени во нивната свест и општествено однесување по излегувањето на слобода. Тие промени имаат за цел делинквентот да ги напушти општествено неприфатливите и казнивите обрасци на општественото поведение и повторно да се приспособи кон нормите на општествената заедница на начин на кој нормите и важечките вредности во општеството ќе се прифатат како образец на однесување.

Понатаму, некои од испитаниците укажаа дека во кривично-правниот и полицискиот третман и работење, задолжително мора да се издвојат корисниците

(уживатели) на дрога од дилерите, при што не смее и понатаму да се квалификуваат како и досега за дилери оние кои уживале дрога на отворен простор или нивниот дом. Тоа само дава лажни податоци за ефикасноста на полицијата и не го решава основниот проблем.

Некои испитаници предлагаат засилување на контролата на осудените лица по издржување на казната затвор од страна на соодветна надлежна специјализирана установа, како мерка за намалување на рецидивизмот кај овој вид на криминалитет. Исто така, предлагаат и контролни механизми за условниот отпуст и флексибилна можност за негово отповикување во одредени случаи, доколку осуденикот не се придржува до насоките кои му биле претходно дадени.

Една од мерките се наведува и легализацијата на консумацијата на „лесни“ дроги (марихуана и сл.) како што тоа постои во бројни правни системи низ светот.

Од здравствен аспект, многумина од испитаниците го наведуваа задолжителното лекување на нарко-зависниците како неопходна мерка за спечување на идни кривични дела од нивна страна.

Деветтото прашање во интервјуто гласеше: **Ве молиме наведете кои превентивни активности од страна на органите за кривичен прогон треба да се преземат за да се намалат и спречат кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога?**

Сите испитаници на ова прашање укажаа дека полицијата во содејство со одредени државни институции треба да превзема одредени превентивни активности како што се кампањи, работилници, форуми, трибини, едукативни материјали, состаноци со советодавни групи на граѓани и сл. кои би можеле да дадат придонес во превенцијата и заштитата од употребата на дроги, со цел заштита на младите лица. Ваквите превентивни кампањи треба да се спроведуваат во сите степени на образованието преку приказ на најлошите и најопасните последици од злоупотребата на дрогата кои се јавуваат по човековата личност и здравје. Потребна е поголема активност за регистрирање на нарко-зависниците, пружање нивна помош за лекување, законска обврска за јавување кај лекар, реализирање на работилници преку невладини организации за пружање помош на почетници и нивно одвикнување, кампањи преку медиумите за тоа како познат зависник станал добар родител, успешен човек, докажан во својата област на работење кој користел програма преку разни општествени активности и сл.

Исто така, многумина од испитаниците изразуваа загриженост за недоволната родителска грижа и домашно воспитување на децата, недоволната контрола над младите, при што апелираат на поголема вклученост на родителите во процесот на изградба на здрави личности од нивните деца.

Значи, потребен е поголем степен на координација на активностите за превенција помеѓу различните сектори во државата (здравство, социјални служби, образовни институции, невладин сектор итн), зголемување на бројот на центрите за советување и центрите на лечење на зависници, како и нивно техничко опремување и зајакнување со квалитетни образовани кадри кои ќе им помагаат на пациентите да се изборат со нивните проблеми.

Тука, особено е значајна и превентивната дејност на полициските службеници и оперативците кои треба да водат контрола во одредени места, улици, населби или реони, каде има движење и постоење на одредени групации, познати нарко-жаришта и дилери на дрога со цел да може навремено да се интервенира во иднина. Исто така, особено е значајно и лоцирање на местата каде се врши злоупотреба на дрогата и нивно осветлување, заради зголемување на видното поле, како и поголем надзор над нив од страна на полициски патроли.

Од друга страна, некои од испитаниците сметаат и дека острата казнена политика за овој вид на криминалитет е добра превентивна мерка која ги заплашува и одвраќа можните сторители да не вршат вакви кривични дела во иднина.

Десеттото прашање беше: **Дали сметате дека Република Македонија има воспоставено добри меѓународни односи со другите држави и меѓународни организации заради намалување на влијанието на нарко-криминалитетот во Република Македонија? Ве молиме објаснете го Вашиот став.**

Во контекстот на ова прашање, на голем број од испитаниците не им беше познато каква е меѓународната соработка на Република Македонија со другите држави и меѓународни организации кога се работи на полето на откривање и спречување на кривичните дела поврзани со злоупотребата на дрога. Оние испитаници кои се запознати со овој аспект се на мислење дека Република Македонија има воспоставено солидна соработка со другите држави, па и меѓународни организации (главно Интерпол) во криминалистичката соработка и борбата против нарко криминалитетот. Карактеристична е констатацијата на еден

од испитаниците кој укажа дека ваквиот тип на соработка со соседна Грција не е на задоволително ниво, што значи дека треба да се посвети внимание на развивање доверба со цел подобрување на соработката на полето на борбата против нарко-криминалитетот.

Единаесеттото прашање гласеше: **Како ја перцепирате, генерално, ефикасноста на органите за кривичен прогон кај кривичните дела поврзани со злоупотребата на дрога во Република Македонија? Ве молиме наведете ги причините кои Ве навеле на таквата перцепција.**

Во однос на оваа оценка, перцепциите на испитаниците се поделени. Некои од нив генерално сметаат дека состојбите во однос на ефикасноста на органите за кривичен прогон се лоши, односно незадоволителни, поради низа на фактори кои претходно беа укажани во прашањето за недостатоците и слабостите при оперативната работа. Некои од нив сметаат дека оперативната работа на органите за кривичен прогон се сведува на привид, затоа што се откриваат, фаќаат и осудуваат само уживатели на дроги, кои лажно се прикажуваат од страна на органите за кривичен прогон како дилери, а многу ретко се гонат вистинските дилери кои поседуваат и тргуваат со големи количини на дрога. Други испитаници сметаат дека состојбата е добра, дека се подобрува во последниот период, но дека не е на задоволително ниво на висок професионализам и во полицијата и во обвинителството.

Како негативна карактеристика на спроведеното интервју за потребите на докторскиот труд е одбивноста на испитаниците да се даваат образложени и појаснети одговори на прашањата, што беше забележано во голем број на пополнети прашалници. Кај испитаниците секогаш постои доза на одбивност да се вклучат во истражување во кое од нив се очекува да дадат образложенија, објаснувања и мислења за материјата која се обработува и која е предмет на интерес во истражувањето. Свесни за овој проблем, при составувањето на прашањата се водеше сметка за квантитетот и за аспектите кои треба да бидат опфатени. Од друга страна, треба да се има на ум и фактот дека овој прашалник не беше наменет за општата, туку за стручната јавност, односно само за лица кои на определен начин согласно нивните својства, функции и надлежности кои произлегуваат од нивното работно место, би можеле да дадат одговор на поставените прашања, односно лица припадници на органите за кривичен прогон, кои работеле на проблематиката на откривање, разјаснување, расветлување,

документирање и докажување на кривичните дела поврзани со злоупотребата на дрогата. При спроведување на интервјуто, на испитаниците им беше дадено доволно време да ги пополнат доставените прашалници, со цел да дадат квалитетни, издржани и конзистентни одговори.

## 4. Квалитативно-аналитички и критички осврт на резултатите од спроведеното истражување

Во рамките на спроведеното интервју, интересен е фактот што најголем број од испитаниците укажаа дека припадниците на Полицијата и припадниците на Јавното обвинителство не се доволно подготвени, остручени и оспособени за ефикасна борба против кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога. Ваквата недоволна подготвеност придонесува за грешки при водењето на истрагите, собирањето и обезбедувањето на трагите и доказите што понатаму при евентуална судска постапка во голем интензитет ја намалува доказната сила на прибраниот доказен материјал. Затоа, сите тие предложија континуирана обука и дополнителна специјализација, што е особено позитивна и квалитетна мерка, заради подигнување на нивото на нивната компетентност и стручност, во смисла на организирање на обуки, курсеви, работилници, специјализирани за конкретниот вид на дела, на кои истите ќе работат. За спроведување на ваквата дообука во органите за кривичен прогон треба да постои план за нејзина реализација и истиот тој да биде на краток, среден и долг рок, а да бидат опфатени сите оперативни работници кои се надлежни за оваа проблематика. На тој начин ќе се придонесе во нивната професионална и стручна надоградба, а особено ќе се интензивира нивната меѓусебна соработка и размена на практики, искуства, нови методи на вршење на криминалната активност и нови современи пристапи во нивното откривање, разјаснување и докажување. Во таа насока, припадниците на органите за кривичен прогон кои работат на оваа проблематика треба да бидат многу прецизно селектирани, регрутирани и вработени, со цел правилно, професионално, стручно и праведно да бидат спроведувани истрагите и постапките и донесувани правно поткрепени и исправни одлуки во процесот на откривање, разјаснување и докажување на овој вид криминалитет. И покрај негативната конотација на резултатите во однос на стручноста и подготвеноста на припадниците на МВР и Јавното Обвинителство, сметам дека надлежните органи

имаат активно учество во високо квалитетни обуки на национално и меѓународно ниво и неопходно е пренесување на стекнатото искуство од спроведените обуки во нивната служба. Посебен акцент треба да се стави на вложување на финансиски средства во техничка опрема и специјализирана обука за техничка опрема со цел олеснување и подобрување на работата на надлежните органи.

Понатаму, психо-физичката активност на еден оперативец во полицијата е важен сегмент во борбата против криминалитетот поврзан со злоупотреба на дрога, бидејќи секој од нив мора да поседува максимално ниво на психолошка и физичка подготвеност, при што мора да биде подготвен на секакви ризични состојби и предизвици кои постојат во рамките на процесот на откривање, истражување и разјаснување на кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога. Многу е важно припадникот да е психички оспособен и подготвен да врши брза и правилна процена на лицата-злоупотребувачи на дрога или трговци со дрога за да може точно да знае каква стратегија да примени во конкретниот случај, без разлика за која фаза и активност од постапката се работи, односно дали се работи за прибирање на докази и информации или испрашување на сведоци или осомничени.

Еден од идентификуваните проблеми преку спроведеното интервју е тоа што најголем број од испитаниците од сите категории, сметаат дека постои поврзаност меѓу припадниците на органите за кривичен прогон со сторителите на кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога, при што во таквите случаи се работи за коруптивни зделки и злоупотреба на службената положба, предизвикани од потребата за пари, брзо и лесно богатење, алчност за пари, недоволната платеност на припадниците на органите за кривичен прогон и сл. Сепак, иако логично е овие две групи да се спротивставени, неопходна е соработка на припадниците на органите на кривичен прогон со сторителите на кривични дела, заради исполнување на целите на криминалистичко-информативната дејност, а во насока на добивање податоци, информации и известувања. Како информатори или соработници тие може да дадат значајни факти за откривање, докажување и разјаснување на овој тип на криминалитет.

Во однос на нивото на тајност, дискретност и конспиративност при оперативно-тактичката дејност во откривањето на кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога во Република Македонија не може да се извлечат цврсти заклучоци, од причина што мислењата на испитаниците по однос на ова прашање

се поделени. Скоро половина од нив сметаат дека нивото на тајност, дискретност и конспиративност е на потребното високо ниво и ги задоволува потребните оперативни стандарди, поради професионалноста и стручноста на припадниците на органите за кривичен прогон. Останатите испитаници мислат спротивно, од причина што искажаа сомнеж врз работата на оперативците, бидејќи ги откривале само нарко-уживателите и ситните дилери на дрога, а не обрнуваат внимание на конспиративноста на акциите, па не ги следат трагите со цел да ги откријат покрупните дилери и нарко-босови, што ги упатува на заклучокот дека „некој“ ги штити големите „играчи“ во нарко-подземјето. Одговорите на ова прашање зависат од практичното искуство и активностите во кои испитаниците биле вклучени, па според тоа нивните одговори се половина позитивни, половина негативни. Тука треба да се потенцира дека при откривањето, разјаснувањето и докажувањето на овој вид на криминалитет е потребно високо ниво на заштита и чување на службените тајни, постојана дискреција и огромна конспиративност, бидејќи излевањето на информации за идните оперативни акции ја уништува целокупната дејност на органите на кривичен прогон.

Најчестите недостатоци и слабости при откривањето на овој тип на криминалитет се среќаваат кај оперативните службеници на полицијата, од аспект на одредената нестручност и некомпетентност, одредени политички влијанија, не се поставени лица со висока професионалност и стручно образование кои ќе бидат имуни на секакви притисоци и уцени, селективност во работењето, непоседувањето на соодветна техника и опрема за работа за ефикасна примена на полициско-истражните методи и техники кои може да придонесат во голема мера за откривање на сторителите и докажување на кривичните дела и недоволниот институционален и персонален капацитет, слабата меѓуинституционална соработка, како и слабата соработка помеѓу граѓаните и полицијата, како резултат на ниската доверба на граѓаните во институциите за борба против овој вид на криминалитет.

Нема дилеми дека посебните истражни мерки се особено важни во процесот на откривање и докажување на кривичните дела поврзани со злоупотребата на дрога, а често и единствени инструменти кои им стојат на располагање на истражните органи, со оглед на специфичностите на овој вид на криминал. Со ваквата констатација се согласија и испитаниците во интервјуто.

Една група на испитаници го застапуваат ставот дека е потребна заострена казнена политика за кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога, а друга група испитаници согласноста ја прошируваат со тоа што предлагаат заострување на казнената политика особено спрема организаторите на делото, како и спрема службените лица кои биле учесници при сторување на вакви кривични дела. Трета група на испитаници сметаат дека проблемите со криминалитетот во оваа сфера не се решаваат со таблици за казни. И на крај, четврта група испитаници сметаат дека треба повеќе да се работи на општа и посебна превенција во која ќе бидат вклучени различни општествени субјекти за подигнување на свеста на населението за опасноста од наркоманијата како негативна појава, но и сторувањето на кривични дела поврзани со злоупотребата на дрога. Некои од испитаниците посочуваа дека треба почесто да се применува мерката за конфискација на парични средства и имот кои се стекнати на криминален начин, со цел да се одвратат криминалците од идни извршувања на кривични дела, што секако би делувало и на превентивен план. Постојат и испитаници кои сметаат дека моменталната казнена политика е сосема соодветна на приликите во областа на нарко-криминалитетот. Се согласувам со испитаниците кои го застапуваат ставот за заострување на казнената политика за овие кривични дела, посебно за организираниот начин на извршување, во насока на превенција и намалување на рецидивизмот.

Во однос на мерките кои треба да се преземат од страна на надлежните органи за кривичен прогон за намалување на рецидивизмот кај сторителите на кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога, испитаниците ги наведоа мерките од социјална, здравствена и казнена природа. Лицата повратници од казнено поправните установи, кои сè почесто го повторуваат кривичното дело, тоа го прават кога се наоѓаат во една состојба на апстиненцијален синдром од дрога, па затоа често се впуштаат во обични кражби, провални кражби и разбојнички кражби.

Затоа сметам дека е потребно подобрување и зајакнување на процесот на ресоцијализација и реадаптација на осудените лица за кривични дела поврзани со злоупотреба на дрога, преку примена на активни мерки што се насочени кон остварување на позитивни промени во нивната свест и општествено однесување по излегувањето на слобода. Тие промени имаат за цел делинквентот да ги напушти општествено неприфатливите и казнивите обрасци на општественото

поведение и повторно да се приспособи кон нормите на општествената заедница на начин на кој нормите и важечките вредности во општеството ќе се прифатат како образец на однесување.

Понатаму, полицијата во содејство со одредени државни институции треба да превзема одредени превентивни активности како што се кампањи, работилници, форуми, трибини, едукативни материјали, состаноци со советодавни групи на граѓани и сл. кои би можеле да дадат придонес во превенцијата и заштитата од употребата на дроги, со цел заштита на младите лица. Ваквите превентивни кампањи треба да се спроведуваат во сите степени на образованието преку приказ на најлошите и најопасните последици од злоупотребата на дрогата кои се јавуваат по човековата личност и здравје. Потребна е поголема активност за регистрирање на нарко-зависниците, пружање нивна помош за лекување, законска обврска за јавување кај лекар, реализирање на работилници преку невладини организации за пружање помош на почетници и нивно одвикнување, кампањи преку медиумите за тоа како познат зависник станал добар родител, успешен човек, докажан во својата област на работење кој користел програма преку разни општествени активности и сл.

Потребен е поголем степен на координација на активностите за превенција помеѓу различните сектори во државата (здравство, социјални служби, образовни институции, невладин сектор итн), зголемување на бројот на центрите за советување и центрите на лечење на зависници, како и нивно техничко опремување и зајакнување со квалитетни образовани кадри кои ќе им помагаат на пациентите да се изборат со нивните проблеми.

Во Република Македонија, Центрите за лечење на зависници се дефицитарни и не ги задоволуваат потребите на зависниците на национално ниво. Токму поради тоа, потребно е да се отворат државни институции со стручен кадар (медицински лица, социјални работници, психолози) во сите градови на Република Македонија кои покрај дневна терапија треба да овозможат услови како специјализирана установа за подолготрајно лекување на зависници при што ќе се имплементираат програми чија цел е зависникот да го ресоцијализираат и реинтегрираат во општеството.

Особено е значајна и превентивната дејност на полициските службеници и оперативците кои треба да водат контрола во одредени места, улици, населби или реони, каде има движење и постоење на одредени групации, познати нарко-

жаришта и дилери на дрога со цел да може навремено да се интервенира во иднина. Исто така, особено е значајно и лоцирање на местата каде се врши злоупотреба на дрогата и нивно осветлување, заради зголемување на видното поле, како и поголем надзор над нив од страна на полициски патроли.

Според испитаниците, Република Македонија има воспоставено солидна соработка со другите држави, па и меѓународни организации (главно Интерпол) во криминалистичката соработка и борбата против нарко криминалитетот. Карактеристична е констатацијата дека ваквиот тип на соработка со соседна Грција не е на задоволително ниво, што значи дека треба да се посвети внимание на развивање доверба со цел подобрување на соработката на полето на борбата против нарко-криминалитетот.

Во однос на генералната перцепција, ефикасноста на органите за кривичен прогон кај кривичните дела поврзани со злоупотребата на дрога во Република Македонија, испитаниците се поделени. Некои од нив генерално сметаат дека состојбите во однос на ефикасноста на органите за кривичен прогон се лоши, односно незадоволителни, поради низа на фактори кои претходно беа укажани во прашањето за недостатоците и слабостите при оперативната работа. Некои од нив сметаат дека оперативната работа на органите за кривичен прогон се сведува на привид, затоа што се откриваат, фаќаат и осудуваат само уживатели на дроги, кои лажно се прикажуваат од страна на органите за кривичен прогон како дилери, а многу ретко се гонат вистинските дилери кои поседуваат и тргуваат со големи количини на дрога. Други испитаници сметаат дека состојбата е добра, дека се подобрува во последниот период, но дека не е на задоволително ниво на висок професионализам и во полицијата и во обвинителството.

И покрај недоволната техничка опременост, незадоволителниот број на специјализирани обуки на органите надлежни за справување на овој вид на криминалитет, сметам дека ефикасноста на органите на кривичниот прогон во откривање, разјаснување и докажување на кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога е на задоволително ниво, што се потврдува со добиените резултати од спроведеното истражување.

# ДЕЛ VIII

# ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

Врз основа на поставената хипотеза и тргнувајќи од генералната и практичните цели и задачи на трудот, предметот на ова истражување се однесуваше на утврдување на ефикасноста, ефективноста и успехот на органите на кривичен прогон при откривањето, докажувањето и справувањето со криминалитетот поврзан со злоупотребата на дрога. Овие показатели беа анализирани врз основа на теоретските размисли и емпириските податоци кои се однесуваа почнувајќи од преткривичните постапки, поднесувањето на кривичните пријави, па сѐ до целосен расплет, односно до донесувањето и објавувањето на правосилна судска пресуда.

Живееме во свет во кој сите луѓе се изложени на секојдневни закани од криминалитетот. Иако се вложуваат огромни напори за да се обезбеди мирен, стабилен, спокоен и безбеден живот, сепак, не можеме да останеме недопрени од „болестите“ на денешнината, а особено од асоцијалните појави во општеството. Секојдневно се губат илјадници човечки животи, се шират многу заразни болести, се уништуваат економиите во многу земји, се дестабилизира мирот и спокојството и владее страв од ширењето и консумирањето на дрогата и зависноста која ја предизвикува и која брзо се распространува низ целиот свет. Ниту една држава во светот не може и не смее да остане пасивна пред заканите од криминалитетот поврзан со злоупотреба на дрога, бидејќи зазема сѐ поголеми размери на меѓународно ниво.

Во светот во последните децении континуирано се води активна борба против овој криминалитет на нормативно-правна основа, преку донесување на конвенции, стратегии, одржување на меѓународни форуми и конференции и многу други алатки кои се неопходни за успешна борба и контрола на криминалитетот поврзан со злоупотреба на дрога. Сите овие механизми за борба против овој вид криминалитет овозможуваат хармонизација на законодавствата во однос на кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога, со цел да се олесни меѓусебната соработка и да се овозможи брза размена на информации и заедничко дејствување на полето на откривање и сузбивање на криминалитетот поврзан со злоупотреба на дрога. Борбата мора да биде насочена и на

меѓународно поле, бидејќи овој криминалитет во најголем дел е меѓународен, односно транснационален.

Република Македонија е активен учесник во борбата против овој криминалитет и вложува напори позитивните искуства и добрите практики на развиените земји да ги пренесе во национални рамки и на тој начин да биде во чекор со современите тенденции и достигнувања, алатките, инструментите и другите средства кои се нудат и кои стојат на располагање за зајакнување на борбата против криминалитетот поврзан со злоупотреба на дрога. Секојдневната битка со дрогата во Република Македонија преку примена на Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции, Стратегијата за дроги на Република Македонија, одредбите од Кривичниот Законик на Република Македонија кои се однесуваат на злоупотреба на дрога и други акти кои ја регулираат оваа проблематика резултира со санкционирање на прекршоците и кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога, но, за жал, повеќето содржини предвидени со законските акти, стратегиите и акционите планови за дрога остануваат само на хартија.

Преку теоретската анализа во рамките на докторскиот труд се покажа дека во светот постојат и многу видови на дрога кои за Република Македонија сѐуште се непознати, а прашање е дали ќе можеме да се справиме со последиците кои тие дроги ги предизвикуваат, бидејќи се работи за тешки дроги кои имаат многу посилно дејство и брзо предизвикуваат зависност. Анализата на Извештајот за запленети дроги на СЕЛЕК за 2015 покажа регистрирани случаи на запленети количини на нови психоактивни супстанци во Бугарија, што значи дека директно сме изложени на заканите на овој вид на дрога. Дали метадонската терапија ќе ги излечи зависниците од овој вид дрога? Истражувањето покажа дека не сме подготвени во целост да ги згрижиме моменталните регистрирани зависници, а за новите закани ќе бидеме немоќни да се справиме. Ќе се поставуваат многу слични прашања доколку не се преземе сериозен став во однос на проблемот со дрогата во Република Македонија. Неопходно е преземање на итни мерки за да се подобри третманот на зависниците од дрога, Центрите за поддршка и реинтеграција на зависниците од дрога во социјалната средина и работното место да не бидат активни само во стратегиите, туку и во пракса да функционираат и да учествуваат во реизградба на личноста на зависникот. Користењето и злоупотребата на дроги не е феномен кој е настрана од нас и кој нѐ заобиколува, туку е феномен кој од 90-

тите години на минатиот век досега расте со зголемено темпо и предизвикува негативни последици по здравјето на луѓето, доведува до дисхармоничен живот, социјална дезинтеграција, девијантно и криминално однесување, а често доведува и до смртни последици.

Резултатите од истражувањето покажа дека најчесто злоупотребувана дрога меѓу младите во Република Македонија сѐуште е канабисот, а хероинот е во стабилни рамки. Во последно време се забележува зголемена употреба на синтетичките droги и кокаин меѓу младите. Преку презентираните статистички податоци од Министерството за внатрешни работи на Република Македонија за испитуваниот период се констатира дека откривањето и запленaта на дрога е контиуниран процес и дека марихуаната, хероинот, кокаинот и екстазите перманентно се откривале од страна на полицијата, при што најголема заплена на марихуана има во 2012 година, на хероинот во 2009 година, а на кокаинот во 2007 година. Прва регистрирана заплена на амфетаминот е забележана во 2007 година, а на метамфетаминот во 2009 година, но за жал статистиката на Министерството за внатрешни работи не дава информации за заплена на дрога од 2014 година. Врз основа на направената анализа во докторскиот труд на Извештаите на СЕЛЕК за запленети дроги за 2014 и 2015 година дополнета е статитистиката за запленета количина за 2014 и 2015 години, при што нема поголеми отскокнувања во запленaта на наведените дроги од претходниот период.

Од теоретскиот дел нотиравме дека криминалитетот поврзан со злоупотреба со дрога се појавува во повеќе облици, меѓу кои и нарко-криминалитетот, кој претставува најголема закана со најголеми негативни последици на долгорочно ниво. Добрата организациона мрежа, хиерархиската поставеност на организираните криминални групи, конспиративноста, транснационалност, професионализмот, корупција како средство за постигнување на целта, профитабилноста се основните карактеристики поради кој нарко-криминалитетот е раширен во целиот свет. Република Македонија е земја транзит каде поминува „Балканската рута“ и голема количина од дрога што транзитира низ нашата територија останува и се дистрибуира на локално ниво.

Низ призмата на истражените и анализирани статистички податоци на осудените полнолетни и малолетни лица за кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога се утврди и профилот на сторителите на овој вид кривични дела во однос на различни аспекти и критериуми, како што се: половата

структура, возраста, образовната структура, припадноста кон етничката заедница, занимањето и др. Емпириското истражување на осудените полнолетни сторители на овие кривични дела утврди кој вид на кривична санкција најчесто е изрекувана, односно дали тоа се казните (главни и споредни) или алтернативните мерки, како и кои мерки за безбедност најчесто се изрекувани на овој тип на сторители.

Успешното спречување, откривање, разјаснување и докажување на кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога започнува со квалитетно водење на постапката, собирање на потребните докази, воочување на пропустите во постапката, запазување на разумниот рок и заемна координација и соработка на органите на кривичниот прогон. Во сите фази на постапката од претходната до кривичната постапка треба да се почитуваат криминалистичките и кривично-правните начела во постапувањето на органите кои го спроведуваат законот при што ќе се оствари ефикасност и ефективност во работата. Од добиените одговори во интервјуто, анализата на стручната литература, како и од анализата и прегледот на емпириско-статистичките податоци, се констатира дека поставената генерална хипотеза во целост се потврдува. Тоа значи дека ефикасноста на органите на кривичниот прогон го зголемува обемот на откривањето, разјаснувањето и докажувањето на кривичните дела поврзани со злоупотребата на дрога, што резултира со приближување на бројките на пријавени и обвинети лица со бројот на осудени лица за овие кривични дела, односно најголем процент од пријавените и обвинетите лица се осудени. Главната хипотеза е поткрепена и со добиените податоци од спроведеното интервјуто каде испитаниците тврдат дека со техничките средства што им стојат на располагање и со досегашната обученост, стручност и професионалност успешно се справуваат со овој вид на криминалитет. Во контекст на ова се и измените и дополнувањата на Законот на кривичната постапка каде „диригентската палка“ ја има јавното обвинителство и има строга дефинираност на надлежностите на органите на кривичниот прогон. Исто така заострената казнена политика за кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога влијае на намалување на стапката на овој вид на криминалитет.

Преку теоретско-емпириското истражување се потврди дека неидентификуваните дроги во Република Македонија се потенцијална закана за безбедноста на државата и на сите граѓани во неа, а особено на младите лица.

Понатаму, правната регулатива за злоупотребата на дрога во Република Македонија не соодветствува со заканите на кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога, при што ни е потребна поостра казнена и криминална политика, со цел извршувањето на овие кривични дела да се намали. Заострената казнена политика со зголемување на казната затвор за кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога ќе доведе и кон намалување на рецидивизмот, што е доста честа појава кај овој вид на криминалитет.

Професионалната делинквентска тактика на сторителите на кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога го отежнува нивното откривање, со оглед на тоа што сторителите се високо професионални, често здружени и организирани во нарко криминални групи. Во оваа насока неопходна е меѓународната соработка која овозможува заедничка координирана борба против овој вид на криминал за што е релевантна анализата на Извештаите на СЕЛЕК.

Затоа, се укажува на фактот дека оперативната дејност и зголемените превентивни активности од страна на полициските службеници ќе овозможи намалување и спречување на кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога, а со тоа ќе се зголеми ефикасноста и ефективноста на работата на органите за кривичен прогон во текот на кривичната постапка. Примената на посебните истражни мерки како значаен конспиративен инструментариум притоа, е неопходна во откривање и докажување на потешките облици на кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога, односно нарко-криминалитетот, за што едногласно се согласија сите испитаници при спроведување на интервјуто за потребите на докторскиот труд.

Сумарно, успехот на органите за кривичен прогон при откривањето, разјаснувањето и докажувањето на кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога зависи од низа фактори кои се влијаат врз квалитетот на нивното работење, од кои се издвојуваат: почитувањето на криминалистичките и кривично-процесните принципи и правила на професионално и законито постапување, постојано стручно усовршување и наобразба на припадниците кои работат во овие органи, со цел да бидат информирани за современите форми на извршување на овој вид на криминалитет, планско, методично и темелно организирање на оперативните акции за откривање на сторителите на овие кривични дела, квалитетно, правилно и професионално преземање на оперативно-тактичките мерки и активности, истражните дејствија и посебните истражни мерки за

откривање и докажување на овој вид на криминалитет, како и перманентното преземање на превентивни мерки и активности, во насока на контрола и надзор над криминални жаришта, рецидивисти и регистрирани нарко-зависници.

## ПРЕПОРАКИ

Моделот за борба против злоупотребата со дрога треба да се состои од превентивни и репресивни мерки и да понуди насоки за поголема информираност за проблемот со дрогата, подобар третман на зависниците од дрога, мерки за нивна реинтеграција во социјалната средина и работните места, мерки за намалување на снабдувањето со дрога, намалување на производството и преработката на дрога, контрола на прекурзорите, брзо препознавање и навремена интервенција, унапредување на мерките за детекција и идентификација на droги, мерки за намалување на рецидивизмот итн.

Стратегиите за превенција од дроги треба да опфаќаат промовирање на вистинските животни стилови односно живот без дрога и во нивни рамки мора да има поврзаност меѓу возрасните и младата популација и притоа мора да се упати јасна порака за штетните дејства на дрогата со цел превенцијата да ги заштити сите социо-економски групи. Превенцијата не може и не смее да се држи во вакуум и за да биде успешна мора да има еднаков пристап во општеството и во семејствата меѓу родителите и училиштата. Од големо значење е контролата, односно не е можно да се има успешна превенција ако дрогата е достапна и поевтина и е прифатена од општеството.

Потребен е ефективен пристап во решавањето на проблемите со дрогата, подобро разбирање на зависноста, промовирање на човековите права, зголемување на свесноста, политика базирана на научни евиденции и подобрување на ефикасноста и ефективноста во откривањето, докажувањето и разјаснувањето на криминалитетот поврзан со злоупотребата на дрога првенствено, а исто така и подобрување на третманот, превенцијата и спроведувањето на законите.

Заради поефикасно и поефективно спречување, откривање и докажување на кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога треба да се согледаат одредени недостатоци во однос на правната регулатива за злоупотребата на дрогата. Неопходно е да се направи дополнување на чл. 215 од Кривичниот

Законик на Република Македонија во однос на став 2[153], односно да се објасни поимот „помала количина" која Основното Јавно Обвинителство на Република Македонија ја има дефинирано со правен акт како „секоја количина до пет грама за тревкаста материја и до два грама прашкаста материја се смета за помала количина" не земајќи го тука фактот дека екстазите или МДМА (таблети), метадонот (како течна супстанца) влегуваат во листите на дроги, психотропни супстанции и прекурзори дефинирани од Министерството за здравство и истите се казниви по закон.

Истражувањето покажа дека најчесто од страна на Основното јавно обвинителство се отфрлуваат кривични пријави поднесени од страна на МВР за постоење на основано сомнение за сторено кривично дело по чл. 215 од Кривичниот Законик на Република Македонија со констатација дека опојната дрога е за лична употреба на сторителот (најчесто станува збор за кривично дело по чл. 215 став 2 од КЗ) иако употребата на опојни дроги е казнива по сите закони во кои е регулирана оваа материја (Кривичен законик на Република Македонија, Закон за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции). Од горенаведените причини неопходно е да се направи дополнување на чл. 215 со што ќе се дефинира поимот „лична употреба".

Во однос на Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции за чл. 24[154] од истиот закон иако се однесува и за физичко лице сепак во истиот закон не е пропишана казнена санкција за тој член за физичко лице како сторител, при што во пракса судот се повикува на тоа дека не постои казнена санкција за чл. 24 и донесува само решение за одземање на предметната материја. За да се исклучи контрадикторноста во однос на чл. 24 од овој закон неопходно е дополнување со соодветна казнена санкција.

[153] Ст. 2 од чл. 215 од Кривичниот законик на Република Македонија: "Ако делото од став 1 на овој член е сторено со наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори од помало количество, сторителот ќе се казни со затвор од шест месеци до три години"

[154] Чл. 24 од Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции, Сл. Весник на РМ бр. 103 од 19.08.2008 година.
Забрана на опојни дроги, психотропни супстанции и растенија класифицирани во Листата I
„Се забранува одгледување, производство, промет, поседување и употреба на супстанции и растенија класифицирани во Листата I и нивни препарати освен во медицински или научни истражувања или во судско-медицински, наставни или полициски намени како што е утврдено во овој закон.
По исклучок од ст. 1 на овој член одгледување на афион е дозволено за намени и под услови утврдени со овој закон."

Неопходно е да се донесе посебен Закон за конфискација на имот и имотна корист и одземање на предмети прибавени со кривично дело кој би ја опфатил седмата глава од Кривичниот Законик на Република Македонија, при што за конфискацијата ќе се одлучува во посебна постапка, која нема да ја отежнува кривичната постапка.

За успешно спроведување и зголемување на квалитетот на научно-стручните истражувања кои се занимаваат со анализа на факторите кои придонесуваат за развој на нарко-криминалитетот, неопходно потребни се емпириските податоци кои се однесуваат на овие видови кривични дела. Во таа насока, потребна е поголема достапност и јавност на статистичките податоци кои се водат во органите за кривичен прогон по разни основи и нивно навремено објавување и ажурирање на нивните интернет страници. Во моментов, Државниот завод за статистика објавува годишни публикации за пријавени, обвинети и осудени сторители на кривични дела, со извесно задоцнување поради времето потребно за нивно процесуирање и составување на изданијата, а дел од тие податоци се објавуваат и на интернет страницата на Министерството за внатрешни работи. Препорачливо е овие податоци да се објавуваат навремено, со цел да се анализираат во поскоро време и да се предлагаат конкретни и побрзи решенија за надминување на проблемите во оваа област. Притоа, тука би требало да се следат и европските и светските трендови при објавувањето на податоците, со тоа што тие ќе се презентираат како отворени извори на податоци, со можност за нивно манипулирање по желба и по намена на корисникот.

Посебен акцент треба да се стави на меѓународната соработка, бидејќи нарко-криминалитетот не познава граници и е немилосрден кон здравјето на луѓето, а посебно на најмладите кои директно се изложени на удар на проблемот со дрога и претставува најголема закана за економиите на сите земји во светот. Меѓународната соработка овозможува координација на борбата против овој вид криминалитет, размена на информации, заедничка анализа и прогноза на проблемот со дрога во целиот свет, заемна поддршка и помагање, унапредување на можностите за дејствување против криминалитетот поврзан со злоупотреба на дрога итн.

Резултатите од спроведеното интервју треба да се земат во предвид и со особено внимание при изградбата на концепција за зголемување на ефикасноста на органите за кривичен прогон при справувањето со криминалитетот поврзан со

злоупотреба на дрога, од причина што, испитаниците се припадници на стручната јавност, односно стручњаци и експерти од институциите кои се надлежни во оваа област и кои работеле и работат на оваа проблематика. Сумарно прикажани, нивните предлози во насока на подобрување на состојбите во оваа област се следни:

- потреба од континуирана обука и дополнителна специјализација на кадрите кои работат на проблематиката на откривање, разјаснување, докажување и спречување на криминалитот поврзан со злоупотреба на дрога, заради подигнување на нивото на нивната компетентност и стручност, преку организирање на обуки, курсеви, работилници, специјализирани за конкретниот вид на дела, на кои истите ќе работат,
- прецизен избор и вработување на припадниците на органите за кривичен прогон кои работат на оваа проблематика преку однапред утврдени критериуми, со цел правилно, професионално, стручно и праведно да бидат спроведувани постапките за справување со овој вид криминалитетот,
- постојана психичка оспособеност и подготвеност за извршување на брза и правилна процена на лицата-злоупотребувачи на дрога или трговци со дрога од страна на припадниците на органите за кривичен прогон, за да може точно да знае каква стратегија да се примени во конкретниот случај,
- неопходна е соработка на припадниците на органите на кривичен прогон со сторителите на кривични дела, во насока на добивање на податоци, информации и известувања,
- подигнување на нивото на конспиративност на оперативно-тактичките акции на органите на кривичниот прогон при откривањето на кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога,
- нужност во следењето на трагите при процесот на откривање на овој вид на криминалитет, со цел да се откријат покрупните дилери и нарко-босови кои раководат со организираните шверцерски групи,
- заострување на казнената политика за кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога, а особено спрема организаторите на делото, како и спрема службените лица кои биле учесници при сторување на вакви кривични дела,
- зголемување на интензитетот на општата и посебната превенција во која ќе бидат вклучени различни општествени субјекти за подигнување на свеста

на населението за опасноста од наркоманијата како негативна појава, но и сторувањето на кривични дела поврзани со злоупотребата на дрога,

- почеста примена на мерката за конфискација на парични средства и имот кои се стекнати на криминален начин, со цел да се одвратат криминалците од идни извршувања на кривични дела, што секако би делувало и на превентивен план,
- подобрување и зајакнување на процесот на ресоцијализација и реадаптација на осудените лица за кривични дела поврзани со злоупотреба на дрога, преку примена на активни мерки што се насочени кон остварување на позитивни промени во нивната свест и општествено однесување по излегувањето на слобода,
- зголемување на превентивните активности како што се кампањи, работилници, форуми, трибини, едукативни материјали, состаноци со советодавни групи на граѓани и сл., од страна на полицијата во содејство со одредени државни институции за да се даде придонес во превенцијата и заштитата од употребата на дроги, а со главна цел заштита на младите лица,
- интензивирање на активноста за регистрирање на нарко-зависниците, пружање нивна помош за лекување, законска обврска за јавување кај лекар, реализирање на работилници преку невладини организации за пружање помош на почетници и нивно одвикнување, кампањи преку медиумите за тоа како познат зависник станал добар родител, успешен човек, докажан во својата област на работење кој користел програма преку разни општествени активности и сл.,
- поголем степен на координација на активностите за превенција помеѓу различните сектори во државата (здравство, социјални служби, образовни институции, невладин сектор итн), зголемување на бројот на центрите за советување и центрите на лечење на зависници, како и нивно техничко опремување и зајакнување со квалитетни образовани кадри кои ќе им помагаат на пациентите да се изборат со нивните проблеми,
- континуирана и интензивна превентивна дејност на полициските службеници и оперативците кои треба да водат контрола во одредени места, улици, населби или реони, каде има движење и постоење на

определени групации, познати нарко-жаришта и дилери на дрога со цел да може навремено да се интервенира во иднина,

- лоцирање на местата каде се врши злоупотреба на дрогата и нивно осветлување, заради зголемување на видното поле, како и поголем надзор над нив од страна на полициски патроли,
- посветување поголемо внимание на развивање заемна доверба и меѓуинституционална соработка со Република Грција, со цел подобрување на соработката на полето на борбата против нарко-криминалитетот.

За зголемување на ефикасноста на органите за кривичен прогон во откривањето на кривичните дела поврзани со злоупотребата на дрога особено е потребно намалување на побарувачката на дрога, од една страна, и намалување на снабдувањето со дрога, од друга страна. Како што е наведено и во Планот за активностите на националната стратегија за дрога на Република Македонија за периодот 2014-2017 година, хоризонталната природа на проблемот со дрога вклучува: координација, меѓународна соработка и информации, истражувања, мониторинг и евалуација.

Основна цел на овие активности е да придонесат за намалување на побарувачката на дрога, размена на најдобри практики и развивање и имплементирање на стандардите за квалитет во превенцијата од злоупотреба на дрога (во животната средина, универзална, селективна и индицирана превенција), рано откривање на зависност од дрога и интервенции, намалување на ризикот и штетата од употреба на дрога, третман, рехабилитација, социјална реинтеграција и ресоцијализација. Во рамките на активностите кои треба да придонесат за намалување на снабдувањето со дрога главната задача ја имаат токму органите на кривичниот прогон, затоа што ова зависи од нивната ефикасност во процесот на откривање, разјаснување и докажување на овие кривични дела, бидејќи овие процеси се обратно-пропорционални – колку поголема ефикасност на органите за кривичен прогон, толку помали количини ќе има на пазарот за снабдување со дроги.

Секако, во таа насока, треба да се продолжи со соработката, комуникацијата и ефикасната размена на информаци, податоци и ставови, во рамките на Државната меѓу-ресорска (министерска) комисија за борба против дрога, согласно законската регулатива што ќе придонесе за унапредување на

имплементацијата на целите на Националната Стратегијата за droги на Репблика Македонија 2014-2020 година.

Во однос на меѓународната соработка, таа е една од областите во борбата против криминалитетот поврзан со злоупотребата на дрога која е позитивно оценета од страна на сите релевантни институции, а тоа се потврди и од одговорите и ставовите на испитаниците при спроведеното интервју. Република Македонија и понатаму треба да има особена посветеност за надворешната билатерална и регионална соработка, како и соработка во поширока смисла со поголемиот број меѓународни институции, тела, платформи и други релевантни иницијативи на ЕУ и Обединетите Нации.

Неопходно потребни се понатамошни подобрувања на знаењето, начинот на собирање на информации и нивно проследување до надлежните органи и заинтересирани научни работиници, засилувањето на инфраструктурата во прибирањето и протокот на податоци, со цел подетално истражување на состојбите со дрога, следење и евалуација, пред сè во соработка со Европскиот Центар за следење на дрога и зависности од дрога (EMCDDA) и Европол.

Од особено значење притоа е и меѓународната соработка, т.е. соработката на Република Македонија со соседните, балканските и европските држави, како и со меѓународните институции, со што значително ќе се намали влијанието на нарко-криминалитетот во Република Македонија.

Исто така, превентивно-репресивниот модел за борба против кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога ќе ја намали и побарувачката на дрога.

Многу често, што се покажа и од емпириското истражување со припадниците на органите за кривичен прогон, не постои меѓусебна координација меѓу органите надлежни за справување со овој вид на криминал при преземањето на оперативно-тактички акции, а тоа го отежнува или го спречува исходот на постапката, бидејќи влијае врз квалитетот на собраниот доказен материјал. Кривичната постапка од откривањето до докажувањето на кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога бара исцрпност, темелност, истрајност, упорност и посветеност. Координацијата, организираноста, планското постапување и меѓусебната соработка се услови за успешно откривање, разјаснување, докажување и спречување на кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога.

# <u>Библиографија</u>

***Домашна литература:***


- Алексоски, С., Психологија на комуникација во разузнавачките активности, Скопје, 2006
- Алексоски, С., Психологија со криминалистичка психологија, Трекс, Радовиш, Скопје, 2005
- Алексоски, С., Криминална психологија, Педагошки факултет, Штип, 2003
- Ангелески, М., Вовед во криминалистика, Графос-Куманово, Скопје, 2007
- Ангелески, М., Криминалистичка тактика I, Прв приватен универзитет - ФОН, Скопје, 2007
- Ангелески, М., Криминалистичка тактика II, Прв приватен универзитет - ФОН, Скопје, 2007
- Ангелески, М., Криминалистичка методика, Прв приватен универзитет - ФОН, Скопје, 2008
- Ангелески, М., Криминалистика, НИО Студентски збор, Скопје, 1993
- Ангелески, М., Оперативна криминалистика, Скопје, 2005
- Арнаудовски, Љ., Кон прашањето дали кај нас постои организиран криминалитет, Безбедност, бр. 3/94
- Бадаревски, Б., Деков, В., Водич за интегрирање на родовата перспектива во националниот одговор на хив/сида во Р.Македонија, ХОПС, Опции за здрав живот, Центар за едукација, документирање и истражување, Скопје, 2012
- Бадаревски, Б., Савовска, М., Димитриевски, В., Проценка на родово поврзаните прашања со ризикот од хив/сида и на пречките што го условуваат рамноправниот пристап до соодветни услуги за превенција и лекување на хив/сида, ХОПС, Опции за здрав живвот, Центар за едукација, документирање и истражување, Скопје, 2012
- Батковски, Т., За некои криминолошки аспекти на албанската мафија и нејзината вклученост во илегалната трговија со наркотици, Проект на програмата ТЕМПУС и КАРДС “Повисок степен обука за борба против организираниот криминал”, едиција: Организиран криминал, Пакунг-Скопје, 2002
- Батковски, Т., Организираниот криминалитет и спецификите на оперативно истражувачката работа на планот на неговото откривање, документирање и спречување, научен проект: Конституирање на Република Македонија како модерна правна држава, Правен факултет, Скопје, 1996
- Батковски, Т., Разузнавачка и безбедносно – контраразузнавачка тактика, Јофи скен, Скопје 2008
- Бачановиќ, О., Полицијата и жртвите, 2-ри Август С – Штип, Скопје, 1997
- Богданоски, М., Насилнички криминалитет, Ирис-Струга, Струга, 2002
- Брза проценка и одговор на потребите и можностите за спроведување активности за превенција на употребата на дроги меѓу средношколската младина во град Скопје, ХОПС, Опции за здрав живот, Скопје, 2008
- Бужаровска, Г., Ре, Д., Карнасас, М., Истражни дејствија: прирачник за практичари, ОБСЕ, Скопје, 2010
- Буџакоски, С., Казнено право, општ дел, Институт за менаџмент на знаењето – Скопје, Охрид, 2008

- Буџакоски, С., Казнено право практикум: Осврт на откривањето на казнените дела и стадиумите на казнената постапка, Прв приватен универзитет - ФОН, Скопје, 2008
- Буџакоски, С., Полициски менаџмент, Летра, Охрид, 2003
- Буџакоски, С., Превенција од злоупотреба на дрогата, Летра, Охрид, 2002
- Буџакоски, С., Разузнавање, Коста Абраш АД Охрид, Скопје, 2005
- Велјанов, С., Кавраковски, З., Хедонистички ефекти на инхалантите и можни начини на решавање на проблемот на нивната злоупотреба, Безбедност, XXXV, бр.3, Скопје, 1995
- Велјанов, С., Кавраковски, З., Карактеристични психотропни супстанции под меѓународна контрола и нивни фармакодинамски ефекти (биохемизам и интоксикации), Безбедност, XXXVII, бр. 4, Скопје, 1997
- Велјанов, С., Куновска, С., Значењето и улогата на криминалистичката техника во решавањето на проблемот злоупотреба на дрога, XXXVI, бр.1-2, Скопје, 1996
- Велјанов, С., Приказ на особености на некои дроги од природно потекло и нивната злоупотреба денес, Безбедност, XXXIII, бр.2, Скопје,1993
- Вељаноски, Н., Организациона структура и безбедносна функција на Царинската управа, магистерски труд, Факултет за туризам и угостителство, Охрид, 2015
- Витларов, Т., Калајџиев, Г., Лабовиќ, М., Стојановски, Т., Системска анализа, на законската рамка и соработка помеѓу надлежните институции за борба против организираниот криминал, Скопје, Јуни, 2005
- Водич за идентификација на наркотични дроги и психотропни супстанции, Полициски прирачник „Наркотици”, ОБСЕ
- Галевски, Т., Состојбата со недозволената трговија со дрога во Република Македонија (семинар), 2009
- Гиновски, М., Дроги-родителски водич: знаци, опасности, што да се прави, Скопје, 2004
- Гогов, Б., Нови односи меѓу полицијата, јавното обвинителство и судот во претходната постапка, Македонска ревија за казнено право и криминологија, год XV, бр. 1, 2008
- Гогов, Б., Преуредување на кривичната постапка во делот на истрагата, Годишник на Полициската академија, 2008
- Деков, В., Игњатова, Л., Водич за третман и за грижа на децата кои употребуваат дроги, Здружение ХОПС-Опции за здрав живот Скопје, Скопје, 2014
- Деков, В., Игњатова, Л., Јанкулоски, Х., Костовски, Д., Тошева, М., Намалување на штети и хив, Прирачник, ХОПС, Опции за здрав живот, Скопје, 2006
- Деков, В., Иднината на програмите за намалување на штети од употреба на дроги во Република Македонија, Анализа на активностите и на буџетите на програмите за намалување на штети, Здружение ХОПС – Опции за здрав живот Скопје, Скопје, 2015
- Димитриевски, В., Унапредување на правото на пристап до социјални и здравствени услуги за Ромите што употребуваат дроги, ХОПС, Опции за здрав живот, Скопје, 2011
- Димовски, З., Ѓорѓевиќ, З., Криминалистичка методика, Интернационален универзитет, Нови пазар, 2011

- Димовски, З., Криминалистичко разузнавање, Прирачник, Графотранс, Скопје, 2007
- Зигел, Д., Бан де Бунт, Х., Зајиќ, Д., Глобален организиран крминал-трендови и случувања, Магор, Скопје, 2009
- Јовчевски, Ј., Специјалните истражни мерки и нивната легализација во ЗКП на РМ, предавање на Факултетот за безбедност - Скопје, 2010
- Јошевска, Ф., Моделот на тимско водство според Хил и организациската рамка според Адаир како потребни фактори за ефикасност и ефективност во работата на една организација, Докторска дисертација, Технички факултет-Битола, Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола, 2014
- Калајџиев, Г., Илиќ, Д., Формирање, организација и функционирање на правосудната полиција и на истражните центри на Јавното обвинителство, Истражување во рамки на проектот „Реформа на казненото право и почитување на човековите права - подготовки за доследна примена на новиот ЗКП - Скопје, јули 2009
- Камбовски, В., Казнено право, посебен дел, четврто дополнето издание, Просветно дело, АД, Скопје, 2003
- Камбовски, В., Организиран криминал, Скопје, 2005
- Камбовски, В., Правната држава и организираниот криминал, научен проект: Конституирање на Република Македонија како модерна правна држава, Правен факултет, Скопје, 1996
- Кипровска, Лукиќ, Ф., Злоупотреба на дрогата и влијание врз развојот на криминалитетот во Република Македонија во периодот 1988-1998 година (магистерски труд)
- Котески, М., Криминалистичка тактика 2, Факултет за безбедност - Скопје, 2010
- Кралев, Т., Криминологија, Преглед на основните поими, НИП Студентски збор, Скопје, 2004
- Лабовиќ, М., Власта корумпира – на епистемолошко, глобално-политичко и национално ниво: вистината за Македонија и неспроведувањето на квалитативно новата предлог – национална стратегија против корупцијата и организираниот криминал, Де Гама, 2006
- Лабовиќ, М., Николовски, М., Организиран криминал и корупција – најнови теоретски димензии, практички консеквенции и методика на истражување, Факултет за безбедност, Скопје, 2010
- Малиш Саздовска, М., Прирачник за разузнавачки циклус, Јофи-скен, Скопје, 2005
- Марина, П., Матовски, Н., Казнено право, 1972
- Марјановиќ, Ѓ., Македонско кривично право, општ дел, шесто изменето и дополнето издание, Просветно дело, АД, Скопје, 2003
- Матовски, Н., Казнено процесно право, општ дел, Правен факултет Јустинијан Први, 2-ри Август С - Штип, Скопје, 2003
- Матовски, Н., Казнено процесно право, посебен дел, Правен факултет Јустинијан Први, 2-ри Август С - Штип, Скопје, 2004
- Матовски, Н., Бужаровска, Г., Калајџиев, Г., Казнено процесно право, Правен факултет, Скопје, 2013
- Матовски, Н., Специјални истражни мерки во сузбивањето на организираниот криминалитет, научен проект: Конституирање на Република Македонија како модерна правна држава, Правен факултет, Скопје, 1996

- Мегваер, М., Морган, Р., Рајнер, Р., Оксфордски прирачник за криминологија, Нампрес, Скопје, 2010
- Микиќ, В., Кузманоска, Г., Мемети, Ш., Извештај од био-бихевиоралното истражување и процена на бројноста на популацијата кај лица кои инјектираат droги во Македонија, Институт за јавно здравје на Република Македонија, 2010
- Митриновски, Ј., Посебни истражни мерки, Полицијата, јавното обвинителство, судот и адвокатурата во предкривичната постапка, Скопје, 2006
- Мојаноски, Ц., Методологија на безбедносните науки, Основи, книга I, Факултет за безбедност, Скопје, 2012
- Мојаноски, Ц., Методологија на безбедносните науки, Истражувачка постапка, книга II, Факултет за безбедност, Скопје, 2012
- Николовски, М., Поврзаноста и влијанието на организираниот криминал, тероризмот и политиката, Скопје, 2008
- Опијатно предозирање во Република Македонија: преваленца, ризични фактори и интервенции, ХОПС, Опции за здрав живот, Скопје, 2006
- Прирачник за закон за кривична постапка, ОБСЕ, МВР на РМ, БЈБ, Центар за обука, Скопје, јануари, 2012
- Русковска, В., Илиевски, Ј., Лас Херас, М., Посебни истражни мерки, домашна и меѓународна практика, ОБСЕ, декември, 2010
- Спасески, Ј., Николовски, М., Герасимоски, С., Современи безбедносни системи, Скопје, 2010
- Стојановски, Т., Полиција во демократското општество, 2-ри Август С, Штип, Скопје, 1997
- Стојановски, Т., Полициска тактика, Центар за образование на кадри за безбедност, Скопје, 1995
- Сулејманов, З., Криминологија, Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, Скопје, 2003
- Тасева, С., Перење пари и финансиски криминал, Проект на програмата ТЕМПУС и КАРДС "Повисок степен обука за борба против организираниот криминал", едиција: Организиран криминал, Пакунг-Скопје, 2002
- Тодоровски, Љ., Развивање на стратегии за следење на развојот на наркокриминалот во Република Македонија и поставување на стандардизиран систем на контрола на дрога, докторска дисертација одбранета на Факултетот за безбедност, Скопје, 2012
- Томовски, Б., Дрога болест на денешнината: препознавање, превентива, дијагностика, лекување, Скопје, 1995
- Фанче Јошевска, Докторска дисертација- Моделот на тимско водство според Хил и организациската рамка според Адаир како потребни фактори за ефикасност и ефективност во работата на една организација, Технички факултет-Битола, Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола, 2014
- Чадловски, Г., Криминологија и психијатрија, Софија, Богданци, Скопје, 2006
- Џуклески, Г., Вовед во криминалистика, Соларис Принт, Скопје, 2009
- Џуклески, Г., Прирачник за соработничка мрежа, Јофи-скен, Скопје, 2005

### *Странска литература:*


- Алексиќ, Ж., Шиклиќ М., Жарковиќ М., Лексикон криминалистике, Смедеревска Паланка, 2004
- Алексиќ, Ж., Криминалистика, издавачка радна организација, Привредна штампа, Београд, 1979
- Алексиќ, Ж., Миловановиќ, М., Криминалистика, Београд, 1991
- Antonić, V., Mitrović, D., Posebne istražnje radnje, modul, projekat, Sarajevo, februar, 2012
- Bayer, V., Kazneno procesno pravo – odbrana poglavlja, Knjiga I, Uvod u teoriju kaznenog procesnog prava, Ministarstvo unutarnjih poslova Republike Hrvatske, Zagreb, 1955
- Banović, B., Nove tendencije u savremenom nauci krivicnog prava i neka pitanja naseg procesnog krivicnog zakonodavstva, Revija za kriminologiju i krivicnog prava, Kriminalisticko-policiska akademija, Zemun, 2005
- Бановиќ, Б., Специфичности криминалистичке контроле и криминалистичке обраде кривичних дела привредног криминалитета, во Зборникот на трудови Сузбијање криминалитета – деценија после смрти проф. Водинелиќ, Крагујевац, 2004
- Banović, B., Specijalne istrazne radnje i nove tendencije u savremenoj nauci krivicnog prava, Kriminalisticko-policiska akademija, Zemun, 2005
- Бановић, Б., Специјалне истражне радње и њихов допринос откривању и доказивању кривичних дела и извршилаца. Ревија за криминологију и кривично право, Београд, 2/2006
- Белкин Р. С., Курса советској криминалистики, 1974
- Белкин, Р. С, Криминалистика: проблеми, тенденции, перспективи. Обшчеја и частние теории, Јурид. Литература, Москва, 1987
- Block, Alan A., Sean Patrick Griffin. "Build It, and They Will Come: Narcotics and Money Laundering in the Leeward Islands," Journal of Contemporary Criminal Justice, 15, no. 4, 1999, pp. 397-420
- Бошковиќ, М., Јовичиќ Д., Криминалистичка методика, Бања Лука, 2002
- Бошковић, М., Матијевић, М., Криминалистика оператива, Висока школа унутрашњих послова, Бања Лука, 2007
- Бошковић, М., Основи криминалистике, Факултет за правне и пословне студије, Нови Сад, 2007
- Бошковић, М., Организовани криминалитет и корупција, Висока школа унутрашњих послова, Бања Лука, 2004
- Бошковић, М., Криминалистика-методика, Полицијска академија, Београд, 2005
- Бошковиќ, М., Криминалистичка методика, Полицијска Академија, Београд, 1998
- Cate, F.H., Privacy in The Information Age, Brookings Institution Press, 1997
- Cate, F.H., Privacy and Telecommunications, Wake Forest Law Review, No. 1, 1998
- Council of Europe „Questionnaire on special investigation tehniques in relation to acts of terrorism“, Strasbourg 2003
- Council of Europe, „Recommendation: Special Investigation Techniques in Relation to Serious Crimes Including Acts of Terrorism“, April, 2005

- Cooper, Mary H, “The Business of Drugs,” Congressional Quarterly. Washington, D.C., 1989
- DEA Narcotics Investigators Manual
- Dean, S., Mladen, G., Velimir, T., „Prikrivena policijska radnja nasuprot posebnim dokaznim radnjama: klopka vs. Simulirana prodaja i otkup predmeta te simulirano davanje potkupnine“, Policiska sigurnost, Zagreb, 2011
- Dimovski, Z., Babanoski, K., Ilijevski, I., Republic of Macedonia as a transit country for the illegal trafficking in the „Balkan route“, Varstvoslovje, Journal of criminal justice and security, year 15, no.2, pp. 203-217
- Dimovski, Z., Ilijevski, I., Babanoski, K., Narco-terrorism in the contemporary conditions: Financing of the terrorist activities by the illegal drug trafficking, International scientific conference Contemporary trends in social control of crime, Faculty of security – Skopje, vol. II, Ohrid, 30-31.05.2016, pp. 203-214
- Frase, R., Criminal Procedure A Worldwide Study: France, in Mack, R. L., Comparative Criminal Procedure, William S. Hein, Buffalo, 2007,
- Galan, M., Dennis, M. D., Relapse Prevention - Maintenance strategies in the treatment of addictive behaviors, Second Edition, The Guilford Press, New York, 2008
- Гинзбург, А. Ј., Принципи советскoj криминалистики, 1974
- Gluščić, S., Posebne dokazne radnje, Polic. sigur., godina 21, broj 3, Zagreb, 2012, str. 555-573
- Gogov, B., Judical Police in the new Law on Criminal Procedure of the Republic of Macedonia, International Scientific Conference, Security and Euroatlantic perspectives of the Balkans, police science and police profession, Volume II, 25-26 May 2012, Ohrid, pp. 634-644
- Ђорђевић, О., Лексикон за безбедност, Белград, 1987
- Ђошић, М., Криминалистичка тактика, Белград, 1978
- Hajrija-Sijerić, C., Prikrivene istražne radnje u borbi protiv organizovanog kriminaliteta – primjer Bosne i Hercegovine, Zbornik radova Pravnog fakulteta u Splitu, 2009
- Hans, G. N., Special investigation tehniques and developments in mutual legal assistance – the crossroads between police cooperation and judicial cooperation, 125th International Training course visiting experts’ papers
- Hernandez, A., Bruce, I., Scott Fox, L., Narcoland: The Mexican drug lords and their godfathers, Vesro, Brooklyn, 2013
- Жерјав, Ц., Криминалистика, Загреб, 1986
- Жерјав, Ц., Криминалистика, Љубљана-Загреб, 1988
- John, A, FBI, The attorney general’s guidelines on Federal Bureau of Investigations undercover operations, Washington, 2002
- Кес де Ровер, Во служба за заштита, Скопје
- Ковачевић, Н., Примјена посебних истражних радњи у спречавању организованог криминалитета, Годишњак студената, година I, 1/2013, стр. 1–20
- Konstantinovic-Vilic, S., Nikolic-Ristanovic, V., Kriminologija, Centar za publikacije, Pravnoga fakulteta u Nisu, 2003
- Кривокапић, В., Крстиќ, О., Криминалистика - тактика 2, Белград, 1999
- Кривокапић, В., Криминалистичка тактика, Белград, 2005
- Кривокапић, В., Криминалистичка тактика, 1982

- Кривокапић, В., Криминалистичка тактика-1, Полициска академија, Београд, 2000
- Кривокапић, В., Превенција криминалитета, Криминалистичко-полицијска академија, Београд, 2002
- Кривокапић, В., Савремене тенденције у криминалистици. Безбедност, МУП РС, Београд, 4/2001, 421–441
- Krstevska, K., The Special investigative measures in the new Macedonian Law on Criminal Procedure, Proceedings of the International scientific conference “Crime suppression and European integration, with a reference to the high-tech crime”, Ministry of Internal Affairs of Republic of Srpska – Directorate for Police Education, Laktaši, 2012
- Lee, G., Global Drug Enforcement – Practical Investigative Tecniques, CRC Press, Boca Raton, 2004
- Ljubanović, V., Kralj, T., Dokazne radnje: novine pri otkrivaje činjenice u prethodnom postapku, Hrvatski ljetopis za kazneno pravo i praksu, Zagreb 2008
- Lyman, M., Practical Drug Enforcement, CRC Press, Boca Raton, 2002
- Lyman, M.D., and G. W. Potter. "Illicit Drug Trade," in Michael D. Lyman and Gary W. Potter, eds., Drugs and Society: Causes, Concepts and Control. Cincinnati, OH: Anderson, 1998, pp. 99-144
- Lynch, T., After Prohibition: an Adult Approach to Drug Policies in the 21st Century. Washington D.C.: Cato Institute, 2000
- Marinković, D., Osnovni pravci kriminalističkog postupanja u suzbijanju narko-kriminaliteta, Nauka - Bezbednost - Policija, Beograd, broj 2, 2003
- Marinković, D., Suzbijanje organizovanog kriminala – specijalne istražne metode, Beograd, 2010
- Марковић, В., Испитивање као метод у прикупљању података о безбедносним појава, Мај, 4/1988
- Марковић, Т., Криминалистика, 1977
- Mirćeva, S., Rajkovćevski, R., Policing in the Republic of Macedonia, in Gorazd Meško, C.B. Fields, B. Lobnikar, and A. Sotlar (Eds.), Handbook on Policing in Central and Eastern Europe, Springer Publishing, 2013
- Младеновић, Н., Тајни надзор и праћење, мастер рад, Правни факултет, Ниш, 2016
- Natarajan, M. ed. 2010. Drugs of Abuse: the International Scene. Farnham: Ashgate, YC, 2010
- Nicević, M., Manojlović, D., Osvrt na krivično-procesni i kriminalistički institut posebne dokazne radnje, Pravne teme, godina 1, broj 1, str. 1-20
- Panović-Đurić, S., Primena specijalnih istražnih sredstava, Savet Evrope, Kancelarija u Beogradu, 2013
- Периќ, В., Облици оперативна делантности службе јавне сигурности, РСУП, Загреб, 1987
- Peters, G., Seeds of terror: How drugs, thugs, and crime are reshaping the Afghan war, 2nd edition, St. Martin's Press, New York, 2009
- Петровиќ, А, Криминалистичка методика, Виша школа унутрашњих послова-Београд, 1978
- Petrović, S., Droga i ljudsko ponašanje, Dečje novine, Beograd, 1983
- Petrović, B., Narkokriminal, Sarajevo, 2004
- Sekulić, M., Posebne dokazne radnje kao metod suzbijanja organizovanog kriminaliteta

- Schurholz, F. H., Intensivierte Finanzermittlungen mit dem Ziel der Vemogensabschopfung, zwischenbericht zum pilotprojekt der badem-wurttembergischem polizei, die polizei, 9/99
- Sijercic-Colic, H., Krivicno procesno pravo, Knjiga 1, Krivicnoprocesni subjekti i krivicno procesne radnje, Pravni fakultet Univerziteta u Sarajevu, Sarajevo, 2005
- Sijerčić-Čolić, H., Prikrivene istražne radnje u borbi protiv organiziranog kriminaliteta – primjer Bosne i Hercegovine, Zbornik radova, Split, broj 4/2009
- Simović, M., Krivicni postupci u Bosni i Hercegovini, Privredna stampa, Sarajevo, 2003
- Simović, M., Krivično procesno pravo, Bihać, 2009
- Staley, S., "The Organization of the Drug Economy", Drug Policy and the Decline of American Cities. New Brunswick: Transaction, 1992
- Tabarelli, W., Fundgruben und Quellen, Kriminalistik, 4, 1990
- Thanasis, A., Drug Policy and Drug Legislation in South East Europe, Diogenis Association, Nomiki Bibliothiki, 2013
- Василев, А. Н., Криминалистика, Јуридичестичкаја литература, Москва, 1959
- Винберг, А., Криминалистика, Москва, 1973
- Возгрин, А., Криминалистечкија методика, Вишејшаја школа, Минск, 1983
- Водинелиќ, В., Алексиќ, Ж., Криминалистичка методика, Скопје, 1988
- Водинелиќ, В., Криминалистичка тактика 1, ЦОКОБ, Скопје 1995
- Водинелиќ, В., Криминалистика, од четврто до седмо издание, Белград, 1996
- Водинелиќ, В., Криминалистика - Откривање и докажување, Загреб
- Водинелиќ, В., Криминалистика, Савремена администрација, Београд, 1976
- Водинелиќ, В., Криминалистичка тактика, Београд, 1996
- Vujičić, A., Kontrolisana isporuka, Revija za bezbjednost, broj 7, Beograd, 2008
- Wainwright, T., Narconomics: How to run a drug cartel, Public affairs, New York, 2017
- Шикман, М., Супротстављање организованом криминалитету, са освртом на специјалне истражне технике, Дефендологија, Бања Лука, 2007


### *Правни акти:*


- Action Plan on drugs between the EU and Western Balkan countries (2009-2013)
- Единствена конвенција за наркотични droги од 1961 година со протокол од 1972 година
- EU Drug Strategy 2005-2012
- EU Drug Action Plan 2009-2012
- Закон за безбедност на сообраќајот на патиштата, Сл. Весник на РМ бр. 54/07, 86/08, 98/08, 64/09, 161/09, 36/11, 51/11, 114/12, 27/14 и Одлуки на УСРМ 114/07, 144/07, 41/08
- Закон за внатрешни работи, Сл. Весник на РМ бр. 42/14, 116/14, 33/15, 05/16
- Закон за заштита на сведоци, Сл. Весник на РМ бр. 38/05, 58/05
- Закон за јавнообвинителска служба, Сл. Весник на РМ бр. 62/15, 231/15, 11/16
- Закон за јавното обвинителство, Сл. Весник на РМ бр. 150/07, 111/08
- Закон за контрола на опојни droги и психотропни супстанции, Сл. Весник на РМ бр. 103/08, 124/10, 164/13, 149/15, 37/16
- Закон за кривична постапка, Сл. Весник на РМ бр. 15/97, 44/02, 74/04, 15/05, 83/08, 67/09, 51/11

- Закон за кривична постапка, Сл. Весник на РМ бр. 150/10, 100/12
- Закон за полиција, Сл. Весник на РМ бр. 114/06, 6/09, 145/12 и Одлука на УСРМ бр. 211/06
- Закон за прекршоците против јавниот ред и мир, Сл. Весник на РМ бр. 66/07, 152/15
- Закон за прекурзори, Сл. Весник на РМ бр. 37/04, 40/07, 53/11, 149/15, 37/16 и Одлука н УСРМ бр. 181/2007
- Закон за ратификација на Конвенцијата на ООН против транснационалниот организиран криминал, Протоколот за превенција, спречување и казнување за трговија со лица, особено жени и деца, со кој се дополнува Конвенцијата на ООН против транснационалниот организиран криминал и Протоколот против криумчарењето на мигранти по копнен, воден или воздушен пат, со кој се дополнува Конвенцијата на ООН против транснационалниот организиран криминал, Сл. Весник на РМ бр. 70/04
- Закон за судовите (Службен весник на РМ бр. 58/06, 35/08)
- Закон за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија (Службен весник на РМ бр. 55/04)
- Закон за царинската управа, Сл. Весник на РМ бр. 46/04, 81/05, 107/07, 103/08, 64/09, 105/09, 47/10, 158/10, 53/11, 113/12, 43/14, 167/14, 33/15, 61/15, 129/15, 23/16 и Одлука на УСРМ бр. 149/2009
- Конвенција на Организацијата на обединетите нации за борба против транс-националниот организиран криминал, донесена и ратификувана во Палермо 2000 година
- Конвенција на Организацијата на обединетите нации против незаконитата трговија со наркотични droги и психотропни супстанции од 1989 година
- Конвенција за психотропни супстанции од 1971 година
- Кривичен законик на Република Македонија, Сл. Весник на РМ бр. 37/96, 80/99, 04/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 07/08, 139/08, 114/09, 51/11 – две измени и дополнувања, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13 и Одлуки на УСРМ бр. 220/2000, 210/2001, 206/2003, 228/2005
- Национална стратегија за дрога на Република Македонија, 2014-2020, Влада на Република Македонија
- План за активности на националната стратегија за дрога на Република Македонија за периодот 2014-2017 година
- Правилник за начинот на вршење на полициските работи, Сл. Весник на РМ бр. 149/07 од 10.12.2007
- Устав на Република Македонија, Сл. Весник на РМ бр. 52/92 од 22.11.1992 и амандманите I и II од 10.01.1992, III од 02.07.1998, IV, V, VI, VII, VIII, IX, X, XI, XII, XIII, XIV, XV, XVI, XVII, XVIII од 20.11.2001, XIX од 30.12.2003, XX, XXI, XXII, XXIII, XXIV, XXV, XXVI, XXVII, XXVIII, XXIX, XXX од 09.12.2005, XXXI од 09.01.2009
- Naples Political Declaration and Global Action Plan against Organized Transnational Crime, A/RES/49/159, United Nations General Assembly, 94th plenary meeting, 23 December 1994


***Интернет извори:***


- http://www.akademik.mk
- http://www.customs.gov.mk

- http://www.drugworld.co.uk
- http://www.emcdda.europa.eu
- http://www.europol.europa.eu
- http://www.jorm.org.mk
- https://www.interpol.int
- http://www.mhc.org.mk
- http://www.mvr.gov.mk
- http://www.osce.org/mk
- http://www.ombudsman.mk
- http://www.pravo.org.mk
- http://www.selec.org
- http://www.sobranie.mk
- http://www.stat.gov.mk
- http://www.streetdrugs.org


***Извештаи:***


- Годишен извештај за работата на јавните обвинителства во Република Македонија за 2013 година
- Годишен извештај за работата на јавните обвинителства во Република Македонија за 2012 година
- Годишен извештај за работата на јавните обвинителства во Република Македонија за 2011 година
- Државен завод за статистика на Република Македонија, Статистички преглед: население и социјални статистики, Сторители на кривични дела во 2006, Скопје, јули 2007
- Државен завод за статистика на Република Македонија, Статистички преглед: население и социјални статистики, Сторители на кривични дела во 2007, Скопје, јули 2008
- Државен завод за статистика на Република Македонија, Статистички преглед: население и социјални статистики, Сторители на кривични дела во 2008, Скопје, јули 2009
- Државен завод за статистика на Република Македонија, Статистички преглед: население и социјални статистики, Сторители на кривични дела во 2009, Скопје, јули 2010
- Државен завод за статистика на Република Македонија, Статистички преглед: население и социјални статистики, Сторители на кривични дела во 2010, Скопје, јули 2011
- Државен завод за статистика на Република Македонија, Статистички преглед: население и социјални статистики, Сторители на кривични дела во 2011, Скопје, јули 2012
- Државен завод за статистика на Република Македонија, Статистички преглед: население и социјални статистики, Сторители на кривични дела во 2012, Скопје, јули 2013
- Државен завод за статистика на Република Македонија, Статистички преглед: население и социјални статистики, Сторители на кривични дела во 2013, Скопје, јули 2014

- Државен завод за статистика на Република Македонија, Статистички преглед: население и социјални статистики, Сторители на кривични дела во 2014, Скопје, јули 2015
- Државен завод за статистика на Република Македонија, Статистички преглед: население и социјални статистики, Сторители на кривични дела во 2015, Скопје, јули 2016
- Report on drug seizures in Southeast Europe for 2015

# - П Р И Л О Г -

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – БИТОЛА**

**ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ – СКОПЈЕ**

# И Н Т Е Р В Ј У

**за ефикасноста на органите на кривичен прогон**
**во спречување, откривање, разјаснување и докажување**
**на кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога**

**СКОПЈЕ, 2017**

**Почитувани**,

На Факултетот за безбедност – Скопје е пријавена докторска теза на тема:

**„ЕФИКАСНОСТА НА ОРГАНИТЕ НА КРИВИЧНИОТ ПРОГОН ВО СПРЕЧУВАЊЕ, ОТКРИВАЊЕ, РАЗЈАСНУВАЊЕ И ДОКАЖУВАЊЕ НА КРИВИЧНИТЕ ДЕЛА ПОВРЗАНИ СО ЗЛОУПОТРЕБА НА ДРОГА“**.

Се обраќаме до Вас и Ве молиме внимателно да го прочитате секое прашање и да одговорите целосно и искрено, заради обезбедување на податоци за аргументирање на ставовите изнесени во неа.

Свесни сме дека учеството во ова истражување бара и време и напор, но без Ваша соработка и помош тоа не би се реализирало. Интервјуто е анонимно и добиените сознанија ќе се користат исклучиво за научни цели и ќе бидат во функција на образложување на хипотезите во пријавениот магистерски труд.

Благодариме за соработката.

1. **Дали органите за кривичен прогон поседуваат доволно подготвени, остручени и оспособени припадници за ефикасна борба против кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога во Република Македонија? Ве молиме образложете го Вашиот став.**

2. **Какви психо-физички способности, карактеристики и својства треба да поседуваат оперативците кои се задолжени за откривање на кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога во Република Македонија?**

3. **Дали постои поврзаност на припадниците на органите за кривичен прогон со сторителите на кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога? Доколку постои, Ве молиме образложете ги причините за тоа.**

4. **Какво е нивото на тајност, дискретност и конспиративност при оперативно-тактичката дејност во откривањето на кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога во Република Македонија? Ве молиме образложете го Вашето тврдење.**

5. **Кои се најчестите недостатоци, слабости и пропусти кои ја ограничуваат и отежнуваат борбата против кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога од страна на надлежните органи во Република Македонија? Ве молиме објаснете го Вашето мислење.**

6. **Во колкава мера придонесува примената на посебните истражни мерки за откривање, разјаснување, документирање и докажување на потешките облици на кривични дела поврзани со злоупотребата на дрога, односно нарко-криминалитетот во Република Македонија?**

7. **Дали е потребна заострена казнена политика (преку зголемување на законскиот минимум при изрекувањето на казната затвор) за кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога? Ве молиме појаснете го Вашиот став.**

8. **Какви мерки треба да преземат надлежните органи за кривичен прогон за намалување на рецидивизмот кај сторителите на кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога?**

9. **Ве молиме наведете кои превентивни активности од страна на органите за кривичен прогон треба да се преземат за да се намалат и спречат кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога?**

10. **Дали сметате дека Република Македонија има воспоставено добри меѓународни односи со другите држави и меѓународни организации заради намалување на влијанието на нарко-криминалитетот во Република Македонија? Ве молиме објаснете го Вашиот став.**

11. **Како ја перцепирате, генерално, ефикасноста на органите за кривичен прогон кај кривичните дела поврзани со злоупотребата на дрога во Република Македонија? Ве молиме наведете ги причините кои Ве навеле на таквата перцепција.**

Ви благодариме на соработката.